ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

КНИГА ПРВА

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА — СКОПЈЕ

ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

КНИГА ПРВА

ОД ПРЕДИСТОРИСКОТО ВРЕМЕ ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК

ИЗДАВА: НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА" — ЗАЕДНИЦА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ: КНИГИ, ПЕРИОДИКА И ПУБЛИЦИСТИКА — СКОПЈЕ.

СКОПЈЕ, 1969 ГОДИНА

РЕДАКЦИЈА

акад. Михаило Апостолски, *(претседател)*
д-р Данчо Зографски,
д-р Иван Катарџиев,
акад. Блаже Конески,
проф. Љубен Лапе,
акад. Димитар Митрев,
д-р Христо Андонов Полјански

Секретари

д-р Александар Стојановски,
д-р Глигор Тодоровски

Редактор

д-р Александар Стојановски

АВТОРИ НА КНИГА ПРВА

Д-р *Стјепан Антолјак* — дел втори, гл. I, II т. 5, гл. V

д-р *Коста Балабанов* — дел четврти, гл. VI т. 3 (освен за музиката).
Ванчо Бошков — дел четврти, гл. VII т. 1

д-р *Милутин Гарашанин* — дел први, гл. I

д-р *Орде Иваноски* — дел втори, гл. II т. 1—4

д-р *Петро Јанура* — дел четврти, гл. VIII

д-р *Панче Кировски* — „Природно — географски одлики на Македонија“
Димче Коцо — дел трети, гл. VIII т. 2 (освен за музиката)
Љубен Лапе — дел чегврти, гл. VI т. 2

д-р *Александар Матковски* — дел четврти, гл. I т. 1, 6—7, гл. II т. 2—3, гл. III, гл. V.

д-р *Бранко Панов* — дел втори, гл. II т. 6, гл. III т. 1, гл. IV; дел трети, гл. I — III.
Душица Петрушевска — дел први, гл. II — III

д-р *Харалампие Поленаковиќ* — дел втори, гл. III т. 2—7; дел трети, гл. VIII т. 1; дел четврти, гл. VI. т. 1,

Тодор Скаловски — дел трети, гл. VIII т. 2 (само за музиката) дел четврти, гл. VI т. 3 (само за музиката).

д-р *Александар Стојановски* — дел четврти, гл. I т. 2—5, гл. II т. 1, гл. IV, гл. VII (освен т. 1).

Томо Томовски — дел трети, гл. IV — VII.

ДРУГИ СОРАБОТНИЦИ

Д-р *Блага Алексова и Марија Јовановиќ*

П Р Е Д Г О В О Р

Идејата за пишување Историја на македонскиот народ има своја подалечна предисторија. Уште во времето на националната преродба Ѓорѓи Пулевски се зафатил со пишување на „Славјано - македонска општа историја". Национално - романтичарските и идеализаторски обележја надвладуваат во таа прва рудиментарна проекција во македонското минато. Нешто подруго не би можело и да се очекува од автор што е понесен од желбата за пионерско служење на својата првична национална пробуда. Но несомнена е значајноста на настојувањето да се изрази — макар и со еден своевиден пробив во светот на историското — јасна свест за феноменот на македонската национална самобитност. Во таа смисла обидот на Пулевски се обележува во прв ред како сугестивен показател за своевремено отпочнатиот процес на народносна поларизација и кај нас.

Од гледиштето на научната функционалност посебно се истакнува во нашиот историографски фонд книгата на Крсте Петков Мисирков „За македонските работи", која се појавува во историската 1903 година. Таа книга не е историја, но во неа се вклучени и, со елементи на научна аргументираност, разгледани клучни прашања од историските процеси низ кои се гради нашата национална карактериологија. Уште тогаш е даден непобитен одговор на стожерното прашање за националната специфика на македонските Словени. Констатациите и аргументите во тоа дело со научничка фундираност се покажаа како прифатливи и за поновите проучувања на македонскиот национален феномен.

И во уште еден судбоносен момент од минатото на македонскиот народ е сторен обид за поопфатен показ на неговата историска битност. Во моментот кога стана дефинитивно јасно дека со Балканските војни се преследува поделбата на Македонија, во листот „Македонскиј голос", кој излегуваше во Санкт Петербург под редакција на Чуповски,

излегоа серија историографски огледи какви што се: „Македонија во нејзините географски и етнографски граници“, „Македонија и Македонците“, „Културно-историски преглед на Македонија“ и други, со намена за одбрана на историските права на македонскиот народ. Извршениот преглед на македонската историја во овие огледи — колку и ограничен во својата просторност — претставуваше солидно запознавање на светската јавност со оправданиот и законит стремеж на македонскиот народ кон запазување на неговата национална физиономија и на неговиот територијален интегритет.

Проучувањата на македонското минато не престанаа и во условите на присилно поделената Македонија. Додека официјалната историографија во земјите на кои им припаднаа делови од македонската територија вршеше присвојување на македонската историја, наспроти објективните тешкотии, бројни македонски историографи и публицисти настојуваа со поодделни свои трудови да ја покажат неодржливоста на она присвојување што не беше ништо освен фалсифицирање на една посебна национална историја. Но тие настојувања — токму поради строгите режимски ограничувања — не можеа да остварат еден целостен преглед на македонската историја. Тоа беше единствено можно дури во условите на македонската државност создадена по Втората светска војна. Само при еден слободен и во секој однос неспречуван развој на научната мисла можеше целосно да се изрече вистината за историското времетраење на македонскиот народ.

Со формирањето на Катедрата по историја при Филозофскиот факултет во Скопје во 1946 година, потоа — со основањето на Институтот за национална историја во 1948 година, а подоцна и Архивот на Македонија, се постави почетокот на систематски и разностранн проучувања на сите периоди од историскиот развиток на македонскиот народ. И првенствено од членовите на овие високи научни институции — за еден релативно краток временски период — се појавија бројни студии за низа нерасветлени прашања од нашата историја и неколку општи историографски прегледи.

Посебна е заслугата на студиите и научните расправи што со силата на аргументот извршија целосно демистифицирање на продолжителните разновидни фалсификации на македонската национална судбина.

И дури по објавувањето на низа поопфатни монографски трудови за сите посуштествени појави на нашата историска егзистенција, како и на значајни архивски проучувања во земјата и во странство, можеше да се пристапи кон реализирањето на идејата за пишување на Историјата на македонскиот народ. И сега кога таа идеја е веке реализирана уште порелјефно израснува чинот на сето она што

претставува крупен и разностран фонд на нашата историографска наука во годините на слободниот живот.

Зародена како колективна идеја на нашите најистакнати историографи, Историјата на македонскиот народ се остварии како нивно колективно дело. Колективноста се огледува во прв ред во продолжителните заеднички обмислувања околу целосната физиономија на овој прв најкрупен наш историографски опфат, околу прецизирањето на историската периодизација и што е најважно, околу методолошкиот пристап. Редакцијата на Историјата беше уште во самиот почеток на јасно со тоа дека од изградениот заеднички критериум околу постановката на историографскиот потход ќе зависи она што е најтешко остварливо при секој колективен научнички чин. Да не биде збир на поодделни посебни гледања, без да се обезличи индивидуалниот творечки напор, и да не се наруши континуитетноста во третирањето на историските процеси како закономерност. Колективноста, поточно бројноста на авторите на оваа Историја се наложуваше како неизбежност и поради настојувањето таа да не биде опфат само на политичките настанувања, туку да навлезе и во разгледувањето на разновременските економски и културно-просветни процеси. Поради тоа беа ангажирани најистакнатите специјалисти од сите тие области, за да добие со тоа целосноста на опфатот и да се задоволи самата историска закономерност, која секогаш знае за внатрешни, длабоко органски преплетувања и на политичките, и на економските, и на културно-просветните настанувања.

Доминантниот потход за кој Редакцијата на Историјата се определи дефинитивно се изразува во симбиозата на хронолошкиот и синтетизаторскиот опфат на настани и личности.

Редакцијата најде за беспредметно да се прибегнува кон подробни објаснувања и полемички интонации. Без секакво усилено докажување — да се даде еден опфатен показ на самите објективни текови на историската развојност.

Редакцијата имаше продолжителни разгледувања на текстовите што многу придонесоа за нужните интервенции околу попрецизното усогласување на усвоениот заеднички критериум. Некои индивидуални стилски посебности останаа неизбегнати, но тоа е неизбежно при еден таков колективен чин, а претставува и респектирање на индивидуалната творечка усилба. Посуштествено е тоа дека се сосема незначајни отстапувањата од општата методолошка постановка.

Сообразувајќи се со обемот на текстот и усвоената историска периодизација, Редакцијата како најприкладно го усвои публикувањето на Историјата во три одделни книги, и тоа: книга прва — од предисториското време до крајот на XVIII век, книга втора — од почетокот на XIX век до крајот на Првата светска војна, и книга трета — периодот меѓу двете светски војни и Народната револуција (1918-1945).

Редакцијата не претендира на опфатност и на доследна развојност на сите поглавја во историјата. Сé до денес постојат пречки што не зависат од нејзината волја, и тоа првенствено од објективен карактер. Извесни надворешни архивски фондови сé уште се недостапни за нашите историографи, за да се дојде до доразјаснување на одделни и не малку суштествени историски факти.

Историјата на македонскиот народ е веќе широко достапна за нашата и странска јавност. Задоволена е желбата на сите оние што со години очекуваа да бидат целосно информирни за развојноста на македонската историска повест. Редакцијата од своја страна, ќе биде особено задоволна од сериозните и објективни критички забелешки што ќе ѝ бидат упатени. Нивниот прилог ќе значи многу за идното издание на Историјата на македонскиот народ.

Скопје, 1968 година

ОД РЕДАКЦИЈАТА

ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ ОДЛИКИ НА МАКЕДОНИЈА

Македонија го зафаќа средишниот дел на Балканскиот Полуостров, просторот што е заграден на север со планините Шар Планина, Скопска Црна Гора, Козјак, Осогово и Рила, а на југ со р. Бистрица и брегот на Егејското Море до утоката на р. Места. Билата и вододелниците на младонабраните планини Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд ја заградуваат Македонија од запад а од исток р. Места и западните делови на пл. Родопи. Во овие граници Македонија зафаќа простор од 67.741,2 км², од кои 25.411 км² односно 37,51% отпаѓа на Социјалистичка Република Македонија, а остатокот е во склопот на Грција и Бугарија.

Географската положба на Македонија е мошне погодна. Таа се наоѓа во стекот на важни патишта и магистрали. По долините на реките Вардар и Струма е отворена кон Егејско Море како дел од Медитеранот. Преку ниската кумановско-прешевска вододелница (450 м.) долината на Вардар преминува во долината на Јужна Морава и ја сочинува единствената вардарско-моравска долина, природно предиспонирана сообраќајна магистрала и најкусата лонгитудинална врска со земјите од Средна Европа со Блискиот Исток и Суецкиот Канал. Покрај моравската долина Македонија има уште една природна врска со панонскиот басен и другите подрачја на Југославија. Тоа е врската преку Качаничката Клисура и ибарската долина. Најпосле, во минатото низ Македонија минела и мошне важната напречна магистрала на Балканскиот Полуостров — Виа Егнатиа (Via Egnatia) — која од Драч преку Елбасан, Охрид и Битола води кон Солун и Цариград.

Со својата централна географска положба на Балканскиот Полуостров и со широкиот излез на Егејско Море и Солунскиот Залив, во стекот на мошне важни патишта и магистрали, Македонија рано ги почувствувала стопанските и културните влијанија на развиениот Медитеран, но исто така и сите негативни реперкусии од повеќекратните пене-

трации на одделни завојувачи, бидејќи патиштата на нивните завојувања секојпат минувале низ Македонија.

Македонија има мошне карактеристичен релјеф. На југ од Скопска Црна Гора и Рила, во пространото подрачје на Вардар, Струма и Места, е старата родопска маса. Своите главни геотектонски црти оваа стара палеозојска маса ги добила на почетокот на терциерот, при набирањето на Динаридите и шарско-пиндските планини, кога била изложена на јак притисок и гмечење поради што се раздробила со раседи во тимори и потонатини. Оттука во релјефот на Македонија онаа карактеристична смена на големи и високи планински масиви и пространи и затворени котлини и полиња со поголеми или помали надморски височини. Токму во овие котлини, полиња и жупи е концентриран најголемиот дел од обработливиот земјишен фонд и од земјоделското производство (Пелагонија, Тиквеш, Солунската низина и котлините на нејзината периферија како Меглен, Гевгелиска и Валандовска котлина и др.).

На запад од Полошката и Кичевската котлина во двојна низа се протегаат високите планини од значително помладата шарско-пиндска система.

Другите геоморфолошки појави што оставиле траги во релјефот на Македонија се врзани за големата езерска фаза од почетокот на неогенот. Таа ги опфатила сите котлини во родопската маса, а исто така и шарско-пиндската област и довела до формирање на повеќе езера. Кон крајот на плиоценот поради тектонски прекршувања и тонења на басенот на Егејското Море настапува регресивен период. По долините на Вардар и Струма се врши исушување на заезерените котлини, при што тие меѓусебно комуницираат, за подоцнежните реки на тие места да ги оформат денешните клисури (Дервенска, Таорска, Велешка, Демир Капија и Циганска Клисура на Вардар, Кресненска и Рупелска на Струма итн.). Затоа котлините во Македонија, иако на прв поглед изгледаат затворени и изолирани, се всушност меѓусебно поврзани со длабоки, клисурести прооди и ниски седла. Некои од котлините се делумно и денеска под реликтни езера (Дојранско, Бешичко, Лагадинско и др.) или се сé уште заблатени, или пак мелиорирани и исушени (Пазарско Езеро, Аматовско Езеро). Сосем е идентичен случајот и со десаретската група езера — Охридско и Преспанско — кои се зачуваа до денеска поради сеизмичката активност и тонења во тоа подрачје, со кои басените постојано им се подмладуваат.

Егејското тектонско тонење дошло до најголем израз во јужна Македонија, која му е и најдоближена, па затоа тука котлините и полињата се попространи и на помала надморска височина од оние на север. Инаку егејското тек-

тонско тонење продолжува и денеска со чести земјотреси како придружна појава, кои се поретки од југ кон север, но стигаат и до Скопската котлина.

Како траги на одделните флувијални фази во формирањето на речните долини на Вардар, Струма, Места и на нивните притоци, а исто така и на долините на реките надвор од нивниот слив, се сериите на речни тераси во релјефот на Македонија со извесни површини на обработливо земјиште и погодни топографски положби за селски населби. Како посебни облици на флувијалниот релјеф на високите области се флувијалните површини на кои се денеска високопланинските пасишта.

Девастацијата на шумите во минатото и учеството на трошни седименти во геолошката градба на релјефот биле причина за формирањето и за разорното дејство на голем број порои. Последица на тоа се плавините и наносните конуси по рабовите на котлините со погруб и пофин механички состав. За интензитетот на овие процеси можеби најдобро зборува фактот што во Пелагонија од околу 120.000 ха под смолници, колку што останале по истекувањето на неогеното езеро, денеска има останато околу 11.500 ха или 10%.

Кристалестите шкрилци, махматските и метаморфни карпи, од кои е во голема мера изграден релјефот во Македонија, се матични карпи на технички многу важни минерали. Дацитско-андезитниот масив на кратовско-злетовската област е многу богат со оловно-цинкови руди. За серпентинските карпи, особено за Љуботенскиот серпентински масив, се врзани појавите на хромна руда, што ги има во значителни наслаги и на Халкидичкиот Полуостров. Во сериите од шкрилци настапуваат железни руди во кичевскиот и демирхисарскиот басен, метаморфираните варовници од пл. Баба Сач (Кичевско) се придружени со појави на манганови руди, како сублимационен продукт на вулканската дејност, во мориовско-мегленската младовулканска област се појавите на антимонови и арсенови руди итн. Серпентинот е матична карпа и за многу неметали (талк, мегнезит, азбест), пегматитските или фелдспатови жици се често проследени со појави на лискун, а од силициевите останки на дијатомеите се формирани лежиштата на дијатомејска земја во Мариово итн. Појавите на цементен лапорец, кварцен песок, фелдспат, кварцит, силекс, опалска бреча и др. ја дополнуваат листата на неметалите во Македонија. Најпосле и самите карпи од кои е изграден релјефот во Македонија нудат во изобилство градежен технички и украсен камен (гранит, базалт, травертин, мермер). Изобилните руди се солидна основа за развитокот на рударството и индустријата во Македонија.

Скоро целата територија на Македонија лежи помеѓу 40 и 42° северна географска ширина. На југ широко излегува на брегот од Егејското Море, од каде што чувствува медитерански климатски влијанија, а од север преку вардарско-моравската долина е изложена на континенталните влијанија. При тоа по долините на Вардар и Струма, како и преку ниските седла, медитеранските влијанија, иако ослабнати, продираат длабоко на север. Високите котлини на западна и источна Македонија се под влијание на планинската клима. Основните одлики на медитеранската и континенталната клима — топли и сушни лета — доаѓаат до полн израз во Македонија, така што во екот на вегетацијата има многу топлота а малку влага. Со тоа во поглед на климата, Македонија се појавува како преодно подрачје меѓу медитеранската и континенталната клима, а во тој однос се издвојува со својата индивидуалност од своите соседи.

Македонија е подрачје со сосем малку врнежи. Во западните предели годишно паѓаат околу 700 мм врнежи, во источните преку 500 мм, на морското крајбрежје околу 500 мм, а по текот на среден Вардар, во Тиквеш, само 450 мм. При тоа и распоредот на врнежите во текот на годината е мошне непогоден. Скоро е редовна појавата во екот на вегетацијата да нема достатно влага. Во вегетациониот период сушите продолжуваат и преку 100 дена (Овче Поле и др.), па затоа на земјоделските култури им е потребно вештачко наводнување, за што Македонија располага со достатни количества вода.

Континенталните и медитеранските влијанија овозможуваат на територијата на Македонија да се одгледуваат оние земјоделски култури што се карактеристични за посевернте, континентални подрачја (пченица, пченка, компир, средноевропско овошје и др.), а исто така и оние што се карактеристични за медитеранските, суптропски подрачја (памук, афион и др.). Но токму поради судирот и проникнувањето на овие два главни климатски типа многу од тие култури немаат оптимални услови за својот развој.

Морфологијата на релјефот, геолошката градба, климата и др. се основните педогенетски фактори под чие влијание се образувале почвите во Македонија.

За рамните дна на котлините се карактеристични смолниците. Ги има скоро во сите котлини на Македонија и се одликуваат со потенцијална плодност. Во влажни години даваат добри приноси на пченица, пченка, некои индустриски култури (памук, сончоглед), а во суви приносите сосема потфрлуваат заради нивните лоши физички својства.

По текот на реките, со таложењето на финиот речен материјал се развиле алувијалните почви. Тоа се главно најплодни земјишта, па со оглед на тоа што се покрај реките

и што можат да се наводнуваат со нивните води, на нив е концентрирана продукцијата на ориз (Кочанска котлина, Струмичка и др.) и на градинарски култури. Индустриските и крмните растенија даваат исто така мошне добри резултати.

По рабовите на котлините и најниските падини од планините во вид на наносни конуси и низни плавини се делувијалните земјишта. Тие се со лесен механички состав и страдаат од суша. Погодни се за одгледување тутун и винова лоза, а таму каде што се наводнуваат се погодни и за одделни видови овошје.

Во котлините на приморска Македонија, врз делувијалните наслаги, се формирала хумусно-варовничка почва добро снабдена со калиеви соли соодветна на риндзините. Таа е со прашкава структура, добро се проветрува и со тие свои особини е мошне погодна за одгледување на тутуновата култура (Драмска котлина и др.).

Одделните делови на Солунската низина и делтата на р. Места, кои со натрупувањето на речни наноси се оттргнати од морето, се одликуваат со солени почви. Соленитe почви се присутни и на местата на одводнетото Пазарско Езеро, Аматовско и Тахино Езеро и др. Најпосле во условите на сува клима околу блатата на Скопската котлина и Овчеполието се образувале исто така солени почви. На нив се обично пасиштата а делумно служат и за производство на крмни растенија.

Повисоките планински региони се одликуваат со кафеави, каменливи и плитки почви. Педогенетските фактори тука немале достатно време да ги преобразат во почви со профина структура, но и како такви се стават под оние култури што не бараат посебен бонитет на почвата (ѓрж, јачмен, компир и др.).

Македонија претставува еден мозаик од почвени типови и поттипови, што било, заедно со климатските особености и причина за диференцирањето на земјоделската продукција помеѓу одделните котлини.

Под влијание на почвите, климата и другите елементи на географската средина се формирала растителната покривка во Македонија.

Во приморска Македонија е медитеранската вегетација претставена најмногу од грмушести растенија познати со името макии. Покрај Халкидичкиот Полуостров и Солунската низина тие се простираат уште во Драмската котлина и Серско, а по долината на Вардар и Струма продираат и подлабоко во копното. Инаку поради присуството на континенталните влијанија маслинката, како изразито медитеранска култура, е потиснатa далеку на југ држејќи се главно за тесниот крајбрежен појас.

Понасевер од медитеранската растителна област е областа на листопадните шуми. Тие се наредени по катови,

така што најниско се дабовите шуми. Се искачуваат до околу 900 м надморска височина и на одделни места се заменети со костенова шума. Таков е случајот со северните падини на Беласица, источните на Јабланица, југоисточните на Шар Планина. Над појасот на дабот се менуваат природните услови — опаѓаат температурите на воздухот а растат количествата врнежи. На тие услови се адаптирала буката. Таа се искачува од 1.200 — 1.600 м надморска височина, а некаде дури и над таа граница, од која понатаму започнуваат високопланинските пасишта. Дабовите и буковите шуми се многу проредени, на голем простор дури и сосема истребени заради проширување на обработливите површини односно површините под пасишта, како и заради добивање градежно и огревно дрво.

Релативно високите температури и малото количество врнежи го условиле скоро полното отсуство на иглолисни шуми. Тие делумно се задржале во високите предели на Родопите и Пелистер и сосем малку на некои други места обично на обликите од глацијалниот релјеф.

Во низините се пасиштата, околу блатата блатна растителност, а долните текови на реките се карактеризираат со низинска вегетација.

ДЕЛ ПРВИ

МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ПРВОБИТНОТО ОПШТЕСТВО И РОБОВЛАДЕТЕЛСКИОТ ПЕРИОД

ГЛАВА I

ПРВОБИТНО ОПШТЕСТВО

Благодарејќи на својата извонредно поволна геоморфолошка положба, Македонија уште во раните етапи на праисторијата имала посебно значајно место во културниот развој на стариот Балкан и во поврзувањето на двете големи културни сфери: егејско-анадолската, како жариште на најраните виши земјоделски култури, и внатрешноста на Балканот и Средна Европа, чие значење во подоцнежните етапи на развитокот, во текот на металната епоха станува сé поголемо. При определувањето на карактеристиките на развитокот на праисториска Македонија се посебно значајни два момента: положбата врз значајните природни комуникации на стариот Балкан и, од друга страна, релативната изолираност на одделни подрачја, условена од самиот релјеф на теренот, што довела до извесни специфични форми во културниот развиток, иако тие во основата можат да се вклопат во пошироките комплекси и групи на праисториската култура на соседните подрачја.

Во врска со првиот момент треба пред сé да се истакне значењето на вардарско-моравскиот пат, една од основните природни комуникации на стариот Балкан. Преку прешевската вододелница има можност за лесно поврзување на вардарската долина со горниот тек на Морава и со внатрешноста на Балканот и, понатаму, со Средна Европа. Сепак, на овој пат постојат и значителни природни пречки, особено кај Велес и Демир Капија. Освен тоа, сé повеќе мора да се помислува и на важноста на уште една комуникација — патот по долината на Струма и Струмица. Од оваа последнава, преку долината на Лакавица и областа на Радовиш, лесен е пристапот кон долината на Брегалница и Овче Поле, од каде што, пак, нема големи природни пречки во правец на Куманово и Прешево, значи кон горниот тек на Морава. Карактерот на археолошкиот материјал, особено на неолитскиот, во источна Македонија, што покажува тесна поврзаност со појавите во Тракија, посебно упатува на важноста на овој пат. Меѓутоа, како долината на Струма, така и долината на Струмица досега се сосем недоволно испитани.

Извесен локален развој, условен од природната изолираност, се забележува првенствено во Пелагонија, која е одвоена од вардарската комуникација и, во основата, поблиску поврзана со Егејска Македонија — во правец на долината на Бистрица (Халијакмон). Тој се огледува во специфичните варијанти на културниот развиток во разните етапи на праисторијата, особено во неолитот и на преодот од бронзовата во железната епоха, кога покрај извесни нови културни манифестации врзани за претумбаците на тн. Голема егејска преселба, која оставила видна трага на Балканскиот Полуостров, на европскиот југоисток воопшто и на Блискиот Исток, се јавуваат и специфични форми на материјалната култура во оваа област. Помалку јасна е ситуацијата во областа на Охрид. Овде, секако, треба да се помислува и на поголеми влијанија од јадранското подрачје, што можеле да проникнуваат по долината на Дрим. Затоа сето тоа сé повеќе укажува на значењето на балканските работилници за изработување на бронзени предмети во железната епоха во Пелагонија и Охридско. Со тоа важноста на римската Виа Егнатиа се проицира во многу подалечно минато. Врската на Пелагонија со Полог и оттаму со Косово и ибарската долина исто така во поново време се истакнува се повеќе. Посебна положба зазема, најпосле, северна Македонија, северно од Скопје кон Куманово и моравската долина, каде што, според уште малобројниот археолошки материјал, барем за извесни епохи, особено за неолитот, има да се смета со поголема мешавина на елементи на двете сродни културни сфери, со свои посебни развојни варијанти: македонската и косовско-јужноморавската.

1. Неолит

Најстарите траги од животот на луѓето во Македонија потекнуваат од периодот на постариот неолит, епохата на примитивно земјоделство со почетоци на сточарство, со постојано населување и развиток на домашната преработка, особено на грнчарството. Тоа е всушност период во кој првобитното општество минува од најраната фаза на својот развиток — дивјаштвото, во нова, поразвиена фаза — варварството. Засега во Југославија недостигаат наоди од постарата камена епоха — палеолитот, од средната — мезолитот, како и од почетната фаза на неолитот, кој сé уште не ја познавал керамиката и чие постоење денеска е утврдено во Грција и на Блискиот Исток.

Постариот неолит на Македонија до скоро е врзуван за старчевската група (според главното наоѓалиште Старчево, кај Панчево), раширена главно во Србија и Војводина. Наодите од Вршник кај Таринци (Штип), меѓутоа, многу ја

наметнаа потребата од ревидирање на ова гледиште. Така денеска со сигурност можеме за источна Македонија и Повардарјето да зборуваме во врска со оваа епоха за посебна, вршничка група, која, како и старчевската, му припаѓа на еден поширок културен комплекс на неолитскиот период — источнобалканскиот. Во самиот Вршник беше можно да се установат четири фази на неолитска еволуција, што укажува на долготрајна населеност. Основната економска гранка ја претставувало земјоделството, што е потврдено и со наодот на големо количество пченица. Како орудија се употребувани мазнети камени секири, повеќето со сплескан или трапезоиден облик, какви што се воопшто типични за југоистокот и со обликот остро се издвојуваат од т.н. калапести секири во Средна Европа. Еволуцијата на вршничката група во нејзините четири фази особено добро може да се следи на керамиката. Наспоредно со керамиката во сите фази познати се идоли, антропоморфни фигури. Од оружјето карактеристична била праќата (најдени се глинени, јајчести предмети што се исфрлаат од праќа).

Во поглед на историската интерпретација на вршничката група може пред сé да се истакне нејзината тесна поврзаност со Тракија (Карановo), како и со раните културни групи во Анадолија. Од Анадолија потекнуваат и видовите пченица што се откриени овде, а и праќата како оружје е типична за егејско-предноазиската област. Посебно прашање претставува, меѓутоа, грубата керамика, типична за сите фази на Вршник. Засега уште не може да се тврди со сигурност каде настанала таа, но не би можела да се исклучи претпоставката за нејзиното потесно балканско потекло. Појавата на монохромните сиви садови на повеќе ногалки, во втората и третата фаза на вршничката група, е многу значајна. Целиот процес на овој развој најпрвин би можел да се објасни со преминот на повисок културно-економски степен со ширењето на земјоделството и другите придружни придобивки на материјалната култура од анадолско-тракиската област. Ова ширење можело да се врши со миграција на населението во потрага по нова обработлива земја или пак така што домашното население од поранешниот период, чија култура во Македонија засега ни́ е непозната а кое се наоѓало на пониzок степен на економиката, ловечко-собирачкиот, во контакт со првите примитивни земјоделци го презело од нив земјоделството и другите придобивки на материјалната култура и понатаму им ги пренесувало на другите соседни племиња. Со тоа може да се разбере и појавата на големите културни комплекси во рамките на кои постојат регионални културни групи, во основата многу сродни, но во деталите сепак различни меѓу себе. Втор бран на ширење на примитивното земјоделство од исток претставува почетокот на помладиот неолит. Доаѓајќи од југоисток, овие нови елементи најпрвин проникнале

во Тракија, каде што ја потискувале културата на постариот неолит. Напротив, понатаму кон запад, во источна Македонија, културата на постариот неолит и понатаму живеела, делумно паралелно со помладата, примајќи од неа само одделни елементи. Дури во текот на натамошната еволуција елементите на помладиот неолит станувале се попретежни, што се гледа и во последната фаза на вршничката еволуција.

Вршник е, засега, несомнено најстаро познато неолитско наоѓалиште во Македонија. Извесни индиции во материјалот од наоѓалиштето во Амзибегово (кај Штип) упатуваат, меѓутоа, на тоа дека во ова наоѓалиште можат да се следат уште и поранешните етапи на вршничката еволуција.

За постариот неолит во другите подрачја на Македонија е засега тешко да се зборува. Несомнено е дека постојат наоди на примитивна керамика во Пелагонија, па и во областа на Охрид, на пример во селото Враништа, но без поголеми ископувања не може за нив да се донесе определен суд. Извесни наоди од северна Македонија, на пример во Мацари, укажуваат на постоењето на култура од постариот неолит, која, меѓутоа, во карактерот на својата керамика е поблиска до старчевската група на Србија.

Нејасен е, исто така, преминот од постариот кон помладиот неолит, како и карактерот на помладата неолитска култура во поголем дел на Македонија, донекаде со исклучок на Пелагонија. Веќе е кажано дека елементи на балканско-анадолскиот комплекс од помладиот неолит, доаѓајќи од исток, рано проникнале во источна Македонија и постепено го потискале постариот неолит, што веројатно стои во врска и со новиот постепен прилив на неолитско население. Но помладиот неолит во својата полна форма е засега неиспитан. Материјал се уште има премалку за да може за него да се создаде поопределен суд. Во поголемиот дел на Македонија може да се очекува постоење на варијанта на балканско-анадолскиот комплекс што е позната од Егејска Македонија и исто така се одликува со темна монохромна керамика со најтипичната форма на биконична чинија, но не познава низа други елементи карактеристични за винчанската група. И во тоа подрачје сигурно постојат неколку фази на помладиот неолит, кои, меѓутоа, засега со ископувањата не се доволно испитани. Во северниот дел на Македонија, пак, веќе сигурно е зафатена винчанската група со својата помлада винчанско-плочничка фаза и варијанта типична за јужноморавската и косовската област. На ова укажуваат наодите откриени во Табановце, на локалитетот Натпадина.

Посебно место во неолитскиот развиток зазема т. н. породинска група на Пелагонија. Населбите на оваа група се разликуваат од типот на оние во другите делови на Македонија, бидејќи имаат облик на т.н. телови („тумби"), настанати со натрупување на слоеви на населби на едно место, така што со тоа се создавале вештачки височинки. И овде се работи за постојана земјоделска населба. Населението живеело во куќи со четвртест облик со печки, како што тоа особено добро го покажуваат моделите на куќите најдени во Породин.

Прашањето за потеклото и генезата на породинската група причинува прилични тешкотии. Изгледа сигурно дека овде на една база, врзана уште за постариот неолит и окарактеризирана со груба керамика, се надоврзуваат нови помлади елементи. Најблиски аналогии за ова наоѓаме особено во сликаната керамика, како и во појавите на скалести мотиви во т. н. Димини-група на Тесалија, и тоа во една од нејзините поранешни фази (Арапи). Оваа група веројатно се развила со локална еволуција, на југ на Балканот. Појавата на нејзините влијанија во Пелагонија најпрвин може да се доведе во врска со контактите со населението јужно од оваа област, веројатно по долината на Бистрица.

Сликата што ја добиваме, според тоа, за помладиот неолит на Македонија, е засега доста нејасна. Сепак изгледа несомнено дека културата на постариот неолит ја заменува во најголем дел на Македонија културата на балканско-анадолскиот комплекс на помладиот неолит и тоа во разни варијанти и групи (винчанската на север, а помладиот неолит на Македонија на југ). Нејзината појава веројатно се врзува за бавните емиграции на примитивните земјоделци во потрага по обработлива земја. Посебен, изолиран случај претставува породинската група, во областа на Пелагонија, во која се забележуваат влијанија од другите подрачја. Таа, меѓутоа, не го опфаќа веројатно целиот помлад неолит и според своите карактеристики и тесалиски аналогии најпрвин може да му се припише, всушност, на периодот на преодот од постариот во помладиот неолит.

2. *Бронзова епоха*

Богатата неолитска еволуција на Македонија е прекината во последните векови на третиот милениум пред н. е. и непосредно околу почетокот на вториот милениум, со појавата на новите елементи што го обележуваат преминот од неолитот во металната епоха или дури и првата етапа на металната — бронзовата — епоха во потесна смисла. И во овој период е можно да се разликуваат неколку регионално издвоени групи и, секако, неколку етапи. Многу

интересна е појавата на меѓу себе многу сродни нови елементи, што се засега фиксирани на прилично пространа територија и тоа на Скопско Кале, во Црнобуки, Шуплевац и на Бакарно Гумно.

Една од карактеристиките на овие населби претставува нивната положба што е особено типична (на пример, во случајот со Скопско Кале и Шуплевац). Локалитетите се наоѓаат на високи, тешко достапни и доминантни ридови, што е, секако, во прв ред последица на понемирните времиња и поголемата несигурност, настанати со губењето на економската рамнотежа помеѓу разните племиња во врска со откривањето и сé поголемата употреба на металот. За облиците на становите малку е познато. На наоѓалиштето Шуплевац постоеле куќи од камен поставени меѓу природни карпи. Основна карактеристика претставува керамиката претежно со сива или мрка боја, со грижливо измазнета облога. Покрај канелурите, типични се и сликаните орнаменти изведени делумно со графит. Пластиката, исто така, е застапена особено во Црнобуки. Постојат грубо стилизирани седнати фигури, од кои некои имаат надолу свиткани раце, и фигури грубо моделирани со отвор на горниот дел, во кој е утврдена посебно моделирана глава.

Сиве овие наоди можат тесно да се поврзат за големиот комплекс со сликаната — графитна керамика на источниот Балкан и во Долно Подунавје, каде што исто така можат да се разликуваат неколку културни групи. Прашањето за настанувањето на овој комплекс не е наполно решено, но сигурно е дека тој настанал или во Долно Подунавје или во Тракија и дека според тоа во Поморавјето и во Македонија стасал подоцна. На тоа, впрочем, укажува и постоењето на извесни локални отстапувања, како во однос на потесното подрачје на споменатиот комплекс, така и во меѓусебниот однос на наодите од оддделни локалитети.

Останува отворен проблемот за причините за ваквото поместување на носителите на оваа култура од исток кон запад и југозапад. Одговорот на ова прашање може да се насети. Во времето на појавата на овие нови елементи во Македонија, непосредно околу двеилјадитата година пред н. е., доаѓа до големи миграциони движења, кои во неколку бранови тргнале од Исток од понтоските степи во правец на Долно Подунавје, Балканот и кон внатрешноста на европскиот континент. Овие бранови на миграции донесуваат со себе и низа нови појави во материјалната култура, од кои треба да се спомене специфичниот начин на закопување во гробови со окер, семејните гробови под могили (тумбички), каде што начинот на закопот јасно укажува на развивањето на патријархатот, интензивниот развој на сточарството, што се манифестира во зголемувањето на бројот на животинските коски на наоѓалиштата врзани за овие миграции, познавањето на коњите како домашни животни, постоењето

на една примитивна, погруба керамика, украсувана, по правило, со отпечаток на врвца (Schnurkeramik), или со пластично налепени ребра со отпечатоци на прсти, што можат да бидат различно комбинирани. Уште една типична појава претставуваат стилизираните животински фигури од камен, што се протолкувани како скиптри, а можат да се проследуваат од Кавказ до Тракија и Македонија. Носителите на овие номадски движења биле динамични и лесно подвижни сточари кои со сигурност можат да се врзат за првите Индоевропејци што од степите проникнувале кон запад. Нивните продори, секако, предизвикале големи пертурбации. Сигурно е дека еден дел од нив се мешале со староседелското население, асимилирајќи го јазично, а примајќи и голем број одлики на неговата култура. Со тоа и била создадена основа за натамошниот развиток на разни индоевропски јазици и групи. Но исто така тој прв допир можел да биде и непријателски и да предизвика натамошни поместувања, барем на еден дел од населението. Со ова може да се протолкува и ширењето, во тоа време, на елементите на материјалната култура на Тракија и Долно Подунавје преку Нишава или Тимок, најпрвин во Поморавјето а потоа далеку на југ до Пелагонија.

Во прилог на ваквото толкување зборува и фактот дека токму на наоѓалиштата на Македонија за кои станува збор се наоѓаат извесни елементи што упатуваат на овие степски дошлаци, кои веројатно продреле ваму малку подоцна, одејќи по чекорите на староседелците што бегале. Така меѓу материјалот од Скопско Кале има и фрагменти на груба керамика со пластични орнаменти, типични за овој период, додека на Шуплевац е најден еден камен скиптар чија културна и етничка припадност е несомнена.

Со овој момент, со преминот во металната епоха, доаѓаме и до моментот на првите индоевропски продирања и првите почетоци на индоевропеизацијата на домородното население од поранешните епохи чија јазична припадност не ни е позната.

За бронзовата епоха на Македонија и нејзиниот подоцнежен развој слабо сме информирани. Сигурно е дека културниот развиток овде течел прилично поинаку отколку во внатрешноста на Европа и дека покажува значително поголема сродност и афинитет со развојот во егејското и анадолското подрачје. На тоа укажува и подобриот, макар што исто така недоволно познат материјал од Егејска Македонија. Оттука и целата бронзова епоха на Македонија ја делиме, според системот по кој то има разработено егејското подрачје W. A. Henrtley, на рана (до 1900 г. пред н. е.), средна (1900 — 1500) и доцна бронзова епоха (1500 — 1200). Притоа, раната бронзова епоха, барем во деловите на Егејска

Македонија поблиски до центрите на еладската и анадолската култура, започнала нешто порано и течела делумно паралелно со појавите на преминот од неолитот во металната епоха, што се веќе опишани.

Најјасна слика за културата на раната бронзова епоха имаме во Пелагонија, каде што на тој период му припаѓаат некои помлади наоди од Црнобуки, потоа наоди од тумбите во Барешани и Кравари. Тие ѝ припаѓаат на една сразмерно доцна група на раната бронзова епоха, раширена и во северозападниот дел на Егејска Македонија и позната под името Арменохори-група (според главното наоѓалиште Арменохори, во Егејска Македонија). Оваа група, всушност, претставува стабилизација во тие краишта на условите настанати со проникнувањето и сега веќе крајното населување на индоевропските групи и со нивната симбиоза со домородното население. За оваа група се врзуваат, изгледа, и наодите на раната бронзова епоха од Демир Капија. Но овој материјал е недоволен за создавање посигурен суд за карактерот на бронзовата епоха во таа област.

Во доцната бронзова епоха може да се смета со една локална еволуција која е недоволно позната, како и со засилувањето на трговските врски со југ, со микенскиот свет, што го карактеризира овој период на поширокото подрачје на Балканот. За локалната еволуција зборува фактот дека во Егејска Македонија во тоа време се наоѓаат извесни типични форми на керамика и орнаменти, кои понатаму во Вардарска Македонија можат да се проследуваат неколку векови подоцна, во железната епоха. Со уште сразмерно ретките слични појави на бронзовата епоха во Србија, како и со исто така ретките наоди на доцната бронзова епоха во Тракија, сево ова претставува еден поголем културен комплекс. Тоа, секако, упатува на пошироко културно единство во рамките на натамошната еволуција на индоевропеизираното население, отколку во периодот во кој културното единство на централен и источен Балкан се уште било силно, та веројатно може да се говори за етнички уште недоволно издиференцирани групи од кои подоцна се формирале првенствено Илирите и Траките. Врската со микенскиот свет е потврдена со наодот на оригиналниот микенски меч откриен наводно во околината на Тетово. Секако појавата на овој меч не може да се смета осамена, со оглед на интензивните врски на микенската култура со внатрешноста на Балканот во тоа време. Патиштата, пак, на ширењето на микенските влијанија можеле да бидат различни. Наодот на еден микенски меч во Гревена, во долината на Бистрица (Халијакмон), упатува на правецот од каде што, барем делумно, овие влијанија проникнувале во Македонија. Ова би одело во прилог на претпоставката за значењето на природниот пат преку Пелагонија кон Полог и ибарската долина.

3. Железна епоха

Околу 1300 — 1200 година пред н. е. Македонија, како и целиот Балкански Полуостров, ја опфатил нов бран на немири, поместувања на племињата и рушења, историски процес што траел неколку векови. Тоа е епоха на уништувањето на старата микенска култура во Грција, на паѓањето на Троја, пропаста на Хетитската држава во Мала Азија, појавата на Филистинците во Палестина, и варварските напади во Египет. Археолошки, таа појава се манифестира со уривање на поранешните населби кои, на пример во Егејска Македонија, страдале во големи пожари, очигледно во врска со непријателските напади, како и со појавата на нови, во Егеј и на Блискиот Исток туѓи културни елементи. Историјата има забележано некои скудни податоци за овие настани. Така, за време на владата на фараонот Меңерптах во Египет, кон крајот на XIII век пред н. е., се споменуваат првите вакви напади, за кои нешто подоцна подетално зборува натписот на третиот пилон од храмот на Рамзес III во Мединет Хабу (1195/1 год. пред н. е.). Овде се зборува за поморски народи што доаѓаат како ограбувачи и што ги победил фараонот. Меѓу нив покрај другите се споменуваат и Пуласатите, секако Пеластите — име со кое е обележано прагрчкото население во Егеј. Во античката литература овие настани имаат најдено свој одраз во хомеровите епови.

Ова големо егејско преселување претставува еден дел од широкиот и компликуван процес на поместување на племињата што само делумно можеме да го следиме, но кој се манифестира и во Ердел и во Долно Подунавје, како и во Панонија. Поместувањата понатаму кон север секако влијаеле и за движењата на племињата од внатрешноста на Балканот, кои, под притисокот отстрана, продирале кон југ.

Во културно-историски поглед овој период претставува премин кон железната епоха и можеме да го сметаме за прва фаза на оваа епоха на Балканот. Во рамките на процесот на Егејската преселба секако дошло до запознавање и понатаму до ширење на железото во овие краишта кои порано не го познавале, но при продорот во Мала Азија морале да го преземат првенствено од Хетитите. Во железната епоха на Македонија можат да се разликуваат неколку фази. Овде не е можно да се примени системот на поделба на железната епоха во Средна Европа, со разликувањето на халштатска — постара и латенска — помлада железна епоха и со нивната поделба во по неколку фази. Ова затоа што во својот културен и историски развиток Македонија во тоа време многу потесно била врзана за егејскиот свет и Грција, така што веќе сразмерно многу рано го доживеала својот протоисториски период, додека во времето на Латените — периодот на македонската држава — речиси наполно влегува во историјата. Сепак, специфичностите на развитокот условен од геоморфолошкиот карактер на теренот, како и од нееднаквиот развиток на разни племиња на македонската

територија, не допуштаат ни шематско пренесување на вообичаената поделба на грчката археологија. Затоа, во железната епоха на Македонија издвојуваме четири основни фази.

Железната епоха I, од околу 1300 — 1200 год. пред н. е., историски му одговара на големото егејско преселување, на крајот на микенскиот и на непосредно следните периоди од развитокот во Грција.

Постојат неколку значајни наоди што можат да се врзат за овој период и претставуваат неколку етапи од развитокот. Тоа се гробните наоди од Прилеп и Демир Капија, извесни наоди од Сарај Брод кај Битола, исто така, гробни, а можеби и централниот гроб од Висо кај Битола. Посебно внимание заслужуваат и некои специфично локални појави во керамика, сликана македонска керамика чија хронолошка положба засега не е доволно јасна. Гробовите за кои станува збор имаат форма на ковчег од камен, а во нив е, по правило, вршено скелетно погребување. Наодите од повеќето споменати гробови претставуваат во Македонија нови, туѓи појави, чие потекло најпрвин можеме да го бараме во западните делови на Балканот, во областите што подоцна со сигурност можат да се врзат за Илирите. Ова потврдува дека, секако, еден дел од племињата што учествувале во Егејската преселба проникнале во Македонија, во овој случај, според денеска собраните наоди, во западна Македонија, а од овие краишта, најверојатно, накај Косово и Метохија.

Покрај овие елементи секако натаму се задржало и старото автохтоно население. Во оваа смисла особено во западна Македонија, во Пелагонија и околу Охрид, се укажува на постоењето на еден специјален вид локална сликана керамика позната под името Бубушти-керамика, која овде се одржала барем до времето околу седумстотини години пред н. е.

Историски, керамиката Бубушти можеби укажува на одржувањето на старите традиции и во периодот кога сигурно имало и прилив на ново население од внатрешноста на Балканот. Можно е да се допушти дека треба со еден таков прилив да се смета и во појавата на керамиката од крајот на бронзовата епоха, која примарно веројатно му одговара на времето на уште неиздиференцираните Илири и Траки на Балканот. Исто така не е без интерес и сличноста на оваа керамика со т. н. фригиска керамика во Мала Азија, особено кога историските извори ни покажуваат дека Фригијците во Мала Азија се доселиле од Балканот, од Македонија.

Железната епоха II, период на стабилизација на културата и на етничките групи по големата егејска преселба, во времето околу и непосредно по 700 год. пред н. е.

е далеку подобро испитана, така што постои можност и за поцелосна културно-историска интерпретација. Главни наоѓалишта претставуваат некрополите истражувани во источна Македонија: Радање, Орлови Чуки и веројатно, делумно, Горно Поле во Караорман, како и делумно наодите од гробовите под могили во Оризари кај Кочани, во Пелагонија и во околината на Скопје — Вучидол. Значајно е и депото од Бразда кај Скопје, додека најцелосен метален инвентар на оваа епоха дава денеска изгубениот кумановски наод.

За начинот на живеење на оваа епоха немаме многу податоци, но постојат сигурни индиции за подигање на утврдени населби, по правило, со sид граден без малтер („сувосид"), каков што е случајот на еден доминантен врв во непосредната близина на некрополата Горно Поле во Караорман. Според фрагментите на керамиката, на овој период би му припаѓала и тврдината на стрмниот, тешко достапен рид на Ковачилница кај Берово, со мали димензии, но со јасни контури на приближно елипсест облик, а веројатно и наоѓалиштето на локалитетот Стари Манастир, во селото Дамњан.

Многу добро сме информирани за начинот на погребувањето во оваа епоха. Притоа е интересно, дека во тој поглед не постои целосна унифицираност, дури ни на потесно локално ограничените подрачја, што веројатно и укажува на регионалните и пофини хронолошки разлики. Една од основните форми на погребување претставуваат гробовите под могили, меѓу кои можеме да разликуваме два основни типа. Првиот тип се мали могили од нафрлени камења, со незначителна височина, во кои скелетните гробови се покриени и неправилно ограден со необработен камен, при што во една могила може да се наоѓаат и по неколку гроба. Типичен пример од овој вид претставуваат могилите на некрополата во Радање. Друг тип тумули се оние со родовски погребувања, тоест во кои околу централниот гроб, понекогаш само околу централниот празен простор, повеќе или помалку правилно радијално се распоредени sидани гробови, исто така скелетни. Таков е случајот со могилите на Орлови Чуки во Караорман, како и во Висо, каде што, меѓутоа, останува отворено прашањето за хронолошкиот однос на централниот и другите гробови. Понатаму кон југ, слична е појавата на тумулите во Вергина кај Верија.

Меѓу подвижниот археолошки материјал основна карактеристика претставува керамиката и металните наоди, особено накитот. Керамиката е повеќето од прилично лоша изработка, од земја мешана со зрнца песок, но површината на садовите е мазна.

Претежен вид орнаменти претставуваат издолжените, врежани шрафирани триаголници, како и низите паралелни линии и убоди. Керамиката од овој вид е особено добро

позната од источна Македонија (Радање), од новите наоди од Оризари кај Кочани, и од Горно Поле во Караорман. Идентична керамика се појавува и во Вучидол кај Скопје.

Металните наоди се особено богати и карактеристични. Тие се особено добро застапени во источна Македонија, во некрополата во Радање и Гевгелија, потоа од кумановскиот наод, Вучидол кај Скопје, околината на Велес, а делумно и од Пелагонија. Како типични форми се јавуваат, пред сè, обетки со различни облици, потоа гривни со вкрстени краишта, работени од бронзена жица или лим, копчиња со тркалезен облик и фибули во вид на очила. Меѓу железните предмети се појавуваат копја и ножеви, по правило, лачно свиени, што претставува типична илирска форма.

Сиве овие видови предмети, до колку со сигурност можат да се датираат и не претставуваат, како железните копја и ножевите, облици што биле во употреба во подолг временски распон, се врзуваат за веќе развиената фаза на железната епоха.

Во поглед на етничката припадност на овој материјал не постојат големи сомневања. Керамиката претставува продолжување и натамошен развој на формите од крајот на бронзовата епоха. Тоа укажува на подолг континуитет, веројатно со известен прилив на нови елементи од внатрешноста на Балканот во периодот на големата егејска преселба, првенствено од подрачјето на Поморавјето. Што се однесува пак до металните објекти и накити, сите тие претставуваат наполно типични форми на илирската култура. Се разбира дека овде постојат и извесни разлики во варијантите на одделни форми. Оттука, веројатно, се поставува прашањето за разни работилници во кои овие видови предмети, инаку сакани кај Илирите, воопшто биле изработувани. Во овој поглед извесни индиции и наоди можеби упатуваат првенствено на работилниците од Халкидик. Но, од друга страна, вакви предмети не биле во употреба во Грција. Можеби уште позначаен момент за утврдување на етничката припадност претставува начинот на погребувањето: ако подвижните предмети на материјалната култура и можат со трговија да се пренесуваат во туѓи подрачја, култот спрема мртвите е посебно конзервативен и ги чува старите традиции врзани за определени етнички елементи. Но токму во тој поглед погребите под тумулите овде се многу карактеристични. Што се однесува до тумулите од типот на оние од Радање — тие, по обликот и димензиите, се идентични со помалите тумули на Гласинац во Босна, едно од најтипичните наоѓалишта на илирската култура. Оттука илирската припадност овде не може да се доведе во сомневање.

Потешко е да се зборува за поврзувањето со определени илирски племиња, особено поради тоа што и покрај извесните локални разлики што денеска уште не можеме да ги согледаме во целост, културата на овој период, во

својата основа останува единствена, а се шири на подрачјето на Пелагонија и на Дарданците во северна Македонија, на Пајонците на среден Вардар и во долината на Брегалница, на античкиот град Астибос. Несомнено е дека во овој период на стабилизација, по големите поместувања и повторното мешање на населението, дошло до формирање на нови племиња во овој крај. Исто така, може да се смета за факт дека населението на Македонија во ова време, во основата мора да се поврзе со Илирите, иако е несомнено дека источно од Вардар треба да се смета со многу еластична граница спрема соседните и сродни Траки.

Донекаде специфична положба во овие рамки зазема оставата од Бразда кај Скопје. Во неа, помеѓу другите, во основата за овој период типични објекти, се наоѓаат извесни предмети како крстесто пробивана апликација, крстест дел на коњска опрема, ажурирана бронзена ножница за меч, форми типични за т. н. трачко-кимерската група на панонско-подунавската област, која може главно да се врзе за проникнувањето на извесни коњанички племиња во овие краишта од исток (околу 700 год. пред н. е.). Овие наоди, според тоа би укажувале на спорадични проникнувања од ваков вид и натаму кон југ, секако, по долината на Морава. Со тоа, меѓутоа, суштествено не се менува етничката и културната слика на железната епоха на Македонија.

Железната епоха III е период на засилување на племенската аристократија, манифестирано во луксузниот импорт, во засилените трговски врски со Грција и во богатите гробни наоди. Овој период го опфаќа времето од VI до IV век пред н. е.. Тоа е, несомнено, време во кое во развојот на материјалната култура настанувале значителни измени, условени од засилувањето на племенските организации, како и од се поголемото грчко влијание што особено се манифестира во богатиот увоз на луксузни предмети и керамика. Овој период најдобро ни е познат од некрополата во Пелагонија и во областа на Охрид (особено Требеништа). Во Демир Капија, покрај силниот грчки импорт, постојат и извесни елементи на локалната култура од тоа време. Во источна Македонија посебно значење имаат наодите на Горно Поле кај Караорман.

За населбите од овој период не сме особено информирани. Се споменуваат, но не се поблиску обработени, низа тврдини во Пелагонија. Што се однесува, пак до тврдината Свети Еразмо кај Охрид, во чија конструкција се забележува грчко влијание, нејзиното временско определување не е сосем сигурно.

Во начинот на погребувањето настанувале суштествени промени. И понатаму постои гробот во вид на циста, но особено типични се гробовите со камени конструкции и со камења нафрлени преку гробовите. Во гробовите од овој

тип изгорувањето го заменило скелетниот начин на погребување. Така се јавуваат нов вид гробови, со кои само делумно одат наспоредно постарите форми.

Во инвентарот на гробовите многу карактеристична појава претставува богатиот грчки импорт. Покрај автентичните грчки предмети, како што се бронзените кратери од Требеништа, грчката импортирана керамика, типичните игли со хоризонтална и сплескана кружна глава овде се наоѓаат и предмети од локалното производство со силно грчко влијание, на пример, златни маски, како и такви работени во грчки работилници, но специјално за потребите на варварското население од вонгрчките подрачја. Такви се, во прв ред, т. н. грчко-илирски шлемови, распространети и во пошироките подрачје на западен Балкан, но добро познати и од другите наоѓалишта во Македонија, потоа, веројатно, фибулите во основата од малоазиско потекло, кои во разни варијанти се појавуваат на низа локалитети, најпосле и извесни типови гривни со завршоци во вид на змиска глава, од кои едната варијанта е специјално типична за Македонија, како и, веројатно, типичните облици на двојните игли. Типични се и ѓерданите од стакло и килибар, додека меѓу железното оружје и понатаму се јавуваат порано споменатите облици на копја и ножеви.

Отворено прашање се уште се работилниците во кои се изработувани сите овие предмети. Додека порано најмногу се укажуваше на значењето на Коринт, како на центар на тореутиката и на златарството, денеска со право се подвлекува важноста на севернобалканските работилници. Со тоа може да се објасни и појавата на јонски елементи во керамиката и тореутиката, чие потекло, во крајна линија, е врзано за малоазиските грчки колонии, како и појавата на извесни други видови објекти, особено на споменатите специфични гривни со змиски глави. Од времето на Персиските војни, во V век пред н. е., се повеќе се засилува античкото влијание. Не може да се негира ни пелопонеското потекло на извесни видови предмети, како што се веќе споменатите игли со хоризонтална и сплескана кружна глава, и грчко-илирските шлемови, што претставуваат само една варијанта на типичните коринтски шлемови. Сиве овие елементи, меѓутоа, укажуваат на големите врски на илирските племиња во Македонија со разните подрачја на грчкиот свет.

Во оваа како и во следната фаза на железната епоха е типичен и еден посебен вид керамика, сива, поретко црвена, работена на грнчарско тркало, а која ги имитира грчките форми. Оваа керамика се јавува, иако ретко, уште во претходната фаза на железната епоха. Сево ова упатува на тоа дека се работи за производи настанати под грчко влијание што биле широко распространети меѓу домородното

население на Македонија. Меѓутоа, керамиката од тој вид во исто време е добро позната и од Тракија, Долно Подунавје, подрачјето на дакиско-гетските племиња во денешна Романија, а исто така од Јадранското Приморје и од Црна Гора, т. е. од чисто илирските краишта. Затоа, таа не може да се врзе за еден определен етнички елемент, туку претставува само работа на некои работилници, домашни или странски, за потребите на населението надвор од Грција и Егеј, што се наоѓале под силно грчко влијание.

Земена во целост, оваа епоха го покажува како засилувањето на домашните племиња и нивниот водечки слој во предвечерјето на историскиот период, во потесна смисла, така и сé пошироката унификација на материјалната култура, со големиот бран на ширење на влијанието од грчко-егејскиот и, по посреден пат, од грчко-малоазискиот свет.

Железната епоха IV е период на големи елинистички влијанија, во текот на кој настанува и преминот на најголем дел од македонската територија во полниот историски период. Оваа епоха се уште е сразмерно малку испитана, особено недоволно е познавањето на разни подрачја на Македонија. Во обредите на погребувањето, покрај изгорувањето, многу се чести и скелетните гробови, особено во областа на Охрид. Гробовите исклепани во карпа, особено во Пелагонија, на пример, во Суводол кај Битола и Варош кај Прилеп, претставуваат веќе типична форма на т. н. македонски гробници од елинистичкиот период. На овој период можеби треба да му се припише и денеска наполно уништената гробница помеѓу Бонче и Подмол во Пелагонија, која претставува тип на гробница со дромос, какви што, по микенскиот период, се типични и во Тракија и во областите на црноморските грчки колонии. Во источна Македонија на овој период му припаѓаат големите, кнежевски, тумули, како што покажува тумулот ископан во Таринци кај Штип, што и припаѓа на завршната фаза од овој период. Меѓутоа, не може сосем да се исклучи можноста за подигање и, секако, за натамошно користење на вакви тумули во подоцнежно време, во римската царска епоха, како што тоа го индицираат, на пример, наодите на тумулите во Радање („Беш Тепе"), како и констатациите направени во Дамњан кај Радовиш. Карактеристично е дека како во Таринци, така и во Оризари, тумулите дополнително се насипани преку постарите тумули од железната епоха II, што го индицира континуитетот на населението во оваа област.


Инвентарот на гробовите од овој период е претежно елинистички, што се манифестира, како во керамиката, така и во типичните форми на накитите, металните садови и другите метални предмети. И понатаму се одржува употребата на сивата, поретко црвената, на вител работена керамика

што ги имитира грчките форми. Ретки се формите што можат да се врзат за старата, локалната, автохтона традиција, особено урните и фибулите од Требенишкото Кале.


Елементи на келтската култура речиси се непознати во Македонија, иако е несомнено дека келтскиот продор кон Делфи, 280 — 279 г. пред н. е., морал да минува низ овие краишта. Од наодите врзани за келтската култура можно е да се споменат само неколку фибули од келтски тип што наводно потекнуваат од околината на Скопје, како и еден келтски нож најден во Владимирово, кај Берово. Во Смојмирово, исто така, кај Берово, на местото на еден позначителен, веројатно, римски локалитет се откриени и доста фрагменти на сива латенска керамика кои по својот карактер се врзуваат за типичната дакиско-гетска керамика од подоцнежната железна епоха на Романија. Веројатно, овде се работи за една поширока културна унификација на Балканот, надвор од потесниот елинистички свет, а под влијание на вишата дакиска култура, развиена речиси до формирањето на вистинската држава.

Врз основа на денешното знаење за праисторијата на Македонија можеме да ја создадеме следнава основна слика.


По неолитскиот период, настанат со ширењето на примитивното земјоделство од анадолското подрачје кон Балканот, кон крајот на III милениум пред н. е., доаѓа до големи пертурбации условени од ширењето на сточарските групи, секако, индоевропски, од подрачјето на руските степи. Стопувањето на овие групи со домородното население во рамките на компликуваните и долготрајни процеси, што не можеме денеска уште да ги согледаме во целост, довело до индоевропеизацијата на Македонија. Во тој процес се создале и основите на подоцнежниот развиток на Илирите и на исток — на Траките. Вториот голем миграционен бран, Егејската преселба, го обележува преминот во железната епоха. По нејзиното завршување доаѓа до стабилизација на населението, во рамките на која илирскиот етнички елемент, барем делумно, добива водечка улога. Во ваква состојба, при еволуција и засилување на племенските организации, Македонија влегува во историскиот период, во кој, барем во почетокот, се уште се задржуваат голем број елементи на старата автохтона култура, што го наоѓаат својот одраз во археолошкиот материјал. Еволуцијата не била секаде рамномерна и еднаква во сите детали, што е условено од специфичниот развој на одделни потесни подрачја. Извесни појави, како проникнувањето на Трако-Кимерците, Келтите или Дакијците, се главно преодни, ефемерни и немаат посуштествено значење.



Неолитска антропоморфна ваза од Вршник кај с. Таринци (Штипско)



Сад на четири ногалки од Вршник кај с. Таринци (Штипско)



Модел на неолитска куќа од Породин (Битолско)

ГЛАВА II

СОЗДАВАЊЕ И РАЗВИТОК НА ДРЕВНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

1. Создавање на државата. Рана историја (VII — VI в. пред н. е.)

На територијата на Македонија во текот на столетијата се населувале различни племиња, се мешале, се крстосувале, се асимилирале, додека не влегле во составот на македонската народност. Најстарото население веројатно било сродно со предгрчкото — населено во Егеја. По него се населиле Траки и Илири, во текот на вториот милениум пред н. е. Меѓу најстарите племиња биле Бригите (Фриги, Фригијци), па племињата на Едонците (Мигдонците, Бисалтите, Ситонците). Стари племиња биле и Пајонците и Пелагонците, чијашто етничка припадност не е утврдена. Според тоа, повеќе елементи одиграле улога во формирањето на јазикот и народноста на старите Македонци.

Раната историја на Македонија е слабо позната. Пишаните извори даваат многу скудни податоци за најраниот период на македонското минато.

Основањето на првата држава на територијата на Македонија античката традиција му го припишува на кралот Пердика. Бидејќи предците на кралот Пердика биле од Арг, и неговата династија е наречена Аргеади. По кралот Пердика традицијата знае имиња на уште петмина владетели до крајот на VI век. Тие се: Аргеј, Филип, Аероп, Алкета и Аминта. Точната хронологија на нивното владеење не е позната: таа се определува приближно со тоа што владеењето на Пердика, се става во првата половина на VII век пред н. е. (околу 707 —645). Меѓутоа, формирањето на македонската држава бил долготраен процес. Тој почнал во VII в. со слегувањето на македонските племиња од северозападните и западните планински краишта (Горна Македонија) во централниот дел на рамнината на Долна Македонија. Тој процес продолжил со нивното продирање во околните области, а завршил некаде кон крајот на VI односно кон почетокот на V в. пред н. е. Дотогаш овие области биле населени со споменатите трачки и други племиња. Ова старо население делум се иселило, делум загинало или се стопило со завојувачите, се претопило во Македонци.

За јадро на старата македонска држава се смета областа помеѓу реките Лудија и Аксиј (Могленица и Вардар). Тука биле и македонските престолнини Ајга, Едеса (денешниот Воден) и Пела. Оттука државата се ширела во сите правци, а најголемо пространство достигнала во времето на Филип II.

Уште античките автори ги разликувале, според конфигурацијата на теренот, Горна и Долна Македонија. Во Горна Македонија ги вбројувале следните области: Орестида, која го опфаќала горниот тек на реката Халијакмон (Бистрица) и басенот на езерото Келетрон (Костур); северно од неа била Линкестида, што се протегала по средниот тек на реката Еригон (Црна); североисточно од неа Пелагонија, а јужно Елимеја, по средниот тек на реката Халијакмон; кон Епир се наоѓале Тимфаја и Параваја. Во Долна Македонија влегувале: Пиерија, тесен крајбрежен појас долж Термајскиот Залив од утоката на Пенеј до утоката на Халијакмон; Ботиаја, централен дел помеѓу Лудија и Аксиј; дел од Пајонија, околу средниот тек на Аксиј; Еордаја, планинска област во внатрешниот дел на Македонија, околу Островското Езеро; Алмопија, мала плодна област по горниот тек на Лудија; источно од Аксиј до реката Стримон (Струма) над Халкидик се простирале областите Мигдонија, Крестонија и Бисалтија.

Класното општество и државата порано се појавиле во Долна Македонија. Имено, горномакедонските племиња од своето населување помеѓу остатоците од туѓи племиња дошле во допир со населението што под влијание на Грците се наоѓало на повисок степен на развиток. Тоа довело кај нив до побрзо раслојување, до јакнење на аристократијата и до распаѓање на нивните племенски врски. Во Горна Македонија подолго се одржало племенското устројство и овие племиња им давале отпор на владетелите од Долна Македонија сé додека Филип II не ги приклучил кон својата држава.

И покрај тоа што податоците поврзани со имињата на првите македонски владетели се повеќе легендарни, тие укажуваат на една постојана борба меѓу Македонците и околните племиња во процесот на формирањето на државата. Илирите се јавуваат како непријатели на Македонија во овој ран период, а тоа ќе остане така речиси во текот на целата нејзина историја. Како борец против Илирите се споменува Аргај (приближно 659 — 645) и Филип I (644 — 640), за кого традицијата вели дека и загинал во борба со нив. За другите владетели на оваа династија до крајот на VI век пред н. е. податоците се мошне скудни.

2. Односите со Грција и Персија во V век

По походот на Дарej во Скитија, Македонија потпаднала под власта на Персија. Шестиот владетел од династијата на Аргеадите Аминта I (541 — 498) останал персиски вазал до крајот на својот живот.

Од почетокот на V век, во времето на владеењето на Александар I „Филелен" (498 — 454), синот на Аминта, Македонија веќе активно учествувала во политичкиот живот на Грција. Тоа е време на Ксерксовиот поход, и Херодот на неколку места во својата историја споменува дека Александар, иако вазал на Персија, одржувал тајни врски со Атина и ја известувал за движењето на персиската војска. Самиот негов прекар „Филелен", укажува на тоа дека тој водел проелинска, но едновремено вешта политика. Во времето на походот него го испратиле Персијците да посредува кај Грците. Додека Атина и Персија биле заангажирани во војни, Александар ја искористил таа ситуација за заземање нови области. Во тоа време биле покорени областите Крестонија и Бисалтија, (по долниот тек на реката Стримон (денешна Струма), а горномакедонските племиња ја признале неговата врховна власт. Освојувањето на трачките области му овозможило на Александар да ја започне експлоатацијата на рудните богатства што се наоѓале таму. Тогаш престанале да излегуваат монети со имиња на трачките племиња, а започнале да се појавуваат голем број емисии на пари со името на Александар, што сведочи за тоа дека стоковно-паричните односи на тогашна Македонија значително се развиле.

По битката кај Платаја (479 год. пред н. е.) Македонија се ослободила од персискиот јарем. Врз натамошниот развиток на Македонија и врз односите со Грција влијаела општата меѓународна ситуација. Тоа е време кога Атина ја зголемувала својата моќ наоѓајќи се на чело на атинскиот сојуз. Нејзиниот стремеж да загосподари со тракиското крајбрежје се судрил со интересите на Македонија, која, од своја страна, барала излез на море. Тоа е исто така време кога се создало моќното кралство на Одрисите, кое го доживеало својот расцут под Ситалк. Сево ова ја загрозувало Македонија, нејзиниот стопански и политички развиток. Најпосле, втората половина на V век пред н. е. е време на меѓусебни борби на грчките полиси за хегемонија, кои ги засегнувале и интересите на Македонија. Во услови на ваква меѓународна ситуација течело владеењето на Пердика II (454 — 413), синот и наследникот на Александар I.

Политиката што ја спроведувал Пердика II била извонредно променлива. Тој склучувал и раскинувал јавни и тајни сојузи и договори, ги газел и пак ги обновувал. Час се доближувал кон Атина, час кон Спарта, два непријателски и истовремено највидни грчки полиси, зависно од настанатата ситуација. Така, по основањето на атинската колонија Амфипол (437 — 435) кај утоката на реката

Стримон, Пердика дејствувал и агитирал против Атина меѓу старите трачки и грчки градови што се почувствувале загрозени поради конкуренцијата од овој нов град. Антиатинското движење особено се почувствувало во градовите на Халкидик, па меѓу Ботиајците и Едонците.

Во времето на засилувањето на Атина, Пердика ѝ пречел нејзе и со тоа што им ја оневозможувал трговијата и минувањето низ неговата земја на некои од учесниците на Атинскиот поморски сојуз, како што било на пр. со градот Метона (во Термајскиот Залив). Потоа, ја подбуцнувал Потидаја да излезе од Атинскиот сојуз и стапил во врска со Коринт, иако јавно бил во сојуз со Атина.

На барање и по молба на Атина, Ситалк презел грандиозен поход на Македонија (во 429 година пред н. е.). Пердика успеал да го придобие Ситалковиот наследник Севт давајќи му ја својата сестра за жена. Овој го наговорил Ситалка, по триесетдневно пустошење, да ја напушти Македонија. Така се спасил Пердика од овој опасен непријател.

Во 424 година Пердика бил во сојуз со прочуениот спартански војсководител Брасида: му помагал во заземањето на тракиските и халкидиските градови (што порано ги подбуцнувал против Атина), а потоа го исползувал во походот против Линкестите, што планирал да ги вклучи во составот на својата држава. При крајот на Архидамовата војна, тој е пак во сојуз со Атина. Очигледно е дека Пердика умеел да ги исползува противречностите помеѓу своите соседи така што до колку грчките државички повеќе ги трошеле своите сили во меѓусебни борби, Македонија станувала посилна и се ослободувала од економскиот притисок на Атина.

3. *Социјално-политичките промени кон крајот на V век пред н. е.*

Пелопонеската војна помеѓу Атина и Спарта во својата втора етапа помалку ги засегнувала интересите на Македонија. Поразот на Атина во Сицилиската експедиција и постепеното распаѓање на Првиот атински поморски сојуз придонеле за засилувањето на Македонија. Таа сега почнала поактивно да учествува во надворешната политика, се забрзал нејзиниот внатрешен социјално-економски развиток. Големи заслуги за тоа му се припишуваат на кралот Архелај I (418 — 399). Заради зајакнување на централната власт и консолидација на целата земја, тој спровел низа реформи. Тукидид вели дека „овој изгради крепости што ги има и сега во земјата; просече прави патишта, ја уреди војската, ја подобри коњицата, оружјето и другите потребни работи и самиот направи повеќе отколку сите осум кралеви пред него“.

Архелај ја пренесол престолнината од планинскиот град Аига во Пела, која била поблиску до морето и имала поголеми перспективи за економски развиток. Во раскошниот дворец, што го изградиле грчки архитекти, Архелај привлекол познати културни дејци, писатели и уметници од Грција, како што биле Еврипид и Зевксис. Оттогаш се засилило грчкото културно влијание, кое ги опфатило првин „високите" кругови на Македонија.

Архелај воопшто одгледувал добрососедски односи со Атина, која, ослабена од сицилиската катастрофа, не претставувала веќе онаква сила и опасност каква што била во средината на V век. Сето ова било полезно за обете страни. На пример, кога во 410 година, по еден бунт, Архелај ја опседнал Пидна, нему му помогнала атинската морнарица под командата на Терамен. Македонија, од своја страна, ѝ испорачувала на Атина материјал за градење кораби и весла, а, освен тоа, таа ја снабдувала со храна морнарицата на Трасибул (при крајот на Пелопонеската војна). Во времето на Архелај Македонија го зацврстила и своето влијание во Тесалија. Оваа отсекогаш била привлечна за Македонија не само поради плодноста на земјата, ами и како важна стратегиска и политичка платформа на елинскиот свет. Класните противречности овде биле веќе доста нараснати и се воделе постојано борби. Архелај ги исползувал овие нелогии ја зазел Лариса. Како и неговите претходници и Архелај водел борби со Линкестите.

Архелај бил крупна фигура во овој ран период на македонската историја. Неговото владеење престанало во 399 година пред н. е., кога загинал на лов, најверојатно како жртва на заговор од страна на аристократијата, во кој зеле учество и Тесалците.

4. Династички борби во првата половина на IV в. пред н. е.

Целата прва половина на IV век пред н. е. претставува бурно време за Македонија, исполнето со внатрешни безредија, кои биле придружувани со напади однадвор. Брзото сменување на кралевите покажува колку силно ослабнала кралската власт. Само во првата деценија се смениле три крала, а до доаѓањето на Филип II се смениле вкупно 9 владетели. Аминта III успеал да се одржи околу две децении на власт (околу 390 — 370) и да ги совлада внатрешните нереди. Во ова време Македонија и однадвор ја загрозувале: Илирите од запад, Халкидскиот сојуз на чело со градот Олинт од исток. Аминта првин склучил сојуз со Олинт, но бидејќи Халкидјаните се покажале како лоши сојузници и не ги исполнувале своите задолженија според договорот, тој барал сојузник во тогаш најсилниот грчки полис Спарта.

Со помошта на Спарта бил уништен Халкидскиот сојуз, така што Македонија се ослободила барем од едниот непријател.

За време на наследниците на Аминта III, Александар II и Птолемеј, Македонија се обидувала да ја протегне својата власт и над Тесалија. Тогаш за прв пат дошла во контакт а веднаш потоа и до судир со Теба, најсилниот полис во Бојотскиот сојуз, од која Тесалија побарала помош. Тебанската војска под водството на Пелопида ги избркала Македонците од Тесалија и овие морале да дадат заложници, меѓу кои се наоѓал и најмладиот син на Аминта III, Филип, идниот владетел на Македонија.

5. *Зацврстување и ширење на македонската држава. Филип II (359—336)*

Од средината на IV век пред н.е. започнува брзото издигање на Македонија и во текот на неколку децении таа станува главна сила на Балканот, а потоа и „господарка на светот", како што ја наречуваат античките автори. Од мала и непозната земја на овчари и земјоделци таа се претворила во огромна светска држава.

Издигнувањето на Македонија се базирало како врз нејзиниот натамошен социјално-економски развиток, така и врз благопријатната надворешна политичка ситуација — кризата на грчките полиси. Во тоа значајна била и појавата на Филип II.

Кога Филип II, според древниот македонски обичај, бил прогласен од војската за цар и ја зел власта во своите раце, соседна Грција се наоѓала во крајно тешка социјална, економска и политичка криза. Кризата на грчките полиси во IV век пред н. е. дошла како последица на брзиот развиток на овој специјален вид робовладетелски градови — држави. Грција тогаш била разединета од борбите меѓу полисите за хегемонија, исцрпена од Пелопонеската војна и разјадувана од класните противречности внатре во полисите. Таа го беше достигнала својот полн расцут во V век пред н.е. и сега започнала да опаѓа. Понатамошен економски развиток во рамките на полисот бил невозможен. Во тоа време македонската држава претставувала послабо развиена форма на робовладетелска држава отколку грчките полиси, една монолитна монархија суштествено различна по своето политичко и општествено уредување. Војните што македонските цареви ги воделе во текот на V и IV век пред н.е. не ја разединувале и исцрпувале Македонија, како што тоа било случај со Грција, туку придонесувале за нејзината консолидација и зајакнување.

По половина век внатрешни немири и династички борби, пред Филипа се поставила задача поцврсто да ја

обедини Македонија и да ја прошири нејзината територија. Тој тоа и го остварил, и во времето на неговото владеење Македонија станала моќна централизирана монархија.

На полето на внатрешната политика особено се значајни две реформи што ги спровел Филип: едната воена, а другата финансиска. Со воената реформа била спроведена реорганизација на војската, така што главната ударна сила и главното место во неа го добил одредот на тешко вооружената пешадија — македонската фаланга. Војската била постојана и минувала низ сериозна обука. Биле воведени нови видови оружје, нови опсадни справи. Но воената реформа, освен воено, имала и големо социјално-политичко значење: давајќи ѝ главна улога на тешката пешадија („пезетајри"), која се формирала од слободни земјоделци — селани, Филип ја намалил улогата на македонската аристократија, која служела во коњицата („хетајри" — „придружници" на царот), а која порано била јадро на македонската армија. Воената реформа се однесувала и на подобрувањето на воената тактика. Новината била во комбинираното и заедничко дејствување на различни родови, на пешадијата и коњицата.

Финансиската реформа се состоела во воведувањето златна македонска монета („статер"), што била пуштена во големи количества и ги поткопувала економските позиции на Персија. Имено, во источниот дел на Медитеранот претежно циркулирала персиската златна монета („дарејк"). Но голем дел од персиското злато лежел во сокровиштата на персиските цареви, така што целокупното количество на овие монети не било доволно да ги задоволи потребите на прометот. Затоа финансиската реформа имала големо значење за развивањето на трговијата, а преку неа и за закрепувањето на економското и политичкото влијание на Македонија и надвор од нејзините граници.

Филип спроведувал и други мерки во внатрешната политика, со кои се стремел да ги спречи сепаратистичките тенденции на одделни претставници на старите аристократски родови. Тој им доверил ним разни граѓански и воени должности, ги одделил од нивните земјишни поседи и создал од нив дворска аристократија. Тие оттогаш постојано живееле во Филиповиот дворец, а децата на овие аристократи образувале „царска свита" (или „пажеви").

Надворешната политика Филип ја водел во согласност со положбата на македонската држава во тогашната меѓународна ситуација. Македонската држава немала излез на море, а била опкружена со низа непријателски и борбени племиња од суво и со Вториот атински сојуз од море. Амфипол и Олинт (на тракиско-халкидичкиот брег), како и старите колонии Пидна и Метона (во Термајскиот Залив) и пречеле на Македонија во нејзиниот економски развиток. Од север и северозапад Пајонците и Илирите постојано ја

обеспокојувале Македонија и ги поддржувале Линкестите и другите горномакедонски племиња во нивната борба за независност.

Со многубројните непријатели Филип излегувал на крај на тој начин што со едните склучувал договори, другите ги наговарал на мир со поткупување, а најслабите ги напаѓал. Веќе во првите години од своето владеење Филип успешно војувал со Пајонците и Илирите. Како резултат на овие борби, Филип ја проширил македонската држава на северозапад до Лихнидското (денешно Охридско) Езеро. Филиповите освојувања на градовите на македонско-тракиското крајбрежје — Амфипол (357 г.), Пидна, Потидаја и Кренида (356 г.), биле прв знак за тревога во Грција, односно Атина, чии интереси биле засегнати од оваа експанзија. Но, бидејќи во тоа време Атина била зафатена со „сојузничката војна" (357 — 355), таа не можела да му се спротивстави на Филипа. За него, пак, освојувањето на Амфипол и Кренида (која тој ја унапредил, ја колонизирал и ѝ го дал своето име) имало огромно значење. Тие два града станале центри за експлоатација на златните рудници во пангајската област, од каде што Филип црпел средства за своите понатамошни воени и дипломатски потфати.

Утврдувањето на Филипа во северното крајбрежје на Егејското Море претставувало опасност и за тракискиот крал Кетрипор. Тој склучува сојуз со илирскиот крал Граб, со пајонскиот Ликпеј и со Атина — против Филипа. Но со своите брзи и енергични акции, што е карактеристично за начинот на војувањето на Филип, овој успеал да ја разбие коалицијата пред оваа да почне да дејствува.

И покрај големата ангажираност на повеќе страни, вниманието на Филипа во сево ова време било свртено кон Грција. Самите Грци му дале можност директно да се вмеша во нивните меѓусебни односи, во текот на таканаречените „свети војни" (првата од 356 — 346 и втората од 340 — 338 г. пред н.е.). Овие војни и немале религиозен карактер, а се воделе поради економски и политички интереси на одделни полиси во средна Грција. Целата Грција се поделила на два табора. Војната продолжила, ги сосипала Грците и подготвила терен за Филипа. Во текот на таа војна Тесалците го викнале Филип да интервенира. Таа интервенција завршила со утврдувањето на Филип во Тесалија.

Ползувајќи ја околноста што вниманието на грчките полиси било свртено кон „Светата војна", Филип пак го нападнал северното крајбрежје на Егејското Море. Овој пат тој удрил на Халкидик и го урнал моќниот сојуз на грчките градови на чело со Олинт. Спрема овој убав и богат град, кој бил крупен трговски центар, Филип постапил многу сурово: го урнал до темели (348 г.), населението делум го истребил, делум го продал како робје, а остатокот се иселил и се растурил на разни страни.

Филип знаел да ја искористи внатрешната криза на грчките полиси, како и нивните меѓусебни несогласувања и борби. По пат на поткупување тој успеал да привлече множество приврзаници во Грција, кои почнале да го бараат неговото присуство во неа. Во тој однос влијаела и „панелинистичката" идеја на прочуениот ретор Исократ, кој за разединетата Грција гледал единствен спас во нејзиното обединување под хегемонијата на Филип или, поточно, во воспоставувањето на воено-политичка власт на Филипа во Грција.

Овие „промакедонски" ориентирани групи луѓе биле претставници на богатите робовладетели и на аристократијата. Но големото мнозинство на демосот во Атина, па и во другите грчки полиси, истапувало како непомирлив непријател на Филипа, ги поддржувало своите демократски водачи, кои пропагирале непоштедна борба против Филип и една програма за политичко обединување на Грција околу Атина врз основа на демократијата. Така се формирале две партии, условно наречени „македонска" и „антимакедонска", кои повеле жестока политичка борба. Најистакнатите претставници на македонската партија биле, покрај Исократа, говорникот и адвокат Ајсхин, финансиерот Евбул, и стратегот Фокион. Водач на антимакедонската партија бил Демостен, а нејзини истакнати лидери-адвокатот Хиперид и финансиерот Ликург. Помеѓу двете партии особено се засилила борбата во времето на „Светата војна". Меѓутоа, во еден момент тие биле принудени да дејствуваат заеднички и да преземат обид да преговараат со Филип. Тоа и било потребно и на Атина, исцрпена од војувањето на разни страни, и на Филип, кој сакал правно да ги санкционира своите завојувања.

Така дошло до склучување на Филократовиот мир во 346 г. (наречен по името на водачот на атинската делегација), според кој биле признати сите територијални промени направени во текот на „Светата војна". Овој мир за Филипа значел и добивање на време, во кое тој сакал да се приготви за конечното пресметување со Атина и Грција. Во меѓувреме, тој војувал во Тракија и преземал безуспешни походи на Пропонтида (на Бизант и Перинт). Наскоро потоа помеѓу двете партии во Атина пламнала борба со нова жестокост. Тие почнале заемно да се обвинуваат за предавничка дејност, едните поткупени од Филипа, другите од Персијците, кои сакале да ја исползуваат антимакедонската партија за борба против Филипа.

Втората „Света војна" уште еднаш му дала можност на Филип да војува во средна Грција. Сега Демостен извонредно силно ја развил својата антимакедонска дејност. Во своите говори тој укажувал на опасноста од Филиповото присуство во средна Грција, ги повикувал грчките полиси да се обединат во борба против „македонскиот варварин". Во последниот час била организирана силна коалиција по-

меѓу Атина, Теба и некои други полиси против Филипа. По неколку судрувања на разни места во 338 г. дошло до решителна битка кај Хајронеја (град во Бојотија) во која елинската војска била наполно поразена. Таа победа, а потоа и свиканиот општогрчки конгрес во Коринт, ги поставиле основите на македонската хегемонија во Грција. На конгресот бил прокламиран општ мир и формиран сојуз. Македонскиот цар имал да раководи со целокупната надворешна политика на сојузот. Била прогласена неприкосновеност на приватната сопственост и се забранувала повторна распределба на земјата, како и ослободување на робови. Сето тоа било направено во интерес на онаа класа и слоеви, коишто го поддржувале Филипа. Истовремено ѝ била објавена војна на Персија.

Победата на Филип и поразот на грчката коалиција биле резултат како на воено-техничката и финансиската надмоќност на Македонија, така и на застареноста на програмата на Демостеновата партија. Затоа е голем придонесот на Филип II, кој освен што бил надарен со сите својства потребни за еден владетел (одличен и храбар војсководител, способен државник и вешт дипломат), исто така знаел да ја усогласи својата дејност со интересите на водечките сили во Македонија и да оди во чекор со целокупниот развиток на македонската држава.

Наскоро потоа, во 336 година Филип бил убиен. Постојат неколку различни верзии за неговото убиство. Според една, тоа било дело на неговата љубоморна жена Олимпијада, според друга тоа го направила линкестиската аристократија, а според трета убиството било подготвено од страна на персискиот цар.

Ненадејната смрт на Филип не му дозволила да ја заврши задачата што му ја поставил коринтскиот конгрес: поход на исток.

6. *Александар Македонски (336—323)*

Планираниот поход на исток, што поради смртта не можел да го изведе Филип, го остварил неговиот син Александар. Тој имал само 20 години кога се качил на македонскиот престол, но веќе располагал со извесна политичка и воена опитност: на седумнаесетгодишна возраст тој го заменувал Филипа при неговите отсуствувања, раководел со експедицијата против Траките, командувал со еден одред коњица во битката кај Хајронеја и патувал во Атина како претставник на македонскиот цар. Интерес и култ кон грчката култура кај него разбудил Аристотел, кој му бил воспитувач и учител во периодот од 343 — 340 година.

Неговите квалитети на војсководител излегле на видело уште во првите воени операции, што ги презел во

335 г., за да ги задуши востанијата што се кренале по веста за смртта на Филип.

Брзо и блескаво војувал Александар на исток, особено во првата етапа на својот поход што го започнал 334 г. Во таа етапа бил освоен западниот дел на персиската држава. Брзото напредување на Александар било условено од внатрешната положба на персиското царство, кое во тоа време опфаќало огромна територија на предна Азија заедно со Мала Азија и Египет, но веќе не претставувало онаква сила каква што било во V в. пред н.е. Значителен дел од окупираните поиздигнати народи (малоазиски Грци, Египтјани) секогаш се стремеле да се ослободат од власта на Персија и дигале востанија. Затоа, кога Александар влегувал во тие области, бил пречекуван како ослободител. Иако двапати помалобројна, војската на Александар била надмоќна со своето подобро и посовремено оружје, организација и војничка дисциплина. Персиската војска била огромна по број, но нехомогена, слабо вооружена, организирана на регионален систем, без општ план на дејствување и без цврста команда. Покрај тоа, била присутна и борбата на сатрапите за независност од централната власт, како и нивната меѓусебна борба.

Во почетокот, планот на Александар бил скромен, иако походот на Азија сам по себе претставувал сосем смел потфат. Во тој план влегувало освојувањето на Мала Азија и ослободувањето на грчките градови од персиска власт.

Само за една година, во две поголеми битки против Персијците (кај Граник 334 и кај Ис 333) била решена судбината на малоазиските грчки градови, а исто така и на феникиските, кои почнале без борба да му се предаваат на Александар. Персиската војска била разбиена, а царот натеран во бегство. Опколувањето на Тир го задржало Александар неколку месеци, но по уништувањето на овој град (332 г.) и по падот на Газа, на Александар му бил отворен патот за Египет. Уште тогаш војсководителот Парменион го советувал Александар да ја прекрати војната. Меѓутоа, Александар влегува во Египет. Таму бил пречекан како ослободител и свечено му била предадена касата и власта. Неговата посета на оазата Сива и на Амоновиот храм била политички акт. Прогласен за син на бог Амон, тој со помош на египетските свештеници ја закрепил својата власт и во Египет.

Крвавата битка во Вавилонија (кај Гавгамела во 331) ја решила судбината на персиската држава, како и на нејзиниот цар Дарej III. Персија ги загубила своите главни воени сили, царот повторно бил натеран во бегство. Овој трет голем пораз имал далекосежни политички последици. Слично на Египет, и Вавилонија го поздравила Александар, а нејзините жреци го прогласиле за цар на Вавилон. Александар, за возврат, наредил да се обнови храмот на бог Мардук, што

Персијците своевремено го урнале. По кусо задржување во Вавилон, Александар се нашол во Суса, кај што ги ограбил богатите сокровишта на персиските цареви. Наскоро паѓа и Персепол, ограбен и изгорен бил раскошниот дворец на Ксеркс. Во 330 година Александар го продолжува својот поход, со цел да го фати Дариј. Тој ја зазема и Екбатана, медиската престолнина. Прогонувањето продолжило понатаму на исток, се додека не му паднал в раце трупот на Дариј.

Понатамошното навлегување во Средна Азија покажува дека кај Александар се појавила идејата за „светска држава". Големите и брзи успеси му ја потхранувале надежта дека тој лесно ќе го освои „целиот свет", зашто, според разбирањето и географското познавање на старите учени, Индија се граничела со океанот, каде што бил и „крајот на светот".

Меѓутоа, во оваа втора етапа, Александровиот завојувачки поход не се одвивал толку лесно. Тука, во внатрешноста на Азија, на Александар му давале сериозен отпор слободољубивите племиња, кои во него гледале само освојувач. Жителите на овие тешко достапни области воделе и партизански војни, такашто заземањето и закрепувањето на тие земји се претворило во тешка и долготрајна војна. Александар морал да ја пополнува војската со тамошно месно население.

Во 330 година во армијата бил откриен заговор против Александар, кој покажал дека се создало длабоко незадоволство против него. Па сепак Александар не се откажал од намерата да ја освои и Индија. Тој завојувал нови територии на исток, но притоа македонската војска трпела големи загуби. Истовремено, односите помеѓу Александар и македонската аристократија („хетајрите") постојано се заострувале. Како жртва паднале најблиски Александрови соработници што се осмелиле да му се спротивстават на царот (Филота и Парменион во 330 г., Клит во 328 г.). Иако опозицијата уште порано барала прекинување на војната, Александар не ја сфаќал длабочината на незадоволството и сериозноста на ситуацијата. Но откако навлегол во Индија, тој бил принуден да попушти и да отстапи (326 г.). Неславното враќање по битката со Пор и трагичната смрт на Александар (323 г.) претставуваа крај на триумфалниот поход.

Наскоро излегле на видело противречностите што походот и успесите на Александар ги криеле во себеси. Додека Александар војувал на исток антимакедонските елементи во Грција, Тракија и самата Македонија дигале востанија, сакајќи да го исползуваат отсуството на македонските воени сили. Од друга страна, колку Александар напредувал на исток, толку самата Македонија слабеела. Силните победи

и успеси на Александар не направиле ништо за зацврстувањето на внатрешните сили на Македонија. Систематски ја исцрпувале Македонија, а особено нејзината жива сила. Таа изгубила огромен број од своето население, во прв ред трудбеници — занаетчии и селани, кои или загинале во борбите и во тешките пробивања низ Азија или пак се населиле во новоосвоените земји. Тоа се одразило и врз целокупниот внатрешен живот на Македонија.

Обидот на Александар да создаде единствена светска држава бил залуден, зашто ги немало нужните економски и политички предуслови за тоа; премногу големи биле разликите меѓу земјите што требало да се обединат во една целост. Таа држава што се простирала од западното крајбрежје на Балканскиот Полуостров до Индија на исток, и од Дунав и Црно Море од север до Египет, Либија и Киренаика на југ, вклучила во себе големи територии, во кои наспоредно со високоразвиени робовладетелски земји влегувале и такви чие население уште го преживувало распаѓањето на првобитното општество. Економските и културните врски помеѓу одделни области биле неодржливи, и покрај сите мерки што Александар ги преземал за да ги обедини и слее во едно.

Извонредната личност на овој владетел, неговата бујна младост и високите дарби, неговите сјајни победи, како и легендарноста на неговите походи и трагичниот крај во цветната возраст направиле од него образец на херој и предмет на многу легенди и фантастични романи. Неговите походи го раширile и закрепнале името на Македонија до такви размери, што тоа наполно му се наметнало на целото културно наследство.

7. *Распаѓање на Александровата држава. Дијадосите и епигоните*

Разединетоста и нестабилноста на Александровата држава излегле на видело веднаш по неговата смрт и се манифестирале во борбите што ги започнале најблиските соработници и војсководители на Александар — „дијадосите“ (т.е. „наследниците“ од 323 — 281 г.). Процесот на распаѓање на Александровата монархија завршил со создавањето на таканаречените „елинистички“ држави. Тој подоцна продолжил и во времето на борбите на „епигоните“ („следбениците“, 281 — 221 г.).

Во првите 20 години дијадосите, борејќи се меѓусебно сепак се труделе да го одржат единството на Александровата држава. Најзначајни личности меѓу нив биле Пердика, Евмен и Антигон „Едноокиот“. Но мнозинството дијадоси не биле заинтересирани за одржување на единството на монархијата, туку само за власта и својот личен престиж.

Тие се спогодувале, создавале коалиции и се бореле едни против други поединечно, организирале убиства на своите ривали и приграбувале за себе одделни области.

По битката кај Ипс (301 г.) кога бил поразен тогашниот најсилен дијадох Антигон Еднооки от, неговите победници ја разделиле земјата, така што се формирале четири држави: 1. Египет, кралство на Птолемај, кое, освен африканската територија со Киренаика, ја опфаќало и Палестина и Јужна Сирија и некои острови во Егејско Море; 2. кралството на Селевк, кое ја опфаќало Азија до реката Инд, Палестина и дел од Сирија, како и источниот дел од Мала Азија; 3. Македонија, кралство што го, добил Касандар заедно со земјите на балканска Грција; 4. кралството на Лисимах, кое ја опфаќало Тракија и северниот дел од Мала Азија. Кралството на Лисимах било ликвидирано кога Селевк со малоазиските Грци и Варварите по битката кај Киропедион (281 г.) му ги одзел поседите на Лисимах. Така останале три водечки држави на територијата на Александровата монархија, со кои управувале владетели од македонско потекло. Но покрај овие три големи држави, на азиска територија се образувале и повеќе мали, особено во времето на „епигоните".

Во сите овие држави се крстосувале и соединувале елементи и влијанија на елинско со ориентално политичко и социјално-економско устројство.

Здобивајќи се со голем број робови Грци, примајќи во служба воени наемници од Грција и потчинувајќи ги грчките полиси, Македонија се повеќе била изложувана на грчкото културно влијание. Особено се елинизирале повисоките слоеви на македонското општество.

Во епохата на дијадосите се закрепувала економската положба во Македонија, која силно се влошила во времето на Александровиот поход. Стопанството на Македонија се унапредило благодарејќи на трудот на големото количество робови што пристигале од Исток. Се засилил стоковно-паричниот промет и трговијата благодарејќи на ограбените каси на персиските цареви. Се изградиле многу нови градови, се создале други со обединување на повеќе мали градови или населби, каков што е случајот со Тесалоника (денешен Солун).

Овој подем бил прекратен во времето на првите епигони, кога Македонија доживеала тешко опустошување со наездата на Галите (280 — 279). Овие влегле во средна Грција, го ограбиле Делфи, а потоа, враќајќи се пак преку Македонија (276 г.) ја ограбиле неа, ги разурнале градовите, го одвеле населението во ропство, земјата речиси опустела. Антигон Гоната (277 — 239), ги победил и ги потиснал Галите и основал во Македонија династија Антигониди која останала на власт се до потпаѓањето на Македонија под римска власт.

И покрај тоа што владетелите на Македонија се труделе да ги привлечат на своја страна богатите грчки робовладетели, во Грција не престанувала борбата за независност. Тие „антимакедонски“ движења во Грција, што почнале уште по смртта на Александар и не престанувале ни во III век, носеле во себе елементи на класна борба. За прво такво движење може да се смета „Ламиската војна“ (323 — 322, наречена така по името на градот Ламија во северна Грција). Неа ја повела Атина, а била поддржувана речиси од сите грчки градови. Војната завршила со неуспех и уште повеќе ја влошила положбата на грчките градови.

Во „Хремонидовата војна“ (266 — 263, според името на атинскиот војсководител Хремонид) борбата против Македонија ја воделе Атина и Спарта, кон кои се приклучиле и други градови (полиси) од Пелопонез. Ним им помагал и Египет, кој имал свои интереси за ослабување на Македонија.

Борба против Македонија во текот на III век пред н.е. воделе и Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз. Тоа биле федерации, организирани врз принципот на рамноправноста на полисите и општините што влегувале во нив. Тие во текот на III век, во услови на политичка борба, се оформиле во заостанатите области на Грција (Ајтолија и Ахаја), откако Атина ја изгубила својата самостојност (по Хремонидовата војна). Но различниот социјален состав на овие сојузи не довел до единствена и успешна борба.

Овие сојузи биле исползувани од другите елинистички земји (Египет и Сирија) за борба против Македонија, а нивното меѓусебно непријателство, како и целата ситуација во Македонија и Грција создале поволни услови за римското навлегување на Балканот.



Александар Македонски — мермерна глава од Пергамон (се чува во Цариград)

ГЛАВА III

МАКЕДОНИЈА ПОД РИМСКО ВЛАДЕЕЊЕ

1. Римски навлегувања на Балканот. Македонско-римските војни

Кон крајот на III век пред н.е. Македонија, и покрај сосипувачките војни со грчките федерации, на меѓународното поле претставувала крупна политичка сила и најјака држава на Балканот. За нејзиното закрепување и издигање најмногу придонесле спомнатиот Антигон Досон и Филип V (221 — 179). Тоа е она време кога во западниот дел на Медитеранот Картагина и Рим се бореле за превласт. Филип V ги следел настаните и се решил (по битката кај Кана) да склучи сојуз со Картагина (215 г.), по нејзино барање. Односите помеѓу Рим и Македонија веќе биле затегнати, поради тоа што Филип V почнал да се утврдува на епирското крајбрежје и што му дал прибежиште на римскиот намесник во Илирија, Деметриј Фарски (по Втората илирска војна, 219 г., што Римјаните ја воделе на Балканот). Порано или подоцна, судирот на интересите на Рим и Македонија морал да доведе до војна помеѓу нив. Разраснатата робовладетелска држава Рим барала нови територии надвор од Италија и, природно, поволната ситуација на Балканот ги управила нејзините стремежи таму, а оттаму и на целиот Исток.

Првата македонска војна (215 — 205) претставувала за Римјаните нешто како експеримент, што им овозможил подобро да ги согледаат работите во Македонија и Грција. Таа војна, всушност, ја водела антимакедонската коалиција на чело со Ајтолскиот сојуз, а во неа влегле Спарта, Месинија, Илирите со крал Плеврат и пергамското кралство на чело со Атал. Рим испратил само флота на епирското крајбрежје. Но оваа војна била многу важна за Рим, зашто ја заангажирала Македонија и ја спречила да му испрати помош на Ханибал. Мирот што бил склучен помеѓу Македонија и Ајтолскиот сојуз не донесол никакви посуштествени последици ни промени.

Втората македонска војна (200 — 193) претставувала почетокот на римската агресија на исток. За оваа војна Римјаните преземале широки дипломатски акции, преговори. Била образувана антимакедонска коалиција, во која позначајна улога одиграле малите елинистички држави Пергам и Род.

Филип V во тоа време војувал против Траките на егејските острови и во Мала Азија (територијата на Пергам). Тој склучил договор со сирискиот крал Антиох III за заедничка офанзива на вонегипетските поседи на Птолемеевците. Тоа послужило како повод за војна, бидејќи малечките источни држави побарале помош од Рим. Во оваа војна што се водела три години имало судири на територијата на Македонија со тешки последици за неа. Преку Илирија Римјаните навлегле во областа на Лихнидското (Охридско) Езеро, па до Линкестида (Битолско), Елимија, Орестида и преку областа јужно од Лихнидското Езеро се вратиле на Јадранскиот брег. Истовремено Дарданците, кои им биле сојузници на Римјаните, удриле на Пајонија. Нив ги одбил Филип кога римската војска се вратила на Јадран. Решителна битка се биела во Тесалија, кај Киноскефале (197 г.), кај што Филип V бил поразен. Покрај Илирите и Ајтолците, кои многу им помогнале на Римјаните, за нивната победа придонесле и Ахајците, кои преминале на страната на Римјаните. Според склученият мир, Филип морал да се откаже од сите поседи надвор од Македонија, да плати висока отштета, да ја предаде флотата и да го намали бројот на војската. Но најтешко од сé за Македонија било тоа што тој морал да ја признае независноста на Грција. По оваа војна и Македонија и Грција биле толку ограбени, што консулот Фламинин три дена го славел триумфот.

Меѓутоа, по поразот кај Киноскефале, Македонија за релативно кусо време се повратила. Во запустените области на Македонија Филип V преселил жители од Тракија и приморските краишта. Иако според мировниот договор не смеел да држи повеќе од 5.000 војници, тој подготвил војска на тој начин што секоја година мобилизирал по 4.000 нови војници, а по завршената обука ги пуштал дома. Тој се подготвувал за војна, зашто било јасно дека не била завршена борбата со Рим.

Третата македонска војна (171 — 167) била судбоносна за Македонија. За неа се приготвил Филип V, но ја водел неговиот син Персеј, последниот македонски крал (179—163). Тој се здобил со многу сојузници и симпатизери за борба против Рим. Го придобил илирскиот крал Гентиј и одриският (од тракото племе Одриси) Котис. Персеј се трудел да ги привлече и грчките градови и да ги обнови врските со Ахајскиот сојуз. Тој успеал да придобие симпатии и станал популарен меѓу демократските елементи во Грција, кои биле антиримски настроени. Имено, Грците бргу сфатиле дека со „независноста“ што ја добиле по Втората македонска војна тие само го промениле својот господар. Меѓутоа, поголемиот дел од аристократските и богатите слоеви на населението, како во Грција, така и во самата Македонија, не биле за борба против Рим. Тоа било причината што Персеј ги повикал во Македонија за борба против Рим дури

и бегалците и протераните, што некогаш ја напуштиле татковината од различни причини (поради долгови или како осуденици).

Персеј, всушност бил првиот и наедно последниот македонски крал кој се потпирал врз демократијата и водел политика против интересите на аристократите. Токму на оваа политика, „противречна на суштината на македонската монархија", се должи неуспехот на Персеј. Поголем број од елинистичките држави минале на страната на Рим, плашејќи се од засилувањето на Македонија. Персеја го напуштиле дури и некои поранешни сојузници.

И покрај успесите што Персеј ги имал во почетокот на оваа војна, таа завршила со неговиот пораз. Самиот Персеј се држел нерешително во текот на војната: час се спогодувал, час се борел со Римјаните. Само во една единствено голема битка кај Пидна (168 г.) судбината на Македонија била запечатена.

Последиците од битката кај Пидна биле катастрофални за Македонија, а речиси исто толку тешки и за сојузниците, па и за приврзаниците на Персеј. Особено настрадале епирските градови, кои биле ограбени и уништени, а 150.000 жители биле продадени како робови. Три дена траел триумфот на кој се носел пленот што римскиот консул Павле Емилиј го ограбил во оваа војна. И самиот Персеј со своето семејство бил донесен во Рим за да го украси триумфот на победникот.

2.

Воспоставување на римската власт

Во 167 година пред н.е. било свикано собрание во Амфипол, на кое биле повикани претставници на македонските градови, а од страна на Рим учествувал лично Павле Емилиј. Пред исплашениот народ тој, според зборовите на римскиот историчар Тит Ливиј, го соопштил решението на римскиот сенат: „Пред се Македонците ќе бидат слободни, ќе имаат исти градови и територии како и порано, ќе ги ползуваат своите закони и секоја година ќе ги избираат своите магистрати. Данокот што ќе го плаќаат за римскиот народ ќе изнесува половина од она што го плаќале на кралевите". Но веднаш потоа тој соопштил дека Македонија ќе биде разделена на четири области. Во првата област влегувале територииte помеѓу Стримон (Струма) и Нест (Места), кон кои биле придодадени и некои области на исток, отаде Нест (што ги освоиле Персеј и Филип V) и на запад од Стримон (Бисалтија и Хераклеја Синтика). Главен град на првата област, во кој требало да се свикуваат собранија, бил Амфипол. Втората област ги опфаќала територииte меѓу Стримон и Аксиј и дел од Пајонија што лежел источно од Аксиј со

главен град Тесалоника. Третата област ја сочинувале земјите меѓу Аксиј и Пенеј, кон кои бил приклучен дел од Пајонија, западно од Аксиј, со главен град Пела. Во четвртата област влегувале западните делови — Горна Македонија, во кои живееле Еордајците, Линкестите, Пелагонците, кон кои биле приклучени илирските области Атинтанија, Тимфаја, Паравеја, како и дел од Пајонија и од Деврион. Главен град на четвртата македонска област била Пелагонија. Овие четири области („мериди") претставувале четири автономни и автархични републики кои немале никакви меѓусебни политички и економски врски. Основни административни единици биле градските општини (civitates), а на чело на секоја република се наоѓало собрание (synedrion), т. е. репрезентативно тело, составено од претставници на градовите односно општините. Била забранета трговијата помеѓу одделните области, експлоатацијата на златните и сребрените рудници, сечењето на дрвен материјал за кораби, како и склучувањето бракови надвор од територијата на која се живеело.

Римјаните свесно ја разделиле Македонија на четири области (истото го направиле и со Пајонија), за да го ослабнат и разбијат политичкото и економското единство на земјата. Со нерамномерното распределување и одделување на територииите особено биле погодени попасивните краишта, како што била четвртата мерида. Покрај тоа, секоја област ковела свои монети, што ѝ нанесувало штета и на трговијата. „Слободата" што ја прокламирал Павле Емилиј за Македонците всушност се состоела, според римските и тогашните разбирања, во замената на монархијата со републиканска форма на управување и во самоуправата на градските општини.

3. *Востанието на Андриск*

Со разделувањето на Македонија Римјаните си создавале можност за полесно мешање во нејзините внатрешни работи и за предизвикување судири меѓу одделни области. Незадоволството на широките народни маси против сопствената олигархија, како и антиримското настроение го користел Андриск — лажниот Филип. Кога дошол во Македонија, овој човек од непознато потекло, можеби од Азија, се претставувал дека е Филип — син на Персеј (кој всушност умрел на 18-годишна возраст). Тој успеал да ги придобие бедните маси, да собере војска и да ја земе привремено власта во свои раце. Ова движење, кое обично се наречува Востание на Андриск (во 149 г.), однадвор го поддржувале Траките. Тоа зело доста широки размери и им задало доста маки на Римјаните. Па сепак римската

сила, со помошта на предавнички елементи (Андрисковиот заповедник на коњицата преминал на страната на Римјаните), го задушила ова движење. Последиците од овој пораз биле тешки за Македонија: таа во 148 г. пред н.е. била претворена во римска провинција и како таква таа ја загубила и онаа привидна самостојност. Како и со другите римски провинции, и со Македонија управувал римски намесник, чија власт не значела ништо друго освен злоупотреба и неограничена експлоатација на провинциското население. „Провинција Македонија" — тоа значело и постојана римска војска и една маса римски чиновници, трговци и лихвари. Оваа прва римска провинција на Балканот станала база за водење натамошни римски операции на овој полуостров и во предна Азија.

Во административен поглед била задржана поранешната поделба на мериди, но тие веќе немале никаква политичка функција.

4.

Положбата на Македонија под римска власт

Со појавата на уште двајца самозванци — Александар, кој се претставувал за вториот син на Персеј, и лажниот Филип (во 142 г.) — се означени последните обиди да им се даде отпор на Римјаните. Потоа Македонија продолжува да живее како дел од римската држава до крајот на антиката.

Во тој долготраен период географско-етничкиот поим за Македонија често се менувал, бидејќи се менувале нејзините административни граници. Затоа Цицерон и рекол дека границите на Македонија се таму кај што е римското оружје. При образувањето на провинцијата Македонија, кон неа биле присоединети делови од Илирија и Тесалија, а во нејзиниот состав влегол и Епир. Најмногу се менувала северната граница, поради честите навлегувања на соседните варварски племиња (Дарданци, Скордисци, Меди и др.). Така, по походите што ги преземал Крас против тие племиња, северната граница на Македонија се проширила до Дунав.

Од 27 година пред н. е., кога Август ја извршил поделбата на провинциите на сенатски и царски, Македонија била прогласена за сенатска и истовремено од неа била одделена провинцијата Ахаја. На оваа и припаднале делови на Епир и Тесалија, со што значително била намалена територијата на провинцијата Македонија. Помеѓу 2 и 6 година од н.е. од Македонија била одделена Мезија (на север од Македонија) како посебна воена управа, а во 15 г. од н.е. (во времето на царот Тибериј) Македонија била обединета со Ахаја во една императорска провинција, под управата на

воениот заповедник на Мезија. Кога биле заземени нови територии покрај Дунав била одделена провинцијата Илирик, како императорска. Во 44 г. од н.е. била одделена и Тракија, а кон средината на IV век од н.е. Тесалија пак била приклучена кон Македонија.

По реформите на Диоклецијан, Македонија влегла во диецезата Мезија, а во времето на Константин во префектурата Илирик. При крајот на IV век не постоела единствена Македонија, туку таа била поделена на две провинции: покрај Македонија, во потесната смисла на зборот (Macedonia Prima), во документите од тоа време се споменува и Macedonia Salutaris. Оваа поделба не останала долго време. Кон крајот на V век Македонија била уште еднаш разделена. Во V и VI век покрај Macedonia Prima, во која главен град и центар на провинцијата бил Тесалоника, се споменува и провинцијата Macedonia Secunda, која за главен град и центар на провинцијата го имала Стоби (кај ден. Градско).

Со постојано менување на границите и териториите се менувал и етничкиот состав на населението на Македонија. Тоа менување почнало уште по походот на Александар, кога бројот на македонското население многу се намалил. Во времето на политиката на миграција, што ја спроведувале Антигонидите, земјата силно се елинизирала а со потпаѓањето под римска власт во Македонија се наголемил бројот на италските доселеници (колонисти). Освен нив на територијата на Македонија живееле и Траките и Илири, а во периодот на доцната антика и една низа варварски племиња.

Како римска провинција Македонија била на повеќе начини експлоатирана. Пред сé, нејзините природни богатства, рудниците, преминале во рацете на римската управа уште по битката кај Пидна. Населението било ограбувано по пат на даноци, при што покрај редовните, како што биле данокот на земјата (tributum soli) и на глава (tributum capitis), за оние што немале земја, — биле определени и други видови задолженија и обврски (munera, vectigalia). Издршката на римската администрација, како и снабдувањето на римската војска исто така паѓале на грбот на населението. Освен тоа Македонија морала да дава и голем број војници за римските „помошни одреди“ (auxilia).

Во римско време Македонија имала развиен градски живот. Во времето на римското освојување бројот на македонските градови бил близу 90. Подоцна тој број се намалил. Некои од тие градови се одржале уште од раниот период на македонската историја (Ајга, Пела, Бероја), некои од времето на Филип и Антигонидите (Филипи, Хераклеја, Тесалоника). И во зафрлените краишта на горна Македонија имало градови што биле значајни културни центри, како на пример Стубера (кај ден. село Чепигово). Големи центри во римско време биле и Хераклеја Линкестиска (кај ден. Би-


тола) и Стоби (кај Градско), што се наоѓале на важни патишта. Стоби лежело на крстопатот на сообраќајната артерија Тесалоника — Наис (Ниш) — Сирмиум (Сремска Митровица) и на патот што водел од Сердика (Софија) кон Хераклеја на Егнатискиот пат (Via Egnatia). Егнатискиот пат бил главна артерија што ја поврзувала Италија со Балканот и Понт и што водела од Аполонија и Дирахиј (Драч) до Тесалоника и понатаму, преку Тракија, до Босфорот. Овие патишта имале особено значење за транзитната трговија.


Во Македонија имало главно три вида градови (civitates): слободни, колонии и муниципии. Со најголеми привилегии се ползувале слободните градови (civitates liberae).

Несомнено дека многуте бурни настани во историјата на римската држава, се одразиле и на Македонија како нејзина провинција. Така на пример, граѓанските војни во I в. пред н.е. ја влошувале економската положба на Македонија, зашто главните настани на тие војни се одигрувале на нејзина територија (борбата помеѓу Цезар и Помпеј, па војната на Брут и Касиј). Исто така кризата што ја зафатила римската империја и нејзиното робовладетелско уредување во III и IV век од н.е. се манифестирала и во Македонија, речиси со сите главни белези: ширење на колонатските односи и христијанството, како и навлегувањата на варварските племиња. Последниве особено влијаеле на понатамошниот живот на населението.

Уште од крајот на III век од н.е. Македонија била изложена на напади и инвазии на варварски племиња (Костобоци) кои продирале во сите источни провинции на Балканот. Во IV век ја ограбувале Визиготите, а во V в. Хуните. Масовното продирање на словенските племиња во VI век постепено довело до асимилација на населението на Македонија со новодојдените племиња и до промена на нејзиниот етнички состав.

Фреска во »Епископската црква« во Стоби — фрагмент





Мозаик во »Палатата на Партениос« во Стоби — фрагмент

ДЕЛ ВТОРИ

МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА РАНИОТ ФЕУДАЛИЗАМ

ГЛАВА I

НАСЕЛУВАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

1. Потеклото, старата татковина и занимањето на Словените

Словените под сигурно име во историските споменици можат доста доцна да се утврдат. Меѓутоа, постојат претпоставки дека тие се јавуваат уште порано под друго име.

Првите сигурни вести, пак, за Словените ги донесуваат римските автори Гај Плиниј — Постариот (во делото „Historia naturalis", околу 77 г. на н.е.), потоа Тацит (во делото „Germania", околу 98 г. на н.е.), и Птоломеј (во средината на вториот век на н.е.). Но ни овие автори не зборуваат за Словените под нивното народно име, туку под името Венети, Венеди, како што ги наречувале нивните соседи. Се претпоставува дека тој назив има келтско т.е. несловенско а можеби и праиндоевропско потекло, а го употребувале Германите за Словените (со ова име Германците и денеска ги викаат некои Словени).

Името Словени првпат се јавува кај некој непознат византиски автор (Дијалози на Псевдо — Цезариј) од почетокот на V век како „Склавини" (Σκλαυηνοι). Според овој автор, тие живееле некаде во близината на Дунав. Овој податок е скапоцен затоа што претставува не само најстаро споменување на словенското име, туку и најстар византиски податок за животот на балканските Словени, кои истиот автор ги наречува и Подунавци.

Подоцна во VI век византискиот автор Прокопиј (у. о. 565) е прв што ги наречува „Склабеони" (Σκλαβηονοί) или „Склабонои" (Σκλαβῶνοί) или „Склабои" (Σκλαβοί).

Какво е значењето на ова словенско име уште не е сигурно и конечно објаснето. Истовремено со ова име кај византиските автори од VI и првата половина на VII век се јавува и трето име „Анти" ('Αντται) или, според Јордан, „Antes", кои заедно со Словените ги вбројува во Венетите. Тој наедно Антите, кои ги смета за најхрабри меѓу нив, ги поставува во просторот од Днестар и крајбрежјето на Црно Море па сé до Днепар. За нив знаат дури во X век некои арапско-персиски патописци кои ги наречуваат „Артања-племе". Од ова се гледа дека помеѓу Словените, покрај главното и општото, постоеле и различни племенски имиња.

Прататковината на Словените најверојатно била помеѓу реките Висла, Днепар, Десна, Западна Двина и Карпатите, или пак во Полесје, во триаголникот Брест-Литовск — Мохилев — Киев.

Словените во својата европска прататковина живееле како другите соседни народи во организации основани на крвното сродство, во гентилни, родовски организации. Родот ги избирал и ги симнувал своите старешини, кои покрај советот, составен од сите членови на родот способни за работа, управувале со сите работи на родот и ги уредувале односите помеѓу членовите, што биле меѓусебно рамноправни. Родот ја имал сопственоста над средствата за производство, а бил должен да го штити секој свој член од какви и да било повреди што би му ги нанесол некој надвор од родот и за нанесените повреди да бара задоволување преку крвна одмазда.

Родовската организација била врзана за извесен степен од развојот и во начинот на набавувањето средства за живот. Словените, изгледа, живееле од ограбување само на оној простор на кој самите биле населени, а може да се претпостави дека се занимавале и со лов, кој исто така не им бил исклучив извор за задоволување на животните потреби. Од тоа произлегува дека Словените имале веќе постојани селишта: жените им ги чувале домовите и се занимавале со домашна преработка, додека мажите биле на своите ловечки и пљачкашки походи. Може да се претпостави дека Словените познавале и некое примитивно обработување на земјата околу своите куќи. Како градежен материјал за куќите доаѓало предвид единствено дрвото, па затоа тие и биле добри дрводелци, а како такви се истакнувале и за време на продорите на Балканскиот Полуостров, градејќи мостови и бродови. Го познавале и железното орудие. На походи оделе организирани во поголеми заедници. На таквиот степен од развојот најприродна и единствено можна била организацијата што почивала врз крвната врска, родовската организација.

2. *Населување на Словените во дунавските области*

Од својата прататковина словенските племиња се шириле во сите правци, иако историските извори од II па се до VI век не донесуваат за тоа никакви вести. Во тоа време се решавала судбината на робовладетелската Римска империја, со настанувањата што се кријат под поимот на т. н. преселба на народите. Тие настанувања коренито ја измениле картата на Европа и нејзината политичка и економска ситуација, а т. н. преселба на народите е всушност долготрајна општа офанзива или револуција на варварските

народи и нивните сојузници робовите против Римската империја. Во последната фаза од таа офанзива, т. е. од половината на VI век, во неа земале учество и словенските народи, и тоа посебно во офанзивата против Источната римска или Византиска империја, која тие не ја соборила, но ја оневозможиле како европска велесила. Сите Словени (Венетите и Антите), според Јорданес, биле покорени од Источните Готи, кои имале своја држава помеѓу утоката на Дунав и Дон. Кога на источните граници на источноготската држава се појавиле Хуните, Антите дигнале востание против своите окупатори. Но наскоро биле поразени, а нивниот владетел Божк, тој прв Словен што го споменува историјата, бил погубен со своите синови и голем број племенски првенци.

Во 375 г. Хуните ја уништиле државата на Источните Готи и сега Словените (Антите и Венетите) потпаднале под врховната власт на овие азиски освојувачи. Со тие настани се завршува темната епоха на словенскиот праживот и почнува историската, а со неа и почетоците на движењето на Словените од прататковината кон југозапад.

Словените што им се покорувале на Хуните се наоѓале не само во денешна Русија, туку и во самиот центар на хунската држава, во сегашна Унгарија помеѓу Дунав и Тиса.

По распаѓањето на хунската држава, Словените покрај Тиса паднале под власта на Гепидите, додека оние другите и понатаму од исток се спуштале на брегот на Долни Дунав, и тоа едни како слободни и организирани на чело со владетел, а други како сојузници на уште заостанатите Хуни и Бугари (кон крајот на V век Бугарите се појавиле околу утоката на Дунав). Византиските автори од тоа време ги нарекуваат Словени оние што биле населени на левиот брег на Дунав, а Анти оние што престојувале источно од утоката на Дунав. Масовната преселба на Словените и компактното населување на левиот брег на Дунав паѓа, значи, во времето по пропаста на државата на Атила. Врз основа на Јорданес и Прокопиј може да се заклучи дека компактната словенска територија се проширила до Дунав во поречјето на Серет, а целиот крај северно од Долни Дунав (денешно Влашко) бил населен со словенски маси. Одделни византиски автори тој крај го наречуваат Склавинија. Во тоа време Словените населувале голем дел на некогашната Дакија (еден дел на Ердел), а по заминувањето на Лангобардите во Панонија и во областа околу Карпатите северно од Дунав, т. е. денешна Моравија, Словачка и Чешка.

Постарите теории појавата на Словените во историјата ја толкуваа обично со доселувањето на веќе формираната словенска заедница на просторот северно од Карпатите, од каде што се ширела на исток, запад и југ. Меѓутоа, современото проучување на настанувањето на словенската народност го донесе откритието дека старите Словени и во јазикот и во материјалната култура многу усвоиле од старото

праиндоевропско население зад Карпатите, што било важен елемент во нивното формирање по пат на постепено стопување и јазично изедначување на староседелците и доселениците. Сето тоа докажува дека Словените како такви се формирале дури во својата родина зад Карпатите.

3. Византија во V и VI век

Врз развојот на византиското царство, по Преселбата на народите, покрај воените судири, во значителна мера влијаеле и големите етнички промени. По хунскиот бран наскоро дошол нов германски бран. Силното влијание на Германите набргу се почувствувало во војската, во државата, па дури и при изборот на царот. Меѓутоа, за време на царот Леон (Лав) I (457 — 474), кој стапил на престол со поддршка на Германите, избувнало во Цариград антигерманско движење и наскоро, со поддршка на Исавријците, на власт дошол Зенон (476 — 491), и тоа токму во моментот кога во рацете на Одоакар паднало Западното римско царство. Со заминувањето на Германите во Италија само делумно се решил етничкиот проблем во Византиската империја, каде што сé повеќе почнале да се засилуваат верските спротивности.

Со доаѓањето на Анастасиј (491 — 518) на престолот бил навистина ликвидиран етничкиот проблем и Исавријците биле преселени во Тракија. За време на неговото владеење била подобрена администрацијата, биле доведени во ред финансиите и била стабилизирана вредноста на парите. Спроведен бил и нов начин на оданочување, што му користел на градското, а огромни штети му нанесувал на селското население, кое сега било притиснато со тешки парични обврски, зашто биле укинати наметите во натура. Сиве овие вешто спроведени мерки довеле до тоа што кон крајот на владеењето на Анастасиј државната благајна собрала запрепастувачко купиште злато.

Самиот Цариград, пак, како царска престолнина бил раскинуван со верски борби на демите или странките на т. н. „сини“ (припадници на грчкото православје) и „зелени“ (монофизити), спортско-политички организации, чии претставници имале доста забележана улога и во другите големи градови на имеријата.

Како монофизит, Анастасиј се определил за демата на зелените, чие водство ги застапувало интересите на новиот чиновнички сталеж и на крупните трговци. Владеењето на Анастасиј, значи, не го решило верскиот проблем, но етничката криза била совладана и затоа сега Византија можела да води посмела политика, настојувајќи да си ги поврати своите некогашни западни краишта, што веќе биле

во рацете на „варварите“. Имено, „василевсот“ во Цариград сметал дека токму тој е определен да го поврати единството на римската држава, да ја воспостави империјата во нејзиниот стар опсег. Тоа било, всушност, политичка цел на владеењето на Јустин I (518 — 527), а овој смел правец го поставил неговиот роднина Јустинијан I.

Меѓутоа, во самиот почеток на царувањето на Јустин I настанале навлегувањата на „варварите“ на територијата на Византиската империја, а меѓу првите се сосредоточува во непрекинати бранови навалата на Антите и Словените.

Со тоа се заканила нова опасност да се сруши во прав стремежот на Јустинијан, инспириран од желбите на Византијците за воспоставување на универзално римско царство. Затоа требало веднаш да се напрегнат сите сили на оваа млада империја за да се остварат тие планови, на „варварите“ да им се одземат краиштата што некогаш го сочинувале Римското царство, „варварите“ да се потиснат преку византиските граници, па дури и да се минат тие граници и „варварите“ да се ликвидираат во нивните земји.

4. *Борбата на Словените за колонизација на Балканскиот Полуостров до почетокот на втората половина на VI век*

Кога јужниот дел од Словените стапиле во последната фаза на родовскиот поредок, и настанале зачетоците на општественото раслојување и засилување на родовско-племенските старешини, се создале поголеми племиња и привремени племенски сојузи. Тогаш дошло до борби од поголеми размери и успешни напади против римско-византиското робовладетелско општество и државата. Офанзивата на словенските народи била водена против Византиската империја и териториите под нејзина власт, а траела цел еден век и завршила со нивна победа и со постојана колонизација на заземените области.

Словените уште околу 517 учествувале во борбите против Византија, иако не се споменуваат под нивното име, туку под името „Гети“. Тие во својот ограбувачки поход проникнале сè до Термопилите. Првиот пак налет на Антите врз византиската територија јужно од Долни Дунав се паѓа во времето на царот Јустин I.

Но Герман, Јустинов роднина и стратег на цела Тракија, ги победил и им влеал „голем страв“. Последицата на овој пораз била таа што Словените мирувале за време на целото владеење на Јустин. Ова истовремено бил и единствениот забележан „варварски“ напад преку Дунав во времето на Јустин.

Од стапувањето на престол на Јустинијан I (527 — 565) речиси секоја година, како што пишува Прокопиј, Хуните (т. е. Бугарите), Словените и Антите ја пустошеле Илирија, цела Тракија, односно сите краишта од „Јонскиот

Залив“ (т. е. Јадранското Море) до предградијата на Цариград, меѓу кои и Елада и подрачјето на Херзонес, така што на тамошното население му нанесле „страшни зла“. Трачкиот стратег Хилвуд со успех цели три години ги спречувал овие три народи да не го минуваат Дунав и да не војуваат против Византијците. Меѓутоа, самиот Хилвуд имал обичај да го минува Дунав и на спротивниот брег да убива и да ги заробува тамошните „варвари“. При еден таков негов поход се развила страшна борба. Словените победиле и Хилвуд во борбите загинал. Потоа, Хуните, Словените и Антите, почнале да го минуваат Дунав по своја волја и, како што вели Прокопиј, ним не можело да им се спротивстави Византиското царство.

Но по извесно време завојувале помеѓу себе Словените и Антите. Победиле Словените. Тоа, пак, не ги спречило Антите наскоро да проникнат во Тракија (помеѓу 540 — 545), чии краишта ги ограбиле и зеле во плен голем број заробеници, византиски државјани.

Набргу, Словените и Антите се помириле и фатиле повторно да контактираат едни со други.

Приближно во истото време кога Бугарите (Хуните) проникнале во византиска Илирија (кон крајот на 544), Јустинијан стапил во директни преговори со Антите, нудејќи им територија и многу злато со услов како негови идни сојузници (федерати) да го спречуваат упадот на „Хуните“ во византиската држава. Иако Антите се согласиле со сево ова, изгледа дека преговорите не завршиле успешно, поради тоа што не биле задоволни со определеното земјиште, туку се стремеле да се населат во цела Тракија. Но и покрај тоа, тие не биле толку непријателски расположени спрема Византија како нивните соседи Словените, кои околу 545 г. го минале Дунав и фатиле да пљачкаат по тамошните краишта. Тогаш биле победени од Херулите, византиски платеници што живееле околу тогашен Белград.

Овој пораз не спречил веќе во 547 (или 548) новата словенска армија да го мине Дунав, да ја опустоши сета Илирија и да допре до Драч. Патем убивале, ограбувале и заробувале. Притоа, освоиле и неколку важни тврдини. Византиските стратези на Илирија, што ги следеле нив со голема војска, не се осмелиле да стапат во борба со Словените. Во 549 г. во вистинската смисла словенска војска од три илјади луѓе ја минала реката Дунав не среќавајќи никаков отпор. Штом ја минале реката Марица, тие се разделиле на два одреда. Иако по број биле послаби од Византијците, овие одреди првин ги победиле архонтите на византиската војска во Илирија и Тракија, а потоа и другите војсководители. После се фрлиле на ограбување на илирско-тракиските краишта, каде што вешто зазеле голем број тврдини. Навлегувајќи се до Егејското Море, по храбро и мудро замислен јуриш, го освоиле и тракискиот град Топер

(стар приморски град и тврдина во подножјето на планината Родопи). Таму, како што пишува Прокопиј, ги испотепале „сите мажи до 15.000 на број, сето богатство го ограбиле, а жените и децата ги претвориле во робови". Кога се заситиле „од големата крв", известува Прокопиј, се вратиле „по своите куќи со повеќе десетици илјади заробеници".

Идната година (550) преку Дунав продрела до околината на Ниш „толкава маса Словени како никогаш порано", со цел да го заземе Солун и околните градови. Кога Јустинијан од заробените Словени дознал за нивните намери, тој му наредил на својот војсководител Герман, кој токму тогаш во Сердика (Софија) собирал војска за војна со Готите, да го одбие овој словенски напад. На веста за Германовите подготовки против нив, Словените се откажале, пишува Прокопиј, од заземањето на Солун и ги минале „по ред сите илирски брда" па се нашле во Далмација. Кога Герман дознал накај тргнала словенската војска, ги прекинал своите подготовки против неа и ги насочил своите сили да се префрли во Италија против Источните Готи. Но притоа Герман одненадеж умрел (есента 550). Меѓутоа оние Словени, како и другите што малку подоцна го минале Дунав, сега се соединиле и во „полна слобода" крстосувале по Византиското царство. Тие дури и презимиле (550/1) таму „како во сопствена земја" без некаков страв од Византијците.

Не среќавајќи никаков отпор, по себе воделе множество заробеници, добиток и разни видови богатство, па кај Едрене се сретнале со византиска војска што против нив ја испратил Јустинијан. Не само што ја поразиле неа, туку по таа победа стигнале до Долгиот Ѕид, оддалечен еден ден одење од Цариград.

Иако Византијците нешто подоцна разбиле еден одред на словенската војска, другите Словени успеале непречено да се вратат со пленот во своите куќи. Есента во 551 големо множество Словени пак навлегле во Илирија, долго време пљачкосувале и дошле до голем број робови и плен така што тогаш, по враќањето, пред очите на византиската војска, Гепидите ги превезле преку Дунав. Тие тоа го правеле и подоцна, иако му се обврзале на Јустинијан дека нема веќе Словените да ги пренесуваат преку реката.

Бидејќи Словените и Антите речиси секоја година откако Јустинијан ја презел власта, ги напаѓале краиштата од Јадранско Море до предградијата на Цариград, и одделни покраини ги претворувале во вистински пустини, Јустинијан во времето околу 530 до 552, или нешто подоцна, изградил на Дунав многубројни тврдини, стражарски кули и други пречки.

Покрај тоа, во Дарданија медитеранеа од темел ги обновил и многу подобро ги утврдил кастелот Бадеријана, и близу него местото Таврисиум, каде што бил роден. Покрај Таврисиум, што го обградил со ѕидови во вид на четириаголн-

ник и со четири кули, тој изградил град што го нарекол Јустинијана Прима (Πράτη Ἰουστινιανή). Го украсил — пишува Прокопиј — со сите можни згради и храмови, како и со водовод, кој градот обилно и непрекинато го снабдувал со вода. Со неговото основање — вели понатаму авторот — царот на тој начин ѝ се оддолжил на својата родителка. Со посебна царева новела од 535 г. ова место станало седиште на архиепископите на Илирија. Каде била точно оваа Јустинијана Прима, за која Агатијас вели дека тоа била Бадеријана, тешко е нешто поопределено да се каже, иако за тоа прашање има огромна литература. Во Дарданија Јустинијан го обновил стариот град Улпијана, во него изградил многу прекрасни градби, и го нарекол „Justiniana Secunda". Во близината на ова место подигнал друг град во чест на својот стрико по име „Јустинополис". Покрај овие, ја поправил и ја утврдил Сердика, Наисос и Германија (денеска Сапаревска Бања кај Дупница на Герман, притока на Струмица) и Павталија (денеска Кустендил), кои ги направил неосвоиви за непријателите.

На подрачјето помеѓу овие градови од темел подигнал три гратчиња (Cratiscara, Quimedava, Rumisiana).

Со стремеж Дунав да го направи најсигурна заштита не само за овие места, туку и за „цела Европа" го осигурил неговиот брег со многубројни тврдини — кастели и по должината на целиот брег разместил стражарници за така да го спречи преминот на Словените.

Овој негов начин на градење не бил нов, зашто и поранешните римски цареви и на едната и на другата страна на Дунав, заради заштита, подигале гратчиња и тврдини со многубројна посада. Имено, „варварите" тогаш уште не знаеле да ги освојуваат тврдините, па владетелите сметале дека таквите тврдини се доволни. Но Јустинијан во своите тврдини, какви што од Сингидунум до утоката на Дунав имало околу 80, оставил силни воени посади. Покрај нив изградил голем број кастели во Епир, Македонија и Дарданија, повеќето од кои ни денеска не можат да се убицираат.

На овој начин царот ја обезбедил сета внатрешност на Илирија и Тракија, каде што, според Прокопиј, обновил или изградил 600 тврдини од различен тип.

Од 552 па се до 558 (или 559) г. ниеден византиски извор не донесува никаква вест за продорите на Словените и Антите преку Дунав во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Во 558 (или 559) г., според Агатијас, продреле Словените заедно со хунските Кутригури низ Тракија се до Цариград и Галиполскиот Полуостров, а пред тоа во Грција до Термопилите. Меѓутоа, благодарејќи на воената интервенција на прославениот Јустинијанов војсководител Велизар, тие почнале да се повлекуваат.

Од описите што ни ги донесуваат современите византиски автори за борбата на Словените за колонизација на

Балканскиот Полуостров, паѓа в очи словенскиот ограбувачки карактер и основната цел: добивање плен во заробеници, добиток, скапоцености и други работи, со кои се враќале во својата прекудунавска татковина — Склавинија.

5. *Економско-општествената структура кај Словените во времето на борбите за колонизација на Балканскиот Полуостров*

За Словените од времето на нивната борба за колонизација на Балканскиот Полуостров наоѓаме малку вести кај византиските современици и подоцнежните автори (Прокопиј, Агатијас, Менандар, Псевдо-Маврикиј, Константин Порфирогенет). Од тие скудни вести се забележува дека Словените во текот на преселувањето на левиот брег на Дунав, а потоа на Балканскиот Полуостров за основа на стопанскиот живот ги имале земјоделството и сточарството, кое ваму го пренесле од прататковината. Значењето на земјоделството особено се одразило во стариот словенски календар (имињата на месеците според распоредот на земјоделските работи), потоа во словенската религија (боготворење на природните сили) и во заедничките словенски зборови за полските работи и домашните животни. Податоци за постоењето на сточарство (на пр. говеда) ни дава Прокопиј, додека археолошките податоци потврдуваат оти кај Словените сточарството било разновидно.

Словените живееле во земјанки и образувале мали населби или села. Живееле околу реки, по мочуришта и крај езера што биле тешко достапни. Правеле по повеќе излези од местото на својата живеачка поради страв од опколување од непријателот, што често им се случувало. Овие села на Словените и на Антите биле распрскани и оддалечени едно од друго. Својата земја Словените ја обработувале на палевински начин, а бил воведен земјоделски систем за кој се карактеристични уште неустановени ниви на отворено или сосем ископачено земјиште. Во обата система земјиштето било колективна сопственост на целата општина. Меѓутоа, кога колективното обработување и користење на земјата било заменето со привремена поделба за обработување и уживање на патријархалните големи „семејства“ се создала и основа за раслојување на општеството и за опаѓање на родовските односи.

Словените уште во својата прататковина ја познавале обработката на металот, така што самите изработувале оружје и разни украсни предмети. Особедо биле вешти дрводелци. Уште во првата половина на V век византискиот автор Приско ја споменува нивната изработка на сплавови и чунови од едно дрво, т. н. моноксили. Ваков вид кораби им изработувале и на своите сојузници Аварите, па на тој начин им создале силна речна морнарица во која и служеле.

Произведувале ткаенини и грнчарски предмети. Занаетчиската работа била претежно работа на членовите на големото словенско семејство. Не се истакнувале со некоја особена хигиена.

Од списите на византиските автори се забележуваат кај Словените родовско-племенски обележја на општествениот поредок. Така, уште Псевдо-Цезариј пишува дека Словените се „диви, слободни и без главатар". Според Прокопиј, со Словените и Антите не владеел еден ист човек, туку одамна живееле во демократија, а Псевдо-Маврикиј наведува дека племињата на Словените и Антите биле слободни, дека никако не допуштале да бидат заробени ниту некој да ги владее, особено во нивната земја, каде што живееле без власт и во меѓусебна омраза и неслога. Кај нив владеела крвната одмазда и имале голем број племенски главатари, кои меѓу себе исто така не се согласувале. Додека Прокопиј пишува за тоа како Словените и Антите на заеднички собир решавале за своите јавни работи, Менандар изнесува дека Словените на чело имале старешински совет, што го сочинувале еден вид наследни кнезови или племенски главатари (ἄρχοντες ἡγεμόνες), на чело со еден свој кнез. Угледот на овие кнезови растел особено за време на борбите со Византијците. Во времето на царот Маврикиј (582 — 602), Теофилакт Симоката во Влашко наведува три жупски кнезови или кралеви (φύλαρχοι ἡγεῖς) а Псевдо-Маврикиј, авторот на Стратегикон, ги прикажува Словените на Дунав како многубројни несложни племиња под голем број исто така несложни кралеви, (ῥήγες) кои на границата можеле да се придобијат со подароци и убави зборови. За ромејската држава — вели понатаму — би било опасно единството на сите народи или монархии.

Во општата офанзива односно револуција на „варварските" племиња против Римско-византиската империја земале учество во почетокот на VI век и Словените заедно со своите родовски организации. Таа револуција била предизвикана од нарушената економска рамнотежа во тој простор чии господари сакале да ги вовлечат сите „варварски" народи во својот економски-експлоататорски систем, во кој им определиле место на робови. Но бидејќи под високиот притисок на воените настани процесот на развојот течел побрзо отколку во нормални услови, словенските народи, во текот на сто години војување против Византија, минувале во своето устројство една релативно брза еволуција и диференцијација што била условена од посебната воена економика на тоа време и воените услови воопшто. Средствата за живот сега се стекнувале не само со сопствено производство, туку со ограбување и со плен се присвојувале и оние средства што ги произвеле други. Потребата од се посилна економика, како и потребата од поголема воена сила во се посилните воени потфати неминовно предизвикала —

кај одделни родовски и племенски старешини, како способни војсководители, да се концентрира власта многу повеќе отколку порано. Сега тие добивале и поголем дел од пленот. На тој начин во родовските и племенските организации доаѓало, поради самите воени услови, до натамошна општествена диференцијација, иако самата родовско-племенска организација не била разбиена. Тој стадиум на развојот во родовско-племенските организации претставува воена демократија. Тоа значи дека на тој степен од развојот тежиштето за решавање на заедничките работи се уште лежело во демократски уредените совети на родовите и племињата, во кои учествувале сите членови на родот или племето. Сепак авторитетот на одделни, особено на добрите војсководители во толкава мера пораснал што нивните одлуки, односно нивните предлози, биле наполно меродавни. Според богатството и авторитетот, ваквиот војсководител сега се издвојувал од своите соплеменици и станувал несомнено primus inter pares. Ако се покажел неспособен или ако го изневерела воената среќа, тогаш родовскиот или племенскиот совет го отстранувал и го заменувал со друг.

Воената демократија е многу важен стадиум и значајна фаза во развојот на родовско-племенската организација. Тоа е прв степен на развојниот пат до државната организација и прв значаен степен во диференцијациониот процес во родовско-племенската организација. Родовскиот односно племенскиот војсководител, обезбеден со авторитет и богатство (робови и орудија), станувал свесен дека родовската и племенската организација со својата примитивна демократија и еднаквост, со заедницата на имотот, премногу го стега. Затоа настојувал со сите сили да се ослободи од родовските и племенските стеги, да се осамостои. Но тој процес на ослободување од родовските врски бил долготраен. Во оваа фаза дошле словенските родови или племиња при своето проникнување на Балканскиот Полуостров, а во судир со византиските армии, кои биле далеку подобро организирани и опремени. За да можат да ја продолжат офанзивата словенските племиња морале да извршат промени и да се организираат во правец на воената демократија.

Уште во текот на долготрајното војување словенските племиња се запознале со можноста за искористување на робовска работна сила, која ги ослободувала од непријатната должност да работат сами. Во таа смисла ги искористувале воените заробеници. Со заробените соплеменици — Антите, Словените постапувале како со слободни и тие можеле да се откупат. Заробениците од другите народности ги држеле во заробеништво точно до определен рок и тогаш ги оставале по волја со извесна откупнина да се вратат во својата земја или да останат кај нив како слободни и пријатели. Словените ги примале заробениците и во своите родовски односно племенски организации, бидејќи одделни родови, поради

долгото војување, значително ослабнале, особено што се однесува до мажите. Заробениците, пак, почесто ја примале оваа можност отколку што се враќале да живеат во византиското општество обременето со разни тешкотии.

Според наведената економско-општествена структура била усогласена и организацијата на словенската т.е. општоплеменска и народна војска, на која „Чудесата на Димитрија Солунски" (Miracula S. Demetrii) ѝ го даваат називот Фаланга.

Во своите воени походи тие настапувале здружени во племенски сојузи (антски и словенски), кои уште тогаш значеле само привремено здружување на племињата заради одбрана или напад, а не и некои постојни политички формации. Но овие сојузи секогаш биле во опасност да се распаднат или поради внатрешната антска и словенска неслога или поради воените неуспеси.

При нападот навалувале групно носејќи во рацете мали штитови (понекогаш по два), копја па и мечови, додека оклоп никогаш не облекувале. Се служеле со дрвени лакови и мали стрели, премачкани со отровна течност, што дејствувала многу силно ако оној што бил ранет од неа не се лекувал со лековита пијачка.

Словените, според Псевдо-Маврикиј, не го познавале воениот ред ниту концентрирано учествувале во бојот. На рамни и на голи места не се појавувале.

Против подобро вооружената византиска војска најмногу се истакнувале со воени лукавства (на пример, со испраќање воени шпиони во извидување на византиската војска, со ненадејни напади, со борби по шумите и клисурите); а при одбраната врз византиска територија се служеле со тактиката на натрупување на коли во круг и така создавале еден вид бедем. Кога влегувале во борба, силно викале и, ако противникот се исплашел, напаѓале со сета жестокост, а ако не успееле во тоа, тогаш веднаш отстапувале. Овој начин на борба бил условен од економско-политичката структура на словенското општество, како и од природата на нивното земјиште. Ова не значи дека Словените и Антите не биле и многу храбри и вистински јунаци. Византија сфатила колкава опасност ѝ се заканува од Словените, па против нив применувала специјална и точно разработена воена тактика, поврзана со ненадејни напади, пљачкосување, убивање до истребување и со продирање напред без задржување.

Словените посебно биле вешти при преминувањето на реките, а на своите моноксили и чунови гусареле по Егејско Море, непречено ограбувале во Дарданелите и во Мраморно Море. Го опседнувале Солун и Цариград, а понекогаш, како на пр. во 626 г., учествувале и нивните жени.

Веќе во првата половина на V век Словените освојуваат византиски тврдини, служејќи се со разни лукавства, а во

втората половина на истиот век употребувале и опсадни направи, што сами ги измислувале и ги граделе. Така во почетокот на VII век значително напредувале во воената вештина и станале првостепена воена сила за што секако придонесол и нивниот воен сојуз со Аварите. Инаку и Словените и Антите речиси секојдневно војувале и ограбувале, а служеле и како платеници во служба на Византија, на чија страна се тепале против Источните Готи, Персијците и Аварите, а се бореле дури и под свој самостоен заповедник кој се викал стратег на Словените (στρατή ος τῶν Σκλά ων.)

Според Прокопиј, Словените биле слабо облечени (не носеле кошули ниту наметки, туку само бечви). Имале висок раст и биле необично силни, а во поглед на бојата на кожата и телото не биле ни премногу бели, ни премногу црни, туку сите биле руси. Поради својата силна конституција лесно можеле да ја поднесат секоја временска ситуација, да трпат недостиг на храна и облека. Се хранеле со сите полски плодови, со риба, дивеч, месо, овошје, а пиеле млеко, медовина и варено пиво од јачмен; сирење исто така правеле. Прокопиј ја фали нивната нарав и простосрдечност, а Псевдо-Маврикиј нивната речиси претерана гостољубивост, пријатното однесување со странците, чија смрт повлекувала одмазда. Се занимавале со музика, од инструментите ја познавале тамбурата (kithara). Византиските автори ја фалат чесноста на нивните жени и верноста спрема мажите.

Но покрај овие убави особини, Словените и Антите имале и негативни страни. Биле неверни (во поглед на договорот), несложни, живееле во каранице и нетрпеливост, па дури и во омраза, што ги следела и при нивната колонизација на Балканскиот Полуостров. Тие нивни слабости Византијците знаеле многу добро да ги искористат.

Инаку словенските племиња, како што пишува Псевдо -Маврикиј, меѓусебно не се разликувале по начинот на живот и по обичаите. Словените, колку што е познато од делото на Теодор Синкел, писател од првата половина на VII век, ги гореле своите мртви.

За словенската вера од тоа време само Прокопиј известува, и тоа доста сиромашно. Тој пишува дека Словените и Антите верувале оти еден од боговите е анонимен творец на молњата и единствен господар на светот. За жртва му поднесувале говеда и секакви други жртвени животни. Според тоа, богот на громот бил највисоко божество за обете племиња, а покрај тоа имале и некои други високи божества. Иако со основа се претпоставува дека Словените дошле на Балканскиот Полуостров како политеисти, факт е дека од нивниот пантеон ниедно друго име не е утврдено освен божеството на громот, кое кај Јужните Словени се викало Перун.

Ни Словените, ни Антите не верувале во судбината, туку ако се разболеле или ако мислеле дека смртта им се приближува, кога тргнувале во војна и сл., тогаш се заветувале оти ако излезат среќно од ситуацијата ќе му принесат на богот жртва. Верувале дека со таа жртва го искупуваат својот спас.

Освен тоа, ги боготвореле реките, нимфите, (самовилите) и некои други пониски божества. На сите им принесувале жртви и според тие жртви потоа гатале (вражале). Ова сведоштво на Прокопиј се потврдува неколку векови подоцна, во цела низа извори — руски, бугарски, чешки и балтички. Сите тие донесуваат дека Словените ги боготвореле пештерите и брдата, изворите и езерата, огнот, ѕвездите, месечината и сонцето, и тоа не како мртви нешта, туку како суштества со душа, како демони. Инаку иранското влијание врз словенската митологија е денеска непобитно докажано. Познато е и тоа дека кај Словените не постоеле исти облици на вера.

6. *Аварите и нивниот однос спрема Словените по доселувањето во Панонската Низина*

Кога во средината на VI век дошло до раздор во аварско-турскиот племенски сојуз и западните алтајски Турци ја урнале превласта на Аварите (552 — 555), еден дел од Аварите побегнале кон запад, и под водството на каганот Бајан стигнале во крајот околу реката Кума и Терека на западниот брег на Каспиското Море, т.е. во Европа. Во понтската степа ја совладале моќта на Хуните и ја пустошеле соседната земја на Антите. Во почетокот на 558 тие му понудиле на Јустинијан сојуз и своја служба со услов да им даде годишни војнички плати, скапоцени подароци, како и плодна земја на која би живееле. За противуслуга се обврзале да му помогнат во уништувањето на сите негови непријатели. Царот им дал само подароци. Аварите наскоро ги заробиле Антите и им ја запустиле земјата. Веќе во 562 тие допреле во денешна Добруџа и во Влашката Рамнина на подножјето на Југоисточните Карпати и така им станале непосредни соседи на Византијците. На нивното барање да им се даде погодно земјиште, Јустинијан им ја понудил Сремска Панонија. Тие го одбиле тоа, зашто сакале да се сместат на десниот брег на Дунав (во денешна северна Бугарија), од каде што би можеле полесно да навлегуваат и да ограбуваат по Балканскиот Полуостров. Кога царот дознал за овие нивни намери, наредил да се утврди дунавската граница, и сега било само прашање на време кога меѓу Аварите и Византијците ќе пламне непријателството.

Во меѓувреме умрел Јустинијан, а го наследил неговиот воинствен внук Јустин II (565 — 572), кој на секој начин сакал да им ја покаже на Аварите силата на византиското оружје. Затоа тој решително ги одбил аварските барања и му се заканил на каганот, кој набргу заедно со Лангобардите ја уништил гепидската држава во Панонската Низина, источно од Дунав (567). Кога Лангобардите идната година се иселиле од Панонија во Италија, Аварите загосподариле и во таа покраина. Тогаш броеле околу 20 илјади борци, а откако им се придружиле хунските и бугарските племиња, се зголемиле на околу 50.000. Уште додека биле на Долни Дунав таму потчиниле разни словенски племиња, од кои некои со нив се доселиле во Панонската Низина. Овде Аварите, покрај Гепидите, ги подложиле под своја власт и Словените затекнати во тој предел. Инаку Аварите, кои биле од шаманска вера, се распаѓале на племиња и родови, на чие чело стоел кахан или каган, што покажува дека Аварите веќе го имале достигнато степенот на воената демократија.

Аварите, како што изгледа, претставувале племенски сојуз а уште не единствен народ. Поради тоа концепцијата за „варварска држава“ и „аварско-словенско кралство“ во кое овие номади би им биле господари на поробените и разединети маси на Словените не одговара на историската вистина. Словените, како колективни племиња, со Аварите сочинувале аварско-словенски сојуз, во кој Словените биле навистина решавачки фактор. Бидејќи словенските племиња во својот внатрешен развиток уште не биле дојдени до формирањето на постојани, цврсто поврзани племенски сојузи, воената премоќ на Аварите уште била голема. Подредената положба на Словените се одразувала во тоа, што каганот, под чие водство била цврсто обединета аварската војска, располагал и со нивната племенска војска, ги испраќал на воени походи, што се бореле во првите редови, им давале на Аварите дел од својот плен и данок.

Подреденоста на Словените била до толку поголема до колку тие биле поблиску до Аварите, додека оние што биле подалечни (на пр., во планинските делови на Балканскиот Полуостров) биле со нив во порамноправен сојуз, кој и така како целост бил ограничен на едно извесно време. Кога здружените Авари и Словени заеднички ја напаѓале Византија, поради силните родовско-племенски облици, уште не можело да дојде до настанување на голем, траен и самостоен племенски сојуз, зашто племињата не биле единствени. Но Аварите, собирајќи под свое водство голем дел од словенските племиња за заеднички напад на Балканскиот Полуостров и Источните Алпи и не сакајќи придонесле за нивниот конечен успех и колонизација. Во тоа и се состои големата улога на Аварите во историјата на Јужните Словени.

Панонската Низина, центар на аварската моќ во текот на повеќе децении пред словенското населување на Балканскиот Полуостров, била база за напади против византиската држава. Првите воени акции на Аварите по доселувањето во Панонската Низина биле сосредоточени на Сирмиум, кој го зазела Византија а на кој Аварите полагале право, сметајќи се вистински наследници на Гепидите. Аварскиот каган Бајан сакал по секоја цена да се дофати до Сирмиум, затоа што тоа би му била отскочна стратегиска штица накај Далмација и Цариград. Затоа и со преговори и преку пратеници директно барал од византискиот цар да му го предаде овој град. Конечно Јустин II се согласил да склучи мир со Аварите, му дал голема годишна субвенција на каганот и овој се откажал од Сирмиум (574/5).

7. *Упади на Аварите и на Словените на Балканскиот Полуостров во II половина на VI век*

По долгогодишно мирување, Словените пак нападнале на Балканскиот Полуостров. Поради тоа, новиот цар Тибериј (579 — 582) го наговорил Бајан да тргне против Словените преку Дунав. Овој каганов потфат на Долни Дунав доживеал успех, зашто Бајан во словенското подрачје, во кое дотогаш никој од другите народи не влегол, дошол до голем плен и од словенско ропство ослободил голем број Византијци, а, што е најважно, успеал да ги присили Словените да плаќаат годишен данок. Сега каганот се свртил против Сирмиум, којшто потајно го опседнал и од копно (со војска) и од Дунав (со воени кораби). Но кога Бајан ги открил своите вистински намери Цариград го спречил во тоа. Во ова време Словените пак пустошеле по Илирик (579), а веќе во 581 година преку 100.000 Словени се собрале во Тракија со цел да ја ограбат оваа земја, како и други предели. Тибериј бил зафатен со Персиската војна и сите свои воени сили ги префрлил на исток, така што Словените сега имале можност во текот на четири години да пљачкосуваат, да пустошат, па дури и да населуваат одделни краишта во Грција.

Во меѓувреме Аварите и нивниот каган решиле да го докрајчат сирмиумското прашање. Во тоа наскоро успеале преку преговори. Византискиот цар наредил, тој неколку години опседнат град, да им се предаде под извесни услови. Наедно меѓу нив бил склучен мировен договор, според кој цариградскиот двор се обврзал на Аварите да им плаќа годишен данок во пари и предмети. Аварите како вратка им ветиле по стариот обичај, дека ќе мируваат.

Со освоениот Сирмиум каганот добил важно воено упориште за своите диви походи на Византија, а мировниот договор траел само две години, т. е. додека живеел царот Тибериј. Кога место него дошол на престол Маврикиј, каганот и го зголемил годишниот данок на Византија и царот се согласил со тоа. Потоа Аварите го освоиле Сингидунум, како и другите соседни градови. Во својот незадржлив ограбувачки налет тие продуриле низ Илирик и Елада во два

наврата и дошле до Долгиот Sид (584), 30 километри оддалечен од Цариград. Искористувајќи ја зафатеноста на византиската војска на исток, Аварите во ова второ разурнувачко проникнување низ Грција стигнале дури до Пелопонез, којшто претежно со Словените го населиле и тука останале подолго време не покорувајќи му се никому, па ни на византискиот владетел. Но веќе во 585 г. каганот склучил примирје со Маврикиј со обврска на Византијците да им го покачат годишниот данок на Аварите. Но оваа мировна состојба имала кус век и додека кагановата војска пустошела еден дел од денешна Бугарија, во истото време Словените, со молчеливо одобрување од Аварите, опустошиле поголем дел од византиската територија и безуспешно го нападнале Солун. Но наскоро Византијците извеле ненадејна противакција и страшно ги поразиле нив во Тракија на Ергинија, притока на реката Марица. Исто така близу до Едрене византиската војска победила големо множество Словени под водство на Ардагаст, кои биле полни со плен и заробеници.

Сега повторно се појавиле Аварите на бојното поле, па заедно со Словените го опседнале Солун. И овој пат Солун се спасил, а аварско-словенската војска се повлекла. Конечно, Аварите биле поразени под Едрене во 587 г. и со тоа барем привремено со нив била завршена војната, но не и со Словените, кои и понатаму жестоко ограбувале низ Тракија. Според тоа, византиската армија и нивните војсководители постигнале само привремени и сразмерно мали успеси, зашто пределот помеѓу Дунав и Балканските Планини останал и понатаму повеќе години во рацете на Аварите и Словените, а надвор од дофатот на царската власт.

8.

Неуспех и слом на византиската офанзива против Аварите и Словените (592 — 602)

Кога Маврикиј ја завршил дваесетгодишната војна со Персија (591), Византија имала поголема можност, сега со поголема воена сила, да им се спротивстави на новите провали на Аварите и Словените. Така, во следната (592) година царот започнал војна против нив. Тоа наедно бил и последниот обид на Византија својата власт над Балканскиот Полуостров да ја обнови непосредно пред завршната колонизација на Словените на тоа подрачје. Војната започнала во пролетта на 592 г. и борбите со наизменична среќа се воделе најмногу околу Сингидунум, покрај Долни Дунав и Тракија. Имено каганот успеал да продре до бреговите на Мраморно Море (593), но набргу се вратил назад. Сега византиската војска под искусниот војсководител Приско го минала Дунав и така започнала свирепа војна против тамошните Словени (594).

Каганот сметал дека Приско започнал војна против неговата земја и неговите поданици Словените, па барал од Приско со него да го дели воениот плен. Предадени му биле пет илјади заробени Словени. Тој со тоа се задоволил и дозволил византиската војска да мине преку неговата територија. Но веќе во 595 г. место Приско царот го поставил својот брат Петар, кој се покажал наполно неспособен, а Словените токму тогаш се наоѓале длабоко во Тракија и се готвеле да ја нападнат Византија. Кога тргнал кон Дунав, кагановите Бугари го поразиле, а потоа словенските чети на филархот или егзархот Пирагаст му испотепале илјада војници. Сега го минала Дунав сета војска на Петар и притоа бил убиен Пирагаст, а неговата војска се разбегала. Наскоро на Долни Дунав Словените го победиле Петар и на негово место дошол Приско (596). Тој започнал нови борби со Аварите за Сингидунум и поради тоа каганот ги прекинал мировните договори и со својата војска тргнал на „Јонскиот Залив" (Јадран), во чие подрачје лежела Далмација, каде што редовно ги уривал византиските утврди и пљачкосувал.

По ова Аварите година и пол седеле мирни на Дунав, каде што се наоѓале и Византијците. Годината 588, освен мали престрелки, минала во мир, но веќе во пролетта на 600 година каганот тргнал кон Цариград, каде што завладеала паника. И додека Маврикиј подготвувал одбранбени мерки кај Долгиот Сид, пламнала чума во аварскиот логор, на која и подлегнале голем број аварски војници и седум синови на каганот. Сега каганот бил присилен да склопи мир според кој било определено граница помеѓу Аварите и Византијците да биде Дунав, преку кој Византијците можат да минуваат во борба против Словените. Но истата година царот го прекинал договорот со Аварите (на кои дотогаш им плаќал зголемен трибут) и по негова наредба Приско влегол на територијата на каганот, кога во неколку битки едноподруго го победил. Особено крвава била повторната битка на Тиса, каде што Приско тешко ги поразил Аварите и заробил 3.000, а покрај нив и 8.000 Словени. Меѓутоа, по царевата наредба Приско наскоро морал да му ги врати на каганот неговите Авари и потоа пак за кусо време завладеал мир. Веќе во 601 г. царот повторно го поставил Петар на местото на Приско за „стратег на Европа". Тој многу бргу почнал да се повлекува пред Аварите од „областите на Дарданија" во Тракија. Следната 602 г. Маврикиј дознал дека каганот систематски се подготвува да го нападне Цариград и дека само чека византиската војска да се раздели по разни области. Царот му наредил на Петар да го мине Дунав и тој започнал да подготвува поход „против множеството склавинии". Конечно византиската војска го препловила Дунав, ги совладала Словените и дошла до голем број заробеници. Маврикиј му наредил на Петар византиската војска да презими во „земјата на Словените". Војската

се побунила против оваа одлука, зашто земјиштето од другата страна на Дунав било преплавено со „варвари“ и откажала послушност, го минала Дунав и го избрала за водач Фока, а Петар побегнал во Цариград. Ова било тежок удар за Византија и со тоа биле уништени сите дотогашни воени успеси. Побунетата византиска армија сега влегла во Цариград, го убила Маврикиј и за цар го прогласила својот водач Фока (602 — 610).

Така пропаднал последниот обид на Византија да ја сочува и одбрани својата граница на Дунав, па Византијците морале да се повлечат длабоко во внатрешноста на земјата. Со тоа им бил отворен патот на Словените непречено да ја завршат колонизацијата на Балканскиот Полуостров. Византија наскоро била присилена молчеливо, дефинитивно и без никакви обврски да им го препушти на Словените.

ГЛАВА II

НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СКЛАВИНИИ

1. Населување на Словените во Македонија

Најсигурни податоци што говорат поопределено за започнатиот процес на словенската колонизација на Македонија датираат дури од 80-тите години на VI век. Византискиот писател Јован Ефески во 581 година известува дека „Словените на Полуостровот живееле сосем слободно, без страв; збогатени со злато и сребро, ергелиња коњи и многу оружје, а научиле да војуваат подобро и од самите Ромеи".

Како и во другите делови на Полуостровот населувањето на Словените во Македонија врвело спонтано, преку долготрајни и продолжителни борби. Тие обично и најчесто се спуштале по моравско-вардарската долина како најпогодна трансверзала, а оттука вдолж и вшир се распространувале по сите нејзини делови. Притоа некои словенски племиња како Милинзите и Езерците се спуштиле најјужно и се населиле дури на Пелопонез. Во резултат на многубројни долготрајни и жестоки напади за релативно кратко време, односно до 20-тите години на VII век, цела Македонија била населена со многубројни словенски племиња. Најјужно, по текот на реката Бистрица а западно од Солун до Бер, се населиле Драговитите. Веднаш до нив биле сместени Велегезитите, северно од овие, на просторот помеѓу Охрид, Битола и Велес се наоѓале населени Берзитите (Брсјаците), чие име и денеска е зачувано во народот. Близу до Солун живееле Сагудатите, а источно од градот накај р. Струма и Халкидичкиот Полуостров — Ринхините. По долините на реките Струма и Струмешница се населиле Струмјаните, а источно од реката Места — Смољаните. Еден дел од Драговитите подоцна се населиле и во Полог.

Словенските племиња, најмногу и најчесто се населувале по рамнините, покрај реките и езерата. Обично се населувале покрај старите, а формирале и нови населби.

Населувањето на Словените во Македонија довело до длабоки етничко-социјални промени. Еден дел од староседелците изгинале во борбите, некои се повлекле во приморските градови и планинските места, а пак некои биле

покорени и вклопени во словенската симбиоза. Ова мешање на Словените со затеченото месно население, како и со грчкото население зачувано во приморските градови имало доста важно значење за понатамошниот општествено-економски развој на Македонските Словени. Тие усвоиле доста елементи на нивната материјална култура, на производството и градскиот живот. Но, бидејќи како завојувачи, Словените од староседелците барале покорност и плаќање на данок.

2. *Борбите на Македонските Словени за завладување на градот Солун*

Меѓу многубројните борби што ги воделе Македонските Словени за завладување на Македонија, најжестоки и најдолготрајни биле борбите за градот Солун. Меѓутоа, од нив се познати само еден мал број, и тоа оние што се опишани во „Чудата на Димитрија Солунски", кого солунчаните го славеле како заштитник на својот град.

Солун во VI век претставувал мошне важна воено-стратегиска опора на Византиската империја на Балканот. Бил најголем град на Полуостровот, а по Цариград — втор во Империјата. Подигнат амфитеатрално, врз една од благите падини на планината Хортач, во длабината на питомиот Солунски Залив и на излезот на важната вардарска долина, тој претставувал основна раскрсница на најважните сувоземни и водни патишта, преку кои Византија комуницирала со своите северни и западни провинции. Поради ваквата своја воено-стратегиска и економска важност, Солун бил постојано укрепуван, така што за време на словенските напади на Балканот тој бил заштитен со висок, масивен, кружен одбранбен ѕид, кој, заедно со морето, го правел една од најјаките и тешко преземливи тврдини на Полуостровот.

Како мошне богат град, Солун многу рано почнал да им го привлекува вниманието на Македонските Словени. А кога останал вклештен длабоко во нивните поседи, претставувал главна опора и исходна база на византиските напади. Освен да го заземаат него, Македонските Словени се стремеле и географско-политички да ги дооформат своите територии, а со тоа и економско-политички да си ги зацврстат воено-племенските сојузи.

Нападите на градот Македонските Словени во повеќето случаи ги вршеле сосем самостојно, а понекогаш и во заедница со Аварите. Тие се карактеризирале со добра претходна подготвеност и биле водени речиси по сите тогашни правила на војувањето. Од многубројните напади што ги извршиле Македонските Словени на Солун, зачувани се описи само за пет.

Првиот, најрано забележан напад, се одиграл на 26. X. 584 година (стар стил) за време на прославувањето на Мит-

ровден, патрониот празник на градот. Го извршиле близу 5.000 храбри, искусни борци, кои претставувале одбран цвет на словенскиот народ, како што се изразува архиепископот Јован, еден од авторите на „Чудесата на Димитрија Солунски".

Нападот не бил успешен, и тоа од повеќе причини. Пред се, поради фактот што напаѓачите биле релативно малобројни за заземање на јако утврдениот град. Освен тоа, тие не биле доволно вооружени со опсадно оружје, кое во тогашните борби било неопходно потребно за успешното совладување на тврдината.

Само по две години, Солун повторно бил нападнат, но овој пат под раководство на Аварите. Напаѓачите ненадејно се појавиле пред градот и со општ јуриш се обиделе да го заземат, но претрпеле полн неуспех. Располагајќи со различни опсадни балисти и катапулти, тие не се обескуражиле, туку градот го подложиле на опсада. На третиот ден од опсадата тие го обновиле нападот, ставајќи најпрвин во дејство многубројни подвижни кули, овни, желки и каменофрлачки, кои непрекинато го опстрелувале градот со вистински дожд од камења и предмети и предизвикувале паника и страв кај градското население. Еден дел од напаѓачите. сместени во своите желки и овни, под заштита на каменофрлачи и стрелци, се обиделе со рушење на одбранбениот ѕид да направат премин во градот, но во тоа не успеале. Згора на тоа, во редовите на напаѓачите се појавила чума, која предизвикала силен немир и паника, што ги натерало, по осумдневни напади, да ја прекинат опсадата.

Следниот напад на градот, забележан во изворите бил извршен во 616 година. Тој бил подготвен и изведен од воено-племенскиот сојуз на Македонските Словени, на чело со кнезот Хацон, како врховен водач на сојузот. Во нападот зеле учество скоро сите македонски словенски племиња (Драговитите, Сагудатите, Велегезитите, Брсјаците и други). Пред тоа, во 614 година, Хацон презел опсежна комбинирана воена акција по суво и по море против Византија, која траела скоро цели две години и која на крајот завршила со целосен успех. Потоа Македонските Словени ја ограбиле околината на Солун, а најпосле го нападнале и самиот град. Меѓутоа овој пат напаѓачите не извршиле веднаш јуриш на градот, туку најнапред темелно го опкружиле од сите страни. Бидејќи градот откај морето бил недоволно бранет, Хацон се решил главниот удар да го изврши токму од таа страна, но бранителите ја сфатиле неговата намера и веднаш презеле мерки да го заштитат и откај морето. Македонските Словени, овој пат биле толку сигурни во успехот на својот потфат, што со себе ги довеле и своите фамилии и покуќнина, со намера, по заземањето на градот, да се населат во него.

Четвртиот ден од опсадата, по завршувањето на сите подготовки, напаѓачите, како што наведуваат „Чудесата",

со сложни викотници од сите страни се нафрлиле на градскиот ѕид: едни фрлале камења од каменофрлачките, други, со скали се качувале по ѕидот и се обидувале да нападнат, трети палеле оган над градските порти, а другите војници ги опстрелувале бранителите на ѕидовите со снопови стрели. Истовремено со јуришот, откај морето стапила во дејство словенската флота, составена од многубројни еднодрвни чунови. Но штом навлегле во градското пристаниште, поради одбранбените подводни шилци и стапици, чуновите почнале да се превртуваат и да тонат, заедно со своите посади. Во истиот момент одеднаш се појавила силна бура, која внесла уште поголема забуна и неред во словенската флота, та оваа го прекратила натамошниот напад и се повлекла. Нејзиното повлекување деморализаторски влијаело врз другите напаѓачи. Тогаш Хацон, со цел да ги ободри своите војници, сам извршил јуриш на градот откај морето, но притоа бил заробен, а потоа и убиен. По убиството на Хацон, опсадата била прекратена и напуштена.

Неуспешниот напад на градот не ги одвратил Македонските Словени од натамошните обиди за неговото завладување. Чувствувајќи се недоволно силни за самостојно војување, поради претрпените загуби во последниот напад, тие решиле да ги повикаат на помош Аварите. За таа цел до нив било испратено едно словенско пратеништво со богати дарови и порака до аварскиот каган за давање сојузничка помош во замена за големо количество злато и дел од пленот што би паднал при преземањето на градот. Аварите, привлечени од примамливите понуди, веднаш се согласиле да учествуваат во новиот напад на Солун. Во 618 година, по двогодишни подготовки, нивните војски се јавиле пред ѕидините на градот, каде што желно биле очекувани од Македонските Словени.

Напаѓачите и овој пат веднаш не јуришале на градот, туку најпрвин го опседнале од сите страни со своите многубројни опсадни справи. Цели 33 дена, од рани зори до доцна вечер, со сите расположиви средства и сили, се вршеле обиди за заземање на градот, но поради јаките одбранбени ѕидини и одличната византиска одбрана, тој и понатаму се држел.

Аварите, ненавикнати на такви долготрајни опсади, водени од инстиктот за лесни грабежи, ја напуштиле опсадата и се вратиле во своите земји зад Дунав. По нивното повлекување Македонските Словени склучиле примирје.

Исцрпени од долгогодишните борби, Македонските Словени ги прекратиле своите напади и, како што наведуваат современите извори, одржувале релативен мир, кој траел сé до 674 година, кога градот повторно бил нападнат. Повод за обновување на борбите овој пат било пленувањето на водачот на Македонските Словени — кнезот Пребонд

(или Првуд), ко), под обвинување дека крои нов напад на Солун, истата година бил погубен.

Пред главниот јуриш Македонските Словени најнапред го опседнале градот од сите страни, со намера да не му допуштат никакво снабдување однадвор и преку глад да ги принудат граѓаните на предавање. Потоа се дале на грабеж во неговата поблиска и подалечна околина. Тие нивни акции временски траеле скоро цели две години и предизвикале опасен глад во градот, што довело до масовно бегство и предавање на Византијците. Најпосле, на 25 јули 677 година (стар стил), Словените навалиле на градските ѕидини. Меѓутоа, од непознати причини, токму во моментот на јуришот, Струмјаните не стапиле во дејство. Тоа во прилична мера го намалило интензитетот на ударот, но сепак другите племиња не го измениле своето решение, па со несмалена жестина цели три дена јуришале на градскиот ѕид. Меѓутоа, сите нивни обиди да провалат во градот останале безуспешни. Со тоа и оваа опсада, која била со најголеми изгледи за успех, бесповратно пропаднала.

Во текот на сите овие борби, кои со прекини траеле скоро сто години, дошле до најостар израз тогашните словенско-византиски противречности. Додека Македонските Словени со завладувањето на градот се стремеле да ја истиснат Византија од една важна опора на Балканот, последнава во неговото задржување гледала излезна точка за повторно обновување на својата изгубена власт на Балканскиот Полуостров. Но иако во борбите градот не можел да биде освоен, подоцна, под дејството на економските фактори, Словените сепак ќе навлезат во него.

Овие борби на Македонските Словени, како дел од општите борби на Јужните Словени, одиграле голема улога во рушењето на робовладетелскиот поредок на Балканскиот Полуостров. Тие едновремено придонесле за меѓусебното зближување на Македонските Словени и за нивното поврзување и обединување во пошироки племенски заедници.

3. Економско-општествените односи кај Македонските Словени

Уште зад реката Дунав кај Словените било присутно ропството, а во текот на војните со Византија тоа достигнало до патријархалната фаза од својот развиток. Робовите главно се користеле како домашна работна сила, но при доселувањето на Полуостровот ропскиот труд бил користен и во областа на стопанството. Тоа го потврдуваат доста јасно некои византиски писатели. Така на пример, анонимниот автор на „Чудесата на свети Димитрија Солунски“ споменува дека во времето на најдолгата словенска опсада на

Солун во 674 — 677 година, Македонските Словени заробените солунчани им ги продавале на своите соплеменици во внатрешноста на Македонија, а овие ги користеле во домашните и полските работи. Притоа, не се имало никакви обзири: заробувајќи го во 685 година епископот Кипријан, Македонските Словени го користеле него како коњушар. Слични наводи за користење ропска работна сила од страна на Македонските Словени има и кај цариградскиот патријарх Никифор, кој соопштува дека во 678/9 година византискиот цар Константин V за свилени облеки откупил од нив 2.500 свои поданици кои веќе од поодамна се наоѓале кај нив во ропство.

Повеќе фактори и околности влијаеле ропството кај Македонските Словени да не се доразвие. Пред се, кога Македонските Словени се населиле во новите земји, тука ропството било во распаѓање и во голема мера заменето со колонатот, предвесник на феудализмот. Македонските Словени не само што не можеле да ги вратат назад затечените односи во областа на стопанството, туку, напротив, со својата слободна селска општина дале нов импулс за установување и развивање на новите, феудални односи.

Основа на општествениот поредок кај Словените во времето на нивното доселување во Македонија била воената демократија, како последна етапа на родовското устројство и премин кон формирањето на класното општество и неговата државна организација. Во резултат на воените грабежи и пленот дошло до зголемена имотна нееднаквост, која нужно довела и до поголема социјална диференцијација во родовската општина. Значително влијание врз разлагањето на родовските односи кај Македонските Словени имало и нивното мешање со староседелското население. Словените во Македонија дошле разделени по племиња, кои при населувањето се испомешале, поради што настанале нови племиња, како што е случајот со Струмјаните и други. Притоа, племињата се населувале во географско-политички целини што од Византијците биле наречени Склавинии.

Според тоа старата основа на производствените односи, која уште пред словенската преселба била поткопана, сé повеќе се стеснувала и исчезнувала. Основна општествено-економска заедница кај Македонските Словени сега претставувала не родовската, туку територијалната селска општина, со своето патријархално семејство. Крвната врска на членовите на општината сега не била примарна, туку пред се нивната територијална припадност. Во нејзината основа лежеле не родовските односи, макар што тие уште долго време се провлекувале, ами чисто економските односи, кои заедно со територијалната врска ја сочинувале колективноста на заедничкиот живот на членовите на општината. Нејзините членови заеднички се користеле со општинската

земја до прибирањето на летнината. Подоцна, кога индивидуалното производство излегло од рамките на патријархалното семејство и се проширило на полето, орната земја започнала периодично да се разделува помеѓу општинарите на привремено користење. Заедничката сопственост над орната земја била поткопана и почнала да се распаѓа. Сето тоа довело до нови промени во земјишните односи меѓу општината, од една, и нејзините членови, од друга страна. Орната земја сега преминувала во трајна и конечна сопственост на општинарите. Во VII век кај Македонските Словени тој процес почнал да пушта се подлабоки корени. Покрај орната земја, која била омеѓена, лична сопственост на општинарите станале и лозјата и градините. Нивниот сопственик можел со нив слободно да располага, па дури и да ги отуѓува. Така, на пример, во 897 година некоја жена од племето на Драговитите извршила продажба на својата нива и лозје сосе инвентар. Само шумите, пасиштата и водите подолго останале заеднички, т.е. општински. Меѓутоа, овој разложувачки процес не се одвивал со ист интензитет кај сите македонски словенски племиња. Најрано тој ги зафатил и побрзо се развивал кај оние племиња што биле населени во околината на Солун и кај оние што биле почесто подвластувани од Византија. Кај другите племиња што живееле во внатрешноста на Македонија, тој процес се појавил многу подоцна, а и побавно се развивал. Во процесот на утврдување на приватната сопственост во областа на производството кај Македонските Словени настанале значителни економски разлики, кои од своја страна довеле и до класно раслојување.

Како резултат на забрзаното класно-социјално раслојување, уште во првата половина на VII век кај Македонските Словени почнале да се појавуваат видни првенци и кнезови, како што биле Хацон, Пребонд, Акамир и други, кои од својата средина се разликувале не само по својата општествено-политичка улога, туку и по своите културни навици.

Во новите земји земјоделството и понатаму останало основно и главно занимање на Македонските Словени. Земјата ја обработувале со поусовршени алати одошто во старата татковина. Главни орудија им биле: плугот, дрвеното рало, дикелот, мотиката, казмата, секирата, српот, копачот и др. Плугот почнал се повеќе да ги потиснува мотиката и дрвеното рало. Во освојување на нови обработливи површини, покрај копачењето се применувал и стариот, палевински систем.

Во обработката на земјата Македонските Словени, покрај донесеното искуство го користеле и искуството на староседелците, со што значително било проширено и збогатено одгледувањето на различните житни култури. Со се подоброто обработување на земјата тие почнале да доби-

ваат значително повисоки приноси, кои не само што ги задоволувале домашните потреби, туку ја овозможиле појавата и на производни вишоци за размена, меѓусебна или со соседните народи. Освен со сеење житни култури, Македонските Словени се занимавале и со сточарство и градинарство. Во 677 година, за време на најдолгата и најсилната опсада на Солун, што ја организирал воено-племенскиот сојуз на Македонските Словени, Велегезитите ги помагале опсадените солунчани со сушеници и зеленчук. Покрај тоа, Македонските Словени се занимавале и со лозарство и пчеларство.

Друга важна гранка на нивното занимање било сточарството. Богатите пространи пасишта, со кои обилувала Македонија, им давале одлична можност и услови да одгледуваат крупен и ситен добиток, од кој добивале млеко, месо, кожи и волна. Оние пак што биле насѐлени крај реките и езерата се занимавале и со бродарење и риболов.

Паралелно со развојот на земјоделството се развивало и занаетчиството. Неговиот развиток првенствено се должел на потребата од изработка на орудија за обработување на земјата, како и на оружје за самоодбрана и напад. Вѐќе во VII век постоела извесна внатрешна поделба на професионалните занаетчии. Најмногу биле развиени ковачкиот, дрводелскиот, јажарскиот, кожарскиот, ткајачкиот, оружарскиот и други занаети. Македонските Словени биле вешти и во правењето чунови изработени од едно дрво (моноксили). На Халкидик, кај Ринхините, било развиено рударството и топењето на железна руда. Подоцна Македонските Словени почнале да се занимаваат и со трговијата. Стопанството на Македонските Словени во овој период било од затворен тип и долго време имало чисто натурален карактер.

4. *Воената организација и вооружувањето*

Во времето на населувањето на Македонските Словени во Македонија, најголеми промени настанале во нивната воена организација и во вооружувањето. До такви промени првенствено дошло поради постојаните борби што ги воделе со Византија, како во времето на пљачкашките напади, така и по доселувањето. Уште во старата татковина Словените се одликувале со својата физичка сила и издржливост. Поради неразвиеноста на производните сили, нивното вооружување било релативно заостанато, а политичката и воената организација многу слаба.

Основно вооружување им биле лакот, копјето и штитот. Она што не можеле да го постигнат во вооружувањето го надоместувале со својата масовност и итрина. Имено, непријателот најчесто го напаѓале ненадејно на нерамен и

тешко прооден терен. Меѓутоа, заедно со прогресивните промени во нивните производни сили, дошло до натамошни значајни промени и во нивната воена организација и во вооружувањето.

Тие немале постојана народна војска, која би служела како вооружена заштита на племенската самостојност, од една, и како вооружена сила за завојување на туѓи територии, од друга страна. Во војска оделе сите мажи способни да носат оружје. Таа била организирана по племиња, и се делела на одреди и чети. Четата била составена од војници на селската општина, на чело со војводата. Неколку чети од едно племе ја сочинувале племенската војска, на чие чело обично стоел еден или повеќе племенски кнезови. Така, во времето на словенската опсада на Солун во 677 година на чело на војската на Драговитите стоеле повеќе кнезови.

Во зависност од вооружувањето Македонските Словени постојано ја развивале и воената организација. Таа била заснована на десетинскиот систем. Нивната војска се состоела од стрелци, штитоносци, лесно вооружени одделенија, копјеносци, праќи и екипажи на опсадните справи. Основен род војска била пешадијата. Таа била мошне лесно подвижна, што ѝ овозможувало брзи движења и маневрирања. Подоцна била воведена и тешката пешадија (хоплити). За време на една борба со Византијците во 680 година на страната на Ринхините и Струмјаните учествувала и тешка пешадија. Појавата на овој вид пешадија укажува на постоењето на воено-политичка организација, на приличен степен на материјалната култура, како и на економско-општествена издиференцираност на племињата кај Македонските Словени. Македонските Словени ја усвоиле и вовеле и „артилеријата", која во тоа време се состоела од разни катапулти и балисти. Доста добро ја познавале и вештината на пловењето. Тие располагале со голем број чунови (моноксили), кои освен во секидневниот живот ги ползувале и во поморските напади. За време на борбите тие биле користени за самостојни и комбинирани поморски напади. Освен тоа Македонските Словени со овие чунови преземале и смели воени напади по крајбрежјето и внатрешноста на Егејското Море. Таков комбиниран напад по суво и по море тие извеле во 674 година. Во тие напади нивните моноксили достигнувале дури до Дарданелите и соседните егејски острови. Во нивното вооружување во тоа време основно оружје и понатаму останале стрелата, копјето, мечот и штитот. Во текот на војувањето постојано биле воведувани нови видови оружје. Така, при опсадата на Солун во 677 година, Драговитите во борбите употребиле нов тип стрели и други нови оружја, кои солунчаните за прв пат тогаш ги виделе и не знаеле какви имиња да им дадат.

Македонските стрелци во текот на овие долготрајни борби многу ја усовршиле и стрелачката вештина.

Прилично висок развој кај нив достигнала и опсадната техника. Тие имале разнообразни опсадни справи, како што се каменофрлачките, пламенофрлачките, јуришните скали, овните, желките, кулите и други направи. Така, при опсадата на Солун во 686 година Македонските Словени само на источната страна имале поставено над 50 вакви опсадни направи. Изработката на овие сложени опсадни направи тие делумно ја научиле од Аварите, а делумно и од Византијците. Меѓутоа, при нивното изработување Македонските Словени дале и свој придонес.

Паралелно со усовршувањето и унапредувањето на своето вооружување, Македонските Словени ја имале усовршено и бојната вештина. Своите напади ги изведувале не случајно и стихијно, како во прво време, туку сосем плански, подготвени и со однапред определена цел. Најчесто напаѓале самостојно, а понекогаш и во заедница со други племиња. Вакви заеднички напади биле организирани при опсадите на Солун во 586 и 618 година, во кои учествувале и Аварите како нивни сојузници. При нивното изведување Македонските Словени се служеле со разни лукавства. Најчесто вршеле ненадејни напади, кои имале за цел да предизвикаат страв и да внесат збрка во редовите на непријателот. Вакви ненадејни напади биле извршени на Солун во 584 и 618 година. Понекогаш нападите ги изведувале со претходни извидувања и одбележувања на лесно освоивите места. Така, во борбите за Солун во 616 и 677 година, пред да извршат јуриш на градот, спровеле детални извидувања и обележувања на слабите места на градскиот ѕид. Јуришале одеднаш, со сите расположиви воени ефективи. Ако притоа не можеле да ја преземат непријателската тврдина, тие не се повлекувале, туку борбата ја продолжувале со опсада и настојувале со глад да го скршат отпорот на бранителите. Нивните опсади временски траеле различно. Понекогаш тие престанувале по неколку дена, а понекогаш траеле и по неколку години, во зависност од конкретната ситуација и околностите. Кога Солун во 586 година бил подложен на опсада, таа траела само осум дена. Најдолго пак тој бил опседнуван при нападите од 614 до 616 и од 674 до 677 година. Тогаш опсадите траеле по цели години. Македонските Словени своите напади најчесто ги изведувале денски. Борбите ги започнувале уште во зорите, а со настапувањето на ноќта ги прекратувале.

Македонските Словени во борбите со непријателот се истакнувале како смели и бестрашни борци, особено кога ја бранеле својата племенска слобода и самостојност.

5.

Обособување на склавиниите во Македонија

Во врска со борбите помеѓу Византија и Македонските Словени неколку пати се споменуваат склавиниите. Првиот извор што споменува склавинии, поправо Склавинија (Σκλαβηνία) е византискиот автор Теофилакт Симоката (II половина на VI — VII в.). Во тоа време под овој поим очигледно се подразбирало неорганизираното и необединето словенско подрачје, прекудунавска Склавинија, т.е. денешно Влашко. „Чудесата на Димитрија Солунски" (II деценија на VII в.) веќе го познаваат популарниот облик на ова име Σκλαβινίαι), со кое се опфатени и уште некои склавинии, што кон крајот на VI век ја признавале власта на Аварите и нивниот каган. Според тоа, може да се претпостави дека византиските автори од втората половина на VI и почетокот на VII век ова име го употребувале како општ назив за секој предел населен со Словени.

Македонските склавинии прв ги споменува Теофан Конфесор (околу 760 до околу 818) и тој е всушност единствен византиски автор што ги наречува „Склавинии во Македонија", (τάς κατα τήν Μακεδονίαν Σκλαυίνίας), а така ги вика и Анастасиј Библиотекар (800 — 880).

Во писмото на византискиот цар Михаил II, упатено до Лудовик Побожни (814 — 840), изречно се зборува за склавиниите што се наоѓале околу Тракија, Македонија и Солун.

Сево ова потврдува дека не само склавиниите покрај брегот на Јадранското Море, за кои опширно пишува единствено Константин Порфирогенет, туку и на другиот дел на Балканскиот Полуостров се наоѓале, исто така, цела низа склавинии. Нив ги имало во Грција, Епир, Тесалија, Пелопонез, Тракија, а посебно во Македонија.

Може да се претпостави дека македонските склавинии како организирани родовско-племенски заедници постоеле уште од 80-тите години на VI век. Тие биле некое време во извесна зависност од Аварите.

Аварите уште кон крајот на VI век незадржливо продирале сé до работ на Пелопонез и до Цариград (584 г. и натаму). Притоа тие им помагале на Словените да се зацврстат за постојано и сигурно во поголемиот дел на Балканскиот Полуостров, каде што тогаш одделни словенски племиња формирале свои склавинии.

Македонските склавинии (под ова се подразбираат склавиниите во поблиската и подалечната околина на Солун) отпрвин служеле како огромен резервоар на воена сила со која биле извршувани разни стратегиски операции на еден дел од Балканскиот Полуостров, за потоа сета моќ да ја сосредоточат против Солун. Во секоја од овие склавинии, како оние во некогашна Русија и на брегот на Јадранското Море, обично било населено по едно словенско племе, кое

по својата бројност не можело да се спореди со германските племиња.

Како и во својата прататковина, Словените живееле по села и општини. Така, склавинијата во која живеело племето Драговити, се простирала западно од Солун. Подоцна оваа склавинија, во втората половина на IX век, го добила името според тоа племе — Драговитија. Таа имала и свој бискуп. Свои склавинии имале и Сагудатите, Велегезитите, Вајунитите, Берзитите (за кои некои тврдат дека се Брсјаците).

Покрај овие, имало и други македонски склавинии населени со нам познати македонски племиња. Во тие склавинии покрај Словените, живееле уште и други тука одамна населени народи. Овие староседелци отпрвин не се мешале со Словените, на чие чело, во склавиниите, стоеле архонти или егзарси, или пак со одделни словенски племиња управувале регеси (ῥῆγες) Посебна титула е егзархонт, што ја имал еден анонимен словенски водач, на чело на некоја македонска склавинија. Сите овие биле титули што византиските автори им ги давале на водачите или на водачот на Словените воопшто во Македонија, или на одделни тамошни племиња, како и на оние што стоеле на чело на една тамошна склавинија. Како се викале тие на словенски јазик не се знае.

Вака наречуваните „архонти“ означувале повеќе или помалку зависни или независни главатари на Словените во одделни склавинии и тие со нив управувале онака како и некогашните словенски кнезови преку Дунав во VI век.

Според пишувањето на Константин Порфирогенет, и на овие македонски склавинии, како и на оние на Приморјето, отпрвин на чело им стоеле жупани — старешини. Нив подоцна ги замениле нови управувачи со византиската титула архонт. Тие заедно со своето племе во одделна територијална единица барем формално ја признавале власта на византискиот цар и со тоа ги примале врз себе сите оние обврски што произлегувале од тој однос.

Во Македонија византиските извори општо споменуваат архонти на Словените, а само еднаш се дава титулата „архонт на Словените на Велзитија“, т.е. на една македонска склавинија. Тоа укажува дека и овие архонти биле еден вид наследни главатари на одделни племиња во своите територијални единици и дека овие племиња нив ги избирале од родот што го сакале и милувале, како што пишува Константин VII, кога зборува за архонтите на приморските склавинии.

Архонтите на македонските склавинии биле главно независни и од Византија и од Бугарија, што најдобро го

илустрира нивниот однос спрема овие држави. Владетелот на едно македонско племе се викал „ρήξ". Имало и повеќе регеси (ρῆγες) што владееле со едно племе (на пр. Драговитите). Овие владетели (главатари) биле меѓусебно сложни, а посебно во војната. Биле поврзани со другите „регес" што стоеле на чело на одделни многубројни племиња во Македонија, така што на повик си доаѓале едни на други на помош. Овде не можела да успее византиската тактика на разединување и поткопување, што ја препорачувал т. н. Псевдо-Маврикиев Стратегикон. Но тоа не значи дека овие „регес" останале и натаму воинствени. Имено, во солунската околина имало и такви што повремено одржувале мирољубиви односи со Солун, каде што се зборувало словенски, а стоеле и во извесна зависност од византискиот цар (на пр. Првуд — Пребонд).

Што значи „егзархонт" на една склавинија во околината на Солун, за која пишува Игњатиј Ѓакон, тешко е нешто поопределено да се каже. Кон крајот на VI век, склавиниите на Балканот, па според тоа, се разбира, и во Македонија, веќе претставувале силна воена моќ и под водството на Аварите постојано ја загрозувале нивната заедничка почетна цел — Солун, а потоа и подалечната — Цариград.

Овие склавинии претставувале војнички уредени единици што давале првокласно извежбани, искусни и најмодерно вооружени војници.

Склавиниите што се наоѓале на територијата на префектурата на Илирик со седиште во Солун одржувале разновидни односи со оваа воена институција.

Наскоро овие склавинии, кои непрестајно го загрозувале Солун, и самите доживеале голем напад врз своите територии. Тоа бил прв успешен напад против нив, а го извел цар Констанс II (641 — 668), во 658 година. Тој им нанесол страшен удар и заробил огромно многу луѓе. Сега склавиниите наместо номинално ја признале вистински врховната власт на Византија. Но ваквата покорна состојба не траела долго време. Ринхинскиот главатар Првуд се нафатил да ги обедини сите соседни и блиски склавинии, со цел на крајот да се дофати до Солун, но поради тие негови намери бил погубен (674). Тогаш се дигнале оние склавинии во кои живееле Стримонците, Сагудатите, Драговитите и други. Нивното востание било безуспешно, но со ова бил формиран првиот силен воен сојуз на македонските склавинии.

Освен непрестајните напади од балканските склавинии сé до Хелеспонд, положбата на Византија уште повеќе ја комплицирало доаѓањето на Бугарите, кои со Словените во североисточниот дел на Балканот формирале држава.

Веднаш по своето доаѓање на Балканскиот Полуостров, Бугарите присилиле одделни словенски племиња и Византија да им плаќаат данок. Но царот Јустинијан II (685—695, 705—711) ги запрел тие плаќања. Откако се осигурил во грбот од Арапите на Исток, тој се потпрел врз својата силна коњица, удрил на Бугарите и ги победил. Охрабрен од успехот сега тргнал против склавиниите, па допрел до Солун (688/9). Притоа покорил голем број словенски племиња, а еден голем број населил во темата Опсикија во Мала Азија.

Оттогаш овие главно покорени склавинии мирувале долга низа години. Кон крајот на VII век, за што поефикасна одбрана, се формирала, покрај темата Тракија, и темата Елада, во Средна Грција, а делокругот на илирската префектура се сведувал на Солун со околината.

Наспроти тоа, надвор од дофатот на византиската власт и понатаму останал најголем дел од Балканот што го држеле Бугарите и склавиниите. Но иако Цариград не успеал наполно да ги стави под своја власт сите склавинии, сепак тој успеал во луѓе нив значително да ги ослабне. Имено, нешто без сила, нешто со сила, Византија ги преселила Словените од овие единици во своите новосоздадени теми, каде што тие станувале војници и земјоделци. Со тоа империјата на евтин начин ја зголемувала својата војска и привремено ги зајакнувала оние предели што страдале поради долготрајните војни.

Ваквиот вид преселување на Словените и колонизацијата на Византијци и други народи подоцна сé посилно продолжувал. На ваков систематски начин биле потискани Македонските Словени од југ кон северна Македонија, а се обидувале дури и да ги асимилираат. Меѓутоа, војните не престанувале. Византија и во VIII век ги водела против својот главен непријател Бугарија. Во тие борби новиот цар Константин V (741 — 775) ги придобил на своја страна Словените, кои во огромни маси ја напуштале Бугарија и преминувале кај Византијците; овие пак потоа ги населувале нив по малоазиските теми.

Но Константин, за време на овие војни, ги напаѓал и склавиниите по Македонија (758/9), кои ги поробил а нивното население го покорил. Ова не им попречило на архонтите на Словените од другите склавинии (од приморските делови на Грција, источно од Солун) и понатаму да гусарат и да заробуваат жители од егејските острови, и тоа во толкава мера што царот бил присилен преку своето пратеништво од нив да ги откупува своите поданици (768/9).

Кога Бугарите, пак, се обиделе да поробат една од тие склавинии („Велзитија“) и нејзиното население да го преселат во Бугарија, во тоа ги спречил цар Константин, кој ги победил кај Литхосорија. Така овој „василевс“ станал еден вид заштитник на македонските склавинии што, во извесна мера, ја признавале неговата власт. Но веќе во

времето на Ирена (780 — 797), која управувала со царството како регент на малолетниот син Константин VI, внук на Константин V, биле преземени воени мерки да се покорат и присилат на послушност словенските племиња во околината на Солун и во Грција (Елада). Овој поход во целост успеал (783), со продор дури до Пелопонез.

Словените, а посебно водачите на македонските склавинии, не можеле да ја забораваат оваа експедиција на Ирена. Еден од водачите, Акамир (по се изгледа, од антско потекло), архонт на Словените на „Велзитија", започнал да се меша во династичките прилики на византиското царство (околу 799), па тоа морал да го плати со ослепување.

Но веќе во 802 година избувнал државен удар и Ирена била симната од престолот, а на нејзино место дошол Никифор I (802 — 811).

Таа година првпат се споменува Македонија како посебна тема, што го опфатила западниот дел на Тракија. Во неа, како и во Тракија, на чело на војската бил мострател. Приближно во исто време била основана и темата Пелопонез, а во првите години на IX век — темата Кефаленија, што ги опфаќала Јонските Острови. Но и покрај тие реформи, Словените тогаш и натаму го држеле цел Епир, дел од Елада, Пелопонез и Македонија. Во почетокот на IX век тие на Пелопонез дури и дигнале востание што зело големи размери, но набргу биле поразени.

Со намера да ја смири земјата, Никифор наредил „христијаните" да се преселат од темите на неговото царство во склавиниите и нивните имоти да се продадат. Ова присилно и бескрупулозно преселување било спроведено во рок од неколку месеци.

Во склавиниите овие нови жители добиле земја и морале да вршат должност како стратиоти. Овој податок за преселувањето на населението од разни краишта е карактеристичен по тоа што докажува дека Словените во тие склавинии уште биле повеќето пагани, дека ѝ биле наполно покорни на византиската власт, инаку царот не би можел да спроведе толку драстични мерки без никаков отпор од нивна страна. Со раселувањето Византија ја разбила компактноста на македонските склавинии, во чија оданост не верувала. Крајната цел на оваа колонизација пак била да се забрза процесот на потчинување и грцизирање на словенското население и со новите жители да се ослабне етничката монолитност.

Иако повеќето склавинии биле под посилно или послабо влијание и власт на воинствениот Никифор I, тие сепак во судирот на Византија со Бугарија (809 — 811) одиграле решавачка улога. Имено, бугарскиот хан Крум ги придобил на своја страна, покрај Аварите, склавиниите, како и нивните архонти, па заедно со нив решително ја поразил византиската војска. Во бојот загинал и самиот

Никифор (811). Овој пат Крум најмил во војската Словени од тие склавинии, како и Авари. Тоа јасно укажува дека овие склавинии биле наполно независни од Бугарите и дека стоеле во интересната сфера и под власта на Византиската империја.

Под Крум Бугарите сé повеќе ја пројавувале својата надмоќ над Тракија и Македонија. Така, во пролетта на 814 г. ханот Крум тргнал на Цариград со голема војска кон која ги приклучил Аварите и сите склавинии. Во таа невола византискиот владетел преку своите пратеници барал помош од Лудовик Побожни против „Бугарите и другите варварски племиња", мислејќи, секако, на склавиниите.

Што не дошло до опсада на Цариград, треба да се заблагодари на ненадејната смрт на бугарскиот хан. Од еден изворен податок може да се забележи дека Крум успеал да ги поврзе во еден сојуз сите склавинии кои веќе само номинално ја признавале византиската власт, и да ги придобие за својот план — освојувањето на Цариград.

Меѓутоа, походот на Цариград под водството на Крум во 814 г. претставувал измена на нивните дотогашни стремежи: на Солун му отстапила место една поширока, но затоа и понеблагодарна задача со чие извршување требало да се ликвидира центарот на византиската држава. Мислеле дека на овој начин сосем ќе се ослободат од туторството на „василевсите", кое сега било претежно од формална природа.

По смртта на Крум, Бугарија мирувала долга низа години, а на Балканот владеел период на мир што бил нарушен со доаѓањето на Михаил II (820 — 829) на византискиот престол.

За време на неговото владеење македонските склавинии пристапиле кон востанието на Тома Словен, кој од 821 — 823 г. го опседнувал Цариград. Значи, тие и овој пат се раководеле од истата цел како и за време на Крум, та притоа, макар привремено, ја отфрлиле византиската власт и станале сосем самостојни.

Но бидејќи движењето на Тома било наскоро наполно совладано, склавиниите автоматски морале да се вратат во истиот однос спрема Византија што го имале и пред востанието.

Меѓутоа, за време на царот Теофил (829 — 842), син на Михаил II, Словените на најјужниот дел од Балканот масовно се дигнале против Византија. Имено, во 836/7 г. непознатиот егзархонт на оваа склавинија што се наоѓала во планинскиот предел на Солун подигнал востание од големи размери. Според пишувањето на еден современ опишувач на овој настан „крв течела со потоци, а околината ја горел оган". Тешко е да се определи која била таа склавинија. Се знае само дека во неа, како и во другите склавинии, се влегувало со царски пасош (со печат и царско

одобрение) или со пропусница, како што се гледа тоа од истиот извор.

Може да се претпостави дека ова востание наскоро било задушено, како и сите други, зашто Византија во тоа време била доволно силна да го совлада успешно секој обид за отпор.

По ова време, во византиските извори веќе не се споменува ни една македонска склавинија.

Секако може да се претпостави дека македонските склавинии престанале да постојат откако во првата половина на IX век биле организирани како посебни теми и области на Солун и Драч, тие главни вазинтиски упоришта на Егејско и Јадранско Море. Малку подоцна со основањето на темата Никопол во Епир била воведена тематска управа, а со основањето на Струмската тема, Солунската тема била поврзана со трачките теми Тракија и Македонија (нејзиниот прв стратег се знае од 813 г. и се викал Иван).

Изградување на ваков тематски систем на Балканскиот Полуостров укажува на процесот на постепено воспоставување на византиската власт во одделни балкански предели, од кои таа била истисната со колонизацијата на Јужните Словени. Го одразува процесот на политичката реокупација на тие области како и на нивната културна реелинизација. Со вековната изградба на ваквите теми Византија во крајбрежните предели на Балканот успеала да ја воспостави својата власт и својот управен систем, но затоа внатрешноста на Полуостровот и понатаму останала надвор од дофатот на оваа империја. Па сепак, токму јадранските склавинии малку порано се формирале во држави и државички. Тоа не се случило со македонските склавинии, затоа што тие биле многу поблиску до влијанието и центарот на воената и политичката сила на Византиското царство и многу повеќе зависни од Цариград.

Затоа е и сфатливо што Византија доста лесно успеала за век и пол да го осуети формирањето на тие склавинии во одделни државни творби или во македонска држава.

6. Ширење на бугарската власт во Македонија

Кога на чело на бугарската држава застанал ханот Пресијан (836 — 852), дошло до заострување на бугарско-византиските односи. Не придржувајќи се кон никакви договори склучени од неговите претходници, Пресијан ја исползувал зафатеноста на Византија и со голема војска, предводена од каганот Избул, навлегол во византиските територии. Зафатеноста на Византија во борбите со Арабите, а и споменатото раздвижување на Македонските Словени во околината на Солун, биле поволни услови што ги искористила Бугарија, за да го наруши Триесетгодишниот мир


со Византија. На напади од Бугарија биле изложени повеќе македонски области. Катанот Избул со голема војска навлегол во земјите на Смољаните со цел да ги освои овие македонски територии. Врз база на оскудните вести може да се утврди дека тогаш под бугарска власт паднале повеќе области од северна Македонија. Бугарските освојувања во Македонија продолжиле и во времето на Борис (852 — 889). Во житието на Тиверионолските маченици, што врз база на постари извори го напишал Теофилакт Охридски, има податоци што говорат дека поголемиот дел од струмичката област била заземена од страна на владетелот Борис. Во врска со тоа Теофилакт истакнува дека на Бориса „не малку народи му се покориле". Тогаш, се вели во житието, и Словените од струмичката област биле натерани да се признаат „себеси за робови" и да ги исполнуваат наредбите на бугарскиот владетел.

Во времето на Бориса била дефинитивно потчинета под власта на Бугарите брегалничката област. Тој успеал да се прошири и преку Вардар, во западномакедонските области. Тоа се гледа од податоците на Климентовото житие, каде што се наведува дека Борис ги освоил Охрид, Главиница, Девол и други места.

Кога во 864 година дошло до склучување мировен договор меѓу Бугарија и Византија, голем дел од територијата на Македонија бил веќе завладеан од страна на Бугарите. Според одредбите на договорот, Борис се обврзал да го прими христијанството од страна на Цариградската патријаршија за државна религија. Овој услов не бил случајно поставен од Византија. Римската и Цариградската црква во овој период употребувале секакви начини за да ги затврдат своите црковни позиции на Балканот. Затоа, примањето на христијанството за државна религија на бугарската држава, што како услов го поставила Византија во договорот, имало чисто политички карактер.

Сакајќи на својата држава да ѝ даде позначајно и признато место меѓу европските држави, а на претставниците на феудалната класа едно силно орудие во рацете, Борис ја прифатил христијанската религија за државна вера.

Бугарската држава, која во времето на владеењето на Борис успеала да се прошири и да стане моќна и голема балканска сила, се борела за поголема не само политичка, туку и црковна самостојност. Нејзината политика била доста променлива, како спрема Германската империја и Римската црква, така и спрема Византија. Со цел да ја задржи во сферата на своето влијание, Византија морала да води доста попустлива политика. Таа почнала да попушта не само во однос на ширењето на словенската писменост, туку и во отворањето на словенски цркви и изградувањето на голем број словенски свештенички кадар.



Кирил и Климент — фреска од црквата Света Софија во Охрид (XI век)

ГЛАВА III

ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО И КНИЖЕВНОСТА КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ СЛОВЕНИ

1. Раната христијанизација на Македонските Словени

Со населувањето на Словените, скоро насекаде во Македонија била сериозно погодена постојната црковна организација. Напаѓајќи ги градовите во заедница со Аварите, Словените покрај другите згради, ги рушеле и „божјите храмови“ — се вели во житието на Тивериополските маченици. Тоа е разбирливо, бидејќи Словените дошле во Македонија со своја многубожна вера, со свои обичаи и бит, кои не им биле својствени на староседелците — христијани. Населените Словени — пишува Теофилакт — „не знаеле за Христовото име, му служеле на скитското безумие, како на сонцето, така и на месечината и на другите ѕвезди, а некои пак им принесувале жртва и на кучињата“.

Извршената христијанизација на староседелците била еден од факторите што влијаеле и Македонските Словени да ја примаат христијанската религија. Друг фактор што уште посилно и организирано влијаел Македонските Словени да го примаат христијанството била византиската држава, со својата неразделна помошничка — црквата. Едно од главните орудија за потчинување на Словените и нивното претворување во послушни ромејски поданици било христијанството. Заедно со преземањето на воени походи и колонизаторски мерки, се вршело и покрстување на оние Словени што потпаѓале под византиската власт. Со тоа на голем број Македонски Словени им бил нанесуван удар, не само во однос на нивната верска, туку и народносна и културна самобитност и се создавале услови за нивно елинизирање. Особено активна политика почнала да води Византија за покрстување на Македонските Словени во времето на владеењето на императорите — иконоборци. Во една хроника на атонскиот (светогорскиот) манастир Кастамони се вели дека „во времето на неблагочестивите иконоборци василевси биле покрстени т.н. Ринхини и попросто Влахоринхини и Сагудати“. Од еден список пак од VIII век, што ги содржи епархиите во балканските поседи, се гледа дека постоела и епархијата Македонија управувана од митро-

полит, а со центар во градот Солун. Во списокот се набројени 18 македонски градови, кои станале центри на епископи, потчинети на солунскиот митрополит. Меѓу другите, такви градови биле: Хераклеја (Лерин), Кастра (Костур), Едеса (Воден), Серез и др. Толкавиот број епископски центри во Македонија јасно говори дека византиската држава водела засилени акции и на црковен план, преку примањето на христијанската вера Македонските Словени да се натераат да станат послушни ромејски поданици.

2. *Почетоци на писменоста кај Македонските Словени*

Од пишувањето на првиот бранител на словенската азбука и писменост, Црноризец Храбар, во единственото зачувано негово сочинение трактатот „О писменех", се дознава фактот дека Словените, уште додека биле многубошци и немале книги, употребувале „црти" и „решки" за запишување на некои работи што им биле потребни. Иако Црноризец Храбар го нема определено времето кога Словените се служеле со „црти" и „решки", секако станува збор за еден долг период што трае не само за времето додека Словените се наоѓале во старата татковина, туку се продолжува и по нивното доаѓање на Балканот, па и по нивното покрстување.

Ако се следи кажувањето на Црноризец Храбар, се дознава нешто и за втората етапа од развојот на писменоста кај словенските народи, до колку употребата на „цртите" и „решките" ја сметаме за прва етапа во развојот на писменоста.

Откако Словените биле покрстени, — пишува Црноризец Храбар — тие се мачеле со помош на римски и грчки букви да пишуваат на словенски јазик, но без некои правила. Употребата на римската и грчката азбука траела многу години. Тешкотијата со употребата на овие две азбуки била особено голема кога требало да се означуваат оние гласови од словенскиот јазик за кои ги немало потребните букви во римската и грчката азбука.

Ова кажување на Црноризец Храбар за употребата на римската и грчката азбука кај Словените е едно од несомнените сведоштва за постоењето на некаква словенска писменост пред создавањето на словенската азбука. Меѓутоа, употребата на грчката азбука не престанала со изнајдувањето на словенската азбука; ред појави во текот на вековите укажуваат на тоа дека таа продолжила и понатаму.

3.

Кирил и Методија и создавањето на словенската азбука

Во славистиката и историската наука постои мислење дека во Византија кон средината на IX век се вршени подготовки за создавање словенска азбука и писменост и дека за таа работа можеле да бидат ангажирани познатите византиски учени луѓе и мисионери Методија и Константин, кои, како солунци, го знаеле словенскиот старомакедонски јазик.

Се знае дека словенската азбука ја создал Константин (Кирил), а дека брат му Методија заедно со него и со некои други ученици, ги превел потребните богослужбени книги од грчки на јазикот со кој говореле Македонските Словени, од околината на Солун, а којшто во најстарите словенски преводи е наречен словенски.

Според поголемиот дел од научниците, Кирил најпрвин ја составил глаголицата; има доста научници, кои мислат дека кирилицата е прва словенска азбука, а има и такви мислења дека обете азбуки Кирил ги составил едновремено.

Со помошта на овие азбуки и служејќи се со словенскиот јазик, старомакедонскиот, што тие добро го знаеле, браќата Кирил и Методија, издигајќи го македонскиот говор од Солунско на степен на прв книжевен словенски јазик, ги превеле нужните богослужбени книги, при што ја користеле, секако, и помошта на некои помошници, ученици, добри познавачи на старомакедонскиот јазик. Разбирањето на овој старомакедонски јазик не можело да претставува некаква особена тешкотија ни за другите словенски племиња, бидејќи во тоа време уште не постоеле значителни разлики меѓу словенските говори, како што е тоа случај денеска.

Откако ги подготвиле потребните преводи, византиските мисионери Константин и Методија, со групата ученици, отишле во Велика Моравија, каде што ја започнале својата дејност на организирањето просвета на словенски јазик и богослужба со употреба на словенскиот јазик, којшто им бил разбирлив на Великоморавците.

Позната е доста добро судбината на таканаречената моравска мисија — низата перипетии низ кои минала таа, успесите, прогоните, за да ѝ дојде крајот по смртта на нејзините водачи Константин (Кирил) во 869 и Методија во 885 година.

По смртта на водачите на моравската мисија настанале тешки денови за словенската богослужба и просвета и за учениците на солунските браќа. Дел од овие ученици биле продадени како робови; позначајните, меѓу кои спаѓаат Климент, Наум, Ангеларија, биле изгонети од Велика Моравија, а за поголемиот дел од учениците изворите ништо не говорат.

Иако дошло до пропаѓање на моравската мисија, последиците од неа биле од епохално значење за идниот културен развиток на словенските народи: останала словенската

азбука, која понатаму ја користеле поголемиот дел од словенските народи, останал словенскиот книжевен јазик, кој, исто така, долго време се користи од многу словенски народи, и, на крајот, останале најзначајните ученици на солунските браќа: Климент, Наум, Константин Презвитер, кои го продолжиле делото на великите учители, во околности што биле поволни за развојот на словенската писменост и богослужба.

4. *Климент Охридски и формирањето на Охридската книжевна школа*

Смртта на архиепископот Методија, долгогодишниот водач на моравската мисија, ја ставила во тешка положба словенската богослужба во Велика Моравија и двестете ученици, негови и на Кирила. Од страна на непријателите на словенската богослужба било сторено сé да се уништи делото на солунските браќа. На рака на непријателите на словенската богослужба им одел и великоморавскиот кнез Светолик, кој не бил доволно свесен за нејзиното значење. Во одбрана на словенската богослужба и просвета се дигнале учениците на солунските браќа на чие чело застанале Горазд и Климент. Горазда, како Моравец, Методија го наименувал за свој наследник на архиепископскиот престол во Велика Моравија, но латинско-германското свештенство одбило да го признае решението на Методија, а презело последна и решавачка борба против словенските учители и словенската богослужба. Безуспешни биле напорите на Горазда и Климента да го одбранат правото на постоење на словенска богослужба. Со молчелива согласност на моравскиот кнез Светолик, латинско-германските свештеници ја уништиле словенската просвета и богослужба во Велика Моравија (и Панонија) на тој начин што ги разбркале учениците на Кирила и Методија на сите страни.

Во групата од најпознатите словенски учители што биле изложени на тешки прогони и малтретирања се наоѓале Климент, Наум, Ангеларија. Нив латинско-германските свештеници ги изгониле од главниот град на Велика Моравија на југ, кон Балканот, кон Бугарија.

Спуштајќи се на југ, словенските учители пристигнале во бугарската држава и кај бугарскиот кнез Борис, кој знаел добро да ги пречека и да ги искористи за потребите на ширењето на словенската писменост и богослужба во новоосвоените области од Византија, во Македонија.

Ставајќи му се на располагање на бугарскиот кнез, Климент бил упатен за учител во областа Кутмичевица, што зафаќала дел од денешните гранични области на Југославија, Албанија и Грција, со главните места Девол, Главиница и Охрид. Добивајќи можност да ги разгрне своите

учителски способности, Климент успеал во текот на дваесет и три години (како учител во Кутмичевица до 893, а потоа епископ во областа Велика, до крајот на својот живот, 916, во Охрид) да издигне во описменувањето голем број луѓе, свештеници и учители, чиј број оди до околу 3.500 и да го воведе во богослужбата словенскиот јазик, со кој говорел големиот дел од населението на овие области. Распределувајќи ги своите ученици по областите Кутмичевица и Велика, тој успеал овие области на бугарската држава да ги издигне на највисоко просветно ниво.

Освен со просветителската и верска работа, учителот и епископот словенски Климент Охридски за сето време на својот живот се занимавал и со писателска работа. Климент Охридски е првиот оригинален словенски и македонски поет, беседник и просветител. Тој работел на збогатувањето на најстарата старомакедонска книжевност со преводи од грчки јазик и со оригинални творби. Биографот негов Теофилакт за тоа оставил низа податоци. Така, Теофилакт кажува дека со преведувачка работа Климент Охридски се занимавал до последниот час на својот живот, привршувајќи го на болесничката постела преводот на богослужбениот текст на „Цветниот триод". Многу позначајна е оригиналната работа на Климент Охридски. Тој составува низа беседи, молитви, химни, похвали и други псалмоподобни песни испеани во чест на Исуса Христа, Богородица, Јован Крстител и други дејци на христијанската црква. Најголемиот дел од овие стихотворби на Климент Охридски се слеале со богатата црковна поезија од најстариот период на словенската поезија, што е преведена од византиски јазик. Покрај поезија, Климент Охридски составил голем број „слова", беседи, со кои го поучувал населението како правилно ќе ги исполнува верските обреди и како ќе живее еден хуман живот. Според пишувањето на неговиот биограф Теофилакт, Климент Охридски составил беседи за сите празници во годината. Во големиот фонд од беседи во старословенската книжевност, на Климента му се припишуваат нешто под 50 беседи, од кои над 14 се сигурно засведочени како Климентови, со неговото име во заглавието на беседата.

Творбите на Климент Охридски се едноставни, непосредни и разбирливи за секого. Исполнети се со топлина и лиричност. Со топлина и неизмерна љубов особено се истакнува прочуената Климентова прекрасна „Похвала на нашиот блажен татко и учител словенски Кирил Филозоф". Поради својата непосредност, топлина и едноставност, творбите на Климент Охридски набргу стануваат достоинство на скоро сите словенски книжевности. Нив ги препишуваат разни словенски писатели во текот на повеќе столетија.

Со името на Климента Охридски е поврзано и издигањето на многубројни цркви и манастири во Охрид и во областите Кутмичевица и Велика. Вториот Климентов био-

граф, охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан, на Климента му ја припишува заслугата за создавањето на една нова азбука, полесна за пишување од таа што ја создал Кирил. Во науката се поделени мислењата во поглед на ова укажување на Хоматијана. Со својата просветителска, верска и книжевна дејност Климент Охридски стои на чело на творците на најстарата словенска и македонска книжевност. Тој станува заштитник на Охрид и неговиот култ, изразен во разни манифестации, живее кај населението до нашиве денови.

Во часот кога на Климента му било оддадено признание од страна на бугарскиот кнез со тоа што бил назначен за епископ во Велика, во 893 година, на неговото место за учител во Кутмичевица бил поставен Наум, собрат и сподвижник на Климента од најраните години на животот. Во науката има мислења дека овие двајца биле дури и родени браќа. По напуштањето на Велика Моравија и доаѓањето кај бугарскиот кнез, кога Климент бил испратен во Кутмичевица 886, Наум останал да работи некаде околу кнежевскиот двор. За Наум Охридски постојат две доста скудни биографии. Доаѓајќи во Кутмичевица како учител, тој го продолжува делото на својот голем претходник. Го просветува народот и станува популарен меѓу населението. Како учител Наум останува седум години. Се повлекува во манастир (веројатно кај Климента, во Охрид), за, со помош на бугарскиот кнез, во 905 година да го изгради својот манастир, денешниот Св. Наум. Наум Охридски починал во 910 година и е закопан во својот манастир. На неговиот закоп присуствувал и епископот словенски Климент Охридски. Со името на Наум Охридски се врзани низа народни преданија, но не е конкретно познато некое негово книжевно дело, иако би можело такво нешто и да се очекува.

5. *Учениците на Охридската книжевна школа*

По смртта на Климент Охридски и Наум Охридски, во овој крај на Македонија книжевната работа, повеќе препишувачка, ја продолжуваат учениците на Охридската книжевна школа, како што е наречена школата на Климента и Наума. Познати се неколку анонимни автори на биографиите на Климент Охридски и Наум Охридски, токму од редот на тие ученици. Пред сé тоа се авторите на незачуваните опширни словенски житија на охридските просветители. На постоењето на овие биографии на Климента и Наума укажува анонимниот биограф на Наума во зачуваното Прво Наумово житие. Во ова житие анонимниот составувач на Наумовата биографија кажува, дека, по наредба на деволскиот епископ Марко, ученик на Климент Охридски и Наум

Охридски, се зафатил со пишувањето на биографијата на охридските просветители, бидејќи, и покрај големите усилби што ги вложил во барањето на опширните житија на Климента и Наума, тој нив не можел да ги најде. Од зачуваната Наумова биографија лесно се разбира дека, пред да ја напише оваа, тој напишал слична за Климент Охридски. И оваа втора Климентова биографија не е зачувана.

Друг еден многу талентиран, но таков анонимен автор и вистински продолжувач на Климентовата книжевна традиција е оној благороден и благодарен Климентов ученик што, веројатно, по повод годишнината од смртта на Климент Охридски, ја составил прекрасната Служба на Св. Климент Охридски, зачувана во еден препис од XV век. Петте столетија што го делат настанувањето на овој поетски текст од времето во кое е зачуван преписот со кој располага науката, е убаво сведоштво за почитта што му е укажувана на охридскиот просветител и исто така доказ за книжевната вредност на делото. Наполно подражавајќи го Климентовиот начин на пишување и искажување, анонимниот ученик и почитател на Климент Охридски ги истакнува големите заслуги на Климента, кој „како гром загрме со своето учење" и „ги напои со книжевни слова и го просвети целиот свет со духовни лачи" . . .

Главна работа на учениците на охридските просветители била препишувањето на делата на Климент Охридски и на многубројните богослужбени и теолошки списи. Благодарејќи на нивната дејност, ние денеска можеме да укажеме на најстарите словенски текстови што настанале на теренот на Охридската книжевна школа.

Најстарите словенски текстови што ја сочинуваат книжевноста (писменоста) на старомакедонскиот период се: Асемановото евангелие, Зографското евангелие, Мариинското евангелие, Синајскиот псалтир и Синајскиот еухологиј. Овие текстови се од крајот на XII век. Пишувани се на македонскиот терен или носат во себе траги од старомакедонските оригинали. Сите се научно обработени и печатени. Пишувани се со глаголица, што претставува сведоштво за долгиот живот на глаголицата на теренот на Македонија.

6. Константин Презвитер

Додека во западна Македонија работела Охридската книжевна школа, некаде во источна Македонија, извесно време работел еден од помладите ученици на Кирил и Методија и соработник на Наум Охридски, Константин Презвитер, подоцна и епископ. Дејноста на Константина е, изгледа, извесно време врзана за Брегалничко. Подоцна, како епископ, тој можел да дејствува некаде и во пределите на Бугарија (оттука е наречен и Преславски; некои науч-

ници го нарекуваат и Константит Помладиот, односно и Константин Брегалнички). Самиот Константин Презвитер изјавува на едно место дека е ученик на Методија, што ќе рече дека е од помладите ученици на словенскиот просветител. Се прават разни претпоставки во науката за тоа што бил Константин и како дошол до Бугарија од Моравија. Повеќето од научниците се на мислење дека е тој еден од оние Методиеви ученици што по распаѓањето на Методиевата црква во Велика Моравија и Панонија им бил продаден како роб на Евреите во Венеција, од каде што бил откупен од некој пратеник на византискиот цар и бил вратен во Цариград. Откако се сосел и ги добил назад функциите што ги имал во Велика Моравија, Константин бил испратен во Бугарија, за да ја шири словенската богослужба. Постои и друго мислење, доста осамено — дека во лицето на Константин Презвитер треба да се гледа оној поп, ученик на Методија, кој, заедно со еден ѓакон, беше останал во Цариград при посетата на Методија на овој град во 882 година. Од Цариград Константин му бил ставен на располагање на бугарскиот двор. И во едниот и во другиот случај Константин Презвитер преку Цариград доаѓа до бугарскиот двор и ја шири словенската богослужба и писменост во разни области на тогашната бугарска држава. Од едно негово кажување се гледа дека тој со пишување се зафатил по наредба на кнезот Борис и по совет на Наума (се мисли на Наум Охридски). Со ова се утврдува времето кога тој се зафатил со пишување: тоа можело да биде пред одењето на Наума за учител во Кутмичевица, во 893 година. Делото што го составил до таа година е познатото Поучително евангелие, кое има неколку состави. Во зборникот Поучително евангелие, во некои преписи, на прво место доаѓа познатата Азбучна молитва, за која некои во поново време мислат дека му припаѓа на Константин — Кирил, а не на Константин Брегалнички. Покрај Азбучната молитва, која претставува своеviден израз на одушевување со успесите на просветувањето на словенскиот народ, во овој зборник се наоѓаат едно Црковно сказание за устројството на литургијата и Историкии (хронолошки таблици). Основното во зборникот Поучително евангелие се 51 беседа. Меѓу беседите 42 се оригинални творби на Константин Презвитер, додека за другите тој составувал уводни партии и заклучоци. Беседите се превод од византиската литература: 38 беседи се од познатиот беседник Јован Златоуст, а 12 се од беседите на исто така знаменитиот беседник Кирил Александриски. За словенската книжевност е ова Константиново дело значајно, независно од тоа дека станува, главно, збор за еден превод од византиската книжевност.

Како епископ, Константин ги преведува Четирите слова против аријаните од Атанасија Александриски, во 906 година, по наредба на кнезот Симеон. Кон овој превод се



Црквата Свети Климент во Охрид (XIII век)

наоѓа и преводот на посланието за празникот Пасха. Во науката е докажано дека Константин Брегалнички го дал преводот на Катехезите на Кирил Ерусалимски (станува збор за 24 поучениja и согласија за разни прашања од христијанската религија), а во старословенската Служба на Методија, во акростихот, е откриено името на Константин. Со името на Константин Брегалнички се поврзува и поетскиот Проглас кон евангелието, во кој се дава израз на радост дека и Словените го добиваат евангелието на свој јазик. Како и со Азбучната молитва, и во прашањето за авторството на овој текст, се јавува дискусија во науката: дали е тоа дело на Константин — Кирил или на Константин Брегалнички.

7.

Црноризец Храбар

Додека со успех се развивала словенската просвета и богослужба во бугарската држава, во чиј состав се наоѓала и Македонија, во неа и во соседството нејзино, во Византија, каде што имало немал број несловенско население, се јавува отпор против словенската писменост. Отпорот се јавил кај луѓето кои со ширењето на словенската просвета и богослужба започнале да ги губат командните, и не само таквите, позиции во црковната хиерархија. Грчкиот јазик, неразбирлив за населението, се повеќе се истиснувал од словенските цркви и словенскиот јазик го заземал неговото место. Илјадници ученици изградени во Охридската книжевна школа и во школите на Константин Брегалнички и на Иван Егзарх сé поупорно ги истиснувале грчките духовници од позициите што ги држеле дотогаш, со што, природно, ја предизвикувале и нивната реакција.

За оваа реакција против словенската писменост имаме јасно сведоштво во делото „О писменех“ на недоволно познатиот бранител на словенската писменост Црноризец Храбар. За биографијата на Црноризец Храбар не може ништо конкретно да се каже: кој е, од каде е, каде и кога живеел, дали напишал некое друго дело освен списот „О писменех“.

Се што може да се рече за Црноризец Храбар се извлекува од неговото дело, кое е зачувано во голем број преписи. Во делото „О писменех“ е изнесена развојната линија на словенската писменост, започнувајќи со употребата на „црти“ и „решки“ кај старите Словени — додека биле тие многубошци — па, преку користењето на римската и грчката азбука, до изнаоѓањето на словенската азбука од страна на Кирила Филозофот.

Полемизирајќи со критичарите на словенската азбука по разни прашања, Црноризец Храбар пишува за тоа дека Кирил ги составил словенските букви угледувајќи се на

грчките, како што Грците ги сочиниле своите букви угледувајќи се на еврејските. Сочинувајќи ја словенската азбука од 38 букви, Кирил „некои ги изработи според обликот на грчките букви, а некои според словенските зборови".

Одговарајќи им на забелешките на некои критичари за големиот број од 38 букви во словенската азбука, Црноризец Храбар вели дека и Грците се служат со 38 букви: покрај 24 букви, тие имаат и 11 дифтонга и три букви за означување на бројна вредност.

Овој состав, со кој се бранеше словенската азбука од нападите на грчките критичари, во словенската книжевност претставува прв досега познат напишан полемичен труд посветен на делото на словенската просвета. Многу интелигентно, документирано првиот бранител на словенската азбука, Црноризец Храбар, достојно ќе го заземе почесното место во историјата на словенската книжевност, непосредно до Климента, Константин Брегалнички и другите словенски писатели што произлегле од нивните школи.

Врз база на делото „О писменех" во науката се прават претпоставки за тоа кој бил Црноризец Храбар, кога живеел, каде дејствувал. Постојат многубројни мислења, според кои, Црноризец Храбар би можел да биде секој од основоположниците и ширителите на словенската писменост, започнувајќи со Константин — Кирил, преку Климента и Наума, па потоа преку Симеона, Иван Егзарх и др.

Од една реченица во списот „О писменех", која гласи „Има уште живи луѓе што ги виделе" солунските браќа, во науката се претпоставува дека Црноризец Храбар не бил директен ученик на Кирила и Методија. Понатаму се тврди дека сепак тој ги познавал учениците на Кирила и Методија и дека можел да живее додека тие (Климент, Наум, Константин Брегалнички) биле живи, а тоа било некаде кон крајот на втората деценија на десеттиот век. Во однос на пределот во кој работел превладува мислењето дека тоа била Охридската книжевна школа.

ГЛАВА IV

БОГОМИЛСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

1.

Зацврстување на бугарската власт во Македонија

Новите бугарски походи што ги презел бугарскиот владетел Симеон (893 — 927) против Византија во почетокот на X век попречиле Византија да воспостави стабилна власт над оние Словени што останале во нејзините граници. Симеон настојувал дури и да го земе византискиот престол. Во летото на 913 година неговите војски се приближиле до Цариград. Во меѓувреме други бугарски војски продреле кон Драч и Солун. Симеон ги напаѓал и Србите и во 924 година успеал да ја направи Србија бугарска провинција. Откако ја проширил и зајакнал својата држава, Симеон во 927 година презел нов поход за завладување на Цариград. Меѓутоа, истата година по патот умрел и со тоа биле прекинати победоносните походи на Бугарите во византиските територии.

Како резултат на бугарските завладувања во времето на Симеон, бугарската власт се проширила на нови области од Македонија. Според еден пограничен столб, пронајден во селото Нарш (јужна Македонија), бугарската граница се протегала на 22 километри од Солун.

По смртта на Симеона, бугарскиот престол го наследил син му Петар (927 — 969). Во почетокот на неговото владеење меѓу Бугарија и Византија бил склучен мир во 927 година. Според одредбите на мировниот договор, Бугарија се откажала од голем број завладеани византиски територии. Византија официјално го признала Петра за „цар на Бугарите".

Мировниот договор не ги засегнал многу зафатените бугарски позиции во Македонија. Завладеаната македонска територија од страна на бугарските владетели Пресијан, Борис и Симеон, сега била официјално призната од Византија за бугарска провинција. Од овој момент биле преземени ред мерки за да се претворат потчинетите Словени во послушни бугарски поданици. И во официјалните византиски документи од овој период потчинетите Македонски Словени почнале да се третираат како бугарски поданици.

Ваквиот третман подоцна бил прифатен и од страна на византиските историчари и хроничари.

Уште во почетокот од наложувањето на бугарската власт, Македонските Словени давале отпор. Тоа го кажува и Теофилакт во житието на Тивериополските маченици, кога истакнува дека населението од струмичката област уште во времето на владеењето на Борис било склоно кон „дрскост и бунт", поради што Борис морал да биде доста „кроток и благ".

Со цел што поуспешно да ја наложат својата власт во потчинетите македонски области, Бугарите ги вклучиле нив во воено- административните единици на кои била разделена бугарската територија уште во времето на Борис и Симеон, а кои се викале комитати, управувани од комити. Овие комити стоеле на чело на цивилно-административната власт во својата област. Во почетокот еден дел од комитите се избирале од средината на македонското население. Тие служеле како врска меѓу потчинетото население и органите на централната власт. Но со текот на времето кога централната власт на Бугарија се повеќе се наложувала и се затврдувала, карактерот на нивните функции претрпел измени. Тоа не биле веќе некогашните племенски кнезови, самостојни или полусамостојни, што ги управувале своите области, туку се претвориле, како што се вели во житието на Тивериополските маченици, во „служители и исполнители на наредбата" на владетелот за држење во покорност на подвластеното население и за казнување на „нарушителите на царските наредби". Тие комити, како органи на бугарската држава, биле поставувани од владетелот и тој можел секогаш да ги смени. Таков е примерот со комитот Курт, кој ја управувал Кутмичевица и кој бил сменет од Борис, а на негово место бил поставен Домета.

Покрај комитите постоеле и други органи на власта. Тоа биле т. н. таркани, кои, најверојатно, вршеле воени должности по комитатите. Освен овие органи на бугарската држава, по комитатите постоеле и голем број судии, даночни и други чиновници.

Наспоредно со световната власт, бугарските владетели настојувале да ја уредат и црковната управа во потчинетата Македонија. Преку отворањето на голем број цркви и поставувањето на добро обучен клир во нив, бугарската централна власт настојувала, да ја ангажира и црквата во зацврстувањето на бугарското господство во Македонија.

Истовремено со наложувањето на бугарската власт бил забрзан и процесот на воспоставувањето на феудалните односи во Македонија.

2. Развој на феудалните односи во Македонија

И покрај тоа што Македонските Словени во IX и X век потпаднале под бугарско-византиско господство, феудалните односи во Македонија, за разлика од Византија и Бугарија, останале послабо развиени се до почетокот на XI век. Иако голем дел од Македонските Словени биле потчинети од Бугарија, а над Словените што останале под византиска власт се вршеле жестоки насилства за да се претворат во верни поданици на Империјата, компактноста на населението што живеело во рамките на племенските кнежевства не се разбивала толку лесно. Во почетокот на X век сé уште биле на видело родовско-племенските односи меѓу Македонските Словени. Тоа се потврдува од вестите на Јован Каменијат, кој наведува дека Словените по Струма биле разделени на голем број племенски кнежевства, управувани од племенски кнезови. Тие кнезови — истакнува Каменијат — повеќе гледале да ги задоволат своите племенски отколку општите интереси. Тие живееле во постојани меѓусебни караници и несогласија. Од Каменијат се дознава дека и Словените што живееле во околината на Солун биле предводени не од еден, туку од повеќе кнезови. Сево ова покажува дека во рамките на оваа племенска раздробеност, земјоделската општина, како преодна форма меѓу родовската и територијалната (соседска) општина, можела и понатаму да се задржи. Но тоа не значи дека процесот на загосподарувањето на територијалната општина во Македонија не бил забрзан во текот на X век. Напротив, со зајакнувањето на централната власт на бугарската и византиската држава, се отишло многу напред во укинувањето на племенската самоуправа на Македонските Словени.

И покрај тоа што во овој период земјоделските општини во Македонија сé уште не биле наполно ликвидирани, тие во своето мнозинство веќе биле претворени во територијални општини, каде што се чувствувал забрзаниот процес на разложување на задругата, на родовските врски, на задружната сопственост. Сето тоа значело дека основите на новите феудални општествени односи веќе биле поставени.

Со конечното потпаѓање на Македонија под византиско-бугарско господство започнатиот процес на воспоставување на феудалниот општествен поредок добил нов позасилен замав, бидејќи во Бугарија и Византија во IX и X век веќе биле формирани феудалните општествени односи.

Во освоените македонски области бугарскиот државен апарат се повеќе ги потиснувал самоуправните традиции, особено во рамките на општините, и со тоа ја наметнувал феудалната експлоатација. Поради зачестените војни, грабежи, убиства, насилства на администрацијата, наложените даноци, природните непогоди и сл., голем дел од селското население осиромашило, ги изгубило своите имоти и орудијата за производство. Голем бил бројот на оние што биле продавани во ропство. Во тоа особено предничел бугар-

скиот владетел Симеон, кој, според вестите од едно писмо испратено до него од византискиот император Роман Лакапин (920 — 944), го „опустошил целиот запад (т. е. европските провинции на Византија) и ги одвел во ропство неговите жители". Од истото писмо се дознава дека заробениците им биле „продадени на неверните племиња и подложени на робување".

Од Климентовото житие се гледа дека во Македонија постоеле кнезови кои добивале даноци од подвластеното население, што значи постоеле претставници на феудална класа и феудалнозависно население. Ова население било регрутирано предимно од опустошените општини. Класното раслојување нашло одраз и во житието на Тивериополските маченици. Наспроти младата феудална аристократија: комити, црковен клир и луѓе „кои се гордееле со своето богатство" — житието споменува и такви што се претвориле во „сиромаси" и потчинети на претходните. Тоа биле безимотни луѓе, одделени од општината, принудени да бараат работа и заштита од феудалните господари.

Во Македонија започнал да се создава и крупен феудален земјопосед. Голем број феудалци се појавиле во резултат на разложувањето на слободните селски општини, но не бил мал бројот и на оние што добивале имоти и зависно население од страна на бугарските односно византиските владетели. И македонските кнезови што се ставиле во служба на византиската односно бугарската држава добиле како награда земја и работно население во трајна сопственост. Исто така, во Македонија надошле голем број туѓинци кои, добивајќи земја, работно население и привилегии, израснувале во крупни феудалци.

Паралелно со растежот на крупниот световен феудален земјопосед во Македонија започнал да се формира и да расте крупниот црковно-манастирски земјопосед. По примањето на христијанството за државна религија на Бугарија, и особено по враќањето на учениците на браќата Кирил и Методија, во Македонија почнал да се зголемува бројот на црквите и манастирите што се здобиле со огромни имоти и голем број работно население. Во житието на Климента се кажува дека бугарскиот владетел Борис, откако го испратил Климента за учител во Македонија, му подарил „места за почивка" околу Охрид и Главиница, а три куќи во Девол, што ги одзел од претставниците на комитскиот род. Освен тоа, Борис наредил жителите од овој крај „да му доставуваат на Климента сѐ во изобилство".

Растежот на црковниот земјопосед се вршел и преку конфискување на селски имоти. Од таквите мерки особено биле погодени селаните-јазичници, кои во Македонија ги имало се уште многу.

Иако во Македонија во IX и X век дошло до формирање на антагонистички класи, слободните селски општини

не биле насекаде разбиени. Општинците се уште во своето мнозинство претставувале слој на слободно селанство. Овие селани им плаќале даноци на државните даночни чиновници. Селаните, пак, што потпаднале под феудална зависност, за кои бил употребуван називот „парици“ и „клирици“, им биле директно потчинети на феудалните господари и преку нив ги регулирале даночните обврски.

Населението било терано да извршува бесплатна работа (ангарија) за државата и феудалците: изградба на патишта, тврдини, мостови, цркви, манастири и сл. Тоа било обременувано и со натурални давачки од производството на вино, жито, мед, млеко и друго. Особено биле зголемени давачките за бугарскиот царски двор.

Положбата на потчинетото македонско население се влошила особено во средината на X век, во времето на владеењето на царот Петар, кога доходните завојувачки војни престанале за бугарската држава, па сега преку наметнување на дополнителни давачки и засилување на феудалната експлоатација требало да се задоволуваат потребите на огромниот воено-административен апарат на дворот и црковните великодостојници. Сево ова, од своја страна, довело до осетно заострување на класната борба и до појавата на богомилското движење.

3. *Појавата, ширењето и суштината на богомилското движење во Македонија*

Богомилството во Македонија за првпат се појавило кога на чело на бугарската држава стоел царот Петар, иако предзнаци за него имало и порано. Од ова време не се зачувани никакви богомилски книги, кои, според известувањето од други автори, ги имало доста. За појавата на богомилството, за суштината на ова движење и слично се знае главно од делата што ги напишале противниците на богомилите, како и од апокрифните книги напишани во подоцнежниот период.

Основен извор за појавеното богомилско движење во X век е Беседата против богомилите од Презвитер Козма. Како заштитник на интересите на бугарската црква, Козма го напишал ова дело со цел да ги разобличи богомилите, да го осуди нивното движење и да ги оттргне масите од нив, да не станат „еретици“ — богомили.

Во Беседата против богомилите Козма истакнува дека прв учител и распространувач на богомилството бил попот Богомил. „Се случи во годините на правоверниот цар Петар — вели Козма — во бугарската земја да се појави поп по име Богомил, а поточно кажано Богонемил, кој прв почна да проповеда ерес“.

Поради скудните изворни податоци, тешко е да се каже нешто повеќе за првиот распространувач на богомилското учење. Сепак, во науката нема никакво сомневање за постоењето на попот Богомил. Тој сигурно му припаѓал на нижиот клир, бил во допир со масите и затоа мислел како нив. Бидејќи го знаел многу добро учењето на Христа, кое го проповедала официјалната црква, тој, под влијание на старите учења, павликијанството и масалијанството, можел да оформи такво учење што одговарало на стремежите на потиснатиот народ.

Во кои области се појавило богомилството, тешко е точно да се каже. Во науката превладува гледиштето дека богомилското движење за првпат се појавило во Македонија, бидејќи таму населението најтешко го чувствувало феудалниот и политичко-духовниот гнет. За појавата на богомилството во Македонија има вести во Пространото Климентово житие, од кое се дознава дека, по својата смрт, Климент како светец се ангажирал да ја избрка лошата ерес од Македонија, што се ширела меѓу народот. Во една стара икона во Охридската црква Св. Богородица и Наум е претставен како светец — борец, кој се борел против богомилите. Од содржината на текстот на Дечанскиот Синодик, составен подоцна, исто така се дознава дека богомилското движење се појавило во „Македонија бугарска“ и Тракија.

За попот Богомил, како учител на богомилското учење, е зачувана и една легенда меѓу населението од селата во планината Бабуна. Според името на планината, подоцна богомилите ги викале уште и бабуни. Легендата укажува дека поп Богомил бил роден во селото Богомила, каде што живеел и умрел, а гробот му се наоѓал до самото село во т. н. „црквиште“ („параклиште“), изградено во земјата, кое на богомилите им служело како молитвен дом. Свое скривалиште богомилите имале и во пештерата до селото Нежилово. Иако овие податоци не наоѓаат потврда во пишаните извори, тие сепак укажуваат дека богомилството можело да се појави и распространи најпрвин во овие македонски краишта. Впрочем, самото име на с. Богомила и на планината Бабуна говорат за зародувањето и дејствувањето на богомилите во Македонија.

Оформено како учење и движење во услови кога во Македонија со сета тежина се наложила феудалната експлоатација, кога христијанската религија се уште насекаде не господарела, зашто дел од македонското население продолжувало да ги одржува јазичните обреди, богомилството претставувало нова и оригинална појава, макар што доста елементи усвоило од постарите учења, павликијанството и масалијанството. Овие учења во Македонија биле ширени од страна на колонистите кои византиските императори ги населиле од Мала Азија, со цел да ја разбијат компактноста на Македонските Словени. Значајна

улога во оформувањето на павликијанската и масалијанската ерес одиграло манихејството, па затоа често павликијаните и другите еретици биле одбележувани како „манихеи". Многу од дуалистичките, антицрковни и антифеудални црти на овие учења биле земени предвид кога се изградувала богомилската идеологија.

Дуалистичките разбирања за доброто и злото влегле и во основата на богомилството. Богомилските пропагатори учеле дека постои борба меѓу доброто и злото и дека на крајот ќе победи доброто. Тие им проповедале на своите слушачи дека богатите и управителите се слуги на ѓаволот, па кој им се потчинувал, тој всушност му се спротивставувал на бога. Ваквите разбирања на богомилите биле по својата суштина револуционерни, зашто ги терале масите да се борат против оние што ги владееле и експлоатирале.

Борбата на богомилите била, пред се, свртена против црквата, која се претворила во моќно орудие на државата, за затврдување на нејзината власт, а и на феудалците (световни и црковни), за наложување на нивното господство над зависното население. Нападите на богомилите биле управени против христијанството, како раководна црковно-феудална идеологија. За да ги оправдаат своите социјални погледи, насочени против феудалното општество, во кое сите материјални блага се одземале од страна на државата, црквата и феудалците, богомилите учеле дека сиот видлив свет со неговите закони и поредоци не бил создаден од бога, туку, напротив, се јавувал како рожба на ѓаволот. Според Козма, богомилското учење било причина „многу лаги и неправди" да се појават на земјата. Тој жестоко ги напаѓал богомилите, зашто учеле дека „бог не го создал небото, ниту земјата, ниту се што е видливо".

Раководејќи се од своите дуалистички погледи, богомилите стоеле на гледиште дека треба да се исполнува само она што го пропишувало евангелието. Тие не го признавале Стариот завет и ги напаѓале сите обреди на официјалната црква. На пример, за нив било бесмислено да се верува во чудата на светците. Тие го отфрлале митот за „воскреснување" на телата при второто пришествие, т. е. митот врз кој се крепела основата на христијанската религија. Воопшто богомилите биле против постоењето на црквите и манастирите. За нив официјалната црква била дело на ѓаволот. Затоа тие биле против богослужбата во црквите и манастирите, против крстовите, иконите, празниците, и сл. Според богомилите, свештениците биле непотребни. Тие пропагирале дека секој може да му се моли на бога и без свештениците.

Богомилското движење било насочено и против световните феудалци, државните органи, како и против самиот цар. „Еретиците — пишува Козма — ги хулат богатите, ги учат своите да не им се потчинуваат на своите господари. Не го поднесуваат царот. Ги ругаат старешините. Мислат

дека му се омразни на бога оние што му работат на царот, и му заповедаат на секој роб да не му работи на својот господар".

Борбата на богомилите против духовниците, старешините и царот нашла одраз и во апокрифните (забранетите) книги. Во нив било предвидено место во пеколот за сите оние против кои се бореле богомилите.

Во организационен поглед богомилите се делеле на три категории: „совршени богомили", „обични верници" и „слушатели". Раководната улога ја имале „совршените богомили". Тие се сметале за вистински христијани. Во нив — тврделе тие — живеел „светиот дух", кој ги поттикнувал да ги подучуваат луѓето да се борат за доброто. Тие најдобро го познавале богомилското учење и затоа со своите проповеди ги освојувале масите. Богомилите од оваа категорија не се женеле или, пак, до колку пред тоа биле оженети, ги расипувале браковите. Тие не јаделе месо и сé друго што го предвидувале догмите на нивното учење. Овие богомили немале време сами да си обезбедат исхрана, туку со храна ги снабдувале нивните следбеници. Презвитерот Козма ова нешто најжестоко го осуди. Тие оделе, истакнува тој, „од куќа в куќа за да го јадат лебот на луѓето измамени од нив"

За разлика од „совршените богомили", „обичните" не биле задолжени да го спазуваат строгиот аскетски морал. Но затоа пак требало да се држат за извесни религиозно -морални принципи. Тие биле примани за членови на братствата (општините).

Припадниците на третата категорија богомили, т. е. „слушачите", не биле членови на братствата и од нив не се барало да живеат некој посебен живот. Но иако не биле членови на братствата, тие биле должни да ги слушаат проповедите што се одржувале во рамките на братствата. По својот социјален состав „слушачите" богомили биле предимно селани, градски сиромаси и робови, што се восхитувале од проповедите на „совршените богомили", кои нив ги поттикнувале да се борат против нивните експлоататори, односно против богатите господари, митрополитите и епископите, претставниците на световната власт и царевите.

За успешно дејствување, богомилите создале свои религиозни општини, кои биле организирани по примерот на ранохристијанските општини. Од подоцнежните извори се дознава дека на територијата на Македонија биле образувани такви општини, како што биле „Драговичката", „Мелничката" и други. Тие како изворни жаришта укажале силно дејство за натамошното ширење на богомилството.

Вестите од Козма зборуваат дека на чело на богомилското движење стоел единствен водач, а тоа бил попот Богомил. Тој дејствувал со помоштта на голем број помошници, т. е. „апостоли".

Поради брзото ширење на богомилското движење уште во почетокот на неговата појава, царот Петар бил принуден да бара помош и од моќната византиска држава, која исто така била заинтересирана да се уништи оваа „заразна болест“ уште во самиот нејзин почеток. Бидејќи богомилите под форма на религиозна борба се бореле против целиот општествено-политички поредок, царот Петар побарал совети и помош од самиот цариградски патријарх Теофилакт (933 — 956). Го запрашал какви мерки би требало да преземе за да се искорени новопојавената ерес. Патријархот одговорил дека треба да се употребуваат различни мерки против еретиците. Спрема оние што се покајале казните требало да бидат поблаги, додека за оние кои останале „во злото“ и боледувале „од нераскајување“ „божјата црква“ предвидувала построги мерки. Нив црквата ги прогласувала како „гнили и наполно штетни членови“ и ги предавала на редовен суд, а „граѓанските закони“ за нив предвидувале дури и смртна казна.

Откако добил инструкции за пресметка со опасните богомили, бугарскиот цар ги ангажирал сите расположиви сили за да се ликвидира нивното движење. Според известувањето на Козма, во резултат на преземените акции настрадале илјадници богомили. Голем дел од нив биле фрлени во затвори. Но и покрај строгите казни, богомилството не спласнувало. Ниту затворите, ниту ликвидирањето на голем број богомили не помогнало да се уништи движењето, бидејќи тоа се претворило во општонародно. Дури и Презвитерот Козма морал да признае дека мнозинството од населението ги сметало богомилите „за луѓе што страдаат за правда“.

Со својата остра критика и дејност против феудалниот и политичко-духовниот гнет, богомилите одиграле значајна улога во историјата на македонскиот народ

ГЛАВА V

САМУИЛОВОТО ЦАРСТВО

1.

Востанија против бугарската и византиската власт

Македонија наполно влегла во склопот на бугарската држава за време на Симеон (893 — 927) и така тоа траело се до крајот на владеењето на неговиот син Петар (927 — 969). Тогаш бугарското царство било поделено, секако по угледот на византиската држава, на неколку комитати на чие чело стоеле т. н. комеси или комити. Тие ѝ припаѓале на онаа класа великодостојници што византиските автори од IX и X век ги викале „Βοιλάδες“ или „Βολιάδες“, т.е. бољари. Овие комити биле управници или заповедници на одделни окрузи или градови и биле изедначени со честа на архонтите и хегемоните. Според тоа, комитите ја имале во своите раце цивилно-воената власт. Во 965 г. цар Петар барал преку своите пратеници од византискиот цар Никифор Фока, голем борец и освојувач, да му плаќа данок, како што неговите претходници му плаќале на Симеон. Како одговор на ова барање разбеснетиот Фока наредил да се измаваат пратениците на Петар, а потоа ги истерал во Бугарија со навреди и заканувања.

По малку време византиската војска навлегла во самата Бугарија, во која, од името на Фока, и Русите длабоко проникнале. Имено, ова брзо напредување на Русите го изменило ставот на Фока спрема Петар, кој по смртта на својата жена, некогашна византиска принцеза, склучил мир и сојуз со Цариград и ги дал како заложници своите синови Борис и Роман. Но наскоро умрел „царот на Бугарите“ Петар (30. I. 969), па цариградскиот двор ги вратил во Бугарија двата негови сина. Тие требало, во прв ред, да го заземат татковиот престол, а потоа да го спречат ширењето на востанието што го организирале Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, наречени комитопули (млади кнезови), а синови на кнезот Никола, кој бил многу моќен во бугарската држава и, секако, верен на својот господар царот Петар.

По прашањето за тоа од каде потекнува Никола и неговите синови долго време владееја различни мислења. Денеска сепак превладува ставот дека се тие од ерменско потекло.

Давид, Мојсеј, Арон и Самуил ја согледале безизлезната ситуација во која се нашла бугарската држава по смртта на царот Петар, па се обиделе да се одметнат и да подигнат востание.

Секако, бугарското царство, кое останало без владетел, т. е. централна власт, однапред било осудено на тоа да им стане лесен плен на Русите, кои незадржливо и сé подлабоко проникнувале во Бугарија.

Од друга страна, и Византија набргу увидела какви последици ќе предизвика руското систематско навлегување, олеснето со состојбата без владетел во осакатената бугарска држава, та решила веднаш да интервенира и со своја помош да им го осигури царскиот престол на Борис и Роман. И навистина Борис II станал цар (969 — 971).

По кратко време рускиот кнез Свјатослав го заробил Бориса и брат му во бугарската престолнина Преслав (969).

Според тоа и двајцата браќа византиски штитеници не успеале да го спречат одметништвото на синовите на комесот Никола, кој, по се изгледа, тогаш бил жив и со својот авторитет ги поткрепувал синовите во нивниот потфат.

При тоа „комитопулите" успеале во дигањето на востание. Каде престојувале тие дотогаш и кои предели на бугарската држава ги завладеале — тешко може нешто определено да се каже. Но, според тоа во кој правец Русите проникнувале и како ја заземале Бугарија, можеме да претпоставиме дека тоа биле југозападните делови (од Средец — Софија надолу). Натаму овие браќа во своите изолирани подрачја (до кои византиско-руската војна не допрела) некое време непречено и мирно можеле да ја посматраат огорчената борба до која наскоро дошло помеѓу Свјатослав и новиот византиски цар Иван I Цимиско (969 — 976), претставник на едно ерменско благородничко семејство.

Се разбира, синовите на Никола биле забележани од страна на обајцата противници и секој од нив сакал да ги привлече на своја страна. По се изгледа дека тие во непоштедната, гигантска и решителна борба за Балканот и за Цариград останале неутрални.

Населението на Бугарија, пак, што било под власта на Русите, се борело заедно со нив против Византија, од која Свјатослав барал да се повлече во Азија и европскиот дел на својата држава заедно со Цариград да му го препушти нему. На овој начин византиското господство на Балканот би се претворило во руско.

Меѓутоа, во пролетта на 971 г. преку Едрене и низ клисурата на Балкан провалил Цимиско во Бугарија и го зазел Велики Преслав. Сега на Бугарите, а секако, и на комитопулите им било јасно дека Свјатослав нема што повеќе да бара на Балканот.

Цимиско го опколил Свјатослава во Силистрија (Дрстар) на Дунав, та Свјатослав морал да се предаде, да ја напушти Бугарија и да се откаже од сите свои планови (јули 971).

При тоа Цимиско го ослободил од руско заробеништво Бориса и жена му со децата, како и неговиот помлад брат Роман. Истовремено тој со многу внимание и почит се однесувал спрема Бориса кого го ословувал со „цар на Бугарите“ (Βασιλέα Βουλγάρων). Сите други Бугари ги пуштил да одат каде што сакаат, нагласувајќи дека не дошол да поробува, туку да ги ослободи и дека единствено Русите ги смета за непријатели.

По оваа решавачка победа, Византија ја присоединила кон својата држава Бугарија, па го симнала Бориса, кого, заедно со Роман, Цимиско во триумфот го довел во Цариград. Потоа пред народот му ги симнал на Бориса царските знаци (златната круна, гримизната тијара и црвените чизми), и бугарската круна ѝ ја подарил на црквата.

Што правеле синовите на Никола за целото време на владеењето на Иван Цимиско, каде престојувале и какво држење имале спрема Византија и спрема Ерменецот Цимиско, современите извори ништо определено и директно не кажуваат. Едно е јасно: дека царот, откако ја покорил Бугарија и им ја одзел на Русите, не можел да дозволи како победник и далекувиден државник и другите делови на Балканот да останат надвор од влијанието и власта на неговата империја. Затоа, се зафатил, и во тоа успеал, пред неговото враќање во Цариград да ги потчини и другите делови на некогашното бугарско царство. Не долго време потоа неговите војсководители ја зазеле и целата област Рашка.

Откако така ја средил ситуацијата на Балканот, кој сега сосема потпаднал под интересната сфера на Византија, Цимиско ги поправил односите со германскиот цар Отон I.

Од 973 до 976 г. во изворите не наоѓаме ништо за комитопулите што Цимиско ги оставил на мир.

За сето тоа време синовите на царот Петар — Борис и Роман — живееле во Цариград. Борис имал добиено чест на магистер, а Роман бил кастриран и со тоа автоматски онеспособен за престолот.

Кога умрел Цимиско, на 11. I. 976 година, двајцата браќа успеале да побегнат од Цариград, и тоа тогаш кога младиот цар Василиј престојувал во Тракија.

Бидејќи Борис за време на бегството бил облечен во византиска облека, на минување низ некоја шума го убил некој глув „Бугарин“, кој не слушнал кога Борис му го кажал своето име.

Сепак Роман успеал да се спаси и да стигне во Видин, од каде што подоцна морал да се врати во Цариград.

Во истата година, кога умрел Цимиско, четворицата браќа Давид, Мојсеј, Арон и Самуил подигнале востание. Во новосоздадената држава, која со востанието сосем се ослободила од византиското господство, отпрвин сите четворица браќа владееле заеднички. Тоа било т. н. тетрархија. Не е познато какви титули имале и дали одземените и ослободените предели од Византија си ги поделиле меѓу себе на четири области.

Но оваа тетрархија имала кус век, зашто наскоро Давида го убиле некои Власи — пастири помеѓу Костур и Преспа, а Мојсеја го убил некој од придружбата на византискиот дук Мелисен при опсадата на Сер. Значи, сега дошло до дијархија, т. е. на чело на новата државна творба останале само Арон и Самуил. Тие имале сосем спротивни поими за власта и управата над државата, што набргу довело до неминовен судир помеѓу нив. Всушност, Арон се стремел сета власт да ја приграби за себе и поради тоа им се приближил на Византијците. Во таа борба за престолот Арона го ликвидирал далеку поталентираниот војсководител и државник Самуил. Во Разметница со Арон бил убиен сиот негов род, освен син му Иван Владислав, за чиј живот се зазел и го спасил син му на Самуил Радомир Гаврил.

2. Создавањето и ширењето на Самуиловата држава

Така го започнала својот живот новата монархија, која се покажала цврста и способна не само да се одржи, туку и со извојуваните победи низа години да се шири на сметка на Византија.

Во тоа време на византискиот престол седеле Василиј II и Константин VIII. Со државата поправо управувал само Василиј. За разлика од својот брат, тој брзо се покажал необично енергичен, работлив и надарен со големи државнички способности. Иако владеењето на Василиј II се сметало уште од 976 година, неговото самостојно управување со царството започнало дури во 985 година, т. е. тогаш кога го отстранил својот вујко и тутор паракимоменот Василиј, кој него непрестајно го запоставувал.

Во тој период Самуил, кого Кекавмен го нарекува „генијален војсководител“, а Скилица „воинствен човек што не трпи мир“, ја искористил зафатеноста на византиската војска на исток против Склер, и го напаѓал „целиот запад“, и тоа не само Тракија, Македонија и најблиската околина на Солун, туку и Тесалија, Грција и Пелопонез. При тоа зазел многу утврдени градови а меѓу нив и Лариса, чие опседнување траело неколку години. Имено, во Лариса се наоѓало седиштето на Кекавмен, стратегот на Елада, кој на разни начини долго време го одлагал заземањето на градот, па дури прв од византиските војсководители, заедно со тамошното население, го признал Самуила за свој цар. Тој на овој начин свесно го предал својот владетел Василиј II, кој ова лукавство и му го одобрил. Така жителите на Лариса некое време живееле во мир. Но по малку време царот го отстра-


Дунав
СРЕМ
БЕЛГРАД
Сава
Дрина
Браничево
Морава
Равно
Пчиња
Бдин (Видин)
Зап. Морава
Сврљиг
ДУНАВ
Ниш
Лим
Рас
Тоилица
Ибар
Лук. Морава
Суково
СРЕДЕЦ
Перник
Бојана
Шишманово (Искашман)
Трајанова врата
Пловдив
Марица
Адријанопол
Рила
Места
Струма
Мелник
Сер
Беласица
Липљан
Призрен
Размешаница
Скопје
Велбужд
Вардар
Шкупи
Прилеп
Кичево
Охрид
Битола
Просек
Моглен
Преспа
Девол
Водена
Костур
Солун
Халкидика
Драч
Скадар
Дрина
Јанина
Стагир
Солаврија
Лариса
Дринопол
Струга
Дрстар
Преслав
Овеч
Варна
Шуменска планина
Црно море
САМУИЛОВО ЦАРСТВО
ДРЖАВНА ГРАНИЦА

нил Кекавмена и наименувал нов стратег за Елада. Овој не му бил дораснат на Самуил, кој со глад ја присилил Лариса да се предаде а нејзините жители ги претворил во робови, ги преселил во внатрешноста на својата држава и ги внесол во воените списоци како свои војници. Од Лариса ги пренесол и моштите на Св. Ахил во Преспа, каде што имал своја престолнина и каде што изградил прекрасен дворец (разурнат и изгорен од византиските платеници Германите и Франките во 1072 година).

Кога дознал што се случило во западните предели на неговото царство, Василиј решил да му се одмазди на Самуил за сите негови „недела". Без претходно советување со своите војсководители, тој собрал војска и упаднал преку граничните предели на Родопите и реката Марица во Бугарија, а во заднината го оставил магистерот Леон Мелисен за да ги чува тесниите. Се запрел во местото Штипон близу до Софија и таму направил логор, па почнал да врши подготовки за заземање на градот. Меѓутоа, дознал дека сите околни брда ги има запоседнато Самуил и секаде наоколу има поставено заседи, зашто се чувал од судир на отворено поле. Кога Василија започнале да го напаѓаат „Мизите" од заседа, тој бил присилен да отстапува. Но тогаш со големи викотници повторно го нападнале „Мизите" и направиле страшен колеж во византиската војска, при кој загинала речиси целата нејзина коњица, како и голем дел од пешадијата. „Мизите" притоа го запленили сиот багаж и самиот царев шатор, благајната па дури и кралските знаци. Овој пораз го доживеал Василиј кај т.н. Трајанова Врата (денеска Ихтиман), и тоа на 17. VIII. 986 година. Во тој судир одвај и самиот ја избегнал смртта од „скитскиот меч". Очевидецот што ја опишува оваа битка е Лео Ѓакон, а Иван Кириотес наречен Геометрес (10 в.) составил песна за „поразот на Ромејците во бугарската теснина".

Василиј одвај се измолкнал низ тесниите и стигнал во Пловдив (Филиполис), та за извесно време не можел ни да мисли за реванш, зашто во Византија повторно избувнала граѓанска војна. Според кажувањето на Асолик, тој се обидел преку свој пратеник да склучи мир со Самуил. Меѓутоа, до тоа сепак не дошло.

Бидејќи внатрешните судири во Византија траеле неколку години, Самуил непречено можел да си ја шири власта. Византиските велможи, пак, го искористиле овој неуспешен поход на Василиј, па Барда Склер повторно се прогласил за цар а потоа се крунисал и неговиот истоименик Барда Фока (15. VIII. 987). Бидејќи Фока во Мала Азија имал многу поширока поткрепа отколку Склер, тој наскоро го отстранил него и така станал единствен претендент на царската круна. Во почетокот на 988 г. тој веќе како господар на Мала Азија се готвел да го опседне Цариград и од

копното и од морето. Но со помошта на Русите Василиј го поразил кај Абидос и самиот Фока загинал (април 989). И Склер наскоро му се потчинил на Василиј, така што граѓанската војна доживеала слом, а сите противници на царот биле совладани.

За време на воената пауза (987 — 990) Самуил, т.е. неговите „Мизи" го зазеле градот Верија (Бер) во летото на 989 година. Би можело да се претпостави дека Самуил по својата блескава победа кај Трајанова Врата одненадеж навлегол со голема војска во делови на Далмација и започнал да ја напаѓа земјата на младиот крал Владимир. Овој владетел ја имал под своја, макар и номинална власт, Рашка, која по смртта на Цимиско се ослободила од византиска власт, а Рашаните, според Поп Дукљанин, ги убиле сите Византијци. Рашкиот жупан своевремено избегал во „Горна Далмација", т.е. Дукља и при тоа се вратил во својата Рашка.

Откако Самуил навлегол во Дукља, Владимир се повлекол во планините. Кога Самуил увидел дека младиот крал не може да го добие со сила, се обидел тоа да го постигне по дипломатски пат, преку свои пратеници кои преговарале во таа смисла дека на кралот нема да му се направи ништо лошо ако се реши со своите да слезе од планините. Бидејќи му пропаднал и тој обид, тој стапил во врска со еден жупан на Владимир, кој му ветил дека ќе му го предаде кралот. Жупанот успеал да го наговори Владимира да се жртвува за сите и да му се предаде на Самуил, кој веднаш го прогнал во „охридскиот предел", во местото наречено Преспа, каде што бил дворецот и седиштето на царот.

Самуил потоа продолжил со своја војска да го опколува Улцињ. Минало доста време во тие настојувања, и, на крајот, не успеал. Гневен поради неуспехот, тргнал оттаму и фатил да руши, да пали и да ограбува по цела Далмација. Градовите Котор и Дубровник ги изгорел, а селата и целата покраина ги опустошил така што изгледало како да е земја без население. Вака, уништувајќи, царот ги минал приморските, како и загорските области сé до Задар. Исто така, тој страшно ги опустошил Босна и Рашка.

Самуиловиот напад на приморските градови, а посебно на Котор, длабоко им се врежал во паметта на тамошните жители. Тоа го сведочи старата „Легенда на Св. Трифун", протектор на Котор, во која се опишува што сé му направил на градот „овој свиреп тиранин".

Каков бил неговиот став спрема Дукља и нејзиниот владетел, живо е изнесено во легендата зачувана кај Поп Дукљанин, а се однесува на Косара и Владимир. Имено, Владимир не останал долго време затвореник, зашто во него се вљубила ќерката на Самуил Косара (според Скилица, црковното име и било Теодора) и таа го наговорила татка си да го

пушти Владимира на слобода. Царот веднаш ѝ ја задоволил желбата и пред болјарите на својата држава (magnatibus regni sui) му ја дал на Владимир ќерка си за жена. Откако на кралски начин било извршено венчавањето, царот го прогласил Владимира за крал и му ја дал земјата и кралството на неговите претци, а покрај тоа уште и Драч со сета негова територија. Потоа на Владимировиот стрико Драгомир му ја вратил неговата земја Трибуња, т.е. Требиње. На овој начин, Владимир му станал предан вазал на Самуил, кој него во текот на целиот свој живот го чувал. Според тоа, Владимир не можел да му биде сојузник или да бара сојуз со Василиј II. Тоа можело да го прави само Рашка, која Самуил толку немилосрдно ја запустил. Исто така Самуил ја имал пред себе и Хрватска, која ја нападнал од непознати причини. Би можело да се претпостави дека Хрватите тогаш му биле сојузници на Василиј II, кој, како што кажува Тома Архиѓакон, му испратил кралски знаци на тогашниот хрватски владетел Стјепан Држислав, така што тој е прв што се нарекувал крал на Хрватска и Далмација. Истовремено византискиот цар го наименувал него за епарх, т.е. намесник на Далмација и го одликувал со титулата „патриций".

Бидејќи во поглед на Далмација имал аспирации и Самуил, разбирливо е дека не му одговарал ваквиот став на хрватскиот крал и неговите врски со Византија, чиј владетел го сметал за свој заколнат непријател. Притоа, ако има и малку вистина во оној документ од 9. II. 994, Држислав му се замерил на Самуила што им укажал гостопримство на неговите блиски роднини што тој ги истерал од својата земја. Тие првин биле дојдени во Мизија (Мезија), што ја опфаќала Северна Србија, подунавска Бугарија и Романија, а потоа наскоро се упатиле понатаму и стигнале во Хрватска. Држислав ги сместил во предградието на Клис и така им дал сигурност и заштита.

И Самуил, секако, имал причини овој пат да тргне против Хрватска, низ која пројурил пустошејќи сѐ до Задар. Но бидејќи немал морнарица, ни еден приморски град, а особено остров не можел да заземе и сета оваа негова експедиција се свела на брзо враќање со богат плен.

Самуил и неговите топарски вешто ги искористувале династичките борби во Византија и му нанесувале не помали штети на ромејското царство, вели Скилица. Затоа Василиј, штом се ослободил од грижите во поглед на граѓанската војна, размислувал да му се одмазди на Самуил.

Кога ги завршил подготовките, Василиј првин стигнал во Тракија и Македонија, а потоа дошол во Солун, наречен метропола на Македонците, за да му се заблагодари на Свети Димитрија. При тоа му дал задача на Гргур Таронит со јака посада да ги сузбива нападите на Самуил.

Пред да го напушти Солун, Василиј го зел за свој придружник Св. Фотиј Тесалски за со „своите молитви“ да му помага во војните против поданиците на Самуил. Значи, резултат на неговото кусо престојување во Солун било тоа што се погрижил за одбраната на овој град, кој бил осетлива точка на Самуиловите напади. Покрај тоа, овој сомничав и недоверлив владетел конечно во црковната личност нашол искусен советник за водење на борбите против Самуил, со кого војувал четири години (990/1 — 994/5) и му пленил, зазел и разурнал неколку тврдини.

Некаде кон крајот на 994 или 995 Самуил тргнал против Солун во чија близина ги поставил своите чети во заседа, а само неколку одреди провалувале до самиот град. Заповедникот на Солун Грегориј Таронит го испратил својот син Ашот да ја извиди бројната состојба на противничката војска. При тоа Ашот паднал во заседа и го заробиле. Грегориј се обидел да го ослободи сина си, но во борбата и самиот храбро загинал.

Кога Василиј дознал за поразот на својот војвода (дукс), го упатил во Солун врховниот заповедник на Западот магистерот Никифор Уран. Тој дознал дека Самуил по борбите со Грегориј ја напуштил околината на Солун, ги минал реките Темпе и Пенеј, и дека пљачкосува и пустоши по Тесалија, Беотија и Атика, како и на Пелопонез, откако го минал Коринтскиот Провлак. Затоа Уран веднаш отишол во Лариса, каде што ја оставил воената комора, па набрзина минал низ Тесалија и Фарсалската Рамнина, се превезол преку реката Апидан и пристигнал до брегот на Сперхеј, каде што се улогорил. Меѓутоа, Самуил веќе имал направено логор на спротивниот брег од реката која била толку надојдена, поради големите дождови, што изгледало дека за некое време не ќе биде можно да ја започне борбата. Сепак Уран пронашол погоден премин преку надојдениот Сперхеј, и ноќта ја уфрлил својата војска меѓу мирно заспаните Самуилови војници. Овој ненадеен напад ги обезглавил византиските противници; одвај некој да можел да се брани и огромен број паднале. При тоа бил тешко ранет Самуил и неговиот син, а ако не се скриеле меѓу мртвите војници ќе биле живи фатени. Следната ноќ скришум побегнале преку Етолските Планини и Пинд, та се вратиле во Македонија. Уран ги ограбил и ги оставил незакопани Самуиловите војници, ги ослободил заробените Византијци и со огромен плен се вратил во Солун.

Иако Скилица не го донесува датумот на оваа борба врз основа на податоците од делата на истиот автор, таа може да се стави во 995 или 996 година.

Оваа ненадејна и неочекувана победа на Уран скапо му се фатила на Самуил, зашто изгубил со илјадници војници, чии глави тој војсководител ги испратил во Цариград со 12.000 заробеници, како што пишува Јахја. Освен тоа,

Самуил сега толку се понижил, што на Василиј писмено му ветил послушност. И кога изгледало дека византискиот владетел ќе ја прифати понудата за мир, Самуил се прогласил за цар.

3.

Прогласување на царството. Неуспешни борби со Византија

Интересно е дека Самуила ни еден современ византиски извор директно не го наречува цар, т.е. василевс, туку, како на пример Скилица „Μόναρχος" т.е. монарх или владетел.

Дека Самуил бил крал т.е. цар, сведочи кореспонденцијата што се водела помеѓу бугарскиот цар Иван Калојан (1197 — 1207) и папата Инокентиј III (1198 — 1216). Од неа може да се види дека, покрај Петар, од папата добил круна и Самуил, како и уште други. Со тоа е јасно дека на Самуил не му дал круна царот Василиј II, со кого живеел во постојано непријателство.

Исто така е сигурно дека круната на бугарските владетели Цимиско ја дал на чување во Цариград и Самуил до неа не можел никако да се дофати. Затоа е очигледно, дека патот за добивање круна му бил нему отворен единствено спрема Рим.

Кога, каде и кој го извршил крунисувањето на овој владетел во името на Гргур V (3. V. 996 — 13. II. 999) може само да се претпоставува. Но дека бил крунисан и дека носел круна (круна во вид на тесна лента, над која се издигала полутопка украсена со бисери и скапоцени камења) сведочи и наодот на Василиј II во некогашната Самуилова царска ризница на „круни составени од зрна бисери", како што раскажува Скилица, како и извештајот на шпанскиот Евреин Ибрахим Ибн-Јакуб, кој исто така наведува дека овој владетел имал круна.

Секако, со ова крунисување Самуиловото царство добило меѓународен карактер и признание.

Приближувањето на Самуил кон Рим му одело во корист и нему и на папата, зашто заедничка им била и крајната цел — што повеќе да ја ослабнат и намалат Византиската империја.

Кога дознал за прогласувањето на Самуил за цар, Василиј повторно го испратил Уран во војна против него. Секаде палејќи и пљачкосувајќи без да наидува на отпор, Уран продрел до средината на неговата земја, а потоа по три месеци се вратил во Цариград.

Меѓутоа, штом Самуил пристигнал во Преспа, морал да даде согласност за венчавање на својата ќерка Мирослава со неговиот земјак Ашот, во кого таа била вљубена, како нејзината сестра Косара. По извршеното венчавање, Самуил

го упатил Ашота и ќерка си во Драч и му ја доверил командата на тој крај.

Овој податок за Драч, кој му бил предаден на Ашот, не се коси со Самуиловото подарување на Владимир, зашто тоа тој, секако, го направил во спогодба со дукљанскиот владетел. Штом Ашот дошол таму, тој ја убедил и жена си да му помогне во остварувањето на неговите планови; потоа двајцата пребегнале на византиски кораби што тогаш крстосувале за да ги чуваат границите и пристигнале кај Василиј, кој на Ашот му дал титула на магистер, а на Мирослава назив дворска дама. При тоа Ашот му донесол на царот писмо од Хриселиј, еден од првенците на Драч, кој се понудил да му го предаде Драч на царот под услов нему и на неговите синови да им подари патрициски титули. Се разбира, царот за ова дал и писмена согласност. Хриселиј наскоро умрел, но неговите синови му го предале Драч на патрицијот Евстахиј Дафномил и за тоа ја добиле ветената титула.

Јасно било дека Драч, поради предавството на Ашот, за Самуил морал за некое време да биде изгубен.

Но затоа, благодарејќи на својата пропаганда, Самуил на друга страна постигнал делумен успех. Имено, во истото време магистерот Павел „Бобус" (Тептавиот), првенец на Солун, и протоспатарот Малакен, и двајцата познати поради својата мудрост и красноречивост биле обвинети дека му се наклонети на Самуил. Затоа едниот бил испратен во Византија, а другиот во Тракија. Овој пример во Едрене (Адријанополис) толку исплашил некои осомничени великодостојници што тие пребегнале кај Самуил а меѓу нив бил и Ватац со целото семејство и Василиј Главас, додека син му Никета бил затворен и дури по три години бил ослободен по заповед на царот Василиј.

Овие два примера јасно укажуваат дека на клучните точки на византиското царство власта на Василиј била лабилна и дека тогаш против него биле највлијателните личности. Тие истовремено укажуваат на тоа колкава поткрепа уживал Самуил во тие градови и предели, така што само малку недостигало, па овие два отскочни навални центри да минат во негови раце. Што не се случило тоа, треба да и се заблагодари на постојаната будност од страна на Цариград. Сево ова го натерало Василиј да преземе нова офанзива врз Самуиловата држава, и тоа преку Пловдив, што му го доверил за чување на патрицијот Теодорокан.

Откако разурнал многу градови во подрачјето на Софија тој се вратил во Мосинопол. Ова било увод во спроведувањето во дело на неговиот систематски разработен воен план, т.е. од сите страни да започне општа офанзива против Самуиловата држава и нејзиниот центар. Така веќе во 1000 година Василиј испратил голема војска на чело со војсководителите патрицијот Теодорокан

и протоспатарот Никифор Ксифиј против утврдените градови од другата страна на реката Марица. При тоа, тие го освоиле Велики и Мал Преслав и Плиска, така што сега византиската војска се вратила дома како победник. Кога Василиј склучил примирје со египетскиот калиф Ал-Хаким, тој лично се упатил во 1001 год. преку Солун во правец на Верија, што му ја предал катархонот Добромир, оженет со Самуилова роднина. Него царот го одликувал со титулата антипат (проконзул) и тој сега минал на страната на Византијците. По предавањето на Верија Василиј пристигнал тогаш до Колидрон (денешен Колиндрос недалеку од Верија), чиј заповедник Димитрија Тихона (Τειχωνᾶς) не сакал сам да го предаде градот, туку барал слободен премин за себе и за својата војска. Тогаш царот се повлекол и го пуштил Тихона со својата војска да оди кај Самуил. Василиј минал кон опседнувањето на Сервија. Нејзин заповедник бил Никола, кого поради ниската става го викале Николица. Тој порано бил стратег на темата Хеладика и него уште во 980 Василиј го поставил за заповедник на Власите. Од Сервија морал да се повлече кога тоа место Василиј го зазел, а потоа минал во кастелот, каде што храбро и среќно им се спротивставувал на византиските напади. Но и овој кастел паднал во рацете на Василиј, а со него и Николица. При тоа царот ги преселил бранителите на таа тврдина на друго место, а таму оставил византиска посада.

Кога одовде отишол во Цариград со себе го повел и Николица, на кого му ја подарил честа патриций. Но Николица побегнал од престолнината и потајно стигнал до Самуил, со кого ја нападнал Сервија. Меѓутоа, Василиј навреме го спречил ова опколување и Самуил и Николица се разбегале. Тогаш еден одред на Василиј успеал да го зароби Николица и окован го испратил во Цариград, каде што бил заточен.

Од Сервија царот се упатил кон Тесалија и ги поправил тврдините што ги имал разурнато Самуил, а ги освоил оние што уште биле под негов посед. Потоа од тие утврдени места ја префрлил нивната посада во Волер (Βολερόν), место во Тракија на реката Марица, а сите овие кастели ги осигурил со византиска посада. Кога воинственот заповедник на градот Воден катархонот Дражан (Δραζάνος) не сакал да го предаде тој веќе по природа силно утврден град, Василиј со сила го зазел и сета негова посада ја преселил исто така во Волер. Воден, пак, го обезбедил со своја силна посада и пристигнал во Солун заедно со Дражан, кој го замолил за дозвола тука да се насели.

Истовремено царот поради Арапите го преместил Урана од Солун во Антиохија, а на негово место го поставил патрициот Давид Аријанит. Во следната година (1002) Василиј тргнал на север и по цели 8 месеци го зазел силно утврдениот Видин (15. VIII. 1002). Во истиот ден, по забрзан

марш низ Тракија Самуил влегол во Едрене (Адријанополис), од каде што демонстративно се вратил назад со многу плен. Но овој Самуилов препад не го спречил Василија и понатаму да ги продолжи освојувањата и пљачкосувањата на неговите тврдини. Правецот на патот му бил Скопје. Таму го наоѓа Самуила, улогорен на другата страна на Вардар, каде што се чувствувал сигурен, зашто бил уверен дека не може да се мине преку оваа тогаш надојдена река. Но Византијците пронашле некаде плитко, па Василиј ги префрлил своите чети. Поради овој неочекуван напад, вчудовидениот Самуил побегнал со своите без да даде некаков отпор. Како плен на Василиј му паднал во рацете целиот Самуилов логор и неговиот шатор. За заповедник на Скопје во тоа време Самуил го поставил Романа, синот на Петар, кого по дедо му го викале Симеон. По Самуиловиот пораз на Вардар Роман му го предал Скопје на византискиот цар. Поради тоа Василиј го именувал него за патриций и препозит и го поставил за стратег во Абид. Од Скопје Василиј дошол до Перник, кој го бранел големиот воин Кракрас (Κρακρᾶς). Но при опседнувањето на оваа тврдина, изгубил и доста време и доста луѓе. Откога увидел дека Перник е неосвоив и дека нема Кракраса да го придобие ни со ласкање ни со ветување, ја оставил таа залудна работа и тргнал пак за Пловдив, од каде што се вратил во Цариград. Со тоа привремено бил завршен победоносниот поход на Василиј против Самуил.

Не се знае точно кога, а можеби токму во овој период Самуил дошол во судир со уште една држава, а тоа е Унгарија. Имено, неговиот син што бил оженет со унгарска принцеза, најверојатно ќерка на кнезот Гејза (972 — 997) ја вратил својата жена во нејзиниот род. Срдечните односи помеѓу Самуил и син му на Гејза кралот Стефан I (997 — 1038) поради ова како и поради тоа што Самуил се согласил со еден кралски вазал се прекинале. Како последица на тоа дошло до приближување на Стефан I кон Василиј, кој го повикал на помош. Стефан го победил Самуила. Го зазел неговиот „царски град" и со безбројно богатство се вратил во Унгарија и ја обдарил базиликата во Столни Биоград.

4.

Биткаги на Беласица и смртта на Самуил (1014)

Токму тогаш кога византискиот цар испраќал од Македонија чети во јужна Италија за да помогнат за задушување на бунтот на тамошното население против Цариград, секоја година, како што пишува Скилица, овој владетел војувал, пљачкосувал и пустошел. Самуил веќе не се осмелувал денски да се улогори или да се спротивстави на отворено поле. Бидејќи на сите страни губел сили, а знаејќи дека византискиот владетел влегува низ клисурите Кимбалонга и Клидион, тој ги опколил нив со широк опкоп, ги



Доѓање на ослепените Самуилови војници пред својот цар — минијатура во Манасиевиот летопис (XIV век)

затворил и ги обезбедил со силна посада. Кога царот стигнал до тие клисури и сакал да мине низ нив, во тоа го спречиле одозгора Самуиловите војници. И додека Василиј комбинирал како ќе мине, наскоро во неговиот табор пристигнал стратегот Теофилакт Ботанијат, наследник на Давид Аријанит. Тој го победил најмоќниот Самуилов велможа војводата Несторица, кој со голема војска бил испратен конечно да го заземе Солун. Доаѓањето на Ботанијат во родопските клисури ги охрабрило Византијците, чии бојни редови сега биле зајакнати. И додека Василиј по совет на пловдивскиот (филипол скиот) стратег Никифор Ксифијас го напаѓал опкопот, Ботанијат со брз марш ја заобиколил со својата војска планината Беласица, која била од спротивната страна на клисурата на југ. И на 29. VII. 1014 година од висовите на таа планина, одненадеж и со голема викотница Никифор ја нападнал од зад грб Самуиловата војска, која фатила да бега. Василиј го разурнал опкопот, напуштен од неговите бранители, и продолжил да ги прогонува бегалците; имало многу убиени, а уште повеќе заробени. Самуил пак се спасил благодарејќи на својот син, кој храбро ги одбивал напаѓачите, а потоа го качил татка си на коњ и го одвел, во утврдениот град Прилеп. По извојуваната победа Василиј наредил на заробените Самуилови војници да им се извадат очите. Се раскажува дека имало околу 15.000 и дека на чело на секои сто од овие бедници бил оставен по еден со едно око. Така унесреќени му ги испратил на Самуил. Кога ги видел нив така осакатени, Самуил паднал во несвест. Со вода и со мириси, успеале малку да го повратат, но два дена потоа умрел, според Скилица, од срцев напад на 6. X. 1014 година. По поразот и трагичната смрт на Самуил неговото царство сé уште се држело цврсто. Значи, Василиј сега морал добро да промисли како што побрзо и конечно ќе ја урне таа голема државна творба со која неговиот упорен и заколнат непријател Самуил владеел цели 38 години.

5. *Внатрешната ситуација за време на Самуиловото владеење. Создавање на Охридската архиепископија*

По победата над Василиј кај Трајанова Врата (986) и натамошните освојувања на Балканот, Самуиловото царство ја опфатило цела Македонија (освен Солун), цела Тесалија и Епир, Албанија и некогашните приморски склавинии: Дукља, Травунја, Захумле и неретванската област (без островите) до Цетина, од каде што почнувала Хрватска. Потоа Србија (која граничела со Дукља, Травунја и Хрватска), т.е. Рашка, Босна, како и еден поголем дел на Бугарија.

Секако овие граници не можат приближно да се определат, како што се мислеше досега, според оние т.н. три

повелби (сигилион) на Василиј II во корист на Охридската архиепископија, зашто се фалсификувани во втората половина на XIII век, што е очигледно, ако малку подетално се погледа на нивната содржина, на надворешните и внатрешните одлики.

Врз основа на Скилица и Поп Дукљанин „Бугарија" граничела со Хрватска, па под тоа име се подразбирале сите оние земји што Самуил со добро или со сила ги присоединил кон своето царство. На тој начин и на овие краишта се проширило името „Бугарија", која современиот автор Лео Ѓакон ја вклучува во називот „Μυσία".

Но наспроти тоа се знаело и за бивши држави и предели како и за народи опфатени под тој поим, каков што бил случајот со називот „Румелија", која за време на Турците се простирала од Босфор (со Цариград) до Косовска Митровица. Се разбира дека со време престанало ова име „Бугарија" и дека подоцна голем дел од Бугарија или целата таа земја понекогаш се викала „Македонија", т.е. Бугарија била вклучена под поимот „Македонија".

Познато е дека во втората половина на X и XI в. византиските автори веќе не го употребуваат називот „Словени" или за словенските племиња зборовите „ἔθνη" и „γένεα". Тие сега наведуваат поопределени имиња на словенските народи како што се, на пр., Срби, Хрвати итн. Затоа е разбирливо што тие поданиците на Самуиловата држава ги викаат „Бугари", а Поп Дукљанин единствен — „Булгари" и „Булгарини". Тој не останува само на тоа, зашто и Словените и Бугарите ги наречува Готи а Лео Ѓакон — „Мизи". Византиските автори одат и понатаму. Тие Бугарите ги викаат уште и Скити (8—14 в.), Хуни (8—10 в.), Мизи итн. Но Скити ги вика Србите и Хрватите и Теофановиот продолжувач, како и самиот Константин Порфирогенет.

Бидејќи зборот Булгарин доаѓа од Булга+ар, што значи човек од Волга — Волжанин, а тоа го тврди и Дукљанин, значи дека Македонците (Македонските Словени) не би можеле да бидат така наречувани, зашто тие дошле од страната на Дунав, а Бугарите од исток. Познато е дека во Самуиловата држава биле први и најбројни Македонците (Македонските Словени), Словените во Грција и Пелопонез, па дури потоа Бугарите, а по нив Србите, Хрватите и најпосле Ромејците (Византијците), Албанците и Власите (во Тесалија, Акарнанија, Епир и Етолија, во еден дел на Тракија итн.); потоа: Романите (во приморските краишта), Турците Вардариоти, Ерменците, кои уште Самуил ги населил во Пелагонија, Преспа и Охрид, а ти имало исто така и во Тракија.

На чело на ваквиот конгломерат од народи, меѓу кои далеку понадмоќни биле Македонците, стоел „царот на

Бугарија“ Самуил „раб божји“. Неговата титула наполно одговарала на титулата „Βασιλεύς“

На Самуил византиските современи извори не му ја даваат соодветната титула „цар“ (Βασιλεύς), туку намерно одбегнуваат така да го наречат и му даваат сосем други наслови.

Па сепак во Византија, а и во другиот свет, владеело мислењето дека ова царство е просто продолжение на она пропаднатото „прво“ бугарско царство, зашто само таква држава, покрај Византиската империја, во овие предели можела да има цар. За таквиот став придонесол и самиот Самуил кој, следејќи го духот на своето време, не сакал поинаку да се наречува. Сепак, тоа била сосем нова државна творба.

Имено, јадрото на неговата држава било сосем друго, а внатрешната и надворешната политика на неговото царство во суштината различна и поинаква.

Круната што ја примил Самуил од папата била кралска, како и титулата „рекс“. Имено, Рим немал обичај да дава друг наслов, со исклучок на оној, царскиот, што бил резервиран и доделуван единствено на владетелите на Франките (од Карло Велики) а потоа на германските владетели, кои наспроти тоа цариградскиот двор ги титулирал со насловот „крал“, а не „цар“. Поради тоа, и Самуил можел со право себеси да се смета за „василевс“, т.е. за цар како своите претходници и наследници, иако Византија, со која бил во перманентно непријателство, не го признавала.

Со формирањето на ваква царство се случило она на што Византијците најмалку мислеле. Имено, тие своевремено се плашеле да не се создаде во склавинијата преку Дунав словенска монархија, што сепак не се случило. Но затоа таа сега била создадена токму во оној предел што Византијците го сметале за свој, а тоа е територијата на некогашните македонски склавинии, која така станала фокус на Самуиловото царство. Овој државен центар бил далеку на југ од Балканот во денешна Македонија со неколку царски подвижни престолнини што имале повеќето прекрасно уредени владетелски дворци, како оние во Преспа, Охрид, Прилеп, Битола, Прониште, Сетина итн. Како биле градени и уредени овие царски дворови не е познато. Но, тие, секако, биле богато украсени, за што сведочи наодот на Василиј II во Сетина и Охрид. Сите тие метрополи и дворци биле на подрачјето на некогашните македонски склавинии. Но, наспроти тоа, Самуил ја поддржувал традицијата на поранешното бугарско царство заради својот престиж. И додека речиси никаква грижа не покажувал за подрачјето на денешна вистинска Бугарија, од кое дел по дел систематски му одземала Византија, на македонско-грчките предели бил и премногу чувствителен и борбен.

Во времето на Самуил настанала т.н. Охридска архиепископија (во историската литература позната како патријаршија). Но покрај неа имало уште две, и тоа Драчката и Дубровничката надбискупија. Секако, границите на Охридската архиепископија во времето на Самуиловото царство и по неговото паѓање биле сосем поинакви. Разбирливо е што Самуил сакал за своето царство да има архиепископија, и тоа во она место каде што му била престолнината. Само, како што од папата добил кралска, а не царска круна, така било и со таа црковна установа. Имено, папската курија, како и порано во IX век така и сега, не се согласила Самуиловата држава да добие патријарх (чиј број бил непроменет) туку архиепископ. Службениот назив на Самуиловиот црковен врховен великодостојник бил „ἀρχιεπίσκοπος Βουλγαρίας", а седиштето отпрвин му било Преспа. Подоцна, кога Самуил минал во Охрид таму се преселил и врховниот црковен главатар. На тој начин Охрид станал, за прв и последен пат, црковен центар и престолнина на едно царство што траело само до 1018 година.

Бидејќи охридскиот архиепископ не бил признат од византискиот двор, тоа веројатно го сторила римската курија, која го крунисала Самуил и со кого имала најдобри односи.

Овој нов архиепископ под своја надлежност ги имал оние епископии што биле во склопот на Самуиловото царство. Меѓу нив се истакнувале: Средечката (Софиската), Дрстарската, Могленската, Велбуждската, Главиничката, Белградската, Нишката, Призренската, Липљанската, Рашката, Скопската, Морозвистката, Битолската, Воденоката, Драмската, Србичката, Стагската, Вериската, Струмичката и Костурската.

Секако Драчката архиепископија не била зависна од оваа централна архиепископија на царството, зашто имала своја територија, како и новооснованата Дубровничка надбискупија. Нејзиното основање е извршено со одобрение на Самуил. Имено, Самуил завладеал со Дубровник и со поблиските и подалечните предели, во кои имало уште некои бискупии. Веројатно затоа по негова молба папата Гргур V ја подигнал Дубровничката бискупија на надбискупија. На оваа нова митрополија и биле доделени бискупиите во Стон, Требиње, Котор и Бар, како и бискупијата во Рас.

И додека за политичката ситуација во времето на Самуил има доволно податоци, изворите за општествено-економската состојба, како и за уредувањето на оваа државна творба се премногу скржави и скудни.

Се претпоставува дека повеќето селани во Самуиловото царство биле слободни, а бројот на зависните селани — ограничен. Зависните селани биле парици или клирици. Париците работеле и на световните и на црковните имоти, а клириците само на црковните.

Бројот на париците и клириците во одделни епископии, за чудо, бил доста мал (12 — 40). Клириците за време на Самуил биле, секако, во подобра положба отколку париците. Имено, тие, изгледа, биле ослободени од икомодија (οἰκομοδίον, и денеска не се знае што значи, всушност, тој израз), како и од сите вонредни давачки (ἀπερεῶν). Овие зависни селани, подарувани на одделни црковни достоинственици, не плаќале државни давачки, но затоа спрема своите господари имале работни и други обврски, за кои ништо не се знае каков карактер имале.

Жителите на градовите (κάστρα) сигурно се викале „καστρήσοι" (како во своите писма ги наречува Теофилакт Охридски) или „кастрини". Но населението живеело и во обични населби, по утврдените места, како и во тврдините.

Посебна феудална класа сочинувале првенците или велможите (μεγιστάνες, δυνατεῖοι) и болјарите (оптиматес).

Мнозина од овие болјари постојано престојувале на Самуиловиот двор. Тие секако му биле верни нему и во целост задоволни со надворешната и воената политика на својот владетел, со која подолго време постигнувал значајни успеси и довел до проширување на своето царство, како и до добивање нови земји и богатства. Но штом умрел Самуил, тие велможи повторно почнале да си ги гледаат само своите интереси, што ги одвело во таборот на Василиј, каде што биле опсипани и придобиени со подароци и почести.

Ропството имало патријахален карактер и робовите се продавале надвор од земјата или пак биле ослободувани со откуп. Познато е дека Самуил жителите на еден град (на пр. на Лариса) ги претворувал во робови.

За време на Самуил, црквата била фаворизирана. Самите свештеници тогаш, како и подоцна, имале повластена положба, а посебно архиепископите и епископите. Меѓу сиве овие црковни институции се истакнувала Охридската архиепископија. Нејзиниот архиепископ уживал специјална положба на дворот на Самуил и тој во 1018 година ќе одигра пресудна улога.

Во времето на Самуил даноците се плаќале во натура, т.е. секој што имал севгар волови морал да дава модиум (мат) жито и просо, како и стомна вино. Покрај тоа, имало и други непознати видови данок, давачки и подароци во натура. Овој данок, изгледа, го собирале посебни чиновници.

Приходите на владетелот, пак, биле од царските имоти, од неговиот добиток, од казните при судењето, од ограбувањето во војните итн. Се разбира дека Самуил, како и другите владетели во Европа, во тоа време сметал дека државната благајна е истовремено и царска. Инаку, Самуиловата ризница, како и таа на неговите наследници, била полна со разни скапоцености, злато и пари.

Парите што врвеле во Самуиловото царство биле византиски, зашто, колку што е познато, тој не ковел свои пари.

Какво било земјоделството, трговијата и занаетчиството во тоа време, не може ништо да се каже, зашто не постојат никакви изворни податоци.

Како превозно средство населението ги употребувало коњите, кои биле на висока цена и служеле за во војна и за на лов.

Во времето на Самуил и на неговите наследници војската ја сочинувале слободните и зависните селани, како и жителите од населените градови. Таа, секако, била мошне бројна, што го потврдуваат современите византиски извори. Оваа огромна армија била составена од пешадија и коњица; во неа биле застапени разни народи, но сепак надвладувале Македонците. Врховен заповедник бил самиот Самуил, кој во текот на долгите војни со Византија покажал големи стратешки способности, учествувајќи лично во неколку најсудбоносни битки.

Самуиловите војници биле облечени главно како византиските. Облеката им се состоела од кус горен фустан, под кој носеле панталони а на нозете — обувки цврсто припиени и со врвци врзани околу прасците на нозете. Горниот дел на телото бил облечен во кошула од железо. На главата имале шлемови со различен облик. Од шлемот кон плешките и под брадата се спуштал панцир. Од оружје имале штит (тркалест или елипсовиден), како и долго копје (обично со знаменце), а поретко долг меч. Дополнителна опрема на војската биле уште трубата и знамињата.

Покрај оваа војска, Самуил имал уште и телесна гарда или стража. Инаку немал воена морнарица или бродови иако владеел со некои приморски градови. Според тоа и на Јадранското и на Јонското, како и на Егејското Море апсолутна надмоќ имала византиската воена морнарица. На чело на одделни помали или поголеми одреди стоеле виши или нижи заповедници а можеби постоел, како во византиската армија, началник на воениот штаб, кој на грчки се викал комес (κόμης τῆς κόρτες).

Дали Самуиловата држава се делела на одделни области, тоа од изворите не се дознава. Во тоа царство имало разновидни населби. Така имало неколку вистински градови (πόλυς), голем број места или градови што обично биле утврдени со ѕидови (κάστρα) како и тврдини (φρούρια).

По своето значење меѓу нив се истакнувале градовите и местата во јужните предели на државата, т.е. во Грција и во приморските предели (на пр. Драч, Котор, Дубровник). Покрај т. н. бугарска кастра, преку реката Марица, како и бугарските тврдини, кои така изречно ги наведува. Скилица, во јужниот дел на Самуиловото царство се познати како вистински градови (πόλυς): Скопје, Охрид (истовре-

мено и царска престолнина), Касторија и Верија. Град и тврдина (φρούριον) е Меглен (Моглен), а само тврдини се Волер, Воден, Перник, Прилеп, Штип, Просек, Мацукион (кај Струмица), Мелник, Нотија, (Нотје близу Меглен), Термица, Бисеградон, Сетина (во неа има царски дворец), Стаг, Сервија и Сиско (Sysko). Покрај тоа во самата околина на Перник имало уште 35 тврдини, што Скилица не ги изнесува по име.

На чело на сите овие градови и предели стоеле заповедници со разни називи, и тоа единствено познати на грчки јазик. Така со Верија и Воден заповедал катархон, со Сервија филатон, со Перник филакс, со Белград, Меглен и веројатно со Скопје архонт, а топарх со т.н. внатрешни градови на царството.

Имало и стратези кои, според Кекавмен, на словенски јазик се викале „челници"(τζελνίκός). Дали Самуил имал свои советници (consiliares) како Михаило Борис (852—889) или како неговиот син Гаврил кој имал свој советник (συμπάρεβρος) може само да се претпоставува. Сите тие го сочинувале царевиот воено-административен апарат.

Шпанскиот Евреин Ибрахим-Ибн-Јакуб пишува дека Самуил имал круна, секретари и регистри. Тоа докажува дека имал своја царска канцеларија и дека во неа издавал документи (на словенски и на грчки јазик). Се разбира дека Самуил овие свои повелби морал да ги заверува со печати. Тие биле претежно оловни, зашто такви употребувале, колку што се знае, и Симеон и Петар, Давид, Алусијан, синот на Иван Владислав и други. Но тоа не значи дека, покрај овие, не можеле да бидат во употреба и златни или восочни печати, како и во византиската царска канцеларија на тоа време. Какво било судството во Самуиловата држава не може ништо определено да се каже. Секако врховен судија бил самиот владетел, кој имал врховно право за помилување или казнување. Така Самуил ги пуштил од затвор Владимир и Ашот, а ги казнил со најтешка казна сите градски жители на Лариса, со тоа што ги претворил во робови и присилно ги запишал во својата војска. Разбирливо е дека и Самуиловите заповедници на градовите и областите имале, покрај цивилна ,воена и судска власт. Исто така, судска власт над своите парици и клирици имале и црковните великодостојници и одделни манастири.

Дали било раширено богомилството во државата на цар Самуил и неговите наследници, од изворите може само да се претпостави. Имено, за тоа движење во ова време постојат само два податока, доста различни и од проблематична вредност. И двата се зачувани во преписи од XVII век. Првиот е исправа на латински јазик, датиран со 994 година. Во неа се зборува како неколку бугарски велможи на чело

со Пинциј, роднина на унгарскиот цар „Стефан", дошле во Хрватска и со дозвола на кралот Држислав се сместиле во околината на Клис. При тоа ја примиле „правата вера католичка според установата на римската црква". Таквиот податок укажува дека тие можеле да бидат богомили или, можеби, што е помалку веројатно, припадници на грчко-источната црква.


Вториот податок е животописот на Св. Иван Владимир од XVII в., напишан на грчки јазик. Во него се раскажува како Самуиловиот син Гаврил со жена си бил привржаник на богомилите, кои заедно со жителите и другите еретици ги уништил Св. Владимир. Тоа би значело дека на Самуиловиот двор оваа секта имала највисока поткрепа и дека затоа ни царот не ја прогонувал. Меѓутоа, ни од изворните податоци не може ништо сосем сигурно да се каже во поглед на богомилството во Самуиловата државна творба. Единствено се знае дека имало павликијанци веќе во IX век во Тракија. Таму во 970 Цимиско преселил големо множество павликијанци од Понт и Ерменија, и тоа во околината на Пловдив (Филипол).

Бидејќи токму во тоа време живеел и пишувал Презвитер Козма, кој ја побивал ереста на богомилите, изгледа дека постоеле односи помеѓу обете секти. Според тоа, може побргу да се каже дека постоело павликијанство на ограничен простор на Самуиловата држава, каде што покрај него растело и, незабележано и тивко, се повеќе јакнело богомилството.


Службен јазик во Самуиловото царство бил словенскиот. Тоа го сведочат оние споменици што ги подигнал царот и кои се споменуваат од неговото време. Но се разбира дека на царскиот двор во употреба бил и грчкиот како дипломатски јазик. Во поглед на градителството во Преспа се истакнува базиликата на Св. Ахил, што ја изградил Самуил. Имало изградено и други цркви, што како оние во Преспа и Охрид, се искитени со фрески и плетер. Покрај тоа, развиена била посебна градежна дејност, за што сведочат многубројните дворци на цар Самуил, растурени по јужните делови на неговата држава.

6. Распаѓање и крај на Самуиловото царство

Самуил го наследил неговиот син Гаврил Радомир, кого Скилица го вика и Роман. Според изјавата на тој автор, Гаврил бил посилен од татка си, но многу помалку мудар. Гавриловата храброст и сила ги фали и Поп Дукљанин, а посебно во однос на Византијците. Тој во 1014 г. го убил Теофилакт Ботанијат, заповедникот на Солун — пишува Скилица.



Натпис од надгробната плоча на Самуиловите родители (993 година)



Натпис на столбот на црквата Св. Архангел во Прилеп (996 година)

Мајка му на Радомир се викала Агата, ќерка на Иван Хриселиј, заповедник на Драч. Гаврил бил оженет двапати. Првата жена му била ќерка на унгарскиот крал која, не се знае зошто, ја замразил и ја истерал, иако тогаш очекувала дете (таа подоцна отишла во женскиот манастир во Весприм што за неа го основал брат ѝ Стефан I). Потоа Гаврил се оженил за убавата Ирена, заробена во Лариса.

По битката кај Беласица, Василиј II престојувал во Мосинопол, каде што при крајот на октомври 1014 г. дознал за смртта на Самуил. Тогаш се упатил првин во Солун, а потоа кон Полог. Тој тогаш, навистина, го изгорел царскиот дворец во Битола, но тој град не го зазел. Во меѓувреме, пак, неговите чети ги запоседнале Прилеп и Штип. Во почетокот на јануари 1015 г. Василиј се вратил пак во Солун. Во пролетта одовде тргнал за Воден, каде што тамошната посада и населението се побуниле против Византијците. Откако го присилил градот да му се предаде, неговите жители ги преселил во Волер. Во самиот Воден, пак, населил Византијци — копјаници, кои биле познати по својата суровост и дивјаштво. Откако изградил во клисурата близу Воден две тврдини, повторно пристигнал во Солун. Таму го чекало писмо и пратеникот на Радомир, кој му порачувал дека ќе му биде „слуга и поданик" т.е. вазал. На оваа мировна понуда, Василиј одговорил со нови напади и упатил двајца свои војсководители — Никифор Ксифиј и Константин Диоген, нов стратег на Солун и наследник на Теофилакт Ботанијат, во пределот на Меглен. Минувајќи по ова подрачје, Византијците пљачкосувале сѐ и конечно почнале да го опколуваат Меглен, каде што покрај бројните велможи престојувал и заповедникот (ἄρχων) на тој град Илица.

Бидејќи ова опседнување се одвивало многу полека, под Меглен пристигнал од Солун Василиј, под чие раководство, по извршените многубројни подготовки, биле разрушени ѕидините на овој град и неговите жители се предале. Меѓу нив биле заробени и Илица, и Гавриловиот советник Дометијан Кавкан. Заробените жители на Меглен што биле способни за оружје се префрлиле по царевата заповед во ерменската област Аспраканија, а блиската мала тврдина Нотија (Нотје) била изгорена.

Наспроти овие претрпени неуспеси, Гаврил Радомир во меѓувреме и натаму војувал со Византијците и длабоко продирал во Византиското царство дури до Цариград, како што, по малку претерано, пишува Поп Дукљанин. Истиот овој автор оди толку далеку што малку потоа изнесува дека царот Василиј поради тоа се исплашил да не го изгуби „царството", па потајно му испратил пратеници на Иван Владислав, внук од брат на Радомир. Преку нив го наговарал него да ја одмазди смртта на татка си и да го убие својот

владетел, па да ја преземе Самуиловата држава и натаму да живее во мир со Византија.

За да го придобие што побргу за овој свој план, Василиј му понудил злато и сребро колку што сака и му ветил дека ќе му го предаде Драч. Кога Иван Владислав се согласил со сето тоа тој на лов го убил Радомира, кој не владеел ни една година, пишува Скилица.

Тоа се случило (според Скилица) на 15. IX. 1015 година, и тоа најверојатно во местото Петриск кај Острово.

По убиството на Радомир, кој некогаш несебично му го спасил животот, Владислав наредил да се убие и жена му на Гаврил, а неговиот најстар син да биде ослепен.

Кога седнал на престолот, Иван Владислав писмено го известил Василија дека го убил Гаврила и ветил дека ќе му биде „слуга и поданик", т. е. верен вазал. Меѓутоа, на Владислав му пречела уште една личност, а тоа бил Владимир, кого на доверба го намамил во Преспа и таму бил убиен. Во овој гнасен акт зеле учество и високи црковни личности, па и самиот архиепископ Давид. Притоа Василиј дознал од Теодор, братот на Дометијан Кавкан, дека Владислав не мисли да се придржува кон она што го ветил. Поради тоа тој тргнал против него со војска и дури се согласил со планот што го направил Теодор за да се убие Владислав. Но Теодор бил убиен кај Штип од неговиот придружник, кој му бил слуга на Владислав. Со тоа Иван Владислав избегнал сигурна смрт. Но затоа не ја избегнал и војната што Василиј ја повел против него со сета жестокост. Имено, овој цар сега преку Воден се упатил во блиското Острово, од каде што неговите војсководители почнале да пустошат по Пелагонија. Но и самиот Василиј секаде каде што минувал за Охрид исто така пустошел и наредувал на заробените да им се вадат очите со цел да завладее поголем страв.

Штом го зазел Охрид, тој се подготвувал одовде да му дојде на помош на Драч, којшто Владислав и неговите војсководители непрестајно го напаѓале. Но оваа замисла му ја попречила веста дека војсководителот на Владислава Ивец ја победил неговата војска во Пелагонија толку силно, што никој од неа не се спасил. Поради тоа Василиј сега тргнал директно против Ивец. Бидејќи не можел ништо да му направи, царот се вратил првин во Солун, а потоа во Мосинопол. Одовде ги упатил своите две војски: едната под водството на Давид Аријанит ја испратил кон Струмица, а другата под Никифор Ксифиј спрема Софија. Но овие војсководители постигнале само локални успеси и не можеле да ги извршат определените задачи.

Со тоа била завршена офанзивата против Владислав во 1015 година и во јануари 1016 Василиј се наоѓал во Цариград, каде што бил зафатен со воените подготовки против Хазарите, на Крим. Откако успешно ја завршил оваа воена операција, некаде кон средината на 1016 г. на чело на својата

војска, во која имало и руски одреди, Василиј упаднал преку Пловдив во софискиот предел и повторно го опколил, по 14 години, утврдениот град Перник. Бидејќи ни овој пат не успеал да го заземе, се вратил во Мосинопол, во кој фатил да врши нови воени подготовки. Така во пролетта на 1017 година од Мосинопол преку Солун влегол во јужна Македонија. И додека повторно ги упатил Давид Аријанит и Константин Диоген во Пелагонија, самиот тргнал кон „непобедливата" Касторија (Костур), која исто така не успеал да ја освои. Притоа добил вест од дрстарскиот (силистрискиот) стратег Цицикиј дека војводата Кракрас се соединил со Владислав и дека двајцата со огромна војска, на која и ги придружиле и Печенезите, имале намера да провалат во византиското царство. Поради тоа, царот веднаш фатил да се враќа и притоа освоил и разурнал неколку тврдини, а меѓу нив и Вишеград. Откако стигнал во Верија, се упатил од неа кон Север, и во околината на Острово разурнал неколку места. Тука застанал кога чул дека Печенезите се одметнале од Владислав, кој веќе се имал приближено до тврдината Сетина (околината на Острово), каде што уште Самуил имал свој дворец и големи магацини со жито.

Штом Василиј ја освоил Сетина, веднаш своите најелитни одреди ги упатил против Владислава и неговата војска. На чело на своите одреди го поставил Константин Диоген, кој штотуку се имал вратено од Пелагонија, каде што со Аријанит страшно ограбувал и палел. Но Владислав на овој војсководител му поставил толку вешта заседа од која тешко би се извлекол ако Василиј не му дојдел на помош.

Покрај своите војници, во настанатата паника подлегнал и Иван Владислав, кој почнал во неред да се повлекува и одвај се спасил со бегство. Диоген го искористил овој метеж и се фрлил во потера по бегалците. При тоа успеал мнозина да зароби, а меѓу нив и еден одред од двесте Владиславови оклопници, како и коњи, и багажот на самиот владетел, па дури и неговиот братучед.

Па сепак Василиј не ја искористил оваа победа над Владислав, туку преку Воден со бавен марш пристигнал во Цариград во јануари 1018 година.

Но затоа во времето на оваа пауза што му ја овозможил Василиј, Владислав вешто се снашол. Тој тогаш успеал не само да задржи некои територии, туку и некои други што веќе биле загубени си ги повратил. Наедно сега минал во офанзива, и тоа така што отишол таму каде што Византијците најмалку го очекувале. Имено, тој со својата војска тргнал токму „кога телото на Владимир било преместувано од Преспа во Краина", да ја запоседне земјата на овој владетел и Драч, како што му ветувал Василиј. Но при опсадата на тој град, во борбата со Никета Пегонит,

заповедник на Драч, го убиле двајца војници или пак некои од неговите сопствени поданици.

По себе, Владислав ја оставил сопругата Марија, шест синови и шест ќерки. Ниеден од синовите не се прогласил за цар.

Василиј, пак, штом дознал од Никета Пегонит дека загинал Владислав и штом примил писмо од неговите водачи што му се нуделе себеси, своите тврдини и области, тој тргнал од Цариград во Едрене (Адријанополис). Таму го чекале брат му и син му на Кракрас, кои му го предале Перник со 35 тврдини. Како вратка за тоа царот ги одликувал, а на Кракрас му ја дал титулата патриций. По тоа после пристигнал во Мосинопол, каде што го пречекало пратеништвото од Пелагонија, Морозвизд и Липљан, и му ги предало овие пределн. Оттука пристигнал во Сер (Серес), каде што веќе го чекал Кракрас со заповедниците на оние триесет и пет тврдини, како и Драгомуж, заповедник на Струмица. Кога му го предал тој град, царот исто така го одликувал со титулата патриций. Притоа Василија во близината на самата Струмица го сретнал охридскиот архиепископ Давид, кој му го предал писмото од царицата — вдовица Марија. Во него таа ветувала дека ќе му ја предаде земјата, ако ги исполни нејзините барања. Тука го поздравил и Богдан, топарх на внатрешните градови, кого исто така го наименувал за патриций. Кога од Струмица стигнал близу до Скопје, тука му се предал и младиот Николица, храбриот Самуилов војсководител (тој не е идентичен со Николица бившиот заповедник на Сервија), кој добил од царот титула протоспататор и стратег. Во Скопје царот го поставил за стратег автократаторот Давид Аријанит, ограбувачот на Пелагонија, на кого му го дал називот катапан. Од Скопје отишол во Штип и Просек, насекаде пречекан со „извици и честитања од страна на поданиците". И, најпосле, влегол во Охрид, каде што Самуил и неговите наследници ја имале сместено својата необично богата ризница. Кога Василиј ја отворил, во неа нашол големо количество пари, круни опточени со бисери, облеки извезени со злато, како и 100 центи (10.000 литри) злато, со кое ги дарувал своите војници. Откако на чело на Охрид го поставил патрицијот Евстахиј Дапхомел, на кого му доделил силна посада, го напуштил градот и отишол во својот табор. Таму повторно ја примил вдовицата на Иван Владислав со три сина и шест ќерки. Со себе таа го довела и вонбрачниот Самуилов син, двете ќерки и петте синови на Радомир, од кои едниот го имал ослепено уште Владислав. Потоа во својот шатор ги примил велможите Несторица, Царик и помладиот Добромир, кои го помагале со своите чети во војната против Владимир.

Василиј, кој насекаде бил пречекуван со слава, сепак, не успеал да го скрши отпорот уште на неколкумина великодостојници. Така, Фружин, најстариот син на Владислав,

со двајца свои браќа што имале логор во планината Тимор (Τμῶρος) давал отпор сé додека царот таму не ја упатил својата војска. Тогаш Фружин со своите браќа се предал и царот го наименувал за магистер, а другите браќа за патриции. Сега преостанале уште храбрите војводи Ивец и Николица. Првиот имал логор во јужна Преспа, каде што собирал чети и постепено се подготвувал за дигање востание.

Кога Василиј од Охрид пристигнал во Девол, оттаму му упатил писмо на Ивец наговарајќи го да се предаде. Но веќе Евстахиј Дапхомел во договор со Василиј успеал со измама да го фати Ивец, на кого му ги извадиле очите и во таква состојба го довеле пред царот. Дапхомел бил награден со поставување за драчки стратег, а Ивец бил фрлен в затвор. Во меѓувреме византиската војска успеала во планините да го опколи и Николица. Немајќи каде, тој една ноќ дошол во логорот на царот и му се предал. Василиј не сакал да го прими и го испратил в затвор во Солун. Така кон крајот на август во 1018 година царот Василиј можел да се пофали дека успеал дефинитивно да ја покори Самуиловата држава.

Во меѓувреме царот пристигнал во Касторија (Костур). Тука му биле претставени ќерките на Самуил, кои ги даровал а вдовицата на Владислав Марија ја испратил во Цариград, каде што станала дворска дама.

Спуштајќи се од Касторија кон југ, влегол во Стаг. Таму го пречекал, облечен како роб, Елемаг, заповедникот на епирскиот град Белград (Берат) со своите другари и му се предал. Тој бил последна воена личност што без давање отпор капитулирала пред византискиот цар. Но токму овој Елемаг (наречуван и Елемаг Францес) заедно со Габрас наскоро сковале заговор со цел пак да воспостават независно господство. Кога бил откриен заговорот, Габрас при бегство бил фатен и ослепен, а Елемаг, кој ни при мачењето не го признал учеството во заговорот, бил ослободен и повторно му било вратено старото достоинство.

Уште по смртта на Владислав, Василиј успеал да ги освои Рашка, Босна и сите приморски области до „границите на долна Далмација". Истовремено на царот му се предал и соседниот народ Хрвати и неговите архонти, на кои тој им поделил почести и богати подароци. Единствениот што уште не ја признал царската власт бил Сермо, господар на Срем. Тој бил наполно независен владетел како од Самуил и неговите наследници, така и од Василиј. Но Сермо наскоро со измама бил убиен од страна на Константин Диоген, стратег на соседната покраина. Потоа царот го поставил Диогена за прв византиски намесник во Срем.

Со тоа била завршена борбата за Балканот во корист на Византија, под чија власт, покрај Македонците, дошле и Бугарите, Србите и еден дел од Хрватите. Сите тие извесно време ја делеле истата судбина.

ДЕЛ ТРЕТИ

МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА РАЗВИЕНИОТ ФЕУДАЛИЗАМ

ГЛАВА I

ВИЗАНТИСКАТА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Воспоставување на византиската воено-административна управа

Во почетокот на 1019 година императорот победник Василиј II, откако ја разрушил охридската тврдина и го опљачкал богатството на македонските цареви, се вратил во Цариград, каде што му бил приреден триумфален пречек.

Уште пред да ја напушти, Василиј II ја претворил Македонија во обична византиска провинција, утврдувајќи го византиското воено-административно уредување. Утврдувањето на византиската власт било проследено со давање жесток отпор од страна на македонскиот народ, поради што голем број македонски градови-тврдини, упоришта на отпорот, биле разрушени. Останале само оние тврдини во кои императорот поставил византиски управници со силни гарнизони војска.

Од Македонија биле отстранети сите претставници на Самуиловиот царски род. Оние кои доброволно минале на страната на императорот биле удостоени со почесни титули, а потоа задржани или во Цариград или пак испратени во малоазиските поседи на Византија, кадешто добиле управнички должности. На овој начин македонскиот народ бил лишен од своите водачи. Специјална политика византискиот император водел и спрема претставниците на македонската феудална класа. На голем дел од нив им биле оставени нивните имоти и работно население, па дури биле удостоени и со нови имоти и привилегии, со што византискиот император сакал да ги придобие и тие да учествуваат во воспоставувањето на византиската власт во Македонија. Но и покрај тоа што ја зачувале својата економска моќ, тие биле лишени од високи управнички должности во својата земја. Почнувајќи од триесеттите години на XI век дури и македонското свештенство било лишено од можноста да зазема управнички должности во црквите на Охридската архиепископија.

За полесно држење во потчинетост на македонскиот народ, територијата на Македонија била поделена на повеќе воено-административни области (теми). Отпрвин централната власт била јака и можела да им обезбеди на управниците

на темите да владеат со поголеми територии. Но од крајот на XII век, кога централната власт значително ослабнала, сепаратизмот на феудалците достигнал такви размери, што темите го изгубиле своето поранешно значење. Нивниот управник се повеќе ја губел власта над областа, кадешто феудалците имале главен збор. Рамките на неговата доминација се стесниле и се ограничиле во повеќето случаи само на градот, во кој му било седиштето. Поради постојаните внатрешни и надворешни борби тематското уредување во провинцијата Македонија било постојано прекројувано. Чест бил случајот неколку од темите да се обединуваат под власта на единствен управник. Тоа особено се практикувало кога со заеднички сили требало да се задушуваат востанијата на македонскиот народ или пак да се отстрануваат од Македонија завојувачките војски на Норманите, Србите и др. Во текот на XI и XII век покрупни теми, чии управници управувале со Македонија, биле Скопската, Солунската и Драчката. Во рамките на овие теми биле сконцентрирани големи војски, кои во случај на поголема опасност интервенирале и на територијата на помалите теми. Управниците на овие три теми, за разлика од тие на помалите, секогаш по ранг стоеле на повисоко место и имале повисоки титули. Изворите, на пример, говорат дека Скопската тема се управувала од стратег-автократор, катепан или дукс; Драчката тема од стратег, катепан и дукс; а Солунската, покрај катепан и дукс, во одделни периоди ја управувал и кесар.

Помали теми создадени во Македонија биле: Охридската, Пелагониската, Преспанската, Костурската, Вардарската, Струмичката, Серската и други. На чело на овие теми стоеле архонти, стратези, хармости, катепани и сл.

Во рацете на управниците на темите била сконцентрирана сета воена, административно-судска и финансиска власт. Оваа власт управниците на одделните теми ја држеле во свои раце со помошта на многубројниот чиновнички апарат, кој масовно доаѓал во потчинетата Македонија. Испратени како државни даночни чиновници (практори), како опишувачи на имотната состојба на данокоплаќачите (анаграфевси), судии, контролори и надгледувачи над органите што ја држеле провинциската власт, овие државни чиновници не само што се грижеле успешно да ги прибираат државните даноци и да го одржуваат редот во провинцијата, туку прибегнувале и кон тоа на сметка на угнетеното население да натрупуваат богатство од илјадници таланти. Кога кон тоа ќе се додаде и експлоатацијата што ја вршеле туѓите и домашните феудалци, тогаш е разбирливо зошто македонскиот народ скоро низ сето време на византиското господство водел продолжителна ослободителна и класна борба.

2.

Охридската архиепископија и нејзината улога

Уште со самото потчинување на Македонија, византиската централна власт побрзала да ја подреди Охридската црква под своја власт и на тој начин и преку црквата да го наметнува и затврдува своето господство.

Охридската црква била рангирана во склопот на Источната црква како архиепископија. Во организационен поглед таа била поделена во почетокот на XI век на околу 32 епархии, додека при крајот на истиот век нивниот број бил намален на околу 26 епархии. Во диоцезот на Архиепископијата влегувале не само македонски епархии, туку и епархии од соседните земји: Бугарија, Србија и Албанија.

Административно, епархиите на Охридската архиепископија биле разделени на протојерејства, а овие пак на енории. Управата на епархиите била сконцентрирана во седиштето на епархијата. Епархиите обично се именувале по градот каде што се наоѓала епископската катедра.

Врховни органи на Архиепископијата биле архиепископот и црковниот синод. На заседанијата на синодот, кои обично се одржувале еднаш годишно, се избирале нови епископи за испразнетите места на епархиите, се казнувале недисциплинирани епископи и други духовници и сл. Заседанијата на синодот не се одржувале секогаш во седиштето на Архиепископијата — градот Охрид, туку и по други градови, на пример, во Преспа.

Охридскиот архиепископ не бил избиран од синодот, како што било случај до паѓањето на Македонија под византиска власт, туку тој бил одредуван во Цариград. По потврдувањето од императорот, тој го заземал архиепископскиот трон во Охрид. Византиската централна власт не дозволила да се распарчи диоцезот на Охридската архиепископија, зашто и преку црквата требало да се утврдува нејзината власт во овој дел на Балканот. Затоа Охридската архиепископија била третирана како автокефална, иако тоа не значи дека таа била независна црква. Охридскиот архиепископ бил автокефален во однос на управувањето на потчинетите цркви на Охридската архиепископија, а не и спрема византиската државна и црковна власт.

Губејќи ја својата независност, Охридската архиепископија сепак задржала извесна самоуправа во рамките на Цариградската патријаршија. Охридскиот архиепископ се сметал за член на главната управа на Цариградската патријаршија, учествувал на нејзините заседанија, земал учество во бранењето на интересите и престижот на Источната црква, учествувал во решавањето на споровите со Западната црква итн.

Целосна независност меѓу државата и црквата немало. Во Византија постоела силна државна власт, која можела да ја заштити црквата од антицрковните движења. Од своја страна, пак, црквата така му била подредена на византискиот император, што таа преку смирување на паствата

учествувала во зацврстувањето на неговата власт. Од органите на Охридската архиепископија се сакало — известува Теофилакт, еден од најпознатите охридски архиепископи — „повеќе отколку од другите“ (т. е. световните органи на власта) да ја држат во покорност паствата.

Уште во почетокот на византиското господство императорот Василиј II се зафатил да ја искористи Охридската архиепископија за интересите на Византија. Веднаш по завладувањето на Македонија тој побрзал да го придобие за себе вишето свештенство на Охридската архиепископија. Оставајќи му извесни привилегии, тој го натерал да соучествува во затврдувањето на неговата власт во провинцијата Македонија. Императорот Василиј II отишол дури дотаму, што и оставил на Охридската архиепископија да ја управува Македонецот Јован Дебарски, а епархиите нему потчинети епископи. Меѓутоа, таквата практика била краткотрајна. По смртта на Василиј II (1025) неговите наследници побрзале наполно да ја грцизираат Охридската архиепископија, зашто таа требало да ја спроведува во дело византиската асимилаторска политика спрема македонскиот, а и другите соседни народи. Преку црквата и колонизаторските мерки византиската централна власт настојувала да го ослабне компактното етничко единство на населението, сметајќи дека по таков начин ќе му оневозможи на македонското население да дава организиран отпор.

Во 1037 година на местото на Јован Дебарски дошол Гркот Лав, долгогодишниот хартофилакс на Св. Софија во Цариград, роден во Пафлагонија (Мала Азија). Оттогаш охридските архиепископи и епископите на нејзините цркви редовно се избирале од редовите на грчкото свештенство. Заземајќи ги раководните места во црквите, тие биле должни — известува Теофилакт — „со своите молитви и совети“ да ја зацврстуваат „ромејската власт“ и „елинскиот говор“ во „варварската земја“ Македонија.

Македонскиот народ со тоа ги задржал своите претставници само во нижето свештенство, кое продолжувало да ги брани неговите интереси.

Уште кога Охрид паднал под власта на Византија, грчките хиерарси оделе кон тоа да ги потиснуваат словенските писмени документи, словенските житија и сл. Тогаш настрадале многу ракописи кои се чувале во Охрид. По црквите започнале да се проповедаат словенски житија што биле преработени и преведени на грчки јазик. Величајќи го својот „елински говор“, грчките свештеници настојувале да го наметнуваат не само во црквите, туку насекаде. Станало масовна појава словенските имиња на реки, градови и сл. да се заменуваат со старогрчки односно ромејски имиња. Претворена во чисто грчка институција, Охридската архиепископија одела кон тоа да ги уништи сите традиции што ги одгледувал македонскиот народ.

Имајќи силна поддршка во редовите на нижето свештенство, населението на Македонија продолжувало да дава разнообразен отпор против асимилаторската политика на Византија. На охридскиот архиепископ населението гледало — признава Теофилакт — како на „тиранин". Од неговата тиранија настојувале да се оттргнат не само охриѓаните, туку и „мнозина" други.

Иако во времето на византиското господство Охридската архиепископија одиграла голема улога за проникнувањето на грчките уредби, обичаи и култура во Македонија, Византија не ја остварила својата асимилаторска политика спрема македонскиот народ. Иако во Македонија дошло многубројно грчко духовенство и грчка администрација, бил зголемен бројот на колонистите, тоа сепак не можело да го измени основниот состав на населението, кое си останало словенско. Словенската писменост не можела да биде уништена, за што сведочат зачуваните ракописи од XI и XII век. Грцизмот не можел да проникне во низините на македонскиот народ. Не само по селата, туку и по градовите, Македонците продолжувале да општат на својот мајчин, словенски јазик.

3.

Засилено разложување на селските општини и растеж на крупните феудални поседи

Со вклучувањето на Македонија во рамките на Византиската империја, во неа започнал засилен процес на развиток на феудалните односи. Слободните селски општини, кои за време на Самуиловото царство сé уште превладувале, започнале масовно да се разложуваат, зашто слободната селска општина секогаш криела во себе сили што биле готови да се дигнат против наложеното господство. Составувајќи единствен компактен колектив, слободната селска општина не дозволувала толку лесно да биде вклучена под власта на феудалните господари, кои во времето на византиското господство почнале масовно да доаѓаат во провинцијата Македонија. Затоа процесот на разложувањето на слободните селски општини во Македонија бил долг и не течел во сите области со исто темпо.

За разложувањето на македонските селски општини влијаеле два фактора: внатрешен и надворешен. Внатрешен фактор била засилената диференцијација меѓу самите членови на општината, т.е. доаѓањето до сé поголем израз на приватната сопственост. Во резултатот на тоа се поочигледна станувала имотната нееднаквост, врз база на која дошло и до различно оданочување на општиниците. Меѓутоа, внатрешниот фактор бил сепак послаб во споредба со надворешниот, кој поосетно ги правел зависни слободните селски општини.

Војните што ги водела Византија биле еден од надворешните фактори што влијаеле за разложувањето на општините во Македонија. За водењето на војните Византија морала од провинциите да собира тематски војски во неограничен број. Поради таквото претерано регрутирање на селанството од Македонија во редовите на византиската војска, во многу области било проретчено машкото население. Ова пак, од своја страна, влијаело осетно да се разбие компактноста на слободните општини, со што сега феудалците можеле слободно да атакуваат на нив, односно да ги присвојуваат. Покрај ова и воените дејства што на македонската територија ги водела Византија со надворешните и внатрешните непријатели биле причина да ослабне силата на слободната селска општина. Имено, разните освојувачи: Печенезите, Куманите, Норманите, Србите, крстоносците и др. го пљачкосувале немилосрдно македонското селско население, кое потоа немало друг излез освен да побара работа на феудалните стопанства приклучувајќи го кон нив и својот мал земјишен посед.

Не бил редок случајот феудалците што живееле во соседство на слободните селски општини насилно да ги „проголтуваат" селските стаси, шуми, реки и други заеднички општински имоти, од кои се користеле сите членови на слободната општина. За надојдените византиски феудалци особено биле примамливи оние селски имоти што останале без глава на семејството. Тоа биле, пред се, имоти на општиниците загинати во војната. Не бил редок случајот феудалците да ги приклучуваат имотите на загинатите селани кон својата „господарска земја" заедно со работното население, кое потоа станувало феудално зависно.

Покрај ова, селските општини се разложувале и во резултат на зголемувањето на даноците, односно со распространувањето на паричната рента. Голем дел селани, не можејќи да се здобијат со пари, паѓале во ропство и ги губеле своите имоти.

Постоеле и други причини што влијаеле да се разложуваат селските општини и на сметка на нив да се засили растежот на крупниот феудален земјопосед. Византискиот император го имал правото да им отстапува цели селски општини или делови од нив на духовни и световни феудалци. Посетувајќи ја Македонија, императорите секогаш настојувале да ги уредат „црковните работи", т. е. да ги удостојат црквите и манастирите со земјопоседи, работно население и разни привилегии. Тоа тие го правеле со цел да го придобијат за себе свештенството во борбата против непријателите на византиската држава. Од Теофилактовата преписка, на пример, се установува дека императорот Алексиј I Комнен при посетата на Македонија секогаш настојувал на црквите да им раздели имоти во трајна сопственост.

Црковно-манастирските поседи растеле и преку засновување патронатни односи со слободните селски општини. А бидејќи патронатот бил чекор напред кон разбивање на единството на општините, тоа значи дека преку него полесно се влијаело слободните селани да се претворуваат во феудално зависни луѓе.

Црковните феудалци — духовници, на чело со самиот архиепископ, употребувале и други начини за зголемување на црковниот фонд земја. Архиепископот Теофилакт, на пример, бил обвинет дека на охриѓаните, а и на мнозина други, обвинувајќи ги дека се еретици — богомили, многуженци или дека стапувале во незаконски бракови, им наложувал „црковни казни" и на тој начин им ги заграбувал нивите, лозјата и др. Сето тоа ѝ овозможувало на црквата да се претвори во крупен феудален сопственик. За разлика од почетокот на XI век, кога одделните епископи, а и архиепископот се ползувале само со неколку десетици зависни луѓе (парици и клирици), при крајот на истиот век црковниот фонд земја и нејзиното работно население се зголемиле толку многу, што тие владееле со цели села, заедно со нивните жители. Така, на пример, Охридската архиепископија во време на архиепископувањето на Теофилакт располагала со повеќе села, одделни имоти, планински пасишта, воденици, рибници и сл., кои се наоѓале не само во охридската област, туку и надвор од неа.

Во XI и XII век манастирите во Македонија исто така располагале со крупни феудални имоти и голем број зависно население. Институтот харистикија (практиката да се даваат манастири или манастирски имоти на световни лица), што се развил во овој период, не ги погодил еднакво сите манастири. Започнатото давање на манастирски стопанства на световни лица — харистикијари ги засегнало само послабите и недисциплинираните манастири, таму каде што завладувала анархијата. Харистикијарите требало да ги направат порентабилни, а истовремено да ја заздрават управата над нив. Харистикијарот, располагајќи со сопствен апарат за принуда, бил во состојба да ја стабилизира власта во таквите манастири, при што независните селани биле принудувани да им се потчинуваат на феудалните господари и на државата. Власта на овие харистикијари била толку голема, што дури и архиепископот не бил во можност да ја наложува својата волја над таквите манастири.

Растежот на световниот феудален земјопосед исто така зел замав во времето на византиското господство. Еден од патиштата на тој растеж било раздавањето земји и работно население на пронијарите. Суштината на пронијата се состоела во тоа, што пронијарите добивале од централната власт дел од селските имоти, цело село или повеќе села заедно со нивните жители, на доживотно уживање. По богатите македонски полиња, особено по текот на реките

Вардар и Струма, маса пронијари добиле такви земјопоседи. Пронијарите, од своја страна, се задолжувале да исполнуваат воена служба и да собираат од потчинетото население војници, со кои требало да учествуваат во војните што ги водела државата, кога за тоа ќе биделе повикани.

Крупниот световен земјопосед растел и преку насилно одземање на имотите од опустошените општини, преку влегување во патронатски односи со општиниците, преку купување имоти по ниски цени и сл.

Покрај големиот број феудалци од грчка, ерменска и друга народност, во Македонија имало и голем број домашни феудалци. Покрај тоа што голем број од нив си ги зачувале своите имоти уште во почетокот на византиското господство, и самиот развиток на феудализмот придонесувал од пазувите на општините да излезат нови македонски феудалци. Теофилакт известува дека во Охридско и во другите македонски области постоеле голем број „кастрини", кои располагале со свои стопанства. Овие „кастрини" не биле секогаш провизантиски настроени. Голем дел од нив биле на страната на својот народ во борбата против туѓото господство. Овие македонски „првенци", покрај тоа што располагале со дворци на своите имоти, имале и големи раскошни куќи по градовите.

Во тесна врска со растежот на крупниот феудален земјопосед бил и засиленият развиток на имунитетот, кој значел збир на судски, административни и финансиски права на феудалецот. Масовното настојување на феудалците се повеќе да се здобиваат со имунитет се должело на фактот што само на тој начин тие можеле да дејствуваат самостојно, кога било во прашање собирањето на даноците во вид на феудална рента за државата и за самите нив. Поради зајакнувањето на централната власт, феудалците не биле во состојба да се претворат во самостојни господари по одделните области, како што било случај подоцна, од крајот на XII век, кога централната власт ослабнала. па сепаратизмот на феудалците можел да дојде до полн израз.


Во текот на XI и XII век феудалците најчесто располагале со ограничен, а често пати и со привремен финансиски и административно-судски имунитет. Ретки биле случаите феудалците да се здобиваат и со целосен имунитет.

4. *Категории на феудално-зависно население*

Со нараснувањето на крупниот феудален земјопосед се отишло доста напред во претворувањето на слободното македонско население во феудално-зависно. Поради различните начини и патишта на вовлекувањето на селаните во зависност од феудалците се создале и повеќе категории феудално-зависно население.







Занимања на населението — минијатура од крајот на XII век

(Париска национална библиотека)

Основна категорија биле париците. Тие биле такви селани кои и натаму останувале да живеат на своите наследни имоти, само што сега над нив врховна власт имале феудалците. Во XI и XII век во времето на засилениот процес на развитокот на феудалните односи, феудализмот не достигнал дотаму за да се смета дека сите парици биле крепосници. Во ова време париците сé уште можеле да се движат од едно место на друго, иако не е исклучена можноста и во овој период да имало поединечни случаи на нивно закрепостување.

Покрај париците, постоел и друг вид зависно население кое се означувало со терминот „проскатимени" (προσκαθήμενοι). Тоа биле селани одделени од општината кои, како безземјаши, сé настаниле на феудалните стопанства, или пак имале земја одделно од општината.

Одделна категорија биле и отроците. За нив, на пример, се спомнува во преписката на Теофилакт. „Отрочината", која требало да им ја даваат свештениците на Полог на државните даночни чиновници, покажува дека таквите свештеници држеле под своја власт отроци кои работеле на црковната земја, односно на земјата на свештениците. Терминот „отрочина" (ὀτρῶτσινα) зборува и за тоа дека отроците биле вклучени во производството како занаетчии, земјоделци, а и дека вршеле работа како домашни слуги итн. Отроците постепено се здобивале со имоти. Но за разлика од паричките, тие спаѓале во личниот домен на феудалците, а не биле наследни. Исто така отроците, за разлика од париците, биле лично врзани за господарите. Последниве можеле заедно со земјата да ги продаваат отроците на други господари.

Блиско до отроците биле робовите. По својот статус робовите од XI и XII век не биле слични на оние од класичната робовладетелска епоха. Напротив, тие од основа се разликувале, зашто постепено се здобивале со имоти од феудалните господари, а заедно со тоа и со извесни права. Во ропство потпаѓале тие луѓе што не биле во состојба да ги измират давачките спрема државата. Во врска со тоа, Теофилакт известува дека често била појавата во Македонија практорите да ги земаат во ропство децата на таквите данокоплаќачи „како добичињата, на десет или на пет едно". Покрај ова, робовите се регрутирале и од она население што зело учество во класната и ослободителната борба против Византија. Сепак, во Македонија, кадешто од крајот на XI век осетно се зголемил крупниот феудален земјопосед, робовската експлоатација била изживеана, и сé повеќе заменувана од феудалната. Оттука робовите по сво-

јата положба во овој период сé повеќе биле изедначувани со другите категории зависно население.

Одделна категорија биле и клириците. Нив ги добивале духовните феудалци заедно со париците. Клириците располагале со свои сопствени стопанства. Нивната положба била понослива отколку таа на париците. Клириците се користеле и со извесни ограничени привилегии кои ги добивала црквата.

Одделна категорија зависно население биле и оние занаетчии што работеле на феудалните стопанства. Такви биле sидарите, казанциите, ковачите и др.

Но извесни правни и имотни разлики постоеле не само меѓу одделните категории зависно население, туку и меѓу зависните луѓе од една иста категорија. Таквите разлики во голема мера зависеле од имунитетот што го поседувал феудалниот господар.

5. Влошување на економската положба на народот

Финансиската политика на Византија во потчинетата Македонија водела кон тоа населението, без разлика дали било феудално-зависно или не, да се обремени со големи давачки, кои биле неопходно потребни за намирување на државната каса. Над македонското население биле стоварени три вида феудална рента: работна, натурална и парична. Работната рента (ангаријата), доколку одела во полза на државата, му била наложувана на целото население, додека феудално-зависното население морало да работи и за својот феудален господар, поради што неговата положба била значително потешка од таа на населението што живеело во рамките на своите слободни селски општини. Размерот на оваа бесплатна работа не бил определен. Не бил редок случајот, особено во летните месеци, таа да трае и по неколку дена во неделата.

Најтешката ангарија била кастрохтисијата, која се состоела во бесплатно поправање на тврдините или пак во изградба на нови. Населението морало со свој добиток и инвентар да носи песок, камења, дрва и сл. Оваа ангарија добила големи размери поради тоа што територијата на Македонија била постојано изложувана на пустошење од внатрешни и надворешни борби.

Освен тоа, македонското население, било задолжувано да гради и да поправа патишта (одострозија) и мостови (гефире), да изработува кораби (катергоктизија), да меси и да пече леб за војската (псомозимија) и друго.

Вториот вид рента — натуралната, или рента во продукти, била доста разнообразна. Македонското население било задолжувано да дава разни продукти, како за државата

така и за феудалните господари, до колку било феудално -зависно. Натуралната рента ја сочинувала десетината што се земала од житото, рибата, добитокот итн. Покрај тоа, населението давало и разни доставки за војската и државните чиновници. За таков вид намети обично се употребувал изразот „епирија“. Особено тешка епирија било давањето потслон и храна на војската (митатонот). Не помалку тешка епирија било давањето потслон и храна на управникот на темата, на практорите, анаграфевсите, судиите и други чиновници (аплектонот).

Практиката да се даваат подароци (милиграта) на државните чиновници, исто така тешко се одразувала врз положбата на македонското население, зашто, како што истакнува Теофилакт, тие станувале лакоми, барале секогаш од оние „што дале еднаш“, и, ако не добиеле беснееле. Овие подароци во изворите се познати како канискија, или антиканискија, кога се давале во пари. Натуралниот размер на канискиите се состоел во тоа, што секое селско домаќинство било должно секоја година да им дава на чиновниците еден леб, една кокошка, еден модиј (8,76 кг.) јачмен и половина мера вино.

Давачки во натура земале и духовните феудалци. Во времето на собирите и слично, за црковните великодостојници од населението дополнително се собирала храна, вино и друго. Освен тоа, Охридската црква земала давачки во натура и по установениот каноникон. Уште во почетокот на византиското господство, императорот Василиј II ѝ овозможил на Охридската архиепископија да зема установен или каноничен данок од сите што живееле во нејзиниот диоцез, па дури и од Власите и Турците — Вардариоти. Подоцна некои императори се потрудиле да го регулираат размерот на канониконот. Така, Исак I Комнен (1057—1059) издал новела, со која секое село што имало 30 домаќинства било должно да доставува секоја година по една златна номизма, две сребрени монети, еден овен, шест модии јачмен, шест мери вино, шест модии пченично брашно и триесет кокошки. Село, пак, што имало 20 домаќинства плаќало половина златна номизма, една сребрена монета, една овца, четири модии јачмен, четири мери вино, четири модии брашно и 20 кокошки. Село со 10 домаќинства давало пет сребрени монети, едно јагне, два модија јачмен, две мери вино, два модија брашно и 10 кокошки. Подоцна, во 1085 година, императорот Алексиј I Комнен одново потврдил хрисовул за канониконот. Со овој хрисовул размерите во натура не се измениле, а се изменило само паричното земање.

Третиот вид рента, паричната, исто така зела замав во овој период. Парите влетле во оптек особено по донесувањето на даночната реформа во 1040 година. Оттогаш регуларните државни даноци започнале да се земаат на место во натура во пари. За да дојдат селаните до пари, требало да

одделуваат еден голем дел од производството за пазарот. Значи, требало да се продаде стока за да се плати данокот. Со тоа започнала една нова етапа во развитокот на феудализмот, зашто му се дал силен поттик на развитокот на стоковно-паричните односи. Претворувањето на дел од натуралната рента во парична и утврдувањето на стоковно-паричните односи сведочи дека феудализмот достигнал повисоко ниво во својот развиток.

Паричната рента особено тешко се одразила врз животот на македонското население. Изворите од крајот на XI век сведочат дека во Македонија постоеле голем број крупни феудалци кои имале натрупано „илјади таланти" и кои секој ден броеле „со крини (1 крина = 8,46 кг) златни монети". Сето ова било резултат од развитокот на феудалните односи, кој земал силен замав, особено од втората половина на XI век, кога во Византија дошла на власт крупната провинциска земјопоседничка аристократија. Станувајќи се повеќе феудална, државата овозможила да дојде до израз централизираната феудална рента. Со растежот, пак, на крупниот феудален земјопосед се отишло доста напред и во развитокот на приватносопственичката рента. Сите овие промени, се разбира, влијаеле за нарушување на принципите на стариот (римски) начин на оданочување. Промените во оданочувањето на населението во Македонија се состоеле во тоа што феудалците, добивајќи право да ги собираат државните даноци, кои повеќето се земале во пари и претставувале централизирана рента, ги смешувале со приватносопственичката рента. Не водејќи сметка за даночните норми што ги диктирала државата, феудалците ја земале рентата според обичајот односно традицијата. На овој начин селаните биле обременувани со поголеми давачки отколку што било случај пред тие да попаднат под власта на феудалните господари.

Главен и основен земјишен данок, кој се плаќал во пари, биз севгологионот, кој уште се оретнува и под имињата севгаратакион и ситаркија. Него го плаќале, како зависните селани, така и оние што живееле во рамките на слободните општини. Ретка била појавата феудалците да поседуваат такви привилегии што би им гарантирале ослободување од овој главен данок. До колку некои се здобивале со полн имунитет, тој се утврдувал со специјална грамота и честопати бил привремен. Со оглед на фактот дека со полн имунитет феудалците се здобивале многу ретко во овој период, севгологионот претставувал данок кој ѝ носел најголеми приходи на државната каса.

Во паричните даноци спаѓал и данокот наложуван на секое домаќинство (капниконот), потоа данокот за пасишта (еномионот) и данокот за пчели (мелисономонот).

За разлика од овие даноци, кои биле редовни, населението на Македонија морало да плаќа и дополнителни даноци. Кон таквите, во прв ред, спаѓал аериконот. Тој бил

еден вид судска глоба што ја плаќало целото село. Сумата на аериконот се определувала во зависност од штетите што ги направиле селаните.

Во пари се плаќал и еден дел од канониконот, што го земала Охридската архиепископија. Неговиот размер зависел од бројот на домаќинствата по селата.

Населението од Македонија плаќало и такси за премин на реките. Тоа биле т. н. „речни царини". Се земало такса и за ловење на риба (виваропактон), за мелење на воденица (милопактон) и за венчавка. При венчавање епископите земале една златна номизма од младоженецот и 12 лакта платно од невестата. Се земале пари и од оние лица што се суделе на црковни судови, потоа од оние што добивале свештенички чинови, државни чинови итн.

Имало и многу други давачки што се земале по некаква традиција, самоволно, и што не биле регистрирани.

Општо земено, од XI век давачките на потчинетото македонско население биле значително зголемени. Тоа дошло и како последица од завладувањето на голем дел од малоазиските поседи на Византија од страна на Турците, па централната власт била принудена да ги зголеми даноците на потчинетото население од балканските поседи. Во таа смисла Македонија била доста засегната. Во неа биле испраќани голем број чиновници (практори, анаграфевси, екпросопи, судии и други), кои вршеле постојани ревизии на данокоплаќачите. Притоа, тие не се држеле секогаш за нормите, туку покажувале самоволие. За тоа зборува и Теофилакт Охридски, наведувајќи дека чиновниците при измерувањето на земјата го „скусувале јажето" (мерката за мерење) и со тоа барале да се плаќа повеќе отколку што требало.

Во Македонија надошле и голем број данокооткупувачи, кои исто така ги зголемувале давачките.

Поради несносливата положба, потчинетото население честопати се дигало против своите господари. За селани што се бунтувале за да добијат „олеснување од наложените давачки" соопштува и Теофилакт. Феудалната експлоатација станала потешка и поради тоа што црквата, како феудална институција, ги зголемила размерите на обврските, определени со стариот начин на оданочување.

Најпосле, и војните водени на македонска територија, исто така, доста придонесувале да се влошува положбата на македонскиот народ. Од нападите на Норманите, Србите, Печенезите, крстоносците, а и на различните узурпатори, најмногу страдало македонското население, кое било истребувано, пљачкосувано, заробувано итн. Не помалку опасни за населението на Македонија биле и епидемиите. Од нив изумреле маса луѓе. Живите пак биле принудени да ги намируваат даноците и за умрените. Честа била и појавата државата да зема даноци и за неколку години наназад (се земале даноци за одамна срушени куќи и сл).

ГЛАВА II

БОРБА ПРОТИВ ВИЗАНТИСКАТА ВЛАСТ

1. *Востанието на Петар Делјан*

Уште од првите години на византиското господство македонскиот народ водел како стихијна така и организирана ослободителна борба. Писателот Михаил Псел пишува дека не поминало „долго време“ откако императорот Василиј II ја уништил државата на Самуила и откако ја „присоединил наполно разбиена кон ромејската власт“, кога потчинетиот народ започнал одново да ја појавува „поранешната своја дрскост“. И Скилица известува дека народот „кој тукушто го свил вратот под ропството“ се стремел „силно кон слободата“. Охриѓаните — соопштува тој — биле готови да се вооружаат и да се дигнат против Византија веднаш по паѓањето на градот Охрид под византиска власт. И Теофилакт Охридски пишува во своите писма дека во провинцијата Македонија работите биле секогаш пред „сеништето на војната“, зашто „варварите“ (т. е. Македонците) не престанувале да мислат „за нивните честити времиња“.

Веќе во 1040 година во потчинетата Македонија избувнало народноослободително и антифеудално востание. Непосреден повод за востанието била финансиската реформа што византиската централна власт ја спровела во истата, 1040 година. Оваа реформа подготвена од Јован Орфанотроф, брат на императорот Михаил IV (1034 — 1041), коренито ги променила работите. Кога Василиј II ја потчинил Македонија — пишува Скилица — не го изменил многу даночниот систем што бил во сила за време на управувањето на Самуил. Меѓутоа, Јован Орфанотроф наредил македонското население „да плаќа нумизми наместо храни“. Промените значително ја влошиле и онака тешката положба на македонскиот народ. Отсега требало на пазарот да се носат повеќе производи за да се претворат во пари. Нумизмите што се одземале од македонското население — соопштува Теофилакт — биле покриени „со солзи и болки“, зашто било тешко да се добијат. „Месното население — вели Скилица — не можело да го поднесува лесно тоа, па затоа, кога нашло погоден случај со појавата на Делјана, го отфрлило ромејското господство и се вратило кон својот стар закон . . . “ .

Водачот на востанието Петар Делјан потекнувал од царски род. Тој бил син на Гаврил Радомир од неговата прва жена, ќерка на унгарскиот крал, која, како што известува Михаило Деволски, бремена ја избркал за да се ожени со Ирина, убавата робинка од Лариса.

Не случајно на чело на востанието застанал Петар Делјан. Се уште биле свежи традициите за македонската држава, па затоа народот барал, како што известува Псел, предводници од „царски род". Со оглед на тоа што другите претставници на Самуиловиот царски род биле одведени далеку во малоазиските поседи на Византија, а Делјан бил најблизу, решението паднало тој да ги предводи. Иако за некои од современите византиски автори Делјан важел како „незаконороден", бидејќи се родил по разводот на Гаврил Радомир со унгарската принцеза, тоа не пречело народот да го издигне „на штит" и да му ја довери „власта".

Востаниците си обезбедиле и извесна надворешна поддршка, во лицето на унгарскиот крал. Фактот дека востанието започнало во моравско-белградските области гранични со Унгарија, јасно покажува дека во него бил вмешан и унгарскиот владетел. Според Псел, Делјан бил доста „опитен во военото дело", што најверојатно го изучил на унгарскиот двор.

Петар Делјан, откако бил признат „за цар" од многубројната востаничка војска која се насобрала околу Белград, тргнал — известува Скилица — кон Ниш и Скопје. Насекаде кадешто поминувала, војската на Делјана била својски пречекувана и зголемувана.

Кога се кренало востанието, византискиот император Михаило IV се наоѓал на лекување во Солун, па не можел благовремено да интервенира. Тој дури и не мислел дека опасноста е толку голема. Бил изненаден и управникот на Скопје. Со помошта од месното население, востаниците бргу го освоиле Скопје. Дури тогаш, со паѓањето на овој важен стратегиско-управен центар, Византијците му обрнале поголемо внимание на Делјановото востание.

Стратегот на Драчката тема Василиј Синадин, ставајќи се на чело на „месните војски", побрзал — известува Скилица — „да излезе против Делјан, пред злото да се зголеми и да запали пожар". Но кога стигнал до Дебар, тој се спречкал со еден од потстратезите, Михаило Дермокаит, и бил наклеветен пред царот дека замислува преврат. Веднаш бил отстранет од службата и затворен во солунската темница. Неговото место го зазел Михаило Дермокаит, кој ја „извршувал неопитно и лошо должноста и за кратко време сé обрнал наопаку". Неговите потчинети, измамувани и ограбувани лично од него, не му укажале послушност. Војниците дигнале дури и бунт против него. Исплашен и оставен без поддршка, Дермокаит избегал. Побунетите војници — известува Скилица — „од страв пред императорот"

дигнале востание и прогласиле за цар еден војник „од својата средина, по име Тихомир, познат по својата храброст и разум".

Новите настани се заканувале востанието да биде расцепено, зашто се создале два востанички центра, од кои едниот — известува Скилица — го признавал за цар Делјана, а другиот Тихомира. Но откако биле убедени и војниците на Тихомира дека единствено Петар Делјан го води своето „потекло од Самуил", Тихомир бил едногласно убиен и на овој начин „целата власт минала во рацете на Делјана".

Обединувајќи ги востаничките сили под единствена команда, царот Петар ги проширил своите акции. Со цел да се обезбеди откај Драч, каде што византиската флота можела во секој момент да истовари нова војска, Делјан таму испратил еден дел од својата војска. Поддржувана од населението, испратената војска успеала да ја потчини Драчката тема. На овој начин слободната востаничка територија значително била зголемена.

Царот Петар, ставајќи се на чело на поголемиот дел од војската, се упатил кон Солун. Изненадениот византиски император, кој се уште се лекувал во овој град, избегал во Цариград. Нему не му пошло од рака дури ни да го однесе своето богатство. Сиот багаж, шаторот заедно со златото, среброто и алиштата, му ги оставил на Мануил Ивец, еден од неговите блиски луѓе, тој да му ги донесе. Меѓутоа, Мануил Ивец, кој, по сé изгледа бил син на Самуиловиот војвода Ивец, кој доста долго му давал отпор на Василиј II, заедно со евнухот Китонит и довереното богатство, им се придружил на востаниците.

Паничното бегство на болниот император предизвикало дезориентација во редовите на византиските воени единици што биле сконцентрирани по балканските теми. Искористувајќи ја ваквата ситуација, а и сé поголемото незадоволство на потчинетото македонско, бугарско, српско, влашко, грчко и албанско население, Петар Делјан упатил свои војски на повеќе страни.

Една војска, под командата на Антим, испратил на југ во темата Елада. Антим се спуштил длабоко во средна Грција и достигнал дури до градот Тива. Тука бил пресретнат од силна византиска војска, командувана од Алакасевс. Победил Антим. Голем број тиванци биле убиени.

Востанието се проширило и во Новпактската тема, која се наоѓала јужно од Драчката тема, на местото на стариот Епир. Со исклучок на Новпакт, целата тема била ставена под власта на царот Петар.

Главната причина за прифаќањето на востанието од населението на Новпактската тема, според Скилица, се состоела во тоа што практорот Јован Куцомит, кој дошол од Цариград за да ги собира државните даноци во темата,

појавувал голема алчност, па поради тоа жителите се побуниле и го исекле на парчиња. Ним им бил омразен и императорот, па затоа со одушевување му се придружиле на Делјана.

Охрабрен од победоносниот тек на востанието, Петар Делјан се готвел да го нападне Солун. Во Тесалија успеал да ја заземе Деметријада, град кој се наоѓал на северниот брег на Пегејскиот Залив (денешен Воло). Освен тоа, Кекавмен известува дека и Сердика (Софија) паднала под власта на Делјана.

Со проширувањето на востанието во средна Грција, Албанија, Србија и Бугарија, под власта на царот Петар се наоѓала веќе една голема територија, во која покрај Македонците живееле и Бугари, Срби, Грци, Власи и Албанци. Составот на востаниците покажува дека на сите не им биле исти побудите што ги натерале да се дигнат против „ромејското господство". Грчкото население, на пример, очекувало од победоносното свршување на востанието ослободување од „прекумерните даноци". Сево ова зборува дека востанието на Петар Делјан имало и народноослободителен и антифеудален карактер.

Брзото ширење на востанието предизвикало незадоволство во високите кругови на Цариград. Погоден од тоа, императорот „решил да тргне на поход против нив (востаниците) и да застане на чело на целата војска" — пишува Псел.

Откако се ставил на чело на одбраната војска, императорот се упатил во Македонија. Во меѓувреме, „додека уште траела војната — известува Псел — се случило нешто доста чудно", зашто најубавиот Аронов внук Алусијан, кој бил „со блескав ум" станал причина „за победа на императорот, без самиот да го сака тоа, но стремејќи се токму кон обратното". Имено, кон крајот на 1040 или почетокот на следната година, Алусијан, вториот син на Јован Владислав (1015 — 1018 г.), кој бил патриций и стратег на Теодосипол, град во Ерменија, избегал со цел да им се приклучи на востаниците во Македонија. „Кога научил — вели Псел — што станува со неговиот народ и дека поради немање на царски потомок си одбрале (востаниците) да ги управува незаконороден и невистински цар, тој презел една голема дрскост. Ги презрел своите деца, ја заборавил нежноста на жена си и без да му го довери на некого од нив своето решение. . . , се упатил на запад од Далечниот Исток". Преоблечен, Алусијан отишол во Цариград, а оттука скришно избегал и им се придружил на востаниците во Островo, каде што бил Делјан со својата војска.

Петар Делјан го примил Алусијана и, оставајќи му под команда 40.000 војници, го испратил да го преземе Солун. Градот бил добро утврден и бранет од опитна војска под команда на управникот на Солун патрицијот Констан-

тин. Последниот му дал силен отпор на Алусијана. Набргу Алусијан станал жртва на својата воена тактика. Без да ја постави опсадата на здрави основи, тој почнал веднаш да го напаѓа градот. Меѓутоа, византиските војски ненадејно излегле од градот и ја разбиле војската на Алусијан.

Според Скилица, Алусијан изгубил околу 15.000 војници. Мал бил бројот на оние кои бегајќи успеале да пристигнат кај Делјан во Острово, зашто голем број биле заробени. Меѓу избеганите се наоѓал и Алусијан.

Алусијановиот пораз го изменил одот на востанието. Наскоро дошло до раздор во востаничките редови. И Делјан и Алусијан се подготвувале за меѓусебно пресметување. Алусијан го испреварил Делјана. Приредил банкет, го поднапил и без да разберат неговите луѓе го ослепил. Набргу потоа, Алусијан ги оставил востаниците на милост и немилост и му се предал на императорот. Последниот го удостоил со магистерски чин и го испратил во Цариград кај Орфанотрофа.

Обезглавено, востанието било осудено на пропаст. Слепиот Делјан не можел да ја спречи паниката што насекаде завладеала.

На византискиот император не му било тешко да го ликвидира востанието. Откако во пролетта или летото 1041 година дошол од Мосинопол во Солун, тој веднаш се упатил кон востаничкиот центар во Острово. Слепиот Делјан без да дава сериозен отпор бил фатен и испратен во Солун. Императорот сега се упатил кон внатрешноста на Македонија за да го докрајчи востанието. Во Прилепско тој сретнал отпор од војските на Мануил Ивец, кој — вели Скилица — „кај Прилеп направил дрвена дема, со која мислел да го попречи подлабокото напредување на императорската војска и да ја задржи внатрешноста". Меѓутоа, императорот бргу ја разрушил дрвената преграда и го заробил Ивец. Потоа, откако го „покорил и потчинил под своја власт востанатиот народ" — вели Псел — и откако поставил стратези по темите, императорот се вратил во престолнината заедно со многу заробеници, меѓу кои бил и „нивниот незаконски предводник со исечен нос и извадени очи". Заедно со Делјана бил одведен и Ивец. Триумфалниот пречек на императорот во Цариград означувал дека востанието на Петар Делјан било насекаде ликвидирано.

Постоеле повеќе причини за неуспехот на востанието. Главна и основна била таа што дошло до раздор во востаничките редови. Еден дел од раководителите на востанието, претставници на македонската феудална класа, се исплашиле од одот на востанието, кое освен антивизантиски, ослободителен, се повеќе придобивало и антифеудален карактер. Појавата на Алусијан во востаничките редови уште повеќе придонесла да се разбијат востаничките редови. На страната на Алусијан поминале токму оние што го при-

фатиле востанието само од лични, а не и од општонародни интереси. Токму тие, заедно со Алусијан, по поразот кај Солун, побрзале да му се предадат на императорот, за да ги зачуваат своите имоти и привилегиите.

По задушувањето на востанието, во Македонија одново насекаде била воспоставена византиската власт. Византиските гарнизони пак ги запоседнале воено-стратегиските места, биле обновени старите и изградени нови тврдини, биле назначени управници по испразнетите теми.

Последиците од востанието биле тешки. Византиските војски, во чиј состав влегле и норвешки наемници, командувани од војсководителот Хералд Хардрад, ја опустошиле Македонија. Македонското население било казнето и на тој начин, што во голем број било претворено во робје. Не бил мал бројот и на тие што ги изгубиле имотите. Покрај тоа, во Македонија надошла уште помногубројна администрација, која, заедно со војската, легнала врз грбот на потчинетите Македонци. Надошле и голем број нови феудалци, кои се здобиле со големи имоти и привилегии. Не бил мал бројот и на туѓите колонисти, што византиската држава ги населила со цел да го разбие етничкото единство на македонскиот народ.

Ваквите мерки на византиската централна власт придонесле уште повеќе да се зголеми политичкото и духовното угнетување на македонското население. Во резултат на таквиот гнет, во Македонија одново се засилил отпорот. Класната борба зела силни размери. Богомилското движење започнало да станува се помасовно. Богомилите не биле само опасен класен непријател, туку воопшто борци против византиското господство.

Во 60-тите години дошло до ново востание, овој пат организирано од македонското влашко население во Тесалија. Но и тоа, како и Делјановото, било поставено на поширок план. Правецот на неговото дејство бил свртен кон север, со намера да се опфати сето македонско население.

За подготовките и текот на ова востание соопштува Кекавмен во својот „Стратегикон". Според него, востанието, организирано во градот Лариса и околијата, започнало во 1066 година. Управник на овој град бил протоспатаријот Никулица Делфин, чиј дедо Никулица го управувал градот во времето на Самуиловото владеење. Поради отсуство на член од Самуиловиот царски род, востаничките раководители му го довериле водењето на востанието на Никулица Делфин. Меѓутоа, Никулица не бил заинтересиран за победоносен крај на востанието. Тој бил во добри односи со императорот Константин X Дука (1059 — 1067) располагал со богати имоти во околината на Трикала, па затоа бил против секаков отпор што доаѓал од народот. Поради отсу-

ство на единство во раководството на востанието, востаничкото движење не зело широки размери, а ги опфатило само градовите Лариса, Трикала, Фарсала, и тврдината Китрос. Византискиот император не дозволил востаниците да продрат во внатрешноста на Македонија. Со помошта на Никулица, кој ги издал востаниците, императорот успеал да го задуши овој отпор уште истата година. И покрај неуспехот, ова востание овозможило во 70-тите години да се организира ново, помасовно ослободително востание, чиј центар станал градот Скопје.

2.

Востанието на Ѓорѓи Војтех

Во 1072 година само 6 години по задушувањето на востаничкото движење во Тесалија, во Македонија се дигнало ново востание, на чело со Ѓорѓи Војтех. Причина за ова востание била влошената положба на народот, што резултирала од спроведувањето на новиот курс на византиската финансиска политика на Балканот, кон која се прибегнало по претрпените порази во Мала Азија и Италија. Имено, во 1071 година Византија била катастрофално поразена од Турците — Селџуци кај Манцикерт. Во резултат на тоа Империјата била лишена од богатите поседи во Мала Азија. Истата година Византија претрпела уште еден горчлив пораз. Норманите го зазеле градот Бари. Со тоа и последниот посед во јужна Италија и било одземен на Византија.

Само што Никифорица, алчниот соработник на императорот Михаил VII Дука (1071 — 1078), започнал да ја спроведува својата финансиска политика, населението на Македонија се дигнало на востание. Центар на востанието бил градот Скопје. Со цел да обезбедат поддршка однадвор, македонските „првенци" се обрнале за помош до зетскиот владетел Михаил (1052 — 1081), кој бил син на Воислав, односно во роднински врски со Самуиловиот царски род. Михаил со задоволство се одзвал, „избрал 300 души од своите", па заедно со синот Константин Бодин им ги испратил на востаниците. Последниот, откако дошол во Присдијана (Призрен), кадешто биле собрани скопските првенци на чело со Ѓорѓи Војтех, бил прогласен од востаниците за цар и бил преименуван од Константин во Петар, во чест на Петар Делјан.

Кога чул за востанието, дуксот на Скопје, Никифор Карантин, ги собрал соседните стратези и со здружена војска се упатил кон Присдијана. Меѓутоа, поради небудноста што дозволил во неговата област да дојде до востание,

Карантин бил сменет од својата должност од императорот Михаил VII Дука, иако отишол да ги попречи востаниците да навлезат во Македонија.

Новиот дукс на Скопје, Дамјан Даласин, откако се соединил со војската на Карантин, се однесувал потценувачки спрема него и другите стратези, навредувајќи ги дека биле „плашливци". Битката која се водела кај Присдијана била жестока. Вазинтиските војски биле страшно поразени. Мнозина Византијци биле убиени, а не бил мал и бројот на заробениците, меѓу кои се наоѓал и самиот дукс Дамјан Даласин. Бил заробен и целиот византиски логор.

По овој успех востанието почнало да зема широки размери. Бодин ја разделил востаничката војска на два дела. На чело на едниот дел се ставил тој и се упатил кон Ниш. Командата на другиот дел од војската му ја доверил на Петрило, „кој бил прв" меѓу неговите луѓе. Тој бил испратен да ја ослободува внатрешноста на Македонија. Бидејќи Скопје било веќе ослободено од востаниците и го управувал Ѓорѓи Војтех, Петрило се упатил кон Охрид. Преземањето на овој град било олеснето поради тоа што охриѓаните го дочекале Петрила како ослободител од византиското господство. Без отпор бил заземен и Девол. Деволскиот стратег, патрицијот и антипат Вурцис, како и охридскиот стратег Маријан, а „и мнозина други", меѓу кои се наоѓале и голем број провизантиско настроени македонски феудалци, избегале во Костур, за да најдат заштита во неговата тврдина. Тука се наоѓал и костурскиот стратег. Насобраните овде со заеднички сили се готвеле да го пречекаат и да му дадат отпор на војсководителот Петрило. Откако дошол пред Костур и го нападнал градот, Петрило сретнал силен отпор. Здружените византиски војски дури излегле од градот и ненадејно и неочекувано ја нападнале војската на Петрило. Востаниците биле разбиени и натерани во бегство. Загинале голем број Петрилови војници, а не биле малобројни и оние што паднале во заробеништво. Меѓу нив се наоѓал и првиот Петрилов заменик. Самиот Петрило бегајќи „преку непроодните планини" успеал да стигне кај својот господар Михаил во Зета. Овој катастрофален пораз го прекинал победоносниот од на востанието, зашто охрабрени од победата Византијците преминале во офанзива.

Другата војска, која ја предводел Бодин, успеала да ги истисне Византијците од нишката област. Но поразот кај Костур и преминот на византиската војска во офанзива го запреле победоносното движење и на Бодиновата војска.

Кога во Цариград императорот Михаил VII Дука дознал за срамниот пораз на дуксот Дамјан Даласин и за прогласувањето на Бодин за цар, го испратил против него

Михаил Саронит. Планот на војсководителот Саронит бил прво да го заземе центарот на востанието — градот Скопје, а потоа, откако ќе се утврди во него, да тргне во поход против Бодина. Кога, пристигнал до Скопје, Саронит го поканил Војтеха да се предаде, ветувајќи му дека ќе биде помилуван заедно со неговите луѓе. Исплашен од големата војска, Ѓорѓи Војтех ја прифатил понудата и го предал градот. Меѓутоа, тој не престанал да работи за повторно ослободување на Скопје. Користејќи згоден момент, го известил Бодина да дојде за со здружени сили да го повратат градот. Известен за тоа, Саронит со голема војска излегол од градот и го пресретнал Бодина во местото Таонион (денес Паун во Косово Поле). Бодиновата војска била поразена. Во ропство паднал и царот Бодин. Бил фатен и Ѓорѓи Војтех и заедно со Бодин испратен во Цариград. Но по патот, поради суровото мачење, Војтех умрел. Бодин бил затворен во црквата „Св. Сергеј“ во Цариград, а по извесно време му бил предаден на дуксот на Антиохија Исак Комнен. Со помошта на платеници — венецијанци, зетскиот владетел Михаил успеал да го ослободи Бодина и да го врати во Зета.

По обезглавувањето на востанието се ближел и неговиот дефинитивен пораз. Во текот на 1073 година Византија упатила нови сили во Македонија за да ги уништат одбранбените пунктови на оние изолирани востанички сили што продолжувале да даваат отпор. Во докрајчувањето на востанието учествувале и византиски наемнички војски, составени од Алемани и Франки. Пустошејќи по одделните области на Македонија, тие ги разрушиле дворците на македонските цареви во Преспа и го опљачкале тамошниот храм. Но и покрај репресалиите, македонскиот народ продолжувал да дава отпор. Византиската централна власт морала да испрати друга голема војска, на чело со дуксот Никифор Вриениј. Палејќи и уништувајќи се што му се спротивставувало, Вриениј успеал, најпосле, до крајот на 1073 година, да го скроти „народот на Словените“, ставајќи го „одново под јаремот на Ромеите“. Со тоа востанието на Ѓорѓи Војтех било дефинитивно задушено.

За неуспехот на востанието постоеле повеќе причини. Една од нив секако е таа, што востаничките сили не успеале да создадат една поголема и компактна слободна територија, која би послужила како база за натамошни успешни дејствија. Како и во Делјановото востание, и овде против востанието дејствувале голем број македонски феудалци. Бранејќи ги своите лични интереси, тие ги помагале византиските војски за уништување на востанието.

Во резултат на влошената положба на македонскиот народ, истовремено со ослободителната, живнала и класната борба. Еден од видовите на класната борба било настојувањето на селаните, кои паднале под „јаремот на парикијата", преку дитање бунтови да се ослободат од господството на феудалците. Друг вид класна борба бил оној, кога селаните колективно ги напуштале своите имоти и бегале во шумите за да најдат таму спас од прекумерните давачки. Таков бил случајот со селаните што живееле во близината на Девол-ската епархија. Сепак богомилското движење станало нај-масовен израз на класната борба. А бидејќи борбата на македонските богомили истовремено била свртена и против ромејското господство, богомилското движење освен класен придобило и народноослободителен карактер.

3.

Нов подем на богомилското движење

Уште по потчинувањето на Македонија во 1018 година, Византија морала да води долготрајна борба со македонските богомили, чие движење сé повеќе се омасовувало за кон крајот на XI, а особено во XII век, да земе широки размери. Борбата на македонските богомили еднакво била свртена како против феудалните господари, така и против византис-киот император и неговите световни и црковни соработници.

Особено живо станало богомилското движење од крајот на XI век, кога на чело на Охридската архиепископија се наоѓал Теофилакт (родум од градот Еврип на островот Евбеја). Против богомилството Теофилакт повел жестока борба. Во својата преписка, архиепископот наведува дека оние што се бореле против „јаремот на парикијата" нашле поддршка кај „мнозина еретици" — богомили. Во Охридско богомилството зело таков замав, што Теофилакт бил при-нуден да применува „црковни казни". Со одземање ниви, лозја и слично од еретиците, Теофилакт сакал да го заплаши населението, кое масовно се приклучувало кон богомилското движење. Но и покрај суровите казни, тој не успеал да го задуши богомилското движење. Освен Охридската, и другите области биле зафатени од ова опасно антицрковно и анти-државно движење. Ана Комнена пишува дека богомилското зло „со брзина на оган опфати многу души". На чело на богомилското движење од крајот на XI век стоел попот Василиј, кој заедно со своите апостоли, а и жени-пропага-тори, го распространил богомилското движење во сите области на Империјата, па дури и во Цариград.

Некои податоци од Теофилактовата преписка говорат дека својата рана дејност Василиј ја вршел меѓу македон-ското население. Иако не го спомнува неговото име, зашто во принцип Теофилакт избегнувал да ги именува непри-јателите на Византија, сепак распопениот свештеник, за кого вели дека се претворил во „општествено и државно зло", најверојатно бил Василиј. Архиепископот употребил повеќе начини за да го скроти „демонот", т.е. да се откаже од своето учење, но сé било попусто. Еднаш дури успеал да го

затвори „проклетникот“ во неговата кула, но морал да го ослободи, а тој продолжил да го „мачи божјиот народ“. Теофилакт барал од органите на световната власт да интервенираат и да го прогонат од македонските области, зашто сеел „заразна и општа болест“.

Во Македонија богомилството толку многу било раширено во народот, што цели населби станале богомилски. Во Пелагониско — пишува Вилхелм Тирски — Боемундовите крстоносци во 1096 година уништиле цела една населба, чии жители биле „еретици“.

Соочен со брзото ширење на богомилското движење императорот Алексиј I Комнен се зафатил лично да интервенира. Акциите на императорот истовремено биле свртени и против павликијанското движење, кое исто така зело широки размери. Имено, поради тоа што во Македонија, како и во другите балкански поседи на Византија, биле колонизирани голем број Ерменци и Сиријци, се создале услови за распространување и на павликијанската ерес.

И покрај суровите мерки што ги презел, Алексиј I Комнен не успеал да го ликвидира павликијанското и богомилското движење. Водачите на богомилското движење, на чело со Василиј, биле фатени и осудени на соборот во Цариград во 1111 година, а потоа и ликвидирани. Но богомилското движење не спласнало. Исто така не спласнало и павликијанското движење, и покрај тоа што маса Ерменци биле обратени во православна вера, а им биле вратени имотите и некои од привилегиите.

Богомилското и павликијанското движење особено се засилиле по смртта на Алексиј I Комнен (1118), за време на владеењето на неговите наследници. Во житието на епископот Иларион Мегленски се приведува дека во средината на XII век богомилството и павликијанството зеле такви размери, што дури и самиот император Мануил I Комнен (1143 — 1180) за малку ќе попаднел под нивното влијание. Иларион имал можност на самото место да се увери дека жителите на мегленската област биле заразени од манихејската, т.е. павликијанската и богомилската ерес. Слично како Теофилакт, и Иларион водел жестока борба со двете движења. Тој добил и писмено одобрение од императорот, за да го очисти своето паство од „еретиците“. За силата на богомилското движење во овој период говорат и често одржуваните црковни собори во Цариград (1140, 1143 и 1156/57), кои се свикувани главно заради уништување на опасното богомилско движење.

И покрај суровите мерки, богомилското движење не било искоренето. Напротив, тоа станувало се помасовно, така што кон крајот на XII век ги зафатило скоро сите македонски области.

ГЛАВА III

НАВЛЕГУВАЊЕ НА НОРМАНИ, СРБИ И КРСТОНОСЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Норманските завладувања во 80-тите години на XI век

Во почетокот на 80-тите години од XI век балканските поседи на Византија ги нападнале Норманите, предводени од Роберт Гвискард и син му Боемунд.

Сметајќи на поддршка од потчинетото балканско население, Норманите се управиле кон внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Иако на чело на Византиската империја стоел способниот император Алексиј I Комнен (1018 — 1118), тој не можел да го спречи норманското ширење на Балканот, кое се вршело по патот Виа Егнатија. По големата победа кај Драч во 1082 година, Норманите навлегле длабоко во византиските поседи. Во 1083 година византиските војски биле повторно поразени кај Јанина. По овој пораз византиската одбрана била разбиена. Империјата почнала да губи една по една од балканските области. Иако поради внатрешни немири норманскиот владетел Роберт Гвискард се вратил во Италија, неговиот син Боемунд со успех ги продолжил освојувањата на Балканот. Нему му пошло од рака да заземе и еден голем дел од Македонија. Боемунд, како што известува Ана Комнена, лесно го зазел градот Охрид, бидејќи охриѓаните доброволно му се потчиниле. Но не можејќи да ја заземе охридската тврдина, во која имало сместено силен гарнизон, тој го оставил Охрид и се упатил да потчинува други македонски градови. Уште додека Боемунд се наоѓал во Охрид, другите делови од норманската војска, со помошта на месното население, освоиле некои од македонските области. Војсководителот Петар Алиф ги зазел двата Полога, а грофот Пунтес — Скопје. Од Охрид Боемунд се упатил кон Верија (Бер). Потоа отишол во Меглен, каде што ја обновил разрушената тврдина. Тука со еден дел од војската го оставил грофот Сарацин, а самиот се упатил кон реката Вардар и стигнал до т.н. Бели Цркви. Во ова место останал на логорување три месеци, а потоа се упатил и ги зазел Пелагонија, Трикала и Костур. Охрабрен од успехот, Боемунд се нафрлил да ја заземе и Лариса, но тука бил нападнат од силни византиски војски и доживеал пораз, во јануари 1084 година.

Императорот Алексиј I Комнен го искористил овој успех и преминал во офанзива. За истиснување на агресивните Нормани тој почнал да се служи и со поткупување на дел од норманските водачи. Особено го експлоатирал фактот што норманската војска долго време не била исплатена.

Во меѓувреме Боемунд морал да замине за Италија, за да донесе пари. Тој го напуштил Балканот, откако определил Костур да го чува Бриен, а Полог — Петар Алиф.

Дознавајќи за тоа, императорот Алексиј I отишол во Цариград за да собере нова војска. Со силна војска тој сега го нападнал Костур и го зазел. Бил предизвикан бунт меѓу некои од Боемундовите војсководители. Поткупени, тие го изневериле Боемунда. Наскоро, во 1085 година, умрел Роберт Гвискард. Веднаш потоа Боемунд бил принуден да се повлече од освоените балкански територии.

Норманските освојувања многу тешко се одразиле на македонското население. Тоа не само што било ограбено од Норманите, туку по нивното повлекување требало да биде и казнето што отпрвин ги помагало Норманите во борбата против византиските војски. Во градовите-тврдини заземени од страна на Норманите одново се сместиле византиските гарнизони, кои жестоко се однесувале спрема оние Македонци што зеле учество на страната на Норманите. Византиските војски, кои заведувале ред во провинцијата Македонија, просто го сечеле народот на парчиња во овие „грешни денови“ — известува Теофилакт, очевидец на настаните.

2. *Српските навлегувања и освојувања во 80-тите и 90-тите години на XI век.*

Одмаздителните мерки на византиската држава спрема македонскиот народ не довеле до стабилизирање на нејзините позиции во Македонија. Напротив, активноста на Србите во пограничните поседи, по норманското повлекување од овие места, создала поволни услови за раздвижување на Македонците. Во Охридско — известува Теофилакт Охридски — работите станале „многу страшни“ зашто Мокра, која била дел од охридската област, ја заграбил „робот и отстапникот“ Бодин, кој од 1081 година го наследил татка си на зетскиот престол. Тој ја зазел и Багора, планина соседна со охридските планини. По повлекувањето на Норманите, Бодин ја одзел од нив и драчката област, потоа склучил мир со императорот Алексиј I Комнен и му го вратил Драч. Меѓутоа, отстапувајќи од склучениот мир, поради што од Теофилакта бил наречен „отстапник“, тој упаднал со своите војски во Охридско, со што му дал нов поттик на ослободителното движење на македонскиот народ.

Исплашен од тоа, византискиот император му наредил на протостраторот Михаил Дука да собере нова војска и да го нападне „отстапникот“ во „неговата земја“. Дошло до повеќе судири меѓу Бодина и Византијците.

Од крајот на 80-тите години Византија била загрозена и од рашкиот владетел Вукан, така што покрај охридската, сега и скопската област била изложена на напади од Србите. Тоа го натерало императорот Алексиј I Комнен лично да интервенира, преземајќи три похода (во 1091, 1093 и 1094 г.) за смирување на Србите. Но поради појавената опасност од Куманите, императорот бил принуден да му попушта на Вукана. По секое пристигање на српската граница, императорот обично се задоволувал со мирот што му го понудувал Вукан и со земените заложници.

Личното ангажирање на Алексиј I Комнен во смирувањето на Србите во почетокот на 90-тите години ѝ овозможило на Византија да ги зачува позициите во Македонија. Во 90-тите години и Бодин бил спречен да упаѓа во Македонија. Со средувањето на своите граници спрема Србија, Византија успеала да го стивне и движењето во Охридско, не дозволувајќи и тоа да прерасне во масовно востание.

3. Навлегување на крстоносците од Првиот крстоносен поход

Тукушто било спречено српското освојување на делови од Македонија, во 1096 и 1097 година се појавиле крстоносците од Првиот крстоносен поход, кои, движејќи се по патот Виа Егнатија, навлегувале во македонските области. Поради агресивните напади на крстоносците, византискиот император Алексиј I Комнен бил принуден почесто да интервенира. Тој се плашел од задржувањето на големата крстоносна војска на Балканот, па најчесто водел попустлива политика спрема крстоносците. Тој обично влегувал во врска со секој предводник на крстоносната војска, настојувајќи да му даде вазална клетва. Но имало случаи кога императорот морал да употребува и сила за да ги натера крстоносците да го напуштат Балканот.

Преминот и задржувањето на крстоносците во Македонија тешко се одразувале врз македонското население. Особено страшни биле крстоносците што ги предводел Боемунд Тарентски. Во 1096 година Боемунд со голем број рицари се префрлил на Балканот и преку Драч и Авлона навлегол во Македонија. Сеќавајќи се за сверствата што ги вршеле Норманите во 80-тите години, македонското население верувало дека Боемундовата војска дошла да го уништи и ограби. Тоа откажувало да им продава на крстоносците храна, но Боемундовите крстоносци не се воздржувале од употребата на сила. Така, задржувајќи се неколку

дена во Костур, крстоносците заграбиле волови, коњи, маски и се друго што нашле. Напуштајќи го Костур, рицарите на Боемунд — пишува историчарот Вилхелм Тирски — нападнале една укрепена населба во битолско-прилепскиот крај, која била населена со „еретици"-богомили. Откако ја презеле и ја разурнале населбата, заедно со куќите ги изгореле и жителите.

За да го принуди Боемунда побрзо да ја напушти Македонија, императорот им наредил на Турците и Печенезите, кои дејствувале во составот на византиската војска, да ја пречекаат крстоносната војска во заседа кај Вардар. При преминот на реката, крстоносците на Боемунд биле нападнати, но непоразени го продолжиле патот кон Серез. Тука биле удостоени со големи почести и богати подароци што Византијците ги собрале од населението. Потоа го продолжиле патот за Мала Азија.

Во 1097 година низ Македонија минале и крстоносците од јужна Франција, предводени од грофот Рајмунд Тулуски и епископот на Подија, Адемар. Но овие морале брзо да ја напуштат Македонија, бидејќи тука паѓале во заседи и биле напаѓани од Печенезите, Куманите, Турците, Македонците и други.

Поради грабежите и убиствата што ги вршеле крстоносците, македонското население застанувало на страната на византиската војска, во борбата за нивното истерување од Македонија.

4. *Повторни норомански освојувања во 1107 — 1108 година*

Со префрлувањето на крстоносците на Исток, за извесно време се смирува состојбата во Македонија. Но веќе во почетокот на XII век Боемунд пак ги загрозил балканските поседи на Византија. Во 1104 година тој се вратил од Исток во Италија за да собере нова војска. Откако собрал голем број рицари и обезбедил поддршка од папата Пасхалиј II (1099 — 1118), кој исто така сакал да ја прошири својата власт на Исток, одново го загрозил Балканскиот Полуостров.

Императорот Алексиј I Комнен сконцентрирал голема војска во загрозените балкански поседи. Византија сега можела да организира поуспешна одбрана, зашто не била ангажирана со војна против други, поопасни непријатели. Според известувањето на Ана Комнена, Авлона, пристаништето Иерихо и Канина, му биле доверени на војсководителот Михаил Кекавмен, да ги чува со силни одреди војска. Тврдината Петрула, која го штителa патот Арбанон — Драч, ја заштитувал Лав Никерит. Војсководителот Евстатиј Камица, се сместил околу Арбанон. Главиница му била доверена на

војсководителот Алијат. Самиот император се улогорил во тврдината Девол, која се наоѓала во рамнината меѓу реките Шкумба и Девол.

Уште пред да стапи Боемундовата рицарска војска на Балканот, од страна на македонското население биле собрани голем број војници за византиската пешадија. Според Теофилакт, Охридската тема тогаш била просто оголена, поради прекумерното земање на населението во пешадијата. Засегната била и Пелагониската и другите теми.

Есента во 1107 година четириесетипетилјадната војска на Боемунд, натоварена на 200 транспортни и 30 воени бродови тргнала од Бриндизи и без да биде попречена од великиот дукс на византиската флота Контостефан се истоварила кај Авлона. Откако лесно го зазела овој град, Боемундовата војска се упатила кон Драч. Боемунд трипати го нападнал Драч, но не успеал да го заземе. Единствено успеал да го освои Арбанон и неколку околни тврдини. Рицарите успеале да го заземат и Дебар, за што соопштува и Теофилакт, наведувајќи дека тамошниот епископ го напуштил градот.

Но и покрај извесните успеси на Боемунд, византиската војска, командувана од императорот, успеала да однесе победа. Заобиколен од јаки византиски сили, Боемунд бил принуден да започне преговори за мир. Наскоро меѓу Алексиј I Комнен и Боемунд дошло до склучување на мировен договор, на реката Девол, во логорот на императорот. Деволскиот договор од 1108 година означувал и крај на политичката кариера на Боемунд Таренски. Последниот повеќе не се вратил на Исток, туку се повлекол во Италија кадешто и умрел во 1111 година.

Со завршувањето на војната меѓу западните рицари и Византија, византиската власт била затврдена во цела Македонија. Византиската централна власт можела сега поуспешно да излезе накрај и со внатрешните непријатели, особено со богомилите и павликијанците, чие движење зело замав не само во Македонија, туку и надвор од неа.

ГЛАВА IV

САМОСТОЈНИ ФЕУДАЛНИ ВЛАДЕТЕЛИ НА ПРОСЕК

1. *Византиската власт во Македонија*

Набргу по смртта на императорот Маноил I Комнен (1143 — 1180) дошле до израз слабите страни на византиското општество, и тоа во таков обем и со таква силина што ја довеле државата на работ на пропаста. Крупните настани што се случиле во Византија, биле одраз на една лоша политика во целост а посебно спрема народните маси. Имено, Византија својата егзистенција ја засновала, во прв ред, врз експлоатацијата на селското население, како и врз угнетувањето на негрчките народности. Грчките или погрчените феудалци ги држеле раководните места во администрацијата како и во црковната организација. Вооружените сили на Византија биле добри, во прв ред, за внатрешна употреба, секогаш готови да го држат населението во покорност и да учествуваат во разни државни и дворски преврати. Големите феудалци, како и нивните чиновници, не ја почитувале законитоста и воделе грижа, пред се, за своите лични интереси. Злоупотребите и постојаните насилства само ја влошувале положбата во земјата. Цариградското население било вовлечено во борбата за власт што ја воделе одделни феудални групи од главниот град, како и од провинциите. И населението од другите градови било незадоволно од лошата финансиска политика, како и од положбата што се создала со давањето концесии на странските трговци. Народните маси честопати го изразувале незадоволството преку напади врз домовите на богатите земјопоседници а и со уништување на пописните книги. И граѓаните не ги почитувале секогаш правата на феудалните господари. Непослушноста ја искажувале особено при засилениот притисок на надворешниот непријател или во текот на борбата на централната власт против партикуларистичките сили. Велможите се одметнувале и порано од централната власт, но во ова време раскинувањето на врските со владетелите, преку откажување од клетвата, било честа

појава. Узурпацијата на власта редовно била проследена со вооружени судири, со обострани прогони, како и со примена на сурови казни. Во исто време царскиот двор станал место кадешто се правеле секакви политички комбинации и од кадешто потекнувале разни интриги. Постојаните промени на престолот, како и крвавите меѓусебни пресметувања во голема мера го намалиле угледот и авторитетот на централната власт.

Во времето на владеењето на Андроник Комнен (1183 — 1185) бил направен обид да се ограничи самоволието, како на крупните земјопоседници, така и на чиновниците. Новата влада им определила постојани и пристојни примања на чиновниците и истовремено предвидела строги казни за секое искажано самоволие, како и за примање на мито. Во исто време, со прокламирањето заштита за товарот на корабите настрадани во бура се охрабрувале претприемачите во нивните трговски потфати. Ваквите настојувања донекаде ја подобриле положбата во градовите. Меѓутоа, мерките што биле преземени имале ограничено дејство поради жилавиот отпор на феудалната опозиција. Андроник во својата активност останал осамен и без поддршка. Неговиот политички противник не бил скршен ни со конфискацијата на имотите, па ни со примената на смртни казни. Владеењето на Андроник Комнен било насилно прекратено, и тоа набргу по префрлувањето на Норманите на Балканскиот Полуостров и по паѓањето на Солун под нивна власт, во 1185 година. Имено, Норманите, по примерот на своите претходници, од пред сто и повеќе години се истовариле одново во реонот на Драч. Одбранбените сили на Византија, кои биле запоставени и ослабени во текот на внатрешните борби, не можеле да му се спротивстават на непријателот и да го спречат неговото движење во правец на Солун. Во тоа време Солун бил богат и втор по големина град на Балканот. Тој бил и седиште на администрацијата, а во исто време економски и културен центар за едно пошироко подрачје. Норманите во август 1185 година навлегле во градот и притоа ограбиле голем плен. Норманската војска набргу потоа се упатила во правец на Сер и Мосинопол. Под притисок на Норманите византиската управа се распаднала во поголемиот дел од Македонија. Истовремено биле разнишани и византиските политички придобивки во северниот дел од Балканскиот Полуостров. Процесот на распаѓањето на византиската власт особено остро се искажал по периферните области на државата. Рашка, која своевремено, за владеењето на Андроник Комнен, ја откажала византиската врховна власт, започнала да го шири влијанието а и власта во соседните предели.

2.

Добромир Хрс

Во почетокот на владеењето на Исак II Ангел (1185 — 1195) во Бугарија избувнало востание против византиската власт. Набргу потоа новонараснатите феудални сили во Србија и Бугарија се утврдиле во значаен политички фактор на Балканскиот Полуостров. Политичките настани во соседните земји влијаеле и врз ситуацијата во Македонија. Тукашните словенски феудалци, потхранувани од традицијата на минатото, се стремеле да ги зголемат имотите, богатствата, па и политичките права. Ова раздвижување на феудалците станувало во поволни околности, и тоа токму во времето на дејствувањето на норманскиот одред, а и во годините кога спласнувал политичкиот притисок на Солун врз околното словенско подрачје. Меѓу феудалците во Македонија што раскинале со цариградскиот двор бил и Добромир Хрс. Неговата активност се надоврзувала на востанието на Петар и Асен во Бугарија, иако Хрс не им се придружил на бугарските востаници. Во тоа време во Македонија имало и такви феудалци што ја почитувале и натаму централната власт и што останале во служба на Византија. Таков бил, на пример, Љутовој, кој како византиски клетвеник учествувал во борбата против востаниците во Бугарија. Споменатиот феудалец за „поработението", за заслугите во војната добил имоти во Скопско. Цариградскиот двор успеал да уреди мирни односи и со Добромир Хрс, кој во тоа време располагал со 500 вооружени луѓе. Меѓутоа Хрс подготвувал терен за зголемување на својата власт, користејќи се од политичката ситуација создадена во 1189 година со навлегувањето на крстоносниот вооружен одред што бил предводен од императорот Фридрих I Барбароса. Имајќи лошо искуство со крстоносците од првиот поход, кои своевремено се движеле по магистралите: Драч — Охрид — Битола — Солун — Цариград и Белград — Ниш — Софија — Пловдив — Одрин — Цариград, цариградскиот двор овој пат, при појавата на крстоносците од III крстоносен поход, презел мерки за заштита на попатните предели. Освен тоа, Византија покажала крајна претпазливост спрема крстоносците и поради нивните пријателски односи со Рашка како и со бугарските востаници. Поради ваквото држење на цариградскиот двор, германските рицари мачно и бавно се пробивале кон Цариград сретнувајќи ги патем недоверчивите и непријателски расположени византиски одреди. Еден дел од крстоносниот одред, барајќи храна за себе и за добитокот, се одделил од главниот пат и навлегол во Македонија. Во Градец крстоносците отепале мнозина луѓе и запалиле неколку згради, меѓу кои и тамошната црква. Потоа претходницата на одредот тргнала напред и се спуштила во Влахија (веројатно во Струмската област), „богат предел што не бил многу оддалечен од Солун". Патем, минувајќи преку една висока планина крстоносците биле нападнати од тамошните жители. Во Влахија рицарите се судриле,

наводно, со бунтовници. Меѓутоа, крстоносците и покрај отпорот со кој биле посретнати заграбиле изобилен плен. Набргу таму пристигнала и главнината на одредот. Здруженият одред на крстоносците, пред заминувањето, ги уредил односите со тамошниот управник (жупан или сатрап), кој побарал мир за себе и за својата земја. Нема сомневање дека во преговорите како партнер на германските рицари се појавил лично Добромир Хрс. Само Хрс имал власт во близината на Солун и единствено тој можел да се спогодува со крстоносците без да има согласност од цариградскиот двор.

Во времето додека Византија била зафатена околу канализирањето на крстоносниот поход се засилиле и други нејзини политички противници, па и Рашка. Великиот жупан Немања со војската нападнал на блиските предели по горниот тек на реките Струма и Вардар. Тогаш биле заземени и разурнати покрај другите, и средновековните градови во Македонија, и тоа: Градец во Горни Полог, Лешок во Долни Полог и Скопје. Со уништувањето на овие византиски упоришта во близината на Просек, била создадена таква ситуација што подоцна му овозможила на Добромир Хрс да ја прошири својата власт сè до Полог. Но во даденият момент Византија сè уште имала доволно сили да го поврати изгубениот авторитет и да ја наложи врховната власт врз непослушните вазали. По заминувањето на Фридрих I Барбароса за Мала Азија, Византија со воени и други акции го зацврстувала изгубениот политички престиж во западниот и северниот дел на Балканот. Во текот на таа офанзива бил затворен и Добромир Хрс. Но по кратко време цариградскиот двор, согледувајќи ја потребата од неговите војнички услуги, го ослободува од затвор и го поставува за управник на Струмица.

Односите меѓу Добромир Хрс и цариградскиот двор набргу се измениле, по насилното симнување од престолот на Исак II Ангел, како и по засилувањето на бугарскиот притисок во областа на Струма. Имено, во првите години на владеењето на Алексиј III Ангел (1195 — 1203) во западните провинции дошло до вриење. Тогаш и Добромир Хрс, неочекувано за византиската администрација, повторно се зафатил со планови за формирање на една политичка заедница што би била независна од цариградскиот двор. Најнапред тој заседнал како самостоен господар во Струмица, а потоа го освоил Просек. Овој град Византијците го оставиле без посада, наводно, поради увереноста во поданичката оданост на тамошното македонско население.

Просек бил град по природа утврден и со единствена местоположба. Тој лежел на влезот на реката Вардар во Демиркаписката Клисура. Едниот дел на градот бил обграден со кањонот на Человечката Река. Оваа природна тврдина била зајакната со ѕидовите што биле изградени за обезбедување на стрмниот пат, а и на влезот во градот. Просек

доминирал над плодниот Тиквеш, во чија близина се наоѓале урнатините од средновековните градови Чрешќе и Велес. Околината на Просек била пространа и се протегала на запад до границите на темата Прилеп, на север до границите на темата Скопје, а на исток и југоисток до границите на темите Малешево и Струмица. Потесниот синор на градот изобилувал со дабови шуми, како и со пасишта за овци и говеда.

Веднаш по Хрсовото освојување на Просек, во градот била сместена избрана посада. Освен тоа, градот бил опремен со справи потребни за одбрана, како и со доволно количество храна. На тој начин Просек станал тешко достапен, речиси неосвоив бастион, кој ја чувал „железната врата" на патот Солун — Скопје. Таму, во Просек, Хрс го преместил своето седиште. На освоената територија Хрс ги укинал „ромејските" закони и вовел „варварска" власт. Оттаму тој со војска напаѓал на серската област. Цариградскиот двор во 1199 година организирал воена експедиција против Хрса, сакајќи со тоа да им стави крај на неговите грабителски походи, а во исто време да го поврати изгубениот авторитет на централната власт во западните провинции и да ја зацврсти безбедноста на значајната комуникација Солун — Цариград. Византискиот цар, кој лично ја предводел војската, по навлегувањето на територијата на Хрса се упатил право кон Просек, и покрај советите на искусните грчки војводи да не го прави тоа. Но походот бил забрзан од дел на царските советници, особено од редовите на евнусите, кои мислеле дека војната непотребно би се одолжила ако пред тоа се зафатат со заземањето на други тврдини и села. Византиската војска на патот за Просек освоила некои утврдени места, попалила некои житни скривници и полиња и запленила некои Македонци што не успеале навреме да избегаат од воениот одред. Воениот поход на Алексиј III Ангел бил запрен, а подоцна и скршен под ѕидините на тврдиот Просек. Византиската војска едно време напаѓала на градот и по тешки борби проследени со големи загуби навлегла во предградието, кое штотуку било изградено со цел да се заштити градската порта. Меѓутоа, борбеноста на византиските војници бргу спласнала пред жилавиот отпор на бранителите а и поради лежерноста и небрежноста на нивните старешини. Посадата на Просек му нанесувала на непријателот тешки загуби особено со каменофрлачките, со кои вешто ракувал еден бивш византиски наемник што стапил во служба на Хрса. Во текот на борбата просечаните извеле и еден ноќен напад и притоа ги уништиле византиските справи за опсада. По неуспешниот напад на градот, византискиот цар ја прекратил борбата и стапил во преговори со Добромир Хрс. Според спогодбата, византискиот владетел ја признал власта на Хрса врз градовите Струмица и Просек. Со тоа, по една деценија борба и преговори,

придобивките на Хрса биле потврдени од цариградскиот двор. Во исто време бил договорен и брак помеѓу Добромир Хрс и ќерката на протостраторот Маноил Камиц. Заедно со политичкиот успех на Хрса, со зацврстувањето на неговата власт во близината на Солун, растел и угледот на Просек. Градот станал „славен" во своите денови.

Но по кратко време дошло повторно до влошување на односите помеѓу Просек и Цариград. Повод за разидувањето меѓу довчерашните пријатели бил дедо му на Хрс, кој подолго време чмаел во бугарско ропство. Царот се покажал не само незаинтересиран за судбината на блискиот роднина на Хрса, туку и му го конфискувал нему имотот. Меѓутоа, Маноил Камиц сепак бил ослободен од ропство, и тоа на настојувањето на зет му, кој исплатил откуп во износ од 200 центенари злато. Камиц се прибрал во Просек и оттаму побарал од цариградскиот двор да му се надомести откупнината. По одбивањето на неговото барање протостраторот заедно со Хрса презел воена акција во западните провинции. Најнапред тие навлегле на соседната територија и притоа ги зазеле Пелагонија и Прилеп заедно со околиите. Потоа нападнале и на друга страна и освоиле и поодалечени пределн. По навлегувањето во Тесалија тие поттикнале востание во Елада, а придонесле дури Пелопонез да се одметне од царската власт, така што со востанието и вриењето било зафатено едно големо подрачје населено и со бројно македонско население. Востаничките сили распрснати по западните провинции во голема мера ја изгубиле ударната способност. Во меѓувреме цариградскиот двор, имајќи доволно финансиски средства, опремил војска што била испратена во борба против протостраторот. Истовремено, византиската дипломатија лукаво го одделила Хрса од Камица, што во крајна линија водело кон слабеење на нивните сили. Набргу потоа Пелагонија и Прилеп потпаднале повторно под византиска власт. Меѓутоа, борбата на централната власт против Камица се одолжила уште некое време, бидејќи царските сили биле ангажирани и со задушувањето на востанието во Смоленската тема. Но и покрај тоа, тие ја зазеле Тесалија а со тоа биле скршени силите на протостраторот. Во 1201 година централната власт со измама загосподарила и со Струмица. Така по 15 години активен политички живот Добромир Хрс ги загубил скоро сите придобивки. Тој бил потиснат во изолираниот Просек и таму му се губи секоја трага, и тоа во времето кога Византија доживувала најтешка криза од своето постоење. Тогаш покрај западните и јужните брегови на Балканскиот Полуостров пловел здружениот одред на крстоносците и на Венеција. Во исто време и бугарските воени сили се раздвижиле во пределите од оваа страна на византиската граница, па во 1203 година во Просек била воспоставена бугарската власт.

3.

Солунското кралство

Зацврстувањето на византискиот авторитет во западните провинции на Балканот имало сосем краток век. На преодот од 12 во 13 век Византија била зафатена од стопанска, социјална и политичка криза, па одвај го издржувала економскиот и воениот притисок на странските сили. Токму тогаш Венеција успеала да ги потврди правата што од порано ги имала на византискиот пазар, а покрај тоа да ги прошири трговските привилегии и на поголемото подрачје. Во повелбата на царот Алексиј III што и била дадена на Венеција во 1199 година се забележани и повеќе македонски населби, што зборува во прилог на проширувањето на венецијанската трговија и во Македонија. Подоцна, во текот на IV крстоносна војна, Венеција ги остварила вековните стремежи за воспоставување на трговски монопол и поморска доминација во источниот дел на Медитеранот. Тогаш венецијанскиот дужд Енрико Дандоло вешто ги користел финансиските тешкотии на крстоносците за освојувачки цели. Имено, западните рицари ја надоместувале венецијанската помош со војнички услуги. Крстоносците, при скудноста на средства, за пари му помагале и на бившиот цар Исак II Ангел да го поврати изгубениот престол. Меѓутоа, тие останале незадоволни поради неисплатувањето на вкупниот паричен износ што своевремено им го ветил Алексиј, син на царот Исак II, па решиле со употреба на сила да го остварат паричното надоместување. Тие нападнале на Цариград во 1204 година. Вооружените сили на Цариград не можеле да им се спротивстават на западноевропските рицари, како и на поморските сили на Венеција. Потоа византиската држава се распаднала, а нејзината територија делум била зафатена од Венеција и од крстоносците. Тогаш во еден дел од Македонија крстоносците формирале Солунско кралство на чело со Бонифаций Монтфератски. Високото рангирање на оваа латинска формација се објаснува со угледот што го имал Бонифаций Монтфератски, како и со големото богатство на градот Солун. Крстоносците во текот на заземањето на македонската територија заграбиле големо количество зрнена храна, добиток, како и други богатства. Истовремено во некои македонски градови се сместиле гарнизони составени од западноевропските рицари. Во прво време, грчките феудалци, а особено оние од Солун, плашејќи се од народните маси, а со оглед на непосредниот притисок од Бугарија, се спогодиле со крстоносците, па без отпор, но под определени услови, им ги предале градовите. Освен тоа Латините претендирале и на оној дел од македонската територија што бил под бугарска власт. Имено, во тие години Скопје, Охрид и Бер веќе биле во составот на бугарската држава. Во Македонија се проширило и влијанието на католичката црква, во времето кога таа одржувала контакти и водела преговори со Бугарија.

По поразот на латинскиот император Балдуин, како и на други крстоносци, кај Едрене на 14. IV. 1205 година, бугарската војска, во придружба на некои Грци што биле разочарани од држењето на Латините, го нападнала и го разурнала градот Сер. Потоа бугарскиот одред навлегол на територијата околу Солун и таму се задржал подолго време. Бугарскиот притисок врз Солун се засилил во 1207 година, особено по загинувањето на Бонифаций Монтфератски. Бугарскиот цар Калојан, согледувајќи ја опасноста од латинското присуство во тој дел на Балканот, го нападнал и го опседнал градот Солун. Меѓутоа, опсадата на Солун била прекратена поради ненадејната смрт на Калојана пред ѕидините на градот.

4. *Владеењето на Стрез*

По смртта на Калојан во Бугарија се разгорела борба за власт. Новиот цар Борис ја немал поддршката на сите бољари. Тогаш во еден дел од Македонија ја зацврстил власта Стрез, кој потекнувал од бугарскиот царски род. Благодарејќи на помошта што ја добил од Србија, тој заседнал во Просек и ја проширил власта близу до Солун и Охрид. Бугарски управници од таа територија му искажале послушност и ја признале неговата власт. Меѓутоа, различниот состав на војската и на феудалците се одразил подоцна донекаде врз внатрешната и надворешната политика на Стреза. Во ова време и придобивките на Хрса не можеле да се одминат при новата политичка активност што потекнувала од Просек. Во текот на изминатите години се промениле политичките околности на границите на Стрезовата земја и се појавиле нови сили што не ги криеле територијалните претензии врз Македонија. Стрез, сообразувајќи се со дадената политичка положба, во првите години на владеењето ја почитувал целисходноста на соработката со Србија. Но во меѓувреме спласнал бугарскиот притисок, па Стрез воспоставил добри односи со Бугарија. Потоа Стрез презел воени акции на територијата на Солунското кралство. Во текот на борбата дошло и до поголем вооружен судир во Пелагонија во 1212 година. Во бојот Латините биле потпомогнати од Епирците, а просечаните од Бугарите. По загубената битка Стрез раскинал наполно со Србија и им се придружил на коалираните балкански сили на Латинското царство, Бугарија и Епирското деспотство. Стеван Првовенчани настојувал да го спречи вооруженият судир и да ги обнови поранешните пријателски односи со Стреза, на што работел и брат му Сава Немањиќ. Во меѓувреме, севастократорот Стрез ненадејно починал во 1214 година, и тоа баш во текот на подготовките за напад. Политичките убиства во тоа време

биле чести појава, па најверојатно и Стрез паднал како жртва на заговор, организиран од страна на незадоволните бољари. Господството на Просек траело, со мали прекини, преку една деценија. Во тоа време, според еден византиски извор, власта ја држеле, наводно, варварите што не ги знаеле ромејските закони, поправо што не сакале да ги почитуваат византиските уредби.

5.

Борба на соседните држави за превласт во Македонија

По смртта на Стреза дел од Македонија, заедно со Охрид и Скопје, потпаднал под епирска власт. Во тоа време ни Србија ни Бугарија не можеле да го спречат ширењето на друга сила во овој дел на Балканот. Србија била претпазлива во поглед на држењето спрема соседните држави, додека Бугарија не можела да се ангажира во Македонија, поради засилувањето на внатрешната опозиција, поправо на богомилството.

Епирското деспотство, израснато во годините на латинската наезда, веќе во втората деценија на XIII век фатило да ги зазема соседните земји. Тогаш тоа загосподарило и со поголем дел од Македонија. Во 1224 и Солун бил заземен од епирската војска. Веднаш потоа охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан го крунисал за цар епирскиот деспот Теодор Ангел Дука Комнин. Овој акт бил изведен против канонските прописи и ги искажувал епирските претензии и желбата на Епир да го обнови византиското царство. Меѓутоа, афирмацијата на Епир, како политички фактор на Балканот, имала краток век и била привидна. По поразот на епирската војска кај Клокотница во 1230 година Епир отпаднал од борбата што се водела за византиското наследство. Во исто време пораснал престижот и угледот на Бугарија. Бугарската војска по победата над Епирците ја завладеала Тракија, Македонија и дел од Албанија. Во Мкедонија тогаш се изменил составот во администрацијата и во црковната организација. Во македонските градови се сместиле бугарски управници и гарнизони. Во исто време грчките владици во епархиите биле заменети со архиереи на бугарската (трновската) црква, која се здобила со ранг на патријаршија во 1235 година. Охридската архиепископија, која дотогаш и по хиерархискиот состав и по функцијата била грчка установа, изгубила од некогашното значење. Уште порано, во 1219 година, нејзината јурисдикција била намалена со прогласувањето на автокефалната српска архиепископија.

По смртта на владетелот Иван Асен II, во 1241 година, Бугарија, зафатена со внатрешни борби и притисната од Монголите, не можела да ја додржи власта во Македонија.

Тогаш никејската војска навлегла на македонската територија и притоа го зазела поголемиот дел од источна Македонија. Скоро потоа, во 1246 година, градот Солун потпаднал под никејска власт. Меѓутоа, градовите во западна Македонија станале поприште на една подолга борба меѓу заинтересираните балкански сили. Особено често ги менувале господарите градовите Скопје и Велес. Скопската област едно време ја држел Константин Тих, кој подоцна се искачил на бугарскиот престол. Во 1254 година никејската власт се зацврстила во Велес. По четири години, во 1258 година, српската војска напреднала во западна Македонија и притоа привремено ги зазела градовите Скопје, Прилеп и Кичево. Во 1259 година во битката во Пелагонија никејската војска ги победила здружените сили на Латините и на епирската држава, а потоа поспокојно се зафатила со завршувањето на големиот потфат, т. е. со заземањето на Цариград. Во 1261 година, по потиснувањето на власта на Латините од градот на Босфор, било обновено Византиското царство. Со тоа се завршил еден период од историјата на македонскиот народ од преку 50 години, кој бил исполнет со чести политички промени и со лесно менување на господари, односно со откажување од феудалната клетва и обврски. Во текот на изминатите војни претрпеле големи разурнувања населбите и стопанските објекти, со што се влошила уште повеќе и онака бедната положба на селското население во Македонија.

ГЛАВА V

СРПСКАТА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Ширење и зацврстување на српската власт

Обновената Византија речиси две децении, без вознемирување однадвор, владеела со Македонија. Во тоа време грчките феудалци ги обновиле некогашните права и привилегии во рамките на имотите што ги грабнале од словенските феудалци. Освен тоа, тогашниот византиски владетел Михаило VIII Палеолог со една одредба од 1272 година сакал да го обнови авторитетот и јурисдикцијата на Охридската архиепископија, во рамките на оние права што своевремено таа ги добила од царот Василиј II. Меѓутоа, територијалните рамки и другите права на бугарската и српската црква не можеле да бидат нарушени со декларацијата на споменатиот законски акт. Црковната политика на Византија, која била широко и нереално замислена, набргу се скршила во текот на нараснувањето на внатрешната опозиција, а и на отпорот на балканските држави.

Некако во исто време Византија ја обновила вооружената борба со соседните балкански земји. Во времето на владеењето на крал Милутин, во 1282 година, српската феудална војска од север, а воените сили на севастократорот Јован Анѓел Тесалиски од југ, навлегле во Македонија. Под српска власт потпаднале Горни и Долни Полог, Скопје, Овче Поле, Злетово и Пијанец. Скоро потоа кон Србија биле приклучени Пореч, Кичевско и Дебарско. Ова брзо српско напредување го олесниле донекаде и грчките феудалци кои пребегнувале во српскиот табор или се одметнувале во пограничното подрачје. Нешто подоцна, еден српски одред, кој бил составен од војници на владетелите Милутин и Драгутин, навлегол во долниот тек на реката Струма и притоа достигнал и до Крстопол. По ова српско навлегување византиската граница се утврдила на линијата што одела јужно од Дебар, од градот кај с. Коцаник, па продолжувала северно од Дебарца, од градот Железнец, од градот кај с. Дебреште, од градот Велес, од градот Чрешќе, од градот Штип и преку Мородвис избивала на градот кај с. Тработиште. Оваа гранична линија се одржала подолго време, веројатно и по четувањето на каталонската компанија во струмската област, на Атос и околу Солун во текот на 1307/8 година. Имено, според спогодбата меѓу српскиот крал Милу-

тин и францускиот принц Карло Валоа, од 1308 година, Србија ги задржала пограничните предели и тоа: Дебарската земја до Мат, кичевската земја до границите на Охрид, потоа земјата од границите на градот Прилеп до границите на градот Просек и најпосле овчеполската земја до границите на градот Штип. Милутин дополнително побарал да му се признае и Штип, што наводно го држел како свој посед. Но границата била немирно подрачје. Српските феудалци постојано војувале по пограничните планински и пусти места и притоа ограбувале добиток и ги држеле под своја контрола тамошните комуникации.

По четири децении изминати во средување на ситуацијата и во зацврстување на власта во освоените предели, Србија одново преминала во напад против Византија. Во тоа време византиската држава била прилично ослабната, нешто поради внатрешната несреденост, а нешто и поради турскиот притисок во Мала Азија. Српските феудалци ја искористиле поволната положба, па во времето на владеењето на Стеван Дечански се втурнале во пределите по долниот тек на реката Брегалница и по средниот тек на реката Вардар. Тогаш српската власт ја признале неколку градови: Штип и Чрешќе, на реката Брегалница, и Велес и Просек, на реката Вардар. На тој начин Србија завладеала и важни комуникации што воделе кон Солун, Струмица и Пелагонија. По заземањето на Просек во 1328 година српската војска навлегла во Демир Хисар и Дебарца и притоа се доближила до Охрид. Овој српски поход бил насочен кон една точка што имала големо значење за натамошниот опстанок на византиската власт во западните провинции. Поради тоа, византискиот цар Андроник III Палеолог (1328—1341) насобрал војска и со неа во 1330 година тргнал кон загрозеното подрачје. Движејќи се од Пелагонија кон Демир Хисар, византискиот одред го нападнал и го зазел средновековниот град Бучин, кој лежел на излезот на реката Црна во пелагониската рамнина. Набргу потоа без борба се предале градовите во Демир Хисар и Дебарца, меѓу кои и Железнец (Сидерокастрон) на изворот на реката Црна. По победата на српската војска и по поразот на бугарската војска кај Велбужд, во 1330 година, византискиот цар се повлекол и притоа го оставил војводата Сиргијан во граничниот предел. Искуството од оваа воена епизода им послужило на српските феудалци по четири години успешно да ги обноват нападите под раководството на новиот владар Душан, а притоа, со помош и на грчкиот пребег Сиргијан, да заземат ред градови меѓу кои и Охрид, Железнец, Прилеп, Чемрен на реката Црна и Струмица. Набргу потоа војната била прекратена за едно време и двете страни се спогодиле околу граничната линија. Согласно со договорот, Лерин и некои други градови ѝ биле вратени на Византија.

Српското напредување во јужните делови на Балканскиот Полуостров се одвивало во многу благопријатни околности. Во тоа време се заостриле класните спротивности во Византија, особено во градот Солун, кадешто приврзаниците на радикалното народно движење, познати под името зилоти, во 1342 година ја презеле власта од феудалната аристократија. Социјалната борба била проследена со конфискација на имотот на благороднишшвото. Во исто време и во другите делови на Византија дошло до политичко одметнување на феудалната аристократија. Но набрзу земјопоседниците ги прибрале своите редови и преминале во напад против внатрешниот политички противник. Еден од најистакнатите претставници на земјишната аристократија, Јован Кантакузин, повел во исто време и борба за заграбување на врховната власт и притоа побарал и добил поддршка од Србија. Тој во 1342 година пристигнал во Приштина и се договорил со Душана по низа прашања од меѓусебните односи. Меѓу другото, станувало збор и за Хрелја, кој дотогаш бил вазал на српскиот крал, но се отцепил од Србија и му се придружил на Јован Кантакузин. По средбата во Приштина, кесарот Хрелја, кој порано бил протосеваст и велики доместик, се повлекол и се замонашил во Рилскиот манастир. Во 1343 година српската војска одново ги запоседнала градовите Струмица, па и Мелник, кои дотогаш ги држел Хрелја.

Несредената политичка ситуација во Византија ѝ овозможила на Србија да продолжи со освојувањето и да се прошири во соседните јужни предели. Веќе во 1343 година српската војска загосподарила со градовите Костур и Лерин, што и порано кратко време ги држела Србија. Во истата година привремено потпаднал под српска власт и градот Воден. Српските феудалци, по повеќегодишни настојувања, го зазеле и градот Сер, во 1345 година. Скоро потоа, српската власт се проширила сé до христополискиот Дервент.

Со последните освојувања на Душана, српската власт се проширила скоро на цела Македонија. Меѓутоа, градот Солун останал византиска енклава на претежно словенска територија. Во текот на изминатите децении, почнувајќи од првото освојување на Милутин, Србија израснала во балканска велесила. Српскиот владетел Душан, држејќи под своја власт голем дел од западните провинции на византиското царство, се прогласил во 1345 година за цар на Србите и Грците. Набрзу потоа српската архиепископија била возвишена во ранг на патријаршија. Јоанакие, првиот српски патријарх, во присуство на трновскиот патријарх, охридскиот архиепископ, како и претставници на светогорските манастири, го крунисал Душана за цар, во Скопје на 16. IV. 1346 година. Покрај тоа, и други важни политички акти на српското царство биле врзани за македонската територија, меѓу кои и донесувањето на Законикот, во Скопје

во 1349 година, кој бил подоцна дополнет, веројатно во Сер. Меѓутоа, Византија не сакала да ги признае политичките придобивки на Србија извојувани во времето на владеењето на Душана. Според оценката на грчката јавност, српските постигања биле, всушност, напад врз највисоките установи на „вечното царство". Имено, Србија направила голем престап што наводно ја узурпирала царската власт и што ги нарушила правата на цариградската патријаршија. Под обвинение за внесување смут и неред во „овоземските работи", Душан и српската патријаршија биле анатемисани од страна на цариградскиот патријарх Калист, веројатно во 1350 година.

Српската власт се проширила и во Тесалија и Епир, и тоа во текот на 1348 година, баш во времето кога владеела чума во Европа. Меѓутоа, Србија имала прилично тешкотии околу средувањето на ситуацијата во освоените предели. Во 1350 година градовите Сер и Воден ги раскинале врските со српското царство. Опозиција против српската власт била забележана дури и во Скопје, кое било во тоа време прилично оддалечено од политичките настанувања во Византија.

2. *Положбата на Македонија во српската држава*

Во времето додека била под византиска власт Македонија била поделена на поголеми и помали административни единици, на теми и на катепаникии (области). Во времето, пак, на српската управа таа била поделена на жупи. Луѓето од управниот апарат носеле претежно грчки звања. Носители на власта биле претежно српските феудалци, но меѓу струмичките првенци во првата половина на XIV век се сретнува и германско име (Рудл). Во серската област, особено во втората половина на XIV век, во редовите на функционерите имало доста грчки феудалци.

Во градовите, покрај кефалија (управник на градот), постоеле и звањата: севаст (чиновник) и прахтор, како и страж (старешина на стражата) и изгончија. Кефалијата можел да држи и два града. Тој располагал со правото луѓето да ги врзува и да ги држи в затвор, да суди и да собира доход од панаѓурот. Душановиот законик ги задолжувал граѓаните да му продаваат на кефалијата жито, месо и вино по определени цени. За издрашка на чиновниците се собирал оброк.

Велможите со високиот клир се собирале на собири при решавањето на важни прашања од подрачјето на внатрешната и надворешната политика. Некои собири во времето на Душана се одржале на територијата на Македонија, и тоа во Скопје, во Сопотница, во Крупиште и во други места. Високите функции во црквата исто така им биле доверени

на лица што по потекло биле Срби. Меѓутоа, српските владетели ги почитувале имотите и правата на грчките манастири, особено на оние од Света Гора, зголемувајќи им ги имотите по случај на потврдувањето на повелбите.

Ширејќи се на југ, Србија зафатила и епископии што биле под јурисдикцијата на Охридската архиепископија. Најнапред под српска власт потпаднала Скопската и делови од Охридската и Морозвишката епископија. Грчките високи функционери биле сменувани од должностите и на нивните места биле поставувани српски архиереи. Во времето на Душана епископијата во Морозвизд речиси се испустила, па поради тоа била формирана нова — Злетовска епископија со седиште во Лесновскиот манастир. Споменатата епархија во тоа време ѝ била подредена на скопската црква, која штотуку била подигната во ранг на митрополија.

Охридскиот архиепископ го зачувал и натаму високиот ранг меѓу другите црковни архиереи во српската држава. Поглаварот на охридската црква учествувал во прогласувањето на српската патријаршија, во крунисувањето на Душана за цар, како и во работата на државните собори. За време на владеењето на Углеша охридскиот архиепископ зел учество во работата на синодот во Сер.

Во 40-тите години на XIV век се зголемило српското влијание и врз калуѓерските заедници на Света Гора. Таму Србите раководеле со светогорскиот протат. Тамошните манастири своевремено му дале поддршка на Душана, а овој, од своја страна, им дал богати подароци.

И покрај соработката на црквата со државната власт, постоела опозиција против ортодоксното учење. Богомилството и во XIV век прилично било раширено, дури и на Света Гора. Душановиот законик определувал висока глоба и физичка казна за оние луѓе што го исповедувале и ширеле бабунското учење.



Крал Марко, детал од фреска на црквата Св. Димитрија — Марков Манастир кај Скопје (XIV век)

ГЛАВА VI

ОСАМОСТОЈУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ПАЃАЊЕ ПОД ТУРСКА ВЛАСТ

1. Распаѓање на Душановото царство и создавање на независни држави и поседи во Македонија

По смртта на Душана во 1355 година бргу опаднал авторитетот на централната власт. Во исто време феудалната аристократија се афирмирала како првостепен политички фактор во земјата. Знаци на ваков процес на раздвојување на внатрешните сили имало и порано. И за време на владеењето на Душана била забележана појавата на непослушност и откажување на феудалците од обврски спрема централната власт. Во текот на војните српските феудалци се здобиле со големи имоти и со власт, па имајќи вооружена сила работеле на запазување на здобиените имоти и привилегии. Синот на Душана, Урош, ја носел титулата цар сé до смртта во 1371 година. Меѓутоа, царската власт била номинална, бидејќи власта ја имале феудалните магнати, кои носеле високи звања, па дури еден од нив бил и цар. Тогаш во Македонија постоеле, наместо еден, повеќе дворови, а наместо еден автократор се појавил уште еден.

Жената на Душана по име Елена управувала со дел од царската територија, поправо со градот Сер и околните предели, се до 1365 година. Потоа серската област заедно со Драма ја држел Углеша. Пред тоа во Драма владеел кесарот Војихна. Во тоа време војводата Хлапен, тест на кралот Марко, господарел со градовите Бер и Воден. Во источна Македонија се формирале повеќе феудални области. Територијата во средниот тек на реката Брегалница со Злетово, Морозвизд и Пијанец ја држел деспотот Оливер, од времето на владеењето на Душана, а и неколку години по неговата смрт. Севастократорот Влатко управувал со пределот по горниот тек на Крива Река, со Славиште, што го држел уште од времето на Душан. Подоцна, по битката на Марица, се појавиле нови властодршци во источна Македонија. Имено, територијата од Жеглигово па до Беласица и Мелник заедно со Тиквеш ја држеле синовите на севастократорот Дејан, браќата Константин и деспот Јован Драгаш. Во западна Македонија Гргур, синот на севастократорот Бранко, владеел во Охридско.

Меѓу феудалците што во тоа време владееле во Македонија на челно место стоеле браќата Волкашин и Углеша Мрњавчевиќ. Првиот уште во времето на Душана бил жупан во Прилепско. Подоцна за време на владеењето на Урош најнапред станал челник, а потоа се здобил со звањето деспот. Веројатно во 1365 година Волкашин се прогласил за крал, а со тоа примил една важна функција во српската хиерархија. Како совладар на царот, тој имал голема власт во земјата, па ги уредувал и односите со други земји. Така, во Дубровник во 1366 година се појавиле пратеници на царот и на кралот. Освен тоа, тие во тоа време заеднички ковеле пари. Личноста на кралот била почитувана еднакво со личноста на царот, но само во пределите каде што значел нешто нивниот авторитет. Така, на ѕидовите на една црква во источна Македонија, во Псача, насликани се еден покрај друг цар Урош и крал Волкашин. Впрочем, Волкашин бил „господин на српската земја и на сите Грци и на Поморје и на западните страни". Меѓутоа, инсистирањето на придобивките од времето на Душан било анахронизам и несообразување со дадената политичка положба.

Другиот Мрњавчевиќ, Углеша, владеел со струмската област околу 6 години. Тој се афирмирал како угледна феудална личност во серската област уште за време на царувањето на Елена-Елисавета. По 1365 година, веројатно во исто време кога Волкашин се прогласил за крал, Углеша, кој бил велики војвода, почнал да носи ново звање — деспот. Тој стоел на чело на една државна заедница независна од царството. Углеша како владетел ги почитувал византиските установи и грчкиот јазик и настојувал да се измири со грчката црква. Присуството и влијанието на грчките световни и црковни феудалци го натерале Углеша да прави политички отстапки и да преземе мерки за преодолување на распецот со цариградската патријаршија. Тој во 1368 година издал повелба за измирување и притоа го осудил прогласувањето на српскиот архиепископ за патријарх. Со споменатиот акт на Цариградската црква ѝ биле вратени поранешните права што ги имала на даденото подрачје. Цариградскиот патријарх го овластил митрополитот на Драма да ги преземе правата на патријаршијата во серската област.

Настојувањето на Углеша за потесно поврзување со Византија резултирало од појавата и напредувањето на Турците-Османлии, кои сè повеќе ги загрозувале источните граници на неговата територија.

2. Османлиско освојување на Македонија

Турците-Османлии по завладувањето на Мала Азија, се доближиле до Цариград и ја загрозиле безбедноста на византиските провинции на Балканот. Во тоа време Византија, зафатена со внатрешни борби, се наоѓала во несредена положба и токму тоа го олеснувало навлегувањето на Турците на византиската територија. Еден турски помошен одред повикан од Јован Кантакузин се судрил со српските феудалци кај Стефанијана во близината на Сер уште во 1344 година. Во 1352 година Турците нападнале на еден здружен одред составен од српски и грчки феудалци кај Димотика и притоа однесле победа. По две години, во 1354 година, по еден земјотрес, Турците заселнале во Галипол, а со тоа создале мостобран и упориште за натамошни завладувања на Балканскиот Полуостров. Набргу потоа, веројатно во 1362 година, Турците го зазеле Едрене. Во завладеаниот град се сместиле органите на турската централна власт, околу 1365 година. Тоа биле крупни воени и политички постигања на Турците на Балканскиот Полуостров. Во тоа време на Балканот постоеле повеќе мали држави и феудални сенории што биле меѓусебно скарани, та не можеле да и се спротивстават на дисциплинираната и добро организирана турска воена сила.

Углеша, чија територија била најмногу изложена на турската опасност, го наговорил Волкашина да преземат заедничка акција против Турците. Воениот поход бил непотребно форсиран и недоволно подготвен. Освен тоа, војската што ја водел Волкашин за кратко време била префрлена од Скадар во близината на Едрене. На 26. IX. 1371 година (по стар стил) двете непријателски војски се судриле кај Черномен на реката Марица. Борбата помеѓу нерамноправните противници се завршила со победа на Турците и со загинување на браќата Мрњавчевиќи. Исходот на битката повлекол катастрофални последици за серската држава и воопшто за Македонија. Имено, серската област и Халкидик биле заземени од војската на деспотот Манојло Палеолог. Синот на Волкашин по име Марко, ја задржал кралската титула, но ја признал турската врховна власт, а со тоа зел врз себе обврска да плаќа данок и да дава воена помош. По битката на Марица и браќата Драгаш ја признале турската врховна власт. Во тоа време Вук Бранковиќ ја проширил власта во Скопје и околината а во Охрид се зацврстил како самостоен господар Андреја Гропа, кој носел звање велики жупан.

По 1371 година турската војска претпазливо, но сигурно настапувала во Македонија. Земјата била оставена речиси без одбрана, бидејќи поголемиот дел од феудалците или биле заробени или загинале во Маричката битка. Во прво време Турците се задоволувале со грабежи и со водење на населението во ропство. Турските упади, како и големата гладија што владеела во тоа време значително го намалиле бројот на жителите во Македонија.

По една деценија војување, Турците преминале кон трајно освојување на македонските градови. Во 1383 година потпаднал под турска власт градот Сер. Подоцна, веројатно во 1385 година, во времето на походот на Тимурташ-паша од Самоков преку Овче Поле и долината на реката Вардар, биле заземени градовите Штип, Велес, Прилеп и Битола. Турците привремено заседнале во Солун во 1387 година. Во 1392 година тие го презеле градот Скопје, а набргу потоа, во 1395 година, во битката на Ровин загинале крал Марко и Константин Драгаш, кои се бореле на страната на Турците против влашката војска. По смртта на споменатите феудални господари згаснале и вазалните односи со турскиот владетел. Нивните поседи потпаднале под директна и трајна турска управа. Така, кон крајот на XIV век речиси цела Македонија потпаднала под турската власт. Со тоа настапил периодот на петвековната турско-османлиска власт.

ГЛАВА VII

СТОПАНСТВОТО И ОПШТЕСТВЕНАТА СТРУКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII и XIV ВЕК

1. Стопанство

Во XIII и XIV век стопанството во Македонија било претежно аграрно и ги имало сите белези што се карактеристични за развиениот феудализам. Земјоделството било најразвиена стопанска гранка. По плодородните котлини и речните долини, при поволните климатски услови, во прв ред се сееле пченица и јачмен, а потоа и 'рж и овес, како и други зрнени култури. Есенските посеви се одгледувале во поголем обем, што се гледа и од работните обврски на зависните селани. Дел од земјата редовно се оставал како угар.

Покрај тоа, било развиено и овоштарството, и тоа помалку на селанските а повеќе на феудалните имоти, особено по манастирите.

Виновата лоза била прилично проширена и се култивирала многу на црковните имоти. Копањето на лозје била една од постојаните и утврдени обврски на зависното население. Лозјето што ќе останело без работна рака феудалниот господар го одземал и им го доделувал на нови корисници.

Рибарството во Македонија се развило во значителна стопанска дејност благодарејќи на погодните услови за рибарење по реките и езерата, а и поради големата побарувачка на рибата од страна на бројното духовенство. Рибниците (рибните ловишта) биле експлоатирани, во прв ред, од феудалците и особено од манастирите, како на пр., Трескавец, Богородица Перивлепта и други.

Во тоа време во голема мера било развиено и пчеларството. По манастирите имало зависни лица, наречени уљари, определени да чуваат улиштa, со обврска да ги задоволуваат потребите од восок на феудалниот господар. Пчеларите уживале извесни олеснувања во поглед на давањето работа (ангарија).

Сточарството по својот обем и развиеност држело едно од врвните места во тогашното стопанство. На богатите летни и зимски пасишта паселе многубројни грла крупен и ситен добиток, во прв ред крави, волови, коњи, овци, кози и свињи.

Со оваа дејност се занимавале особено Власите. Тие преку лето го воделе добитокот на планина а пред зимата се спуштале во котлините и речните долини. Зимски пасишта имале и некои манастири што биле лоцирани надвор од Македонија. Манастирите најмногу барале од своите обврзници сирење, изварка, волна и кожа. Тогаш, во условите на претежно натурално стопанство и при скудна циркулација на пари, добитокот служел и како вредност при размената на стоките, па понекогаш и како платежно средство. Добиточниот фонд често бил ограбуван во текот на војните и во мирно време. Постојаното менување на феудалните господари, а и конфликтите меѓу феудалците имале одраз врз состојбата и развитокот на одделни стопански гранки. Непријателските војски ги запустувале нивите, и ги сечеле лозите и овошните насади, ги ништеле селските населби и колку што можеле ги уривале манастирите и дворците на феудалците.

Писмените извори укажуваат на тоа дека имало рударски работи во Македонија. Руда се копала во Трновац (во пределот помеѓу Страцин и Крилатица по Крива Река), во Злетово, во Сидерокавсија (во источниот дел на Халкидик). Рударскиот коп во Трновац бил манастирски феудален објект, кој бил експлоатиран со помош на рударска посада составена од зависни луѓе. За обработување на железната руда се употребувало „коло гвоздено". Ковачите што имале „коло" биле обложени со определен годишен данок. Од зачуваната топонимија се добива впечаток дека рударството и обработувањето на рудата било раширено и на други подрачја и места, како што се Демир Хисар, Самоков, Кочишта, Саса и Шлегово. Рудниците, а и топилниците потребниот дрвен материјал го добивале во блиските шуми. Рударите честопати користеле дрво од шуми што биле сопственост на некој друг феудалец. Душановиот законик ги уредувал односите и споровите што настанувале во врска со активноста на рударите и притоа им забранувал на Сасите земјата истребена од шумата да ја населуваат со луѓе.

Шумите ги задоволувале и потребите на занаетчиите и на домаќинствата. Шумските подрачја истовремено служеле и како ловишта на диви свињи, елени и разни птици.

Занаетчиството во XIII и XIV век било сé уште неразвиено и се наоѓало под контрола на феудалниот господар. Златарскиот занает бил занимање на граѓаните и на жителите од трговиштата. Во предградијата а и надвор од нив, на феудалните имоти работеле ковачи, гребенари, клобучари, шивачи, седлари, грнчари, воденичари, валавичари, плугари, ѕидари и други. Специјализирањето во струка се вршело според искажаните потреби, а и според условите за работа. Понекогаш населението на едно село се занимавало со определена струка. Занимањето се пренесу-

вало од татко на син. Во случај да имало повеќе синови во семејството, тогаш само еден од нив се воведувал во занаетот. Во прво време занаетчиската дејност била непостојано занимање. Мајсторите пред се биле земјоделци, што се гледа од нивните обврски спрема феудалниот господар. Во XIV век имало одделни личности што се занимавале со занаетчиска дејност и притоа биле задолжени да плаќаат определен паричен данок или да даваат определено количество производи од струката.

Занаетчиските изработки, како и вишокот на земјоделски и сточарски производи се изнесувале на месниот пазар. Трговијата и размената со производи била повеќе случајна и се одвивала во рударските населби, на манастирските поседи и во градовите. За развитокот на трговските врски доста придонело и одржувањето на панаѓури (собири) по случај на прославувањето на патрониот празник на одделни цркви. Постоело извесно ограничување во поглед на продавањето на некои продукти, но, и покрај тоа, панаѓурите биле посетувани од блиското и пооддалеченото население. На панаѓурот на манастирот Св. Ѓорѓи — „Горга", што се одржувал во месец ноември во близината на Скопје, освен Македонци се собирале и Срби, Бугари, Грци, Албанци и Власи. На панаѓурите, а во едно место можеле да се држат и повеќе панаѓури, кефалијата, т.е. управникот на градот собирал „законују царину". Но имало случаи кога правото на собирање на споменатата давачка се пренесувало на некоја епископија или на некој манастир. Доходот што го собирал манастирот „Горга" од својот панаѓур бил определен според сличните давачки на манастирите во Тетово и во Грачаница. Приходот на новоформираната Злетовска епископија од трговиштето во Злетово изнесувал 100 перпери.

Централната власт покажувала посебна грижа за размена на стоки со странство. Византија во 1199 година и потврдила на Венеција трговски привилегии за едно пошироко подрачје, во кое влегувале речиси сите македонски области. Подоцна по битката кај Клокотница, во 1230 година, бугарскиот владетел Асен II им дозволил на Дубровчаните слободно да се движат и да тргуваат по селата и по градовите на скопската, прилепската и деволската област, како и во Солун. Оваа привилегирана положба Дубровник ја задржал и во времето на српското владеење во Македонија.

По смртта на цар Душан живите трговски врски биле нарушени, поради зачестените феудални конфликти, како и поради циркулацијата на различни пари што биле ковани од одделни феудалци.

Со развитокот на занаетчиството и трговијата дошло до промени во карактерот и во изгледот на некои населби. Некои градови, поправо некои воено-административни центри се проширале со населувањето на трговци и занаетчии. Варошка (подградска) населба добиле оние градови што

имале згодна местоположба покрај важните комуникации или покрај бреговите на реките и езерата, и на Егејско Море.

Уште во XII век некои македонски градови им биле познати и на странските трговци. Така, според изнесувањето на географот Идризи, од средината на XII век, Охрид бил голем град со убави згради, со развиено рибарство и со раширена трговија; градот Полог имал прекрасна местоположба; Скопје бил град со особено развиено земјоделство, лозарство и овоштарство; градот Коритос, во близината на Овче Поле, бил добро населена населба со ниви и лозја; Струмица имала овошни и лозни насади; Морозвизд бил сместен на рид и имал ниви и градини; Малешево било место изградено на висорамнина и опкружено со села и селца со градини и ниви, со катуни и шуми; Битола била значајна градска населба; Лерин бил гратче со села, лозја и ниви; Острово бил град што лежел на брегот на езеро богато со риби; Воден бил град сместен на воениот пат и најпосле Сер бил убав град со многу згради, со лозја, со овошни насади и со обработени ниви. Поголемиот дел од градовите биле претежно аграрни населби. Солун и Сер биле понапреднати градови со повеќе занаетчиски работилници. Градските населби го привлекувале околното население, а особено она од планинските предели.

Кон крајот на XII век во хрисовулата на византискиот император Алексиј III биле забележани повеќе градови, меѓу кои и Преспа, Костур, Сервија, Прилеп, Пелагонија, Молско, Меглен и Верија. Некои од нив исчезнале во текот на времето, па дури не се знае и нивната местоположба. Таков е случајот со Полог, Преспа и Молско.

Од крајот на XII век Македонија повторно била зафатена од војни што со прекин траеле околу 100 години. Во текот на тие војни настрадале голем број феудални дворци и градови. Во времето на Немања српската војска навлегла во северна Македонија и ги разорила пограничните византиски градови Лешок во Долни Полог, Градец во Горни Полог и Скопје. Подоцна, во текот на воениот поход на Калојана, останале „пусти“ и „беспомошни“ градовите во Македонија. Во времето на војните се зголемило значењето на градовите што имале вонредна местоположба, а особено на оние што биле лоцирани по клисурите, како на пр., Просек, Штип, Чрешќе, Велес и Железнец. Новите господари разурнатите градови во голем дел одново ги изградувале.

Во XIII век, за време на владеењето на Византија, градовите имале определени права што им биле доделени и утврдени со повелбите на византиските владетели. Српската држава ги почитувала тие права, издавајќи им и од своја страна хрисовули (повелби со златен печат) и простагми

(повелби). Душановиот законик ги регулирал односите помеѓу централната власт и градовите. Еден феудалец можел да држи и повеќе градови. Исто така, еден град честопати бил поделен, односно државина, на повеќе духовни и световни феудалци.

Подградието, до колку некаде се развило, имало мал обем и редовно се заштитувало со ѕид. Во него биле изградени по некоја црква, а и трошни куќи на зависното население. Во потесното подрачје на градот биле сместени дворецот на феудалецот, потоа цркви, а и стопански објекти. Долните делови на градските кули служеле како затвор. Градовите имале свои меѓи, свој предел. Градот бил чуван од посада чија издршка паѓала на грбот на градското и на околното население. Подградието било населено главно со парици, отроци, поповјани и мајстори. Обврските на овие зависни луѓе биле регулирани со „Закон подградју". Жителите на подградијата имале некои олеснувања во поглед на даночните и други обврски.

Градовите биле меѓусебно поврзани со патишта за коњски и колски сообраќај. На теренот зачувани се траги од калдрми, а се сретнува и називот колник (пат за коли). Царев пат се споменува во повелбата на манастирот „Горга". „Големиот царски пат" е забележан во Струмичко, во 1376 година, во една пресуда за границите на хилендарскиот имот. Комуникациите биле распоредени речиси како денес. Така, имало пат од Охрид преку Полог за Скопје и од Скопје преку Коритос за Струмица и за Сер. Еден крак од оваа комуникација се делел кај Коритос во правец на Морозвизд и Малешево. Од Охрид водел пат преку Битола за Лерин, Острово, Воден и Солун. Во XIII век византискиот државник и писател Георгиј Акрополит патувал од Дебар преку Кичево за Прилеп и од Дебар за Прилеп преку Охрид, Преспа и Железнец. Во споменатиот век византискиот историчар Георгиј Пахимер го користел патот што од Охрид преку Кичево и Полог водел за Липљан. Српската војска во 1330 година достигнала до Велбужд преку Нагоричане и Сарандопор. Нешто подоцна Јован Кантакузин патувал за Приштина преку Просек, Велес и Скопје. Во времето на српската управа во Македонија комуникациите биле модифицирани претежно во правец север-југ. Преминот преку река каде што немало мост се правел, како и во времето на охридскиот архиепископ Теофилакт, со помош на чунови. Снабдувањето на црковните и световните феудалци за време на патувањето со животни намирници и храна за добитокот паѓало на грбот на населението што живеело покрај комуникацијата. За обезбедување на сигурноста на патниците била организирана служба за чување на патиштата, а особено на оние делови што минувале низ

клисурите. Чувањето стража било една од обврските на населението што живеело во близината на патиштата. Но имало случаи манастирските луѓе, да се праќаат да чуваат стража на пооддалечени пунктови, па дури и на Атос. Душановиот законик предвидувал поставување стража на пусто брдо меѓу жупите, како и одговорност на кефалијата и на велможите за обезбедување на патиштата.

2. Општествена структура

Земјата во XIII и XIV век била поделена главно меѓу световните и духовните феудалци. Владетелот бил најголем сопственик на земја, шуми и пасишта. Имотот на владетелот служел за формирање на приходи, но и за дарување на цркви и лица за нивното „поработение" во полза на владетелот.

Современите извори известуваат предимно за црковниот имот кој достигнал врв во својот развиток во текот на XIII и XIV век. Во текот на честите политички промени се случувало манастирскиот имот да биде померопшен или ограбен од страна на феудалците, но по правило црквата и при новите господари успевала да ги одржи сопственичките права како и земјишните односи. Имало примери одделни манастири да го зголемуваат имотот со испросување на нови објекти, преку дарувања од владетелот и од световните феудалци за душа и постриг, со употреба на сила или со купување на земја и други објекти под многу поволни услови, особено во време на глад. Обработливата површина се зголемувала и со копачење на шумски комплекси со што се добивале лазишта. Црковниот имот бил растурен по различни предели, но имало настојувања да се групира спогодбено и со замена.

На македонската територија формирале или имале метоси (манастирски земјишни имоти) и други објекти многу познати манастири: Хилендар располагал со 80 села и селца, „Горга" кај Скопје со 47 села и селца, Трескавец кај Прилеп со 37 села и селца, Пантелејмон на Света Гора со 34 села и селца, Богородица Перивлептос во Охрид со 24 села и селца, Меникејскиот манастир кај Сер со околу 547 хектари ниви и со околу 54 хектари лозја. Во XIV век постоеле и имоти на црковни архиереи, како што е случајот со серскиот митрополит Јаков, кој доживотно ги користел имотите на Никола Пчински, што лежел под градот Кожле.

По битката на Марица била забележана појава на прегрупирање, а некаде и на разбивање на манастирските имоти. Во дните на турската опасност византискиот владетел Маноил II Палеолог (1391 — 1425) ги одзел скоро половината од метосите на светогорските манастири и солун-

ските цркви, а потоа условно и привремено им ги доделил на лица што сакале да вршат пронијарска служба.

Организацијата и работата на манастирскиот имот се сообразувала со редот и потребите на калуѓерската заедница. Манастирските стопанства во основа имале еднаква или слична структура. Меѓусебно се разликувале според бројот и видовите на стопанските објекти. Манастирите во свој посед имале ниви, ливади, пасишта, лозја, градини, добиток, ловишта, шуми и работилници. Освен тоа, некои манастири располагале и со фискални права, на пример, на панаѓурите да собираат приходи.

Имотот на манастирите бил привилегиран, речиси бил ослободен од давачки, како и од работни обврски. Црковниот имот се одржувал со користење на работна рака на зависното население (на црковните луѓе, на малите луѓе), во прв ред, на париците и отроците. Овие луѓе живееле по селата и по градовите.

Париците имале и личен имот (стас) што како наследство, како земја од „отачаство", се пренесувал од татко на син. Таквиот имот можел да се дарува на црквите, да се дава како мираз, па и да се продава. Кај некои манастири, како кај „Горга", постоело ограничување во поглед продажбата на ниви и лозја на надворешни лица. Во случај на смрт на старешината на домот, вдовицата го држела имотот до полнолетството на синот. Вдовица што немала син го задржувала селиштето, градината и најарната главна нива. Паричкиот стас бил составен главно од ниви, лозја, овошни насади и улишта. По некој парик располагал и со севгар волови, со товарни коњи, како и со друг крупен и ситен добиток. Пописот на имотот на манастирот Хилендар во втората половина на XIV век дава добар увид во структурата на селскиот имот, како и во социјалната положба на селското население. Имено, во селото Градец во струмската област, само три домаќинства располагале со по 100 кабли земја, со по 6 кабли лозја, потоа со севгар волови и до 4 говеда. Едно од споменатите селански стопанства располагало и со 20 овци и 20 свињи. Другите домаќинства имале и помалку земја и помалку добиток. Бројот на членовите во семејствата се движел до 7 души. Во селото Градец живееле и голем број елевтери, селани без земја, кои немале ни инвентар ни семе потребно за сеење.

Во XIV век во некои области на Македонија во тек бил процесот на социјално диференцирање во редовите на селаните. Во некои села се формирал слој на богати селани, а во исто време се зголемил и бројот на елевтерите. Во редовите на париците имало и такви што биле принудени да обработуваат туѓа земја, во прв ред манастирска. Пари-

ците во ова време биле врзани за земјата. Парикот што останал три години без господар, се здобивал со можност да се пресели и да бара покровителство од друг феудалец. Се случувало понекогаш црковните луѓе, во согласност со манастирот, привремено да се отстапуваат на работа на некој друг феудален господар. Зголемената потреба од работна рака, особено по војните и поморот, ги терало манастирите да ограбуваат зависни луѓе, да фаворизираат преселувања на луѓе од некои српски и грчки области, да ангажираат туѓа работна рака (ксенопарици). Во врска со ова Душановиот законик предвидувал строги санкции за избеганите парици, како и во случај на прикривање на зависни луѓе.

Обврските на париците (на меропсите) спрема феудалецот биле определени со закон за црковните луѓе и за црковните метохии. Земјата била основа за нормирање на обврските: на давачките и на работата. Според „Закон стари Србљем" на манастирот Грачаница, кој имал поседи и во Македонија (во Славиште, Злетово и Морозвизд), се предвидувало меропсите да ораат по 9 мати (мерка за површина) и што ќе изораат тоа да го посеат, ожнеат, да го овршат и житото да го стават во рупи. Освен тоа, меропахот што имал коњ имал обврска еднаш во годината да донесе дрва, а двапати во годината да поноси борина. „Закон Србљем" на манастирот Арангел кај Призрен, кој имал имоти и во Полог, Скопско и Струмичко, предвидувал работа за зависното население, и тоа два дена во неделата. Игуменот на манастирот ја распоредувал работната рака главно на орање, вршење, копање и косење на сено. Црковните луѓе на манастирот Никола Пчињски, под градот Кожле, работеле во полза на феудалниот господар два дена во седмицата. Во времето на владеењето на Душана „Законот на хилендарските метохии" предвидувал за секој еден што бил одделен во посебно семејство два дена работа неделно и уште два дена есенско орање, потоа еден ден пролетно орање и по еден ден косење сено и копање. Во времето на владеењето на Константин Драгаш работата била одмерена на три дена орање во годината, но со обврска, според обичајот на другите метохии, жетвата да се прибере во житницата. На некои манастирски феуди посебно се истакнува обврската за копање лозје. Во редот на работните обврски (големи и мали) што ги исполнувал парикот било и градосидањето. Граѓаните како и жупјаните морале да собираат градежен материјал и да го изнесуваат на градилиште. Станува збор за собирање на материјал потребен за зацврстување на градските ѕидови, за обновување на некој урнат град или за изградба на дворец, црква и манастирски конаци.

Работата била само еден вид задолжување на зависното население. Париците биле обложени и со даноци чија висина била различна во текот на изминатите векови. Во XIV век во некои делови на Македонија и натаму се зачувале нази-

вите на византиските давачки. Хилендарскиот манастир собирал офелија (данок на глава), хиродекатеја (данок на свињи), ономија (треварина), валанистра („желаднина"). Туѓите луѓе што седеле на црковниот имот биле должни да дадат четврт дел од житото и десетти дел од улиштето и од свињите. Освен тоа, другите луѓе имале обврска и по еден ден да ораат, да жнијат и да косат. Покрај набројените давачки и работи, зависното население имало и други обврски, како, на пример, да го чуваат градот, да примаат на конак и на храна пратеници, чиновници и нивната послуга и да даваат законски подароци за време на големите христијански празници.

Во втората половина на XIV век манастирот Хилендар ја собирал феудалната рента во пари од некои имоти во струмската област. Висината на рентата била зависна од обемот на земјата и на лозјето, како и од бројот на добитокот, особено на крупниот. Ваквиот начин на реализирање на феудална рента се покажал поефикасен за феудалецот во поглед на обезбедувањето приход од имотите.

Во општествената структура на Македонија во XIII и XIV век Власите имале посебно место. Влашкото население било растурено насекаде, а најмногу го имало во јужните делови на Македонија. Таму, во првата половина на XIV век, тие имале и свој владика. Власите живееле во катуни, во големина од 30 — 100 души. Тие претежно се занимавале со сточарство. Српската држава настојувала да ги конзервира општествените групи и поради тоа ги оневозможувала роднинските врски меѓу Власите и меропсите. Во случај некоја Влаинка да се омажела за парик, таа го менувала статусот и притоа и таа и нејзините внуци станувале парици. Обврските на Власите зависни од манастирот „Горга" биле одмерени со закон што бил во сила и во манастирите Милешево и Студеница. Според законот, Власите се задолжувале да ораат еден ден, да жнијат и сено да косат. „Закон Влахом" на манастирот Архангел кај Призрен побарувал 1 овца со јагне (од 50 овци) и една јалова со руно. Другите Власи биле должни да даваат определено количество клашни, да носат сол (на 40 клета — огништа 10 товари), товар жито и товар вино, па и да прават јагнила. Војникот и ќеларот биле задолжени да го спуштат сирењето од планина. Освен тоа, војникот требало да ги пасе пастувите.

Поповите, по правило, имале своја баштина. Во секој случај, на попот му следувале три ниви. Тој можел да држи и повеќе земја, но неа ја обработувал според законот. Само еден од синовите на попот, и тоа ако изучил книга, го задржувал статусот на свештеник. Другите синови станувале меропси или сокалници (посебна категорија зависно население). Така, поповските синови на имотите на манастирот „Горга" преминувале во сокалници ако не изучеле книга. Во

XIV век поповјаните на споменатиот манастир биле ослободени од обврските спрема епископот, но затоа биле задолжени со „помен“ во полза на архиепископот.

Положбата на сокалниците во тогашното општество е многу нејасна. Сокалниците што биле зависни од манастирот Дечани имале работа по мат пченица, овес, просо и лозје. Освен тоа, биле задолжени да помагаат при изградбата на дворец, на црква и на манастирска трпезарија.

Слични обврски и олеснувања имале и мајсторите (техничари). И тие требало да ораат, да го овршат и да го сместат житото, како и да косат. Во занает се воведувал само еден од синовите, а другите станувале работници, т.е. соколници и меропси. По некои ковачи имале обврска на феудалниот господар да му прават определени услуги и да му даваат определен број изработки. Во XIV век во редовите на занаетчиите дошло до диференцирање. Имало мајстори што за стекнатите заслуги во изградба на цркви добивале имоти, па и цело село.

Отроците стоеле најдолу во општествената структура на Македонија во тоа време. Тие влегувале во составот на имотот на феудалецот. Отроците можеле да го изменат статусот со одлука на феудалниот господар. Во XIV век тие со својата положба се доближиле до париците и располагале и со севгари. Црковните отроци што живееле во општинското подградие, а имале коњ, биле задолжени да го придружуваат игуменот на секаква работа. Отроците што немале коњ имале обврска по еден ден есенско и пролетно орање, а освен тоа и да го ожнијат и овршат житото, како и по еден ден копање на лозје.

Поголемиот дел од манастирите во Македонија биле самовластни и самосудни калуѓерски заедници со развиена хиерархија и со апарат за принуда. Тие ги извршувале управните, финансиските и судските функции на својата територија. Во судската постапка на подрачјето на манастирот „Горга“ била забранета употребата на казната „котел“ (вадење железо или камен од врела вода). По градовите постоеле и мешовити црковно-световни судови. На Света Гора работел судот на светогорскиот протат, а во градот Сер, покрај судот на деспотот, функционирал и суд на митрополијата. Манастирите како феудални црковни и економски установи биле изградени, по правило, во вид на тврдина и биле обградени со јаки ѕидови и кули. Ѕидањето и опремањето на црквите, манастирите и конаците претставувало голема работа (ангарија) и товар за околното население. Поради големите привилегии и бројната работна рака со која располагале, манастирските имоти биле еден вид примерни стопанства. Не била ретка и употребата на вештачкото наводнување на земјата, како што бил случајот со имотите на манастирот „Горга“ во Скопско и на други места. Големите приходи на манастирите и црквите во Македонија го зголемувале истовремено и нивниот авторитет воопшто.

ГЛАВА VIII

КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК

1. Литература

По векот на големите генерации на словенски писатели (Климент, Наум, Константин Брегалнички, Црноризец Храбар), на теренот на Македонија се нижеле векови на анонимна и трпелива препишувачка дејност на богослужбени текстови и на делата на Климент и Константин Брегалнички, на Црноризец Храбар.

Покрај големиот број преписи на евангелија, апостоли, псалтири, триоди, минеи, октоиси, патерици, житија на светите и други слични дела, во овие векови се создавале и се препишувале разни зборници од беседи на прославените беседници на христијанската црква, потоа зборници од христијанската поезија, како и такви што содржеле и текстови со чисто белетристички карактер (романи, раскази).

Во овие векови на теренот на Македонија работеле неколку препишувачки центри. Тоа биле, покрај охридскиот, светогорскиот, лесновскиот, скопскоцрногорскиот и други помали центри што работеле во бројните македонски манастири. Од ова време нема некое истакнато книжевничко име, иако има спомени за тоа дека одделни препишувачи препишувале и по повеќе ракописи.

Од спомениците на словенската писменост што настанала на теренот на Македонија од XII до крајот на XIV век најважни се: Добромировото евангелие, Охридскиот апостол, Битолскиот триод — од XII век; Григоровичевиот паремејник, Слепченскиот апостол — од XII — XIII век; Одломката од октоих, Евангелието на поп Јован, Добрејшовото евангелие, Вранешничкиот апостол, Болонскиот псалтир, Радомировото евангелие — од XIII век.

Паралелно со првите преводи на богослужбени книги од грчки на словенски јазик, словенските писатели преведувале и хагиографски дела. Со овие дела се популаризирала христијанската вера, особено се истакнувале ликовите на хероите на црквата, кои се откажувале од радостите на секојдневниот живот за да се здобијат со вечен, задгробен живот. Одрекнувањето од сладостите и радостите на животот се постигнувало и со оддалечување од заедничкиот град-

ски светски живот и повлекување во макотрпен пустински, аскетски живот. Во Македонија набргу по христијанизирањето на народните маси доаѓа до основање на манастири и до појава на пустиништво. Творбите за животите и подвизите на овие пустиници, како и за животите и дејноста на ширителите на христијанството можеле добро да послужат како пропагандна литература во полза на христијанската црква, и од крилото на таа црква настанувале бројни хагиографски списи. Житијата на хероите на христијанската црква се внесувани во разни книги што се користеле во црковната практика (во минеите, пролозите и патериците). Постојат одделни книги „Житија на светите". Исполнети со описи на страдањата и жртвите на мачениците и пустиниците, овие текстови биле многу читана и препишувана литература. Многу од животните истории на христијанските маченици, преку ваквите хагиографии, станале предмет на обработка и во народните умотворби. Таканаречените „стари и црковни" песни во кои се пее за Исуса, за Богородица, Св. Петар и Павле, Св. Димитрија, Св. Ѓорѓија и Св. Никола, за Огнена Марија и низа други светители, главно, преку нив дошле и до народниот пеач.

Како и другите словенски книжевности, и македонската средновековна литература познава низа хагиографски дела. Следејќи го групирањето на хагиографиите на општи и локални (национални), и во македонската книжевност можеме да укажеме на постоењето на хагиографии за Св. Ѓорѓија со особено задржување на Чудото на Св. Ѓорѓија со ламјата, на Житието на Алексија човекот божји и на уште низа други. Житието на Алексија човекот божји, била многу популарна хагиографија дури до последните децении на XIX век. Нејзината популарност особено била засилена со преводите на македонски јазик од стихуваната обработка на оваа хагиографија дадена на српски и на бугарски јазик.

Покрај хагиографии од општ карактер, македонската средновековна книжевност е богата и со домашни (локални, национални) хагиографии. Тука се, пред сé, познатите „Панонски легенди" (или Житие на Кирила и Методија), најзначајниот извор за запознавањето со животот и дејноста на Кирил и Методија. Како автор на овие значајни дела се смета Климент Охридски. Покрај „Панонските легенди", како домашни хагиографии се секако незачуваните Опширни житија на Климент Охридски и Наум Охридски, потоа пак незачуваното Кратко житие на Климент Охридски, што го напишал анонимниот ученик на охридските просветители, кој, по напишувањето на Климентовото житие, го напишал зачуваното Наумово житие. Иако се пишувани на грчки јазик, и Житијата на Климент Охридски (Пространото и Краткото) од Теофилакта и од Хоматијана можеме да ги сметаме за хагиографии што се ширеле на нашиот терен во разни преписи. Од домашните хагиографии тука спаѓаат и



Св. Климент XIV—XV век. Од црквата Св. Богородица Перивлептос (Св. Климент) Охрид

Житието на Прохор Пчински, Житието на Јоаким Сарандапорски, Житието на Гаврил Лесновски, Житието на Иларион Мегленски и др.

Во македонската средновековна книжевност, како и во книжевностите на другите словенски народи, многу рано навлегуваат и апокрифните дела, што не оделе во чекор со учењето на официјалната црква. Претставувајќи, како и хагиографиите, заедничко наследство кај сите Јужни Словени, апокрифните дела биле прогонувани од службените државни кругови, како штетни за интересите на црквата и државата. Оттука и помал е бројот на апокрифните дела од тој на хагиографиите.

И во македонската книжевност, како и во другите словенски и христијански книжевности, апокрифите можат да се поделат на две групи: старозаветни и новозаветни апокрифи, зависно од тоа за кои личности говорат.

Од старозаветните апокрифи во македонската книжевност постојат текстови за праотецот, патријархот Аврам: „Слово за Аврам и Сара", „Слово како Сара го учеше мажот свој Аврам", „Слово за животот и смртта на Аврам", „Откровение Аврамово". Поврзана со сказанија на Аврама е и познатата легенда за „Аврам и Исак". Апокрифно е и „Слово за Св. Троица".

Освен за Аврама, македонската апокрифна книжевност познава текстови, како што е „Книга за Енох". И апокрифот „Откровение Варухово" бил препишуван и читан во Македонија. Има разни апокрифни текстови за царот и псалмопевецот Давид, за Самсон и Далила, „Слово за прекрасниот Јосиф", „Сказание за Малхизедек" и др. Македонскиот терен бил запознат и со судбината на царот Соломон, прикажана во апокрифната книжевност („Притчи царја Соломона") и др.

Македонската средновековна книжевност знае за новозаветни апокрифни текстови: „Посланието на царот Авгар до Исус Христос", дејанијата на апостолите, нивните видениja, како што е случајот со „Видението на апостол Павле", разни апокалипси, списи за „Второто Христово пришествие" и „Чудесата на пресвјата Богородица". Во Тиквешкиот зборник е зачуван еден значаен апокрифен текст: „Разумник" — итн.

Апокрифните дела, како противни на службената црква, особено биле користени од богомилите. Сигурно е дека богомилите го користеле значајниот апокрифен текст „Разумник", како и некои други апокрифи, како што се „Видение Исаиево". Богомилското движење, кое прераснало во организиран отпор против феудалната бугарска власт во Македонија, е најдобро познато преку делото на огорченият противник на богомилите „Беседата на Презвитер Козма против богомилите . . . . "

Во науката не е со сигурност утврдено каде работел тој презвитер Козма и кога. Се започнува со времето на бугарскиот цар Петар од X век, па се протега до почетокот на XIII век.

Македонската средновековна книжевност ги познава и повеќето од романите и расказите што во словенските книжевности дошле од византиската и од латинската книжевност.

На македонскиот терен биле читани и препишувани познатиот Роман за Троја и, особено, Романот за Александар Македонски. Животот и подвизите на големиот освојувач, што тргнал од македонскиот терен, бил особено интересен за читателите, зашто преку него се запознавале со низа земји од Блискиот и Далечниот Исток, исполнети со егзотика, со богатство и раскош; романот им давал на читателите можност да се запознаваат со животот на феудалците; да ги гледаат нивните турнири исполнети со витешки натпревари, да се запознаат со нивните љубовни авантури и талантерија. Кај постарите југословенски писатели, дубровничките и воопшто приморските и други, Александар бил разбран како човек од словенско потекло. Оваа заблуда била особено распространета во текот на деветнаесеттиот век кај низа македонски луѓе (Пулевски, Мажоски и др.), кои се гордееле со Александар Македонски и пееле за него и песни.

Покрај овие два романа во македонската средновековна книжевност се познати романите за Варлаам и Јоасаф, како и тој за Стефанит и Ихнилат.

Од средновековните раскази на македонскиот терен биле читани и препишувани: Теофана крчмарката, особено анегдотите од животот на Езопа; потоа. познатата пародија на хагиографските дела Маката на блаженият Гроздија, како и приказната за Еладија, човекот што својата душа му ја дал на ѓаволот за да може да ја добие саканата жена. Во македонската книжевност е позната и приказната за невино прогонетата жена, која ги загубила обете раце, па со милоста на богородица одново ги добила. Оваа приказна е од кругот на популарните Чудеса на богородица. Македонската книжевност, како и книжевноста на другите јужнословенски народи, ги имала во својот репертоар скоро сите дела што можеле да ја зарадуваат душата на човекот.

Повеќето од овие текстови го продолжиле својот живот и во текот на наредните векови и извршиле влијание на народното македонско творештво.

Од најстарите времиња до најново време и во Македонија, како и во другите словенски земји на Балканот, останале разни записи и натписи што се запишувани на камен (надгробни плочи), по ѕидиштата на манастирските

цркви, на разни метални садови, на крстови и најмногу на маргините на старите ракописи и печатени книги, односно при крајот на ракописните дела.

Овие записи и натписи се значајни за реконструкција на минатото на македонскиот народ.

Записите и натписите, што започнуваат со најстариот зачуван кирилски запис — надгробната плоча на цар Самуил од 993 година — укажуваат на цела една армада од писатели и запишувачи, кои сметале за нужно да остават траги за своето постоење, за тоа дека ја препишале оваа или онаа книга, дека во тоа време се одиграл овој или оној значаен настан, дека била тешка ангаријата и наметите, дека преку летото паднал снег или дека зимата била блага, но и дека немаштијата била постојано присутна во поднебјето на Македонија, дека тешко се поднесувале насилствата на господарите, дека преку небото прелетала некаква ѕвезда со опашка и сл. Во недостиг на архивски материјали, овие записи и натписи, покрај тоа што некои од нив си имаат и чисто книжевна вредност, значат многу за реконструкцијата на минатото на македонскиот народ.

2. Умегност

Кога Словените го населувале Балканскиот Полуостров византиската уметност била во стадиумот на својот прв растеж. Во Византија тогаш се создале дела што ѝ го осигуриле оправданиот назив „прва златна епоха“ на византиската уметност (Св. Софија, Св. Ирина, Св. Сергија и Вакх во Цариград, Св. Витале, Св. Аполинари ин Класис, Св. Аполинари Нови во Равена, базиликата во Пореч и др.). Во споредба со оваа уметност, уметноста што Словените ја имале во овој период претставува понизок уметнички степен на развитокот и таа ги носи општите белези на словенската уметност (керамика, накит) констатирана во наодите на бројните словенски некрополи и живеалишта не само на Балканот, туку и на оние територии што од V — VI век наваму ги населувале Словените. Освен за оваа ликовна уметност, сведенија за други ликовни манифестации нема. Повеќе литерарни податоци за уметноста на Македонските Словени има од IX век наваму (односно по еден долг период на неизвесна состојба што, секако, треба да се објасни со последиците од катастрофалните земјотреси, особено на оној од 518 година што ги разрушил најважните градови на Македонија: Скупи, Стоби, Хераклеја Линкестис, Лихнидос), кога започнува првиот вистински развиток на средновековната уметност на Македонските Словени. Како и уметноста на другите словенски племиња што тогаш биле

под бугарска власт, и уметноста на Македонските Словени добива нови форми и ликовни концепции под сé посилното влијание на Византија.

На територијата на средновековна Македонија, под влијанието на традициите на христијанската уметност што ја следиме овде од првата половина на IV век наваму, доминантна компонента во уметноста кај Македонските Словени претставува византиската концепција во ликовното креирање. Овој факт се објаснува со силното влијание на Солун, кој претставувал, по Константинополис, најважен политички, економски и културен центар во Византија, кон кој гравитирале сите акции на Македонските Словени. Со оглед на овој факт, и историјата на уметноста на македонскиот народ ја има главно онаа периодизација што е во науката примена за византиската. Отстапувања има во извесни периоди, како што е времето на Св. Климент и на Самуил, но и тогаш уметноста на Македонските Словени и на другите балкански народи е толку поврзана со византиската и со Ориентот што без нивното паралелно проучување е невозможно да се разбере развитокот на уметноста во Македонија.

Историјата на уметноста на македонскиот народ, претставува историја на **црковната уметност (архитектура, живопис, декоративна пластика),** бидејќи податоци за профаната уметност, со незначителни исклучоци (дворци и тврдини) има сосем малку.

Македонската уметност во вистинската смисла на зборот почнува со доаѓањето на Св. Климент во Македонија. Неговата активност во Македонија значи не само почеток на нов период во нашата просвета, туку и нов период во уметноста. Со подигањето на неговиот манастир во Охрид (893), под охридската тврдина, со црква посветена на Св. Пантелејмон, Македонските Словени добиле не само прв голем и од епохално значење религиозно-просветен центар, туку и услови за пресврт во обликувањето на своите естетски чувства, бидејќи со овој манастир тие ги прифатиле и продолжиле уметничките форми што се создавале и развивале на територијата на Македонија пред нивното доаѓање. Климент за основа на црквата на својот манастир користел еден триконхос, најден во урнатини, а подигнат над урната (изгорена) ранохристијанска базилика. Со комбинации од додадени делови кон триконхосот тој формирал објект што на ученият охридски архиепископ Теофилакт (XI—XII век), поради „валчестите" форми, му изгледал поубав од охридската катедрала што веројатно имала базиликална форма. Овој триконхос, со своите сложени форми (на северната и јужната конха има издадени ниши-певници), иако со извесни незначителни измени, го гледаме и во црквата на манастирот Св. Архангел, подигнат на јужниот брег на Охридското Езеро, неколку години по Климентовиот, кој подоцна по името на неговиот ктитор Наум е наречен „Св.

Наум". Сегашниот изглед црквата го добила во турскиот период како обнова на Наумовата црква. Блиски кон него се и другите триконхоси (на Горица, недалеку од Охрид, во селата Злести и Винени, во Издеглавје, Кубелитиса во Костур) што се датираат од IX до XI век, кога на поголемиот дел од Балканот, сообразно со дефинитивното потиснување на паганските религии, се ѕидаат триконхоси како манастирски цркви или како тенденција за поддржување на старите форми во христијанската уметност. Триконхоси се ѕидаат и подоцна, но тие повеќе треба да се објаснуваат со други фактори (влијанието на Св. Гора, Божјиот Гроб) отколку со традициите поврзани со Климентовиот и Наумовиот манастир, бидејќи од X век наваму Св. Гора играла многу важна улога и во уметноста на овој дел на Балканот, и триконхосите од XI век наваму се ѕидани веројатно повеќе под влијание на светогорските триконхоси, кадешто страничните конхи служеле за певници.

Во овој период, кој продолжува и во целиот X и XI век, освен триконхоси се ѕидале четириконхоси (црквата Св. Богородица Елеуса во Вељуса) и главно цркви со базиликален распоред (во Цариград, во X — XI век бескуполната базилика не е доминантна). Бугарскиот кнез Борис подигнал седум соборни цркви. За некои од нив се претполага дека биле базилики. Има претпоставка дека Борис подигнал базилики и на територијата на Македонија.

Од црквите со базиликален распоред од овој период најзначајни се: Св. Ахил на островот Ахил во Преспанското Езеро, Св. Софија во Охрид, Св. Богородица во с. Враништа недалеку од Струга, Св. Леонтија близу до Струмица и базиликите Св. Анаргири и Таксијахи во Костур. Нивните основи се различни. Базиликата Св. Ахил е трикорабна, со нартекс, ѓаконикон и проскомидија, со галерии над нартексот и страничните кораби и со покриен наос (сите три кораби) со дрвена конструкција на две води. Оваа комбинација на базилика од елинистички и ориентален тип (изведена веројатно кога Преспа станала престолнина на Самуиловото царство и седиште на неговата автокефална црква) е креација на градителите од Македонија. Слични елементи има и на базиликите во Костур. Базиликата во село Враниште, меѓутоа, е чисто ориентална.

По своето значење од сите цркви (освен Климентовата и Наумовата) најзначајна е Охридската Св. Софија. Во науката се смета дека таа била охридска катедрала (според некои од времето на кнез Борис до доаѓањето на Турците). Оваа констатација ја потврдуваат, пред се, нејзините димензии и распоредот на живописот во олтарниот простор. Од мислењата за нејзиното ѕидање најверојатно е тоа дека таа била подигната во времето на Самуила или непосредно по пропаста на неговото царство, како обнова на една урната црква (под темелите на северниот и јужниот ѕид на сегаш-

ната црква се најдени ѕидови од две цркви постатвени една над друга). Ова мислење произлегува од содржината на списокот на охридските архиепископи, во кој стои дека големата црква Св. Софија во Охрид ја подигнал односно ја обновил охридскиот архиепископ Лав (1037 — 1056), кој дошол по првиот охридски архиепископ Јован, наследникот на последниот охридски патријарх Давид.

Св. Софија е трикорабна базилика со трансепт, купола и нартекс од типот на крстообразните трикорабни куполни базилики, кои се чести во византиската уметност од IX век наваму. Сегашниот изглед го добила во текот на турскиот период (XV — XVI), кога била претворена во џамија.

Иако архитектурата со своите разнообразни форми и концепции претставува значајна вредност во активноста на средновековните градители во Македонија во текот на IX, X и XI век, по своите уметнички квалитети живописот стои релативно на повисоко ниво. Додека архитектурата во Македонија, во споредба со уметноста на Константинополис или Солун, како главни културни центри во овој дел на Европа и Блискиот Исток, има (навистина со извесни исклучоци) повеќе провинциски карактер, живописот со своите вредности е на нивото на престолнината на Византија, па дури и тогаш кога се чувствува разлика во самата ликовна концепција што резултира од разбирањата на уметникот. Фреските (икони од IX, X и XI век во Македонија не се зачувани) од Св. Софија во Охрид, од Вељуса и Водоча го потврдуваат тоа. Фреските од Св. Софија во Охрид претставуваат единствен споменик од XI век што ја дополнува сликата на развитокот на уметноста воопшто во периодот на Самуила и непосредно по него, односно на балканската уметност од тој период, земена како целост со византиската уметност на македонската династија.

Во врска со авторите на фреските во охридската Св. Софија, најверојатно е дека тие се дело на зографи што освен царитградски, дворски концепции во обликувањето на композициите, личностите и иконографскиот распоред, имале и свои концепции што на вистинските цариградски воспитаници можеле да им изгледаат груби и провинциски. Ова го поткрепуваат особено строгите изрази на лицата кои, освен монументалност, а кај некои и извонредна хармонија на движењето или стојката, имаат толку високи ликовни квалитети што можат да стојат покрај најдобрите фрески и мозаици во целата византиска уметност.

Особено е значаен живописот во олтарниот простор, ѓаконикон и проскомидијата, кој е доволен да се добие претстава за уметноста во Македонија во текот на овој

период. Овој живопис, според мислењето на некои учени, е најсловенски во целиот развиток на ликовната уметност во Македонија — мислење што се брани со стилските одлики на фреските и поволните услови за изградување на зографи Словени од времето на Климента до пропаста на Самуиловото царство (IX — XI век).


Македонската средновековна уметност од повторното воспоставување на византиската власт до влегувањето на Македонија во рамките на српската држава на Немањиќевците, ја следиме главно, по фрагментарно зачуваната архитектура и живопис на Нерези (1164), Курбиново (1191), Манастир (1271), Св. Никола во с. Варош кај Прилеп (1299), Св. Софија во Охрид (вториот слој живопис — XIII век) и Св. Богородица Перивлептос — денешен Св. Климент (1295). Меѓутоа, судејќи по литерарните податоци, бројот на спомениците подигнати во овој период бил значително поголем. Затоа сликата што се формира врз основа на зачуваните споменици и на компаративниот материјал користен од соседните балкански земји не може да се смета за целосна.

Во архитектурата и во овој период доминира разнообразноста на архитектурните форми. Има еднокорабни цркви, крстообразни со една или пет куполи, со чиста цариградска концепција (Св. Богородица Перивлептос) или со провинциски комбинации (Нерези), кои земени во целост претставуваат продолжување на еден развиток што само делумно бил раководен од разбирањата на византиската престолнина. Од овој период наваму во Македонија (и во соседните земји) петкуполната крстообразна црква ќе биде еден од белезите на средновековната уметност. Живописноста на куполите поврзана со бараната хармонија на масите, заедно со сé поголемата употреба на керамопластичната декорација се одлики што можат повеќе или помалку да се најдат кај сите споменици од овој период. Како пример можат да се земат Нерези, Богородица Перивлептос во Охрид и Св. Никола во с. Варош кај Прилеп.

Живописот од овој период влегува во рамките на уметноста на Комненовците и почетната фаза на палеолошкиот стил. Нерези и Курбиново се повеќе комненовски, а Манастир, Св. Богородица Перивлептос и Св. Никола в. с. Варош палеолошки. Но освен основните одлики што ги наоѓаме во целата византиска уметност од овој период, кај споменатиот живопис има елементи што претставуваат достоинство на македонските зографи. Тоа особено се однесува на Нерези и Курбиново. Во Нерези, освен чисто цариградски елементи

во претставувањето на монументално замисленият иконографски распоред на живописот и во одделните композиции или фигури, постои еден нов елемент што во Цариград и надвор од него никаде не е толку изразито предаден како во Македонија. Тоа е чувството на реалност за внатрешните доживувања на личностите во драматичните сцени, како што се страдањата Христови. Во нерешкото „Оплакување" особено доаѓа до кулминација овој елемент. Констатиран и порано, но само делумно (во Св. Софија во Охрид — Успение) овој елемент добива толку важно место во македонскиот средновековен живопис, што и во цркви со скромни димензии, како што е црквата Св. Ѓорѓија во с. Курбиново, паѓа в очи како доминантен елемент. Линеаризмот на комненовскиот стил, кој во Курбиново секако како плод на разбирањата на домашните зографи минува во фаза на барокна подвижност, не претставувал пречка да се изрази најсилното внатрешно доживување, што за целата византиска уметност значи откривање на нови простори во доменот на уметноста. Цариградската рафинираност на боите, неповторниот топол колорит и воздржаната мера во спиритуализирањето на ликовите го издигаат Нерези во редот на најважните споменици од византиската уметност воопшто. По него во стилот на комненовските разбирања доаѓа Курбиново, но таму цариградската концепција на моменти се губи и превладуваат таков линеаризам и форми што повеќе ѝ одговараат на провинцијата.

Од почетокот на XIII век па сé до 1271 година, кога е изработен живописот во базиликата Св. Никола во с. Манастир во Мариово, уметноста во Македонија може да се следи по индиректни податоци, бидејќи нема зачувани споменици. Живописот во Манастир, меѓутоа, покажува две тенденции. Едната претставува навлегување во Македонија на нови, цариградски разбирања, што кон крајот на векот се оформиле како нов стил наречен палеолошки, а другата — задржување на комненовските елементи во таква форма што во однос на новите разбирања претставуваат вистинска ретардација. Оваа положба пред се била обусловена од политичката состојба. Во Македонија тогаш често се менувале господарите и во такви услови повеќе се чувале традициите од комненскиот период отколку што се примале новите тенденции. Но кон крајот на векот новите разбирања во уметноста веќе биле применети скоро на целиот Балкански Полуостров. Стилот на Палеолозите бил доминантен. За Македонија тоа најдобро се гледа на фреските од Богородица Перивлептос во Охрид и Св. Никола во с. Варош. Таму јасно доаѓа до израз цариградската концепција, иако не во сите свои нијанси, како што е тоа во првите две децении од XIV век. Тенденцијата кон наративност, кон теолошки искажувања со ликовни изразни средства, иако без онаа рафинираност што ја има Цариград засега најдобро изразена во мозаиците



Црквата Света Софија во Охрид (XI век)



Епископска базилика во Баріала — Бреіалница

и фреските од Кахрие Џами, веќе ги потиснува разбирањата што им биле туѓи на цариградските. Меѓутоа, онаа одлика што живописот во Македонија од претходниот период во извесна смисла го одделува од другиот балкански живопис и натаму продолжува во македонското фреско-сликарство. Драматичните елементи во Перивлептос во Охрид не само што не се намалени, туку во споредба со претходните, земени во целост, се наголемени. Зографите Михаил Астрапа и Евтихија, авторите на фреските од Перивлептос, толку силно умееле да предадат тага и психички доживувања што нивното „Оплакување" изгледа блиско до животот, како да е дело на уметници што го студирале самиот живот и човекот како негова централна личност. Независно од тоа што е оправдано искажаното мислење во науката дека овие зографи биле прво мозаичари или ученици на мозаичари (а во Македонија, освен во Солун, нема видни мозаици) та после фрескисти, нивното дело, почнувајќи од Перивлептос, како задужбина на големиот хетеријарх Прогон Згур и неговата жена Евдокија, претставува таков дел од активноста на зографите во Македонија од крајот на XIII век до почетокот на третата деценија од XIV век, што со право може да се смета како ателје со оформена физиономија, кое се менувало во зависност од постојниот контакт со општите културни промени и разбирања на тогашното општество.

Активноста на ова ателје што може да се следи од Атос до Призрен, значи, на една територија што била тогаш во центарот на културните настани, е потврда за постојниот растеж и движење на уметноста во Македонија, која, освен Солун, како центри ги имала седиштето на Охридската автокефална архиепископија — Охрид, потоа Скопје, Битола, кадешто изгледа една варијанта на композицијата „Возиграние младенца" добила назив Пелагонитиса — Пелагониска, Костур и заедно со нив бројните манастири, меѓу кои Климентовиот и Наумовиот, Лесновскиот, манастирите во Скопска Црна Гора, Трескавечкиот и др.

Важен дел од активноста не само на ова ателје, туку и на другите зографи претставува времето кога тие работеле за српскиот крал Милутин и неговите феудалци. Во врска со политичката активност на Милутина и неговите воени успеси е и засиленото влијание на цариградската концепција на палеолошкиот стил, примена по секоја веројатност преку Солун, најблискиот град под византиска власт со потесни врски со Цариград. Веќе во Св. Никита, во Скопска Црна Гора (обновен од крал Милутин 1307 — 1308) и Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане (обновен од истиот крал 1314, а живописот изработен во 1317 — 1318) тие влијанија дошле до таков израз што само со откривањето на потписите на зографите Михаил Астрапа и Евтихија, и со продлабочената, во прв ред стилска анализа, може да се констатира дека овие фрески се дело на зографите од Перивлептос во Охрид.

За разлика од Охрид овде имаме чисто цариградски палеолошки стил, доказ не само за виталноста на зографите и усогласувањето на нивните ликовни концепции со барањата на ктиторите (кои, секако, се движеле во рамките на околината на кралицата Симонида, ќерката на византискиот император Андроник II Палеолог), туку и за победата на палеолошкиот стил во Македонија. Во овој стил се изработени скоро сите фрески до доаѓањето на Турците.

Во текот на овој период, како и во другите делови што биле под јурисдикција на православните цркви, и во Македонија се развил хезихазмот. Секако под влијание на ова верско движење кон испосништво и одделување од земниот живот се засилува и монашкиот живот по пештерите и оддалечените манастири, во кои, покрај учени калуѓери, имало и доста неуки или слабо писмени луѓе. По овие манастири, точно во овој палеолошки период, се изработувале фрески што ги откриваат оние концепции во средновековниот живопис на Балканот и во другите делови на византиската држава што ги одразувале повеќе народните разбирања и толкувања на религиозните настани познати во науката како дела на монашкиот стил. Во Македонија овој монашки стил е присутен во дел од фреските во црквата Св. Димитрија во Марковиот манастир до с. Сушица (Скопско). Таму почнувајќи од третата зона нагоре, во сцените од страдањата Христови имаме композиции кадешто личностите се испиени, облечени во скромна облека, со движења разбирливи за обичниот калуѓер и човек од околината. Тоа се одлики што им противречат на оние од долните две зони во истата црква, каде што се претставени „Великиот вход" и сцени од животот на Христа — секако дело на зографи со други разбирања, блиски на општопримениот стил во Македонија.

Во духот на двете струи: дворската — палеолошка и манастирската се изработувани живописите на црквите подигнати како обнова на стари цркви од владетелот и феудалците по целата територија на Македонија. Со владеењето на српските кралеви, почнувајќи од Милутина, па сè до синот на Душана Урош V и нивните феудалци, се поврзани спомениците меѓу кои, освен споменатите, се зачувани црквата Св. Никола во Псача, Св. Арангел и Матејче во Скопска Црна Гора, Св. Никола во с. Љуботен, Лесново, Св. Арангел во с. Варош. Св. Андреја на реката Треска, Св. Богородица Захумска (Св. Заум) и др. како Богородица Троеручица и Св. Спас во Скопје, кои се познати само по литерарни податоци. Овој временски период, без оглед под чија власт се наоѓале деловите на Македонија, е богат со ликовна и архитектурна активност во секој поглед. Во Охрид тогашниот охридски архиепископ Григориј на местото на стариот трем го дозидал оној монументален ексонартекс на Св Софија во Охрид (1317), кој како архитектонско дело се

смета за едно од ретките достигања не само во македонската, туку и во византиската уметност. Исто во Охрид тогаш се подигнати Св. Никола Болнички, Св. Богородица Болничка (подоцна обновена), Мал Св. Климент, Мали Св. Врачи, можеби и Св. Јован Канео — сé цркви што со по некои свои особености во архитектурата или живописот придонесуваат да се добие целосна слика за културното ниво во Македонија. А тоа ниво го определува не само бројот на подигнатите цркви и параклиси (бидејќи секој повиден световен или духовен феудалец сметал за должност да подигне црква), туку и квалитетот на живописот (ликовните квалитети на сите фрески од овој период се повеќе или помалку на исто ниво). Вкусот за квалитетот бил јасно формиран. Слаби дела се скоро исклучителна реткост. Засега во Македонија како такви можат да се третираат само одделни композиции во по некои цркви и тоа поради високото уметничко ниво на поголемиот дел од фреските.

Важна гранка во живописот на овој период претставува портретот. Тој се негувал, како и во соседните земји, и во претходните периоди, но во Македонија не се зачувани сигурно постари портрети од XIV век. Оставајќи ги настрана портретите најдени во Климентовата црква во Охрид, меѓу кои е претставен и Кесар Дука (бидејќи материјалот уште не е доволно проучен), како и портретот на еден византиски цар претставен во пештерската црква Св. Еразмо недалеку од Охрид (кој со недоволни докази се датира во XIII век), сите зачувани портрети на владетели, феудалци, архиепископи, епископи и други личности се од XIV век наваму. Кога не би се знаело дека портретот во римската, а потоа и во византиската уметност бил важен фактор во животот на луѓето, како и дека тој бил многу негуван од истите причини и кај другите балкански држави, би се дошло до заклучок дека портретот во Македонија се развил под влијанието на српската средновековна уметност.

Во Србија портретот го следиме од Немања наваму како неразделен дел од живописот. Таму скоро нема црковен споменик кадешто не е претставен ктиторот. Овој факт го објаснува и патот по кој се развивала српската уметност како и центрите што влијаеле на тој развиток (Цариград, Солун). Затоа со сигурност може да се претполага дека во Македонија се негувал портретот и пред XIV век, без оглед на тоа што зачуваните портрети се главно на српски кралеви и на српски и македонски феудалци.

Меѓу најпознатите портрети во Македонија се портретите на Милутина и Симонида во Старо Нагоричане, монументалните портрети на Душана и Елена во Лесново, сугестивниот портрет на ктиторот на Лесновскиот манастир деспотот Оливер, на Волкашина и Урош V во Псача, а особено групниот портрет на Паскача со целата фамилија.

исто во Псача, кадешто индивидуалните црти на ликовите дошле до силен израз. Освен овие, значајни се портретите на Душана, Елена, Урош V, Св. Сава и Симеон во Св. Никола Болнички во Охрид, на охридскиот архиепископ Никола во истата црква и во Св. Софија во Охрид, претставен во последната црква заедно со деспотот Оливер, Марија Оливерина и нивните деца, како и портретите на Волкашина и неговиот син Марко во црквата Св. Арангел во с. Варош кај Прилеп и во Марков Манастир.

Неразделен дел и многу важна компонента во ликовната уметност претставува иконописот. Икони се изработувале на сите христијански светци и тоа во зависност од потребата, што произлегувала пред се од функцијата на светецот. Најмногу, се разбира, се правеле икони на Христа, Богородица со Христа, на Христовите страдања и на одделни светци претставени сами или со илустрирани сцени од нивните житија. Изработувањето на иконите било многу олеснето и поради нивната подвижност и можност да се изработуваат без оглед на годишното време. Оттаму и голем број икони по цркви, манастири и приватни домови. Во Македонија скоро секој граѓанин, а пред сé, феудалец, имал икони, а задолжително икона на заштитникот на фамилијата.

Од големиот број икони што се најдени во Македонија, по местото каде што се најдени и по околностите што го овозможиле нивното изработување можат да се определат одделни центри за изработување на икони. Меѓу нив на прво место доаѓа Охрид, потоа поголемите манастири, а центри од каде што се импортирале икони во Македонија биле: Цариград, Солун и Света Гора, не исклучувајќи ги и другите центри на Балканот и Истокот, бидејќи манастирите во Македонија, а пред се Охридската архиепископија, имале врски и со најоддалечените православни манастири и столици на православни цркви. Оваа околност е причина што многу тешко може да се следи развитокот на иконописот во Македонија. Сложеноста на потеклото и авторството на иконите станува поголема кога ќе се земе предвид дека икони изработувале и мозаичари и фрескисти. А тие се движеле честопати толку многу и во такви размери што нивните икони тешко можат да се поврзат со определено место, особено по оние промени и тешкотии што настанале со доаѓањето на Турците.

И покрај споменатите околности, денес може да се констатира дека најмногу и најзначајни икони досега се најдени во охридските цркви. Најстарата икона 40 тивериополски маченици, што се датира во XII век, е од Охрид. Во Охрид е најдена и единствената икона — мозаик. Таму, во црквата Св. Богородица Перивлептос, е најдена и најстарата датирана икона во Македонија (Исус Христос, 1262), изработена по порачка на охридскиот архиепископ Константин Кавасилас (чиј портрет, како канонизиран, се наоѓа во Св.

Богородица Перивлептос, Св. Јован Канео и во Старо Нагоричане). Недалеку од Охрид, во денешната црква Св. Ѓорѓија во Струга, е најдена иконата Св. Ѓорѓија, која во 1267 година ја изработил зографот Јован за дарителот референдарот ѓакон Јован. Во Охрид односно во денешната црква Св. Климент се чуваат и познатите икони „Благовештение" (различно датирање од разни автори, од XI — XIII век), големите икони Христос и Богородица (XIV век), прочуените две Распетија на опачината од иконите „Христос душеспасител" и „Богородица Одигитрија" (XIII — XIV век), „Апостол Матеја" (од XIII — XIV век), дело веројатно на зографот Евтихија, еден од авторите на фреските во црквата, малите икони за целивање со сцени од животот на Христа и други сижети (дела на ателјето на Михаил Астрапа и Евтихија) и други икони — јасна потврда не само за огромното богатство на Охрид со икони, туку и за постоењето на еден иконописен центар, адекватен по своето уметничко значење на најважните иконописни центри на Балканот. Зашто ништо посуптилно и похармонично во иконописот во Македонија, а можеби и во целото византиско сликарство од овој период, не е создадено од она „Благовештение" во Богородица Перивлептос во Охрид што е на опачината од иконата „Богородица Душеспасителка" (денес изложена во тремот на црквата), независно од искажаните и недокажаните мислења за можноста да биде оваа икона импорт од Цариград. А такви достоинства во определена мера се констатираат на сите споменати икони во Перивлептос. Овие квалитети ги имаат и други икони од Македонија („Христос на престол" во црквата Св. Димитрија во Битола, „Богородица со Христа" од Лесново).

Македонија била крстопат за повеќе соседни и подалечни центри. Врските на Цариград и на Исток со Запад по суво се одржувале главно преку Македонија. Нејзината географска положба се одразила и во иконописот. Тоа го потврдува охридската икона „Богородица со Христа", кадешто ликовите се предадени не во духот на стилот на другите охридски икони, туку со западни елементи во претставувањето на очите на Богородица и целата фигура на Христа.

Дополнување на живописот и составен дел од архитектурната концепција била декоративната пластика прво на олтарните прегради, а во XIII — XIV век и на иконостасите. Декоративната пластика во христијанската уметност на територијата на Македонија до идењето на Словените ги имала оние одлики што се суштествени и за декоративната пластика на доцноримската и рановизантиската уметност на Балканот. Најстарите зачувани остатоци од декоративната пластика од словенскиот период се остатоците од олтарната преграда на Св. Софија во Охрид и некои делови од циборіумот на чесната трпеза. Користејќи стилизирани лози и претстави од фауната, комбинирани со христијански сим-

боли, декоративната пластика од XI век со определена потенцираност на светлосенката, со благи нијанси од осветлените кон неосветлените делови, претставува продолжување на рановизантиската пластична декорација. Фигурата и во овој период, како и порано, е сведена на минимум, односно се користи само во некои случаи, како што е претставувањето на некоја биста на светец на космитисот (Св. Софија во Охрид) или некоја икона во материјал (камен или метал), како што е иконата „Св. Јован Теолог", најдена во Демир Капија.

Во споредба со декоративната пластика од соседните земји македонската има најмногу и најблиски аналогии со грчката. Истото може да се констатира и за периодот што следува, односно за XII и XIII век. Најдобар доказ е олтарната преграда на Нерези со двете раскошни рамки на Богородица и Св. Пантелејмон, поставени од страните на преградата. Меѓутоа, декоративната пластика од XIV век се разликува значително од претходната. Во едни делови на Македонија (Охрид) во декоративната пластика сé посилно се чувствуваат ориентални влијанија (амвонот на Св. Софија во Охрид, порачан од охридскиот архиепископ Григориј), а во други западни, пренесени директно или индиректно со ширењето на српската држава. Ориенталните влијанија се изразени во отфрлувањето на пластичната форма, а западните во внесувањето на елементи од романиката во капителите на колонките од иконостасите (Св. Атанасиј во Лешок, Старо Нагоричане) или розетите (Св. Никола во Љуботен и Св. Атанасиј во Лешок). Во овој период особено е развиена декоративната пластика во духот на византиската концепција на опковите од иконите како што се раскошните опкови на повеќе охридски икони од XIV век, во кои геометрискиот и флоралниот орнамент се преплетува со цели фигури или со бисти на светци.

Многу поскромно место во македонската средновековна уметност има слободната скулптура. Во вистинската смисла на зборот слободна скулптура не се изработува, но како таква донекаде може да се третира високиот релјеф. Засега е познат само еден лик во цел раст и нешто помал од природната големина изработен во дрво како висок релјеф — ликот на Св. Климент, што се датира во XIV век. Меѓутоа, патиштата што го објаснуваат неговото изработување не се установени и може само да се претпоставува дека овој висок релјеф е изработен под западно влијание, зашто во духот на католичката црква е претставувањето на ликови на светци во скулптура а не на православната. Тоа што во српската православна црква има доста скулптури е влијание на Приморјето, кадешто католичката црква била доминантна.

За разлика од оние на црковната уметност, нашите познавања на **профаната уметност** се повеќе од скромни. Литерарни извори скоро нема, а зачувани дела има сосем

малку, и тоа само остатоци од тврдини. Ние немаме претстава за изгледот на дворците, приватните куќи по градовите, нивниот внатрешен распоред, за декорацијата на ѕидовите, за мебелот. Само врз основа на фреските што претставуваат портрети и со компаративен материјал се доаѓа до некои податоци за изгледот на луѓето, за облеклото, за вкусот во облекувањето на високото општество, на дворот и феудалците.

Еден дел од зачуваните, иако во урнатини, градски тврдини, цитадели и градски појаси, овозможува да се следи изгледот и развитокот на тврдините во определени периоди. Тврдините се издигале на тешко пристапни места, со добар и прегледен видик и најчесто со можност дел од тврдината да биде природно заштитен — стрмни карпи (Прилепската тврдина), вода или и едното и другото (Охридската тврдина). При определувањето на формите се користела конфигурацијата на теренот.

Засега како најстара тврдина се смета Охридската, и тоа во онаа форма која била изградена од големи делкани и без малтер ѕидани правоаголни блокови камен. По оваа тврдина во Охрид се констатирани уште две тврдини, ѕидани околу градот една до друга. Еден дел од постарата лежи врз римски гробови, а помладата е од IV век наваму, бидејќи во појасите од тули се најдени и тули со крстови. Одбранбените кули на постарата тврдина се четвртести. Меѓу нив е откриена и една двојна кула. Четвртести се и кулите од помладата тврдина, само што тие не се секогаш поставени на соодветните места од постарата тврдина. На помладата тврдина, а изгледа и на претходните, имало два главни влеза за градот, еден кај денешната Горна Порта, а друг кај Богородица Челница. Влезот кај Челница бил монументален и можеби затоа што тој бил челен влез и месноста со црквата, подигната подоцна е наречена Челница. Иако охридската тврдина честопати била поправана, а делум и дозидувани нови кули и ѕидови — контрафори, таа својот основен изглед не го изменила. Најмногу измени има на цитаделата, која првобитно го немала денешниот изглед. Во сегашниот северен дел се откриени две кули, срушени до темели кои не се конструктивно поврзани ниту со ѕидот што ја дели цитаделата на два дела ниту со североисточниот и северниот ѕид на цитаделата. Срушените кули, како и ѕидот што ги поврзува со источниот ѕид од јужниот дел на цитаделата, заедно со основите на влезот во цитаделата се, изгледа, од времето на Самуила, односно од онаа цитадела што Самуил ја користел во Охрид. Сегашните кружни кули кај влезот во цитаделата со сите нејзини сегашни ѕидови се од времето по Самуила, веројатно од втората половина на XI век кога Охридската тврдина била обновена.

Освен Охридската тврдина има и други тврдини кои се делумно зачувани или за кои се знае по литерарни податоци.

Позначајни се тврдините на Скопје, Струмица, Штип, Тетово и Битола. Скопската тврдина е подигната, изгледа, по уништувањето на Скупи (518) за одбрана од Варварите. При зидањето на тврдината е користен материјал од разурнатото Скупи. За постоењето на Битолската тврдина се дознава од скоро откриениот словенски кирилски натпис во Битола, во кој стои дека самодржецот Јован ја сосидал (можеби обновил) битолската тврдина. Самодржецот Јован е, секако, синот на Арона (а Арон се споменува во натписот, наследник на царот Гаврил Радомир и внук на царот Самуил, што дошол на престол во 1015 година по убиството на Гаврил Радомир). Судејќи по податоците што ни ги дава натписот, битолската тврдина била сосидана (или обновена) во 1016 година.

На македонската средновековна уметност ѝ припаѓа и **уметничкото занаетчиство,** во прв ред златарската уметност и керамографијата. Истражените словенски некрополи даваат богати наоди на накит: наушници, обетки, белезици, прстени, ѓердани и друго, украсени со филигран и грануларија, која отпрвин обично била изведувана од бакар, бронза и сребро, а подоцна, во XIII — XIV век, од сребро и злато. Меѓу најзначајните постигања на средновековната златарска уметност се сребрените опкови со позлата на иконите од ризниците на црквата Св. Климент во Охрид, што потекнуваат од XIII — XIV век.

Овој вид уметност се развивал под силно византиско влијание, но со живо присуство на извесни елементи од доцноантичката и автохтоната култура, а во подоцнежниот период и од Запад.


Развојот на средновековната македонска **музика** е тесно поврзан со развојот на општата култура на Македонија. Таа била под влијание на византиската музика и имала црковен карактер.

Почетоците на црковната музика во Македонија паѓаат, секако, во времето кога браќата Кирил и Методија дејствувале меѓу јужните Словени. Тие го превеле светото писмо од грчки на македонскословенски јазик настојувајќи да ги сообразат неговите музичко-метрички особености со обредните мелодии на Византијците, од кои македонските Словени го примија христијанството, а со него и нивната црковна музика. И во Универзитетот на Климент, во кој се школувале над 3.000 ученици, музичката наука била, секако, една од најважните дисциплини во обучувањето на слушателите, бидејќи е незамислив каков било црковен обред, ритуал без учество на музиката.

Особено голем развој музиката во Македонија достигнува во Самуиловата држава. Со основањето на самостојна црква, која во тоа време била носител на сите културнопросветни движења, се создале услови за широко дејствување не само на црковната, туку и на световната музика,



Јован Теолог, Демир Капија икона од хлоридеп шкрилец (X—XII век)



Златни наушници од XIV век (с. Оризари, Кочанско)

која била негувана во домовите на старите македонски Словени, а особено во дворецот на цар Самуил и неговите наследници.

Со пропаста на Самуиловата држава стагнира и музичкиот живот во Македонија. Сепак некои претставници на оваа византиска провинција извршиле огромно влијание врз развојот и оформувањето на византиската црковна музика. Еден од тие претставници е Јован Кукузел, најмаркантна личност во историјата на источно-православната музика.

Во науката сé уште не е точно утврдено времето кога живеел и творел Кукузел. Се чини дека најточни се податоците според кој Кукузел работел во Цариград кон крајот на XIII и во почетокот на XIV век. Скоро сите византолози се согласни дека Кукузел се родил во западна Македонија, посочувајќи го местото Черменци, Дебарско. Уште како дете Кукузел бил одведен на византискиот двор во Цариград, каде што го добил и своето образование, и за кусо време станал најугледна културна личност во целата Византија. Пред дефинитивното заминување за Св. Гора, каде што наполно ќе се посвети на музиката и монаштвото, Кукузел навратил во западна Македонија да ја посети мајка си, што подоцна ќе се одрази и во неговото творештво, во кое внесува и елементи што асоцираат на неговата татковина Македонија. Јован Кукузел бил вонредно значаен композитор и теоретичар. Тој се оценува како втора личност во византиската музика, веднаш след Јован Дамаскин. Се смета дека Кукузел е основач на новото нотно писмо, за кое изнашол нови нотни знаци, задржувајќи ги само 25-те знаци на старото (првото византиско) нотно писмо. Во историјата на византиската црковна музика ова нотно писмо е наречено „Кукузелово“. Со ова нотно писмо тој главно ги забележал своите творби, а со тоа ја збогатил музичката теорија на целокупната византиска музика. На Кукузел му се припишува и заслугата за новата интонација. Во сите негови творби се огледува големо знаење и смелост. Тој прв во источно-православната црковна музика вовел и модулација.

Заслугата на Јован Кукузел за развојот на византиската музика се состои во самиот карактер и начин на песнопоењето. Тој ги собира пред него напишаните напеви, ги преработува, ги дополнува со свои и по тој начин ѝ дава завршна физиономија на источно-православната црковна музика. Составувајќи нови и поправувајќи ги старите црковни мелодии на настихирите, тропарите, кондаците и другите песнопеења, разгледувајќи го нивниот текст на стихови и полустихови, Кукузел на свој начин на текстот му дава стихотворен вид и форма, а музиката ја збогатува со мелодии и други разни украсни мелизни.

Творечкиот опус на овој композитор е многу голем: Аниксанторите, Полилејот, Литургијата, Свијешче пророци, Владику и Свјашчено началника нашего, Јутрење, Вечерње, Големото исо, како и многу други обредни песни зборуваат за плодотворноста и високиот квалитет на Кукузеловото дело и за големата улога што ја одиграло неговото творештво во развојот на византиската односно источно-православната црковна музика.

По црковните книги се наоѓаат имиња и на други Кукузеловци што се занимавале со музичката материја во византиската црковна музика. Се сретнуваат и имињата на Јосиф и Петре Кукузелови, потпишани на нотни материјали, за кои се претпоставува дека се од подоцнешниот период на средниот век, т.е. по Кукузеловото време.

Несомнено е дека за овој културен расцут на ова културно подрачје се заслужни низа истакнати музички творци и творештвото на Јован Кукузел ги резимира во себе сите интенции на неговите претходници.

ДЕЛ ЧЕТВРТИ

ТУРСКАТА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА (XV—XVIII ВЕК)

ГЛАВА I

МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА РАЗВОЈОТ НА ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА

1. Државното уредување на Османската империја

Османската држава се развила од еден бејлак (кнежевство) што бил создаден на урнатините на Селџучкиот султанат, во северозападниот дел на Мала Азија. На чело на бејлакот застанал Ертогрул, од племето Каи, кое им припаѓало на Турците Огузи. Во 1281 година Ертогрула го наследил неговиот син Осман, основач на Османската империја. Тој ја зацврстил и ја раширил својата власт во Мала Азија. Неговите наследници, синот Орхан (1323—1362) и внукот Мурат I (1362 — 1389) успешно ја продолжиле завојувачката политика, проширувајќи ја својата власт и на Балканскиот Полуостров. Со тоа биле создадени благопријатни услови за зацврстување и развој на државната организација на Османската империја.

Османската империја била феудална, теократско-централистичка држава. На чело на државата стоел султанот, како врховен изразител на интересите на владеачката феудална класа. Потпирајќи се на државниот апарат и на платеничката војска, султаните во своите раце ја концентрирале сета власт и сите нишки во управувањето со Империјата. Меѓутоа, тие често биле ограничувани, па дури и симнувани од власта, од страна на јаничарите и крупните феудалци. Османските султани имале раскошни дворци со многубројни служби и хареми. Престолнината на османската држава отпрвин била во Бруса, потоа во Едрене (Одрин), а од 1453 година во Цариград (Истанбул). Теократскиот карактер на османската држава бил изразен и во лицето на шејх-ул-исламот, кој бил врховен толкувач на шеријатските закони и чувар на исламската традиција.

По Маричката битка, кога Турците-Османлии завладеале пространи територии на Балканскиот Полуостров, турската држава почнала да се дели на големи административни единици, наречени беглербегства на чело со беглербегови. Во почетокот беглербегот ја командувал целата османска војска и после султанот бил најважно лице во државата. Најпрвин било заведено звањето румелиски беглербег, т.е. застапник на султанот во европските турски

провинции. Во времето на Бајазит (1389 — 1402), во Мала Азија било воведено звањето анадолски беглербег. Беглербеговите ги поставувал султанот. Тие биле управници и највисоки воени команданти во беглербеглакот или ејалетот (т.е. пашалакот).

Беглербеглаците се делеле на санџаци или ливи. На чело на еден санџак стоел санџакбег или мирлива, кој бил воен и управен старешина во санџакот. Сите санџакбегови од еден беглербеглак потпаѓале под воена команда на беглербегот. Санџаците биле основни воени и управно-територијални единици во турската држава. Од средината на XV век санџаците се делеле на вилаети и нахии. Управниот систем во нашите краишта не одел подолу од нахијата. Вистина, по селата живееле спахии, но тие имале само право во собирањето на давачките, а нивното учество во управувањето било незначително. Поради тоа во селото постоела еден вид селска самоуправа.

Уште во првиот османски бејлак постоела должноста везир, како врховен претставник на управната власт. Околу 1386 година бил именуван уште еден везир. Тогаш се воспоставила и должноста на прв, таканаречен велики везир (везириазам или садриазам). Тој бил главен помошник на султанот и претседател на државниот совет. Веќе во времето на Мехмед I (1413 — 1421) имало тројца везири, а во првата половина на XVI век — четворица. Почнувајќи од Мехмед II (1451 — 1481) за везири и велики везири почнале да доаѓаат луѓе што биле собрани од девширме (т.н. „данок во крв"). Овие исламизирани лица сосем зависеле од султанот, а тој од положбата лесно ги симнувал и често ги казнувал со смрт.

Во шеесеттите години на XIV век била воведена должноста кадиаскер, врховен воен судија и тоа по еден за Румелија и Анадолија.

За време на Мехмед I веќе се споменува и должноста нишанџија, кој од името на султанот на актите го ставал султанскиот знак (тугра).

Државниот совет (диван) го сочинувале седум везири, двајца кадиаскери, тројца дефтердари што ги раководеле финансиите а присуствувале и други највисоки државни функционери. До Мехмед II, султанот присуствувал на седниците на диванот, но оттогаш тој доаѓал само во исклучителни случаи, а диванот го водел великиот везир. Диванот ги разгледувал жалбите упатени до султанот и до централните власти и по нив донесувал одлуки, издавал заповеди од името на султанот (фермани), документи за назначување (берати), договори и други документи. Одлуките на диванот се запишувале во специјални книги, наречени „мухиме дефтерлери".

Финансиите биле строго централизирани. Во престолнината имало двајца дефтердари, кои се занимавале со

финансиските работи, и тоа едниот за Румелија, а другиот за Анадолија. Канцелариите на државните финансии се викале „дефтерхане“ и тие воделе строга контрола за приходите и расходите во целата држава. Во дефтерханите се чувале катастарските книги наречени „тапу дефтерлери“, кои официјално се викале уште и „тахрир дефтерлери“. Во нив, според областите, градовите и селата во кои живееле, биле регистрирани лицата што имале феудални лена како и лица што биле обложени со давање на разни даноци. Сите давачки на рајата, како и приходите од трговијата, рударството и друго, биле воведувани во овие дефтери. Катастарските пописи се вршеле периодично и по потреба, а ги составувале специјални лица (мубашири), кои биле праќани на терен.

Турците-Османлии, кои по вера, јазик и етнички се разликувале од поробените народи на Балканскиот Полуостров, морале да ја градат својата власт врз цврста воена организација. Турската војска се делела на сувоземна и морнарица. Главната воена сила на Турција била сувоземната војска, која се делела на султанова гарда (капикулу оџаклари) и на ејалетска (провинциска) војска. Најважна и најмногубројна ејалетска војска биле спахиите. Тоа биле коњаници-феудалци кои добивале феуд со обврска да одат во војна и да поведат со себе определен број борци и опрема, според големината на леното. На оној спахија што не ќе одел на воен поход му се одземало леното и се деградирал на степен на раја, а некојпат му се наложувала и смртна казна. Во мирно време и за време на воен поход, команданти на спахиите биле черибашиите и субашиите. Алајбегот ги командувал сите спахии од еден санџак, додека санџакбегот бил командант на сите воени сили во санџакот. Во прво време меѓу спахиите имало и христијани, кои подоцна, во XVI век, исчезнале.

Во ејалетски војнички редови се сметале уште и мартолозите, војнуците, дервенџиите, соколарите, оризарите и мустахфизите. Последниве биле чувари во тврдините што се наоѓале во внатрешноста на турската држава. Мартолозите, дервенџиите, војнуците, соколарите и оризарите биле претежно христијани.

Во султанската гарда како платеничка војска бил јаничарскиот корпус (оџак), создаден во првата половина на XIV век (околу 1329). Јаничарите се регрутирале од заробените деца или од децата собрани со девширме („крвен данок“). Тие деца, насилно земени од покореното население, биле преведувани во ислам и по неколкугодишна воено-религиозна обука се преобразувале во фанатизирани војници. Тие не смееле да се женат и требало наполно да се посветат на

воениот живот. Најчесто оделе во војна, служејќи како пешадија, но биле употребувани и за одржување ред по градовите или како посада во тврдините. Командант им бил јаничарскиот ага. Во втората половина на XV век имало 10.000 јаничари, а во средината на XVI век 12.000. Од XVI век, од времето кога престанале завојувањата, централната власт почнала да ослабува, а дисциплината меѓу јаничарите да попушта. Султаните почнале се повеќе да зависат од својата телесна гарда — јаничарите.

За време на Бајазит I (1389 — 1402) се почнало со поинтензивно изградување на флотата, неопходно потребна за освојување на бреговите на Средоземно Море. Командант на морнарицата бил капуданпаша. Во морнарицата служеле азапи (момци). Покрај тоа, имало и речна флота, на поголемите реки.

Главен командант за сите воени сили во времето на војната бил великиот везир. Заедно со него во поход оделе и другите везири. Целата организација на военото дело во Империјата била централизирана и прилагодена за освојување на туѓи територии и за држење во потчинета положба на населението.

Во времето на Сулејман Законодавецот (1520 — 1566), Османската империја била голема светска сила, со моќна сувоземна војска и силна флота.

За разлика од Западна Европа, феудалците во Османската империја немале право на својот феуд да вршат судска, административна, финансиска и воена власт. Државната власт со своите органи дејствувала во поседите на сите феудалци. Основа на правното уредување бил шеријатот, позајмен од поранешната арапска држава, но добил османска модификација. Шеријатот бил заснован на исламот. Коранот и Хадисот, биле основни правни книги. Поради оскудноста на шеријатските прописи и поради потребата да се регулираат финансиските, економските и другите правни односи во државата, се издавале кануни (закони). Овие особено биле карактеристични за време на Сулејман Законодавецот. Кануните, во принцип, не требало да му противречат на шеријатот, иако често биле такви. Шејх-ул-исламот имал право да дава толкувања и оцени на правните норми од гледиште на исламското право. Овие правни мненија (фетви) често биле обична формалност. Судската власт не била одвоена од обвинителската. Кадиите биле и судии и обвинители. Тие ја применувале судската власт на определена територија, наречена каза, но не служеле долго време на едно место. За некои прашања тие сами донесувале одлука, а за покрупните предметот го испраќале до повисоките органи. Судските акти и документи, одлуките на кадиите, како и разни жалби.

кадиите ги воведувале во специјални книги наречени сицили.

Судиите по ранг се делеле на моли, кадии и наиби. Покрај турските, постоеле и еврејски и христијански црковни судови, кои суделе само по црковни дела. Судството било поткупливо и насочено во прв ред против поробеното население.

2. Управно-територијална поделба на Македонија

Во новоосвоените територии на Балканскиот Полуостров Турците-Османлии веднаш воспоставувале своја управа. Тие најчесто ја задржувале затечената управно-територијална поделба, и тоа не само во поглед на пониските, туку исто така и на повисоките управни единици. Меѓутоа, со текот на времето биле вршени ред промени во системот на таа поделба, така што е многу тешко да се следи и прикаже нејзиниот развиток.

Највисоката управна единица, која во себе постепено ја опфатила и целата територија на Македонија, бил Румелискиот беглербеглак или ејалет (а подоцна вилает), основан некаде во времето меѓу 1362 и 1385 година.

Во пограничните области на Османската империја биле формирани краишта, управни единици со изразито воен и привремен карактер, на чие чело се наоѓале краишници (уџбегови). Најстарото такво краиште на Балканот, кое се простирало во близината на Солун, зафаќајќи добар дел од јужна Македонија, го управувал прочуениот војсководител Евренос-бег. Малку подоцна, со паѓањето на Скопје под турска власт (1392), тоа станало центар на ново краиште. Првиот скопски краишник бил Пашајитит-бег (1392 — 1414), а потоа Исак-бег (1414 — 1439), и неговиот син Иса-бег (1439 — 1463).

Румелискиот беглербеглак бил составен од помали управно-територијални единици, наречени санџаци или ливи. Еден од најстарите, а истовремено и најголемите санџаци, кој долго време во себе го вклучувал најголемиот дел од Македонија, бил таканаречениот Паша-санџак, односно санџакот со кој управувал лично румелискиот беглербег и што доаѓал на предно место по своето стратегиско значење. Во текот на XV и XVI век постепено биле создавани нови санџаци, меѓу кои и оние што зафаќале македонска територија. Така, по смртта на браќата Дејановци (1395) и паѓањето на нивните поседи под директна турска власт, бил создаден Кустендилскиот санџак, во кој влегувале и областите од Источна Македонија. Приближно во истото време настанал и Охридскиот санџак, во кој, меѓу другото, влегу-

вал дел од Западна Македонија. Во средината на XVI век бил создаден Скопскиот санџак, скоро исклучиво врз македонска територија, а малку порано дефинитивно се зацврстил и Солунскиот санџак, составен од пределите на Јужна Македонија. Во еден краток временски интервал од третата деценија на XVI век и Лерин (Флорина) се споменува како центар на посебен санџак, составен само од градот и неговата поблиска околина.

Санџаците од своја страна се делеле на вилаети и нахии, како најниски управно-територијални единици. Вилаетите биле привремени, воведувани во тукушто освоените подрачја. Нив постепено ги замениле редовните управни единици — нахиите. Нахијата наполно одговарала на предосманскиот термин жупа, и секоја средновековна жупа станала нахија. Меѓутоа, не секоја жупа претставувала нахија во смисла на управна единица, поради тоа што имало многу мали жупи. Така, на пример, нахиите Горни и Долни Полог, познати средновековни жупи, биле соединети во една управна единица, во нахијата Тетово (Калканделен).

Паралелно со оваа управно-територијална поделба, била во сила и поделбата на т.н. кази. Казата претставувала територија врз која се протегала компетенцијата на еден кадија, претставник на турското правосудство. Иако казата во својата основа била судско-територијална единица, поради широките, често управни надлежности што ги имале кадиите, таа, всушност, претставувала редовна управна единица во сите области во кои живеело муслиманското население. Големината на една каза зависела од бројот на муслиманите во дадената област. Таа со време станала значајна судска и управна единица во Македонија, а нејзината територија обично се простирала на неколку нахии, но не ретко таа се поклопувала со територијата на нахијата.

Еве неколку конкретни податоци за нахиите односно казите од територијата на Македонија што влегувале во составот на споменатите санџаци. Во првите години од владеењето на слутанот Сулејман Законодавецот (околу 1526 — 1528 г.) на Паша-санџакот му припаѓале најголем број од постојните нахии во Македонија: Тетово (Калканделен), Кичево, Велес (Копрулу), Прилеп, Битола (Монастир), Ениџе — Вардар, Воден, Бер (Караферие), Серфиџе, Хрупиште, Биглиште, Костур (Кесрие), Драма, Серез, Зихна, Неврокоп, Демир-Хисар, Аврет-Хисар, Сидерокапса и Солун (Селаник). Во средината на XVI век од составот на Паша-санџакот се издвоиле нахиите Скопје, Тетово, Прилеп и Кичево и претставувале територија на новоформираниот Скопски санџак. Во Солунскиот санџак пак биле вклучени нахиите: Ениџе — Вардар, Воден, Бер, Серфиџе, Демир-Хисар, Аврет-Хисар, Сидерокапса и Солун. Во истиот тој период на Кустендилскиот санџак му припаѓале нахиите: Кратово, Штип, Кочани

и Нагоричане — од Кратовската каза, Струмица, Тиквеш, Мелник и Дојранското Езеро — од Струмичката каза, и Славиште и Горна Кресна — од казата Илица (Кустендил). Најпосле, во Охридскиот санџак во 1582 година влегувале нахиите: Охрид, Преспа и Дебарца — од Охридската каза, и Горни Дебар, Жупа и Река — од Дебарската каза.

3

Колонизација и исламизација

Турското завојување предизвикало длабоки етнички промени во Македонија, разбивајќи ја компактната маса на македонското население. Дел од тоа население ги напуштило своите живеалишта, бегајќи пред незапирливиот налет на турските воени одреди. Извесен дел паднал под ударот на непријателот или пак бил одведен во ропство. По таков начин опустеле бројни македонски населби, особено оние што лежеле крај поважните стратегиски патишта и во областите каде што се одиграле поголеми воени судири. Имало случаи и по воспоставувањето на турската власт домородното македонско население да биде депортирано надвор од својата земја. Во 1467 година од Охрид биле пренесени повеќе угледни граѓани во Мала Азија, а од Скопје 15 семејства во новоизградениот албански град Коњух.

Со цел да создадат сигурна потпора за својот политички и општествен поредок, како и да го забрзаат населувањето и обновувањето на разореното производство во покорената Македонија, турските власти го поттикнувале доброволното, а исто така пристапиле и кон систематско, па дури и принудно доселување на турскиот елемент од Мала Азија. Врз таа основа, веќе во најраниот период од турската доминација, никнувале многу нови турски населби во сите делови на Македонија, а пред се крај поважните сообраќајни артерии. плодните речни долини и крајморската рамнина. Така, веќе околу 1460 година во Велешката нахија имало пет села со турско население, за кон средината на XVI век нивниот број тројно да се зголеми. Таа колонизација најосетно ги засегнала градските центри, во кои веднаш по преземањето биле стационирани турски воени гарнизони и организирани локални управни судски власти. Во нив постојано растел бројот на муслиманското население, бидејќи, покрај другото, градовите нуделе многу поблагопријатни и посигурни животни услови. Така, во Скопје во 1455 година живееле 511 муслимански и 339 христијански семејства, додека во 1519 година бројот на муслиманските семејства нараснал на 717, а на христијанските се смалил на 302, во Велес околу 1460 година имало само 9 муслимански и 222 христијански семејства, а во 1519 година 42 муслимански и 247 христијански семејства; во Кичево околу 1476 година имало 31 муслиман-

ско и 186 христијански семејства, а во 1519 година 111 муслимански и 145 христијански семејства; во Битола околу 1460 година имало 295 муслимански и 185 христијански семејства, додека во 1519 година бројот на муслиманските семејства нараснал на 756, а на христијанските само на 330 итн. Овие, како и многу други податоци, покажуваат дека зголемувањето на муслиманското население по градовите, особено поголемите, се одвивало најчесто на сметка на христијанското население, кое стагнирало или опаѓало.

Поради својот начин на живеење, особено погодни за преселување биле анадолските номади. Нивната колонизација започнала уште од времето на турското завојување, при што особено значајна улога одиграле прочуените воени команданти, какви што биле Евренос-бег, Јеген-паша и др. Во резултат на таа колонизација се создал цел појас од населби на турски сточари, наречени Јуруци и Коњари, во Солунскиот реон, во Неврокопско, Струмичко, Радовишко, Кочанско, Овчеполско и крај Кочаник. Оваа колонизација на турскиот елемент продолжила со несмален интензитет и во наредните векови. Меѓутоа, таа никогаш не го загрозила опстанокот на домородното македонско население, кое останало далеку премоќно за целото време на турската власт во Македонија.

Не помалку значајно, особено за стопанскиот развиток на Македонија, било населувањето на Евреите избегани од под ударот на инквизицијата што од крајот на XV век започнала да беснее во Западна Европа, пред се во Шпанија и Португалија. Во Османската империја тие нашле сигурно засолниште и благопријатни услови за широк размав на својата стопанска и културна дејност. Еврејски колонии биле создадени во сите позначајни градски центри во Македонија — во Солун, Битола, Скопје, Бер, Костур, Серез, Штип, Кратово и Струмица. Солунската колонија била една од најбројните и најзначајните во целата Империја. Поради своето многуилјадно еврејско население (веќе кон средината на XVI век градот имал околу 3.000 еврејски куќи) и големото културно значење за тоа население (во 1515 година тука била создадена еврејска печатница, а освен тоа во градот работела прочуената академија на Талмуд Тора), Солун го добил името „град-мајка на Израел". Талмудска школа имало и во Битола, чија еврејска колонија во 1544 година броела 87 семејства. Во истата година скопската еврејска колонија броела 38 семејства. Во почетокот на XVI век во Серез живееле 59 еврејски семејства, доселени од Шпанија и Сицилија, а пак во Штип, во 1530 година, имало 38 еврејски семејства, доселени од Солун. Според еден податок од XVII век, еврејскиот квартал во Скопје бил обграден со ѕидини, а во него имало две еврејски синагоги и училишта.

Бројот на еврејското население постојано се зголемувал, а со тоа растела и неговата економска моќ и улога во Османската империја.

Исправен пред инородниот и иноверниот освојувач, кој иако релативно малобројен, ја држел целата политичка и економска власт во земјата, македонскиот народ морал жилаво да се брани од постојната опасност да биде асимилиран односно потурчен. Османското законодавство давало достатно широка основа за верска и народносна толеранција, но тоа се уште не ги исклучило повремените ексцеси на верскиот фанатизам, насилната исламизација и заинтересираноста на државата што поголем број од потчинетите балкански народи да преведе во исламот. А постоеле и ред објективни фактори, во прв ред од економска и општествено-политичка природа, што придонесувале за преминување во исламот. Во исламот најпрвин преминал еден дел од старото благородништво, со желба потрајно да ги зачува, па и да ги прошири своите мали земјопоседи. Така, селото Маврово, во 1462 година, им било дадено како тимар на двајца христијани, Димитар и Оливер, со тоа што еден од нив секоја година морал да оди на војна. Меѓутоа, кога Оливер поминал во исламска вера, добивајќи го името Сулејман, кон овој тимар бил присоединет уште еден тимар што порано го уживал некој си Али. Околу 1476 година во Кичевската нахија меѓу спахиите имало и тројца „нови муслимани", т.е. христијани што преминале во исламот. Меѓутоа, исламизацијата го зафатила и феудално зависното градско и селско население. Таа исламизација започнала уште со навлегувањето на Турците и траела за целото време на нивната власт. Во XV и XVI век имало лица кои го носеле презимето „Абдулах", што укажува на нивното христијанско потекло. Помасовна исламизација била извршена во наредните два века, кога цели села, па дури и области преминале во исламот. Примери за таква исламизација има скоро во сите делови на Македонија, но најзасегнати биле крајните западни и крајните источни предели на земјата (по текот на реките Дрим и Радика и во подножјето на Доспат и Пирин Планина). Корените на оваа исламизација секако треба да се бараат во опаѓањето на Османската империја и во влошената положба на народот. На централната власт и била потребна нова, сигурна опора за разнишаниот ред во земјата и дополнителен извор на воена сила. Од друга страна, зголемените давачки и несигурноста во земјата ги гонела масите да бараат најразлични патишта за подобрување на својата положба, па еден од нив ги водел кон исламизацијата. Во процесот на исламизацијата изгледа дека особено значајна поттикнувачка улога одиграле дервишките

редови, чии текиња биле распрснати насекаде по Македонија. Исламизираните обично го задржувале својот мајчин јазик и многу од народните и верските обичаи. Во народот тоа исламизирано население е познато под различни имиња, но најчесто како Торбеши и Помаци.

4. *Воведување на тимарско-спахискиот систем*

Воспоставувањето на турската власт во балканските земји не предизвикало ликвидирање на основите врз кои биле изградени предосманските општествено-економски односи. И натаму останал во сила феудалниот поредок, со карактеристичната поделба на две основни антагонистички класи: класата на експлоатираното селанство и експлоататорската класа на феудалците. Па сепак, Турците — Османлии, натоварени со селџучкото феудално наследство, внесле многу значајни промени во животот на покорените балкански народи. Целиот тој процес на воведување на новиот, османскиот феудален поредок што започнал паралелно со турските завојувања бил завршен кон средината на XV век. Основна карактеристика на османскиот феудализам бил тимарско-спахискиот систем, односно мириската земја (арази мирие, арази мемлекет). Врховен сопственик на таа земја била државата, персонифицирана во султанот, а непосреден — селанецот, рајата.

Меѓу султанот и селанецот најчесто стоел ситниот феудален сопственик, спахијата, кој во замена за својата воена служба добивал лено (феуд) во рамките на државната, мириската земја, без право да го отуѓува и со строго определен годишен приход остваруван во вид на феудална рента од рајата настанета на тоа лено. По таков начин била упростена сложената хиерархиска мрежа, карактеристична за предосманскиот облик на феудалната сопственост, особено со оглед на нејзината вертикална структура, така што односот феудалец — селанец бил под непосредна заштита и контрола на државата.

За македонскиот народ нов значаен момент во класните односи бил и тој што сега во лицето на феудалецот едновремено бил претставен и туѓинскиот завојувач, кој и по својата верска и етничка припадност реско се разликувал од зависниот македонски селанец. Таа разлика станала особено изразита од XVIII век, кога терминот раја се идентифицирал исклучиво со христијанското зависно население во Османската империја. Ова многу ја отежнувало положбата на македонскиот народ, но едновремено и давало посебен импулс на неговата класна и ослободителна борба.

Моќта на султанот, како врховен сизерен, имала реална материјална подлога. Во неговата каса оделе приходите од

царските хасови, во кои, покрај големите комплекси од мириската земја, заедно со населбите на нив, влегувале и приходите од рудниците, трговијата, различните такси и друго. Така, на пример, меѓу бројните извори на приходи што султанот ги добивал од Македонија, околу 1528 година се наоѓала и целата мориовска област. Хасови имале и највисоките државни функционери, санџакбеговите, беглербеговите, везирите и други. Приходот од еден хас изнесувал најмалку 100.000 акчи. Познатиот скопски краишник Иса-бег, син на Исак-бег, располагал со отромен хас, кој, не сметајќи го Скопје, давал 763.000 акчи годишен приход. Уживањето на хасот било сврзано со определена државна функција, така што престанокот на функцијата повлекувал и одземање на хасот.

Освен како хасови, феудалните приходи од мириската земја биле давани и во вид на зеамети и тимари. Зеаметите носеле годишен приход кој се движел од 20.000 до 99.999 акчи, а тимарите најмногу до 19.999 акчи. И тие понекогаш биле доделувани во замена за некоја невоена служба. Така, околу 1476 година кичевскиот кадија имал тимар што давал 6.159 акчи годишен приход. Но најчесто тоа биле војнички лена, доделувани на лично и со закон ограничено наследно уживање. Воената обврска на спахиите била адекватна на приходот што тие го добивале од своето лено: до колку приходот бил поголем и обврската била поголема. Поради извонредното значење на оваа обврска за Османската империја, таа била строго прецизирана со законски прописи. Така, субашијата на Кичевската нахија Али-бег, кој околу 1476 година имал посед со годишен приход од 79.472 акчи, во случај на војна бил должен да приготви 2 „гечими“ (панцири), 20 „џебелии“ (коњаници со полна воена опрема), еден голем и еден мал шатор. Во истото време сераскерот Мехмед, кој уживал тимар во Прилепскиот вилает, со годишен приход од 14.835 акчи, бил должен да приготви 4 „џебелии“ еден голем шатор и еден „гулам“ (помошник), додека спахијата Сулејман, син на охриѓанецот Бехадир, кој во истиот вилает имал тимар со приход од 1.114 акчи, бил задолжен да оди на војна „самиот како „џебелија“. Во XV и XVI век во Македонија превладувале малите тимари, со годишни приходи што се движеле обично од 2 до 6 илјади акчи. Тоа е наполно во согласност со начелата врз кои бил воспоставен османскиот феудализам, во кој главен претставник на владеачката класа било ситното благородништво. За извонредни заслуги спахијата можел да добие додаток на својот тимар, односно друг поголем тимар, но никогаш не можел да располага со два или повеќе тимари. Честопати тимарот не претставувал една компактна целина, што ја намалувало улогата на спахијата како организатор на производството и ја оневозможувало неговата непосредна и ефикасна контрола над рајата.

Во раниот период на турската власт во Македонија имало феудални поседи што биле во рацете на спахии христијани. Нивната појава се должи на фактот што Турците — Османлии биле готови на компромиси со старите сили и институции, секогаш кога тоа го барала конкретната политичка ситуација. Тие воделе смислена политика во правец на придобивање не само на масите од незадоволното селанство, туку и на сите оние припадници на старата феудална класа што на кој било начин појавиле готовност да им дадат поткрепа во нивната експанзионистичка политика. Крал Марко и Константин Дејановец ги загубиле своите животи борејќи се на страната на Турците, како нивни вазали. А кога Македонија се нашла под директна турска власт, голем број ситни феудалци биле вклучени во тимарско-спахиското систем, примајќи ги на себе сите права и должности на спахиите. Според еден неполн попис, составен кон средината на XV век, на територијата на Прилепската и Кичевската нахија од вкупно 100 тимари и два зеамета во рацете на христијани се наоѓале 27 тимари и еден зеамет. Зеаметот го уживал Ѓерѓ Степан, субашија на Кичево, во кој покрај градот влегувале и 29 села, 2 мезри и еден манастир, со вкупен годишен приход од 50.200 акчи. Во случај на војна тој бил задолжен да приготви 9 џебелии, еден голем и еден мал шатор, и еден панцир. Другите поседи давале приход што главно се движел до 2.000 акчи. При пописот на Дебар и неговата околина од 1466/67 година, 18 од запишаните 98 тимари биле во рацете на христијани. Присуството на старото благороднишство го потврдуваат и домашните извори. Според поменикот на манастирот Матка крај Скопје и еден запис од XV век во истиот манастир, во Скопје живеело семејството на велможата Тошник. Во XV и XVI век живееле кратовските кнежевски семејства Бојкиќ и Пепиќ, а во архиерејскиот собор на Охридската архиепископија, влегувала и „властел богохранимого града Охрида". Меѓутоа, бројот на христијаните-спахии постојано се намалувал, така што веќе во XVI век тие скоро наполно исчезнале, обично со преминување во исламот, а потоа и со целосно слевање со турската феудална класа. Тоа бил најсигурен, а најчесто и единствен начин да си ги запазат своите класни позиции.

Феудално зависното селанство, рајата, држела ограничено парче мириска земја. Тоа, по правило, ако било во рацете на христијанин, се викало баштина, а во рацете на муслиманин — чифлиг. Своето право на баштина, односно на чифлиг селанецот го докажувал со писмен документ, тапија. Рајатската земја можела да се остави во наследство, да се продава, разменува и подарува, откако претходно ќе се добиела дозвола од непосредниот феудален господар и ќе се платела такса за промената на тапијата. Новиот поседник ги преземал од својот претходник обврските спрема

Јаничар — гравура од 1685 године





Спахија — гравура од 1670 године

спахијата, бидејќи своето право на поседување баштина или чифлиг, селанецот го остварувал како обврска да му дава рента на својот феудален господар. Селанецот немал право своеволно да претворува нива во ливада или лозје, ливада во нива, да исече дрво што растело таму. Ако ја напуштел или запустел својата земја, спахијата имал право да му наплати отштета. Селанецот бил врзан за земјата. Бидејќи турските власти ја регистрирале рајата во специјални пописи, спахијата имал можност да го врати избеганиот селанец во рок од десет, па и повеќе години.

Освен рајатската земја, во составот на тимарите и зеаметите постоеле хаса поседи, кои останувале во лично ползување на спахијата. Тие, всушност, претставувале домен на феудалецот, кој, како и другите делови од мириската земја, не можел да биде отуѓуван. Обработката на овие поседи се вршела со исполичарство или ангарија. Отпрвин тоа биле поголеми комплекси земја, но постепено се смалувале, така што во XVI век практично веќе исчезнале. Вакviот вид земјопосед претпоставувал поголема лична заинтересираност на својот господар, а токму тоа му недостигало на османскиот феудалец — спахијата. Тоа е и причината што како хаса поседи најчесто се сретнувале лозја, воденици, овошни дрвја и сл.

Иако доминантен облик на земјишната сопственост, мириската земја не го апсорбирала целиот фонд обработлива земја во Македонија. Феудалците, особено покрупните, располагале со мулкови, добивани врз основа на специјално султаново решение за претворување на мириската земја во мулковна. За разлика од другите видови поседи, мулкот можел да се наследува, и отуѓува, односно да се продава, подарува, заложува и увакафува. Градското земјиште секогаш било мулк, без обзир на тоа дали го поседувал муслиман или христијанин. Најмногу и најголеми мулковни стопанства во Македонија имало во почетниот период на османското владеење. Сите најзаслужни турски војсководители и феудалци, какви што биле Евренос-бег, Исак-бег и други, добивале од султанот големи мулковни поседи, како посебен знак на наклоност и награда за нивните заслуги во ширењето и зацврстувањето на турската власт. Тоа бил нужен чекор во таа фаза на државниот и општествено-економскиот развиток, иако мулкот по својата суштина бил негација на мириската земја, односно на тимарско-спахискиот систем.

Подоцна тие мулкови постепено се смалувале и исчезнувале, или пак преминувале во вакафи, и по таков начин станувале посигурен и потраен извор на приходи за својот поранешен сопственик, бидејќи тој при составувањето на документот за завештанието (вакафнамето) задржувал широки права за себе и за своето поколение. Така, во вакафнамето на Алаџа џамија во Скопје од 1445 година завештателот Исак-бег условил тој самиот да биде дожи-

вотен мутевелија (управител) на вакафот, а по него за таа функција го определил својот син Иса-бег, „а по него неговиот најдобар син, а по него најдостојниот син на неговите синови“ и се така „од колено на колено, од род на род“. Освен тоа, „според вообичаената практика“, вакафнамето предвидувало мутевелијата за себе да го зема „целиот десеток, т.е. од десет делови еден дел да му се дава на мутевелијата“. До колку и во подоцнежниот период имало доделување на мулкови, тоа било само етапа, нужна формалност, за да се дојде до вакафот, бидејќи мириската земја не можела директно да биде претворена во вакаф.

5. *Положбата на зависното население (рајата)*

Воспоставувањето на новиот, тимарско-спахискиот систем, суштествено не ја изменило положбата на класата на феудално зависното население во Македонија, во кое бил вклучен скоро целиот македонски народ. До колку и дошло до извесно олеснување на феудалниот товар во најраниот период на турската власт, тоа било само привремено, во резултат на разореното стопанство, кое барало поголемо и поинтензивно ангажирање на непосредниот производител и како последица од враќањето на натуралното производство. Но штом средствата за производство биле обновени и стопанството релативно стабилизирано, феудалниот притисок се зголемил. И до колку османскиот феудализам, сé повеќе се развивал и се ближел кон својата врвна точка, до толку и положбата на рајата станувала се потешка.

Економската експлоатација на зависното македонско население била изразена преку феудалната рента, која во условите на османскиот феудализам наполно се поклопувала со даноците воопшто. Поради карактеристичните црти на земјишната сопственост во Османската империја, феудалната рента не одела само во полза на непосредниот феудален господар на рајата, кој најчесто бил претставен во лицето на спахијата, туку добар дел од неа присвојувала државата, како врховен феудален владетел. Присутни биле сите три вида рента, иако отпрвин превладувала натуралната, со јасно изразената тенденција на спахијата да ја претвори во парична, додека работната рента најмногу ја ползувала државата.

Главниот дел од натуралната рента бил содржан во десетокот (ушурот). Десеток се земал од житните растенија, (пченицата, јачменот, 'ржта, овесот, просото, граорот), од бобовите (баклата, наутот, гравот, леќата), од влакнодајните (ленот, конопот, памукот), од маслодајните (сусамот, маслинките), од лозјата, зеленчукот, бостаните, овошките, сеното, кошниците со пчели, свилената буба. Според закон-

ските прописи, висината на десетокот варирала од една десетина до половина од вкупното годишно производство, што зависело од времето, местото и производителот што се одаочувал. Десетокот бил основен извор на приходи за непосредниот феудален господар. Од некои производи, како што се ленот, бостанот, овошјето, десетокот многу често бил земан во пари, така што практично се претворил во парична рента. Во вид на парична рента феудалецот собирал и низа други приходи. Основен бил испенцето, што го плаќале сите возрасни и за работа способни христијани, кои спаѓале во обичната раја. Испенцето се плаќало во почетокот на март и тоа во износ од 25 акчи на човек, а од вдовиците обично се земале по 6 акчи. Муслиманската раја овој данок го плаќала во зависност од возраста, имотната и брачната состојба, како и големината на поседот што го уживала. Неговиот полн износ бил 22 акчи и се викал „ресми чифт". Во пари била плаќана и феудалната рента наложувана за домашните животни. На ситниот рогат добиток (овците и козите) бил плаќан данок во износ од една акча годишно на едно до три животни. Во слични размери бил наплатуван и годишниот данок на свињите (една акча на две свињи). Меѓутоа, на свињите што рајата специјално ги гоела за Божик се наплатувало по една до две акчи на животно. Во тесна врска со овчарството и свињогојството биле даноците за летни и зимски пасишта и за мандрите. Паричен данок бил земан и од уловената речна, езерска и морска риба. На воденицте за брашно бил наложуван данок чија висина зависела од бројот на воденичките камења и од работното време во текот на годината, а обично се движел од 15 — 60 акчи. Слично било и со валавиците (15 — 30 акчи) и самоковите (40 — 70 акчи). Освен тоа, рајата му плаќала на феудалецот данок на невести, различни глоби, такси за тапија и др. Непосредниот феудален господар користувал и работна рента (ангарија), која исто така била со закон определена. Селанецот бил должен неколку дена во годината да работи за спахијата: да му обработува хаса лозје и ливада, да му гради амбар, а, според постарите законски одредби, и куќа (до колку спахијата живеел на село), да му го пренесе десетокот до амбарот или најблискиот пазар.

Во експлоатацијата на зависното население учествувала и државата. Еден од главните државни приходи, трошен претежно за воени потреби, претставувало џизието или харачот. Тоа било земано од возрасните немуслимани, како знак за нивната покорност и лојалност. Висината на џизието обично била определувана според економската сила на одделното подрачје, имотната состојба на обврзникот и финансиските потреби на државата, а практично била во постојан пораст, особено од втората половина на XVI век. Не помалку значаен за државата, а особено тежок и пони-

жувачки за потчинетиот македонски народ бил таканаречениот данок во крв (девширме), што се состоел во собирање на најздравите и најубави христијански деца. Тие биле водени во Цариград, преведувани во исламот и подложувани на специјален режим на воспитување. Од нивните редови бил регрутиран јаничарскиот корпус, ударната сила на османската војска. Државата се ползувала и од цела редица вонредни обврски на рајата, исполнувани во вид на директни државни даноци, натурални давачки и ангарија. Тие обврски биле означувани со заедничкото име „avariz-i divaniye ve tekâlif-i örfiye". Наложувани во „извонредни" случаи, за покривање на трошоците околу задоволување на конкретни, најчесто воени потфати и потреби, тие практично се претвориле во постојани и редовни даноци. Нивниот број и размери постојано растеле, така што претставувале многу тежок товар за рајата.

Иако давачките и обврските спрема непосредниот феудален господар биле со закон фиксирани, личната зависност на селанецот давала широки можности за најразлични злоупотреби и своеволија. Уште поизразити и почести биле злоупотребите на управниците на хасовите, собирачите на државните даноци и другите претставници на државната власт. Против сите тие прекршоци на законските одредби рајата имала право да се жали директно до султанот. Централната власт интервенирала, понекогаш многу енергично, но никогаш не успеала да им стави крај на насилствата над рајата. Напротив, во периодот на опаѓање на авторитетот на централната власт, што започнало во втората половина на XVI век, тие насилства станале секојдневна појава, која претставувала еден од значајните фактори во поткопувањето на основите врз кои бил изграден тимарско-спахискиот систем.

Облиците на феудалната рента што била извлекувана од градското население покажувале извесни специфичности кои произлегувале главно оттаму што градското земјиште, по правило, било третирано како мулк, па не подлегнувало на оданочување, и што основното занимање на добар дел од градското население, особено во поголемите градови, било занаетчиството и трговијата, како и вршењето на некои други активности надвор од земјоделството. За обработуваната земја надвор од рамките на населбата, градското население ги плаќало истите даноци како и селанецот. Во секој случај животот во градот бил поподнослив и посигурен, што предизвикало бегање на рајата од селото во градот, особено во времето на засиленият феудален притисок и нестабилноста на редот и мирот во земјата.

Дел од потчинетото македонско население бил ангажиран во вршење на разни воени и други служби во полза на државата. Во тој правец широко биле прифаќани затечените форми и институции, прилагодени на новосоздадените

услови. Така биле воспоставени повеќе воени и полувоени редови, како и посебни групи население со специјални задолженија кон државата, какви што биле: мартолозите, војнуците, соколарите, дервенциите, мостарите, оризарите и други. Мартолозите во Македонија најмногу биле користени за обезбедување на областите загрозени од ајдутите и разбојниците или како посада во некои тврдини и паланки. За таа цел тие биле организирани како воени единици, на чело со свои старешници (мартолозбашии, аги и др.). Нивната улога особено нараснала подоцна, во XVII век, што било во тесна врска со силниот развој на ајдутското движење во тој период. Во договорот од 1562 година склучен помеѓу еден мартолозбашија и властите во Битола, првиот се обврзал дека, со 50 „познати мартолози, стрелци од пушка и бестрашни ракувачи со меч", ќе ја чува Битола и околината од ајдути. За својата служба мартолозите најчесто примале редовна плата, но имало случаи кај мартолозите што служеле во тврдина во замена за својата служба да бидат ослободени од вонредните државни обврски.

Војнучката институција била преземена многу порано, само неколку години по Маричката битка. Војнуците исто така вршеле различни служби: оделе во војна како борци или коморници, работеле во царската коњушница и на царските ливади и др. За извршување на своите задачи тие биле организирани во групи од по три души (т.н. гиндери), а овие во черибашилаци. Тие имале и свои началници, од кои најниските се викале лагатори, а потоа доаѓале черибашиите и беговите. Лагаторите, а во прво време и некои черибашии биле христијани, додека повисоките началници биле муслимани. Во замена за својата служба војнуците уживале баштини ослободени од сите даноци и обврски или пак имале извесни даночни олеснувања.

Сличен статус имале и соколарите (доганциите, шахинциите), чија основна задача била да фаќаат, да одгледуваат и да дресираат сокли за лов, што потоа ги праќале најчесто на султановиот двор, кадешто биле употребувани во помпезните ловни приредби на султанот и неговата свита.

Широко распространета во Македонија била дервенциската служба. Таа се состоела во обезбедување сигурен и непречен премин преку клисурите и тешко проодните делови од поважните воени и трговски патишта. Со таа задача биле натоварени селата што лежеле во непосредна близина до таквите премини. Така, на патот што од Велес преку планината Бабуна води за Прилеп имало три дервенциски села: Извор, Степанци и Присад. И оваа служба својот корен го влечела од предосманскиот период, а била воспоставена многу рано. Веќе во втората половина на XV век таа била во својот полн развиток. Во замена за својата служба дервенциите биле ослободени од вонредните обврски, а честопати давале во намален износ и некои од редовните

давачки (испенџето, ушурот и др.). Блиска до службата на дервенциите била таа на мостарите (ќупруциите), кои се грижеле за чување и поправање на поважните мостови. Таква задача во првата половина на XVI век исполнувале 30 христијански жители на градот Велес, чувајќи го и одржувајќи го во исправна состојба градскиот мост на Вардар.

Специјално задолжение кон државата имале и оризарите (челтикчиите). Оризот бил многу баран производ во Османската империја, особено за потребите на војската. Благопријатните климатски услови овозможиле оризарството да стане значајна стопанска гранка во Македонија. Оризарските села биле должни на државата да и доставуваат определени количества ориз, а во замена за тоа добивале извесни даночни олеснувања. Според еден попис од околу 1481 година, оризарите од Велешката нахија биле должни, откако најпрвин ќе го одделеле потребното количество за семе, две третини од своето вкупно производство на оризот да му испорачаат на султанот, а едната третина ја задржувале за своите потреби. Меѓутоа, подоцна дошло до промена во таа основица. Така во пописот од 1544 година било фиксирано дека тие даваат по пет „кила“ („киле“) чист ориз од куќа (хане). Наместо испенџето од нив бил земан специјален данок („ресми челтикчијан“) во износ од 6 акчи на човек, а биле наполно ослободени од харачот и данокот на ситен добиток.

Во оваа група население со специјални задолженија кон државата спаѓале и рударите (маденциите), јагленарите, катранциите, скеларите и уште многу други. Општата карактеристика на сите овие категории население е тоа што, за разлика од обичната раја, тие исполнувале специјални задачи во полза на државата. Тоа всушност биле посебни видови феудална рента, што другата раја не ја давала. Затоа, пак, тие биле ослободени, делумно или наполно од некои давачки и обврски на рајата, што, по правило, значело компензација за исполнувањето на нивната специјална задача. Сепак, постоеле разлики, понекогаш многу осетни, во статусот на одделните категории од ова население, па дури и меѓу припадниците на една иста категорија. Така, на пример, во многу подобра економска положба од другите се наоѓале мартолозите, војнуците и соколарите, кои обично располагале со слободни баштини и поголеми даночни олеснувања. Меѓутоа, развитокот на османскиот феудализам и засилената феудална експлоатација довеле не само до смалување на тие разлики, туку и воопшто до засегање во правата, односно олеснувањата што целата оваа група од населението ги имала во замена за извршувањето на специјалните задачи во полза на државата, поткопувајќи ја на тој начин економската основа на која почивале тие служби

и бришејќи ги постепено сите разлики помеѓу ова население и другата обична раја.

Освен феудалната експлоатација македонскиот народ морал да поднесува верска и народносна дискриминација, присутна во сите пори на животот во Османската империја. Патописецот од првата половина на XVI век Антонио Мернавино, од Ценова, укажува, макар и со извесни претерувања, дека Турците ги претвориле црквите во џамии, а на христијаните им оставиле „само неколку и тоа сиромашни и ниски црквички, во кои им е дозволено да служат служба, но не јавно, туку полека и со низок глас", дека христијаните немале право на државна служба, на носење оружје, ниту пак да се облекуваат како Турците, а ако христијанин, јавајќи на коњ поминел крај муслиман, бил должен да слезе и да му укаже почит со веднење на главата. Германскиот патописец пак од втората половина на XVI век Стеван Герлах раскажува дека спахиите ги обесчестувале жените и децата на селаните. Оваа обесправеност станала уште поизразита во наредните векови, а особено од XVIII век, кога поимот раја бил синоним на поробеното христијанско население во Османската империја.

6. *Стопанство*

Селското стопанство во Македонија во овој период било главно натурално. Земјоделството било екстензивно, селанецот произведувал за да ги задоволи своите потреби и изнесувал еден мал вишок на пазарот. Во Македонија тогаш имало големи пространства плодородни, но необработени земји. Селаните не биле заинтересирани за проширување на производството, бидејќи трудот им бил ограбуван од државата и феудалецот. Селанските стопанства се состоеле од мали поседи и примитивен инвентар, а се чувствувал и недостиг на работна рака.

Македонскиот селанец, кој во својата работа употребувал рало и плуг, произведувал пченица, јачмен, 'рж, зоб, просо, грав, грашок, леќа, лук, кромид, зелка, репа и др. Од овошјето се одгледувале: јаболко, круша, цреша, слива, костен, орев и др. Лозјата биле добро обработени. Дури и некои странци (Дубровчани) имале лозја, што им ги обработувале робови. Ленот и конопот се одгледувале скоро во секое село, бидејќи со нив селаните си ги намирувале своите потреби во облека и сл. Во XV и XVI век имало многу домаќинства што чувале кошници со пчели.

За извесен напредок во селското стопанство придонесле колонистите од Мала Азија. Во земјоделството тие донесле нови култури или ги доразвиле оние што биле слабо познати во Македонија, и тоа: тутун, памук, ориз, сусам, афион,

лченка, шафран, анасон, наут (сланутоk) и некои зеленчуци. Овие култури биле многу ценети, но барале и поголема специјализација. Поради тоа, во зависност од климатските и педолошките услови, во Македонија се создале специјализирани производствени реони, како што биле: Серско и Кочанско за ориз, Ениџевардарско за тутун, Гевгелиско за боболки (дудинки) и сл. Овие нови култури нашле широк пласман во земјата и придонесле за побрз развиток на стоковно-паричните односи на македонското село. Тутунот тешко продирал, бидејќи некои од султаните го забранувале со смртна казна неговото обработување, употреба и купопродажба.

Македонија била покриена со многубројни шуми. Меѓутоа, турските власти безобзирно ги уништувале шумите, било поради потребата од дрва за војската и населението, било заради спречување на ајдутството. Особено биле копачени шумите покрај патиштата.

Сточарството исто така било една од главните гранки на селското стопанство. Тоа во Македонија имало долга традиција, многу пред турското освојување. Опширните летни пасишта по високите македонски планини и зелените зимски пасишта во егејското крајбрежје давале основа за едно сточарство практикувано уште од најстарите времиња, чии носители биле Власите, Албанците и Македонците, особено од западна Македонија. И близината на албанските и егејските пристаништа, преку кои можеле да се пласираат сточарските производи, придонесувале да се развие сточарството. За тоа придонесле и Јуруците од Мала Азија што биле колонизирани во Македонија.

Се одгледувале сите видови крупен и ситен добиток, а особено многу овци и кози. Доселениците од Мала Азија го донесле и новиот запрежен добиток — биволот. Турците го употребувале за влечење на тешки товари, а посебно војската за влечење на топови. Со доаѓањето на Турците — Османлии се проширила и употребата на камилата, особено во јужните делови на Македонија.

Христијанското население непречено чувало свињи, иако Турците не јаделе свинско месо. Постоењето на големи шуми со желад и разни корење, каде што свињите паселе, го правело свињарството рентабилно.

Постоењето на големи комплекси шуми и планински предели давало услови за лов на дивеч. Во македонските шуми и планини живеел разновиден дивеч. Дури и султаните доаѓале на лов, особено во јужна Македонија, со неколкуилјадна придружба и со припитомени тигри и пантери. За лов на помал дивеч се употребувале припитомени и за таа цел дресирани сокли и јастреби.

Благодарејќи на тоа што Македонија е богата со езера и има долг брег на Егејско Море, и риболовот бил доста развиен. Најмногу риба се ловела во езерата. Ох-

ридското Езеро било султанов хас, додека Костурското Езеро било хас на султанката. Жителите од седум села крај Охридското Езеро и од Струга биле должни да му даваат еден дел од уловената риба на господарот на хасот, во вид на натурална давачка. Особено била прочуена пастрмката, која се носела дури во Истанбул и често била на трпезата на султаните и везирите. На езерата имало таканаречени талјани. Тоа биле забрани, кои често биле обградени и во кои селаните немале право да ловат, бидејќи им припаѓале на одделни феудалци.

Со воспоставувањето на турската власт дошло до значаен развиток на градовите. Тие излегле од своите дотогашни тесни простори во ѕидините и добиле ориентален изглед, со амами, анови, џамии, теќиња, безистени, чешми и други дотогаш непознати градски објекти. Дошло до промена во имињата на некои градови, кои биле приспособени на турскиот изговор (Скопје во „Искип", Штип во „Иштип" итн.), а некои градови добиле и наполно нови — турски имиња (Тетово — Калканделен, Велес — Ќопрулу). Некои градови исчезнале со турско-османското завојување (Просек, на пример), а други, пак, израснале како сосем нови (Ениџе-Вардар, на пример).

Турската администрација ги делела градските населби на градче (касаба) и град (шехир). Тие се делеле на маала, кои биле групирани според верата, народноста, а донекаде и според социјалната положба. Маалата обично се наречувале според името на некој угледен граѓанин или според името на некоја џамија, медреса, теќе или друго помаркантно здание.

Во новосоздадените услови биле потиснати некои гранки на старото домашно занаетчиство, а бил даден поттик за нови, ориентални занаети. Занаетчиството тогаш било во тесна врска со потребите на владеачката класа, на војската, на новиот ориенталски начин на живеење, како и со суровините што постоеле во Македонија. Покрај Турците, и Евреите, како многу добри занаетчии, особено во изработката на барут и оружје, и како лица што имале широки врски на Запад, придонесле да се оживи градското занаетчиство и стоковната размена. Занаети врзани со земјоделството биле: памукчискиот, јорганџискиот, изработката на рала и плугови и сл. Во врска со сточарството биле кожарскиот и ќурчискиот занает. Потребите на војската ги задоволувале: ковачите, потковувачите, сабјарите, сарачите (изработувачи на седла и узди), мутавџиите (изработувачи на зобници, торби од козина и покривки за коњи), абаџиите (изработувачи на аба, потребна за воената униформа) и др. Во врска со новиот начин на живеење се јавиле наланџискиот, терзискиот и слични занаети. Потребите на владеачката класа од луксузни и скапоцени предмети ги задоволувале кујунџискиот, пушкарскиот, резбарскиот и слични занаети. Во врска со

рударството биле занаетите: железарскиот, ковачкиот, казанџискиот, кујунџискиот и сл. Сепак, најмногу се развиле табачкиот и ќурчискиот занает. Тие постоеле и порано, но во времето на турското владеење се развиле до таков степен, што македонските занаетчии и трговци го освоиле кожарскиот пазар не само во Турција, туку почнале да навлегуваат и во Средна Европа. Занаетчиите од еден занает обично се концентрирале во посебен дел од градската чаршија и така се јавувале кујунџиска, казанџиска, ќурчиска и други чаршии. Честопати и одделни градови се специјализирале и биле прочуени со некој занает. Евлија Челебија вели дека Кратово било прочуено со изработка на метални производи, Скопје со изработка на чоени нараквици, везени перници, завеси од шарени платна и од тантели. Хаџи Калфа пишува дека Солун бил прочуен со изработката на чоја за јаничарите, што ја изработувале Евреите од овој град. Англискиот патописец Браун забележал дека Охрид бил центар на табачкиот и ќурчискиот занает.

Во сите градови занаетчиите биле организирани по образецот на познатите арапски тајфи, во цеховски организации, наречени еснафи или руфети. Тие претставувале затворени корпорации од источен тип, одделно за муслимани, христијани и Евреи. Еснафите имале за цел да ја намалат конкуренцијата меѓу занаетчиите. Преку еснафите, големите државни порачки се делеле меѓу одделни занаетчии. Еснафите набавувале суровина за сите занаетчии, определувале единствени продажни цени на производите, набавувале калфи и чираци, ги определувале нивните надници, го определувале квалитетот на стоката и сл. Еснафите имале свој статус и имале право да ги казнуваат со парични казни, со тепање и со затворање на дуќанот оние членови што го кршеле статусот. Во својата каса еснафите собирале пари од членарина, од такси за мајсторско право, од наследствата на умрените занаетчии, управувале со некои неподвижни имоти, како што се дуќани, куќи, ниви и ги давале под наем. Со овие средства еснафите се грижеле за вдовиците и сирачињата на занаетчиите и им давале заеми на своите членови. Граѓаните често се обрнувале кон еснафите за разрешување на имотни и семејни спорови. Моралниот авторитет на еснафите се издигал пред граѓаните и со тоа што тие давале подароци на цркви, манастири и сираци. Со средствата на еснафите се подигале нови цркви, се проширувале старите, се купувале црковни предмети и книги. Меѓутоа, занаетчиите уште не биле наполно одделени од земјоделството. Голем број од занаетчиите имале околу својата куќа бавчи, овоштарници, кошници со пчели а некои и ниви, ливади и лозја.

Трговијата во Македонија била достатно развиена, благодарејќи во голема мера на географската положба. Сé уште имал големо значење познатиот трговски пат Виа

Егнатија, кој од албанските пристаништа одел преку Охрид и Битола за Солун и Цариград. Од Солун се издвојувал друг трговски пат, кој одел на север до Скопје, а потоа по долината на Морава и Ибар за Србија и Босна. На запад од Скопје, преку Гостивар и Дебар, водел пат до албанските пристаништа, а на исток, преку Кратово и Кустендил, до Софија. Поради тоа, Солун, Битола и Скопје биле секогаш важни трговски јазли кон кои гравитирала македонската трговија.

Се до XVI век занаетчиите сами си ги продавале своите производи, а градската трговија се ограничувала на продажба на бакалските артикли: сол, маслинки, масло, ориз и сл. До XVI век во Османската империја уште не бил формиран единствен внатрешен пазар. За тоа пречела тогашната феудална и економска раздробеност, која довела до воведување на локални царински такси, како што бил „бацот" и други такси на промет. Некаде бил воведуван и монопол на продажбата на вино од страна на локалниот спахија, така што за еден до два месеца никој немал право да купува вино од други лица освен од спахијата. Се воведувал и монопол на солта. Меѓутоа, и покрај феудалната раздробеност, која го ограничувала развојот на трговијата, заведувањето на силна централна власт, извесна правна сигурност, како и сигурноста на патиштата, влијаеле внатрешната трговија се повеќе да се развива. Крај патиштата или на раскрсниците се јавиле анови, конаци, мензилхани и карвансараи за одмор на трговците и добитокот, а патиштата биле обезбедувани со дервенции и мартолози.

По патиштата се движеле карвани натоварени со денкови, врекѝ, сандаци и сл. Во еден карван се здружувале повеќе трговци кои се движеле во ист правец. Карванот одел честопати придружуван од вооружени лица, а некојпат и самите трговци биле вооружени.

За развојот на трговијата значајна улога одиграле и панаѓурите. Во XVI век се споменуваат панаѓурите во Струга, во Долјани близу Струмица, во Бешик кај Сидерокапса и др. Панаѓурот во Струга траел 10 дена, а панаѓурот во Долјани се одржувал двапати годишно.

Почнувајќи од крајот на XVI век, внатрешната трговија сé повеќе почнале да ја загрозуваат ајдутите, како и нападите на локалните феудалци, јаничарите и на разни арамии.

Иако турското стопанство имало главно натурален карактер, паричниот промет бил доста развиен. Покрај турските монети, во промет биле и монетите на западноевропските држави со кои Османската империја одржувала трговски врски: венецијански, ценовски, дубровнички, австриски, француски, полски и други монети. Основна парична единица во целата Османска империја била акчата.

Широкото крајбрежје на Егејско Море, со големи пристаништа, како и близината на албанските пристаништа, давале можност за силен развиток на надворешната трговија. Преку Солун се одржувале трговски врски со Исток, а преку Драч — со Запад. Постоењето на земјоделски и сточарски вишоци во Македонија и побарувачката на манифактурна стока од Европа ја засилувале надворешната трговија. Но во прво време таа се наоѓала во рацете на дубровнички, еврејски и венецијански трговци, кои во Османската империја внесувале метални продукти и предмети за раскош: фини ткаенини, златни и сребрени предмети, сол, оружје; а извезувале: кожа, волна, восок, жито, свила, памук, сребро и сл. Во XVI век дубровчаните имале своја колонија во Скопје. Дубровничките бродови во Драч и Солун товареле жито и други земјоделски и сточарски производи од Македонија и ги продавале во Венеција и другите италијански градови. Во текот на XVI век трговските врски на Турција, а со тоа и на Македонија, се проширile и со другите западноевропски држави. Во 1535 година Турција и дала капитулации (трговски привилегии) на Франција, во 1579 година на Англија, а потоа и на другите западноевропски држави.

Била доста развиена и таканаречената левантиска трговија, т.е. трговијата со малоазиските градови а особено со Измир (Смирна), Дамаск, Бруса и др. Оваа трговија главно се водела преку солунското пристаниште. На македонските панаѓури доаѓале и трговци од Дамаск, кои носеле за продажба прочуени „сабји дамаскини", а имало и трговци што донесувале леопардово крзно, персиски килими и разни други ориенталски производи.

Во развитокот на стоковно-паричните односи важна улога одиграл лихварскиот капитал, кој како непродуктивен директно не го развивал производството, но имал важна улога во зголемувањето на циркулацијата на парите. Главни носители на лихварскиот капитал биле Турците, Евреите и Грците. Спахиите често се јавувале во улогата на лихвари, давајќи им на селаните пари на заем за да ги платат државните даноци. Не само одделни селани туку и цели села биле задолжени кај своите спахии или кај некој друг лихвар. Покрај спахиите, и вакафите биле главни носители на лихварскиот капитал, бидејќи располагале со парични средства добиени со завештание или од рента на објекти што ги давале под кирија: дуќани, земја, воденици и сл.

Со доаѓањето на Турците во Македонија, рударството, кое дотогаш било многу развиено, почнало да опаѓа. Со цел тоа да се обнови, уште Мехмед II Освојувачот донесол закони за рудниците, а по него и Сулејман Законодавецот. Османските закони претставувале само модофицирани саски закони. Од тие закони се гледа дека техниката и организацијата на производството биле како и пред нивното

доаѓање, па дури и во извесно опаѓање, бидејќи за време на турското навлегување, а и подоцна, еден голем дел од Сасите, кои биле прочуени рудари, ги напуштиле рудниците. Освоените рудници Турците обично ги претворувале во султански хасови, кои потоа ги давале во закуп. Во Македонија најпознати рудници биле: Кратово, Сидерокапса, Демир Хисар и др. Францускиот патописец Белон (1547) пишувал дека во рудниците на Сидерокапса работеле околу 6.000 лица, дека се вадело злато и сребро, а закупец бил Евреин од Солун. Венецијанскиот патописец Зено (1550) запишал дека кратовските рудници на злато, сребро и цинк му давале на султанот приход од 70.000 дукати. Во околината на Охрид се вадело сулфур и шалитра, од кои се правел барут за потребите на турската војска.

Покрај вадењето руда, во овие рудници постоеле и ковници (дарбхане). Ковниците ковеле сребрени пари — акчи и златни — алтани. Ковници имало во Солун, Скопје, Кратово, Сидерокапса, Охрид.

7.

Положбата на Охридската архиепископија

Според Шеријатот и во согласност со општественото и државното уредување на Османската империја христијаните биле сметани за зимии, т.е. за народ што има свети книги, па било допуштено да постојат христијански црковни организации. Поради тоа, на Балканскиот Полуостров и по турското освојување продолжиле да егзистираат постојните црковни организации. Охридската архиепископија, како стара феудална установа, ја зачувала својата организација сé до 1767 година. Османските власти не посегнале на Охридската архиепископија од повеќе причини. Отпрвин верски биле потрпеливи и имале за цел да го примират тукушто потчинетото христијанско население во Македонија. Освен тоа, Турците-Османлии релативно лесно го зазеле Охрид, а од друга страна, охридските архиепископи умееле дотогашниот отпор што и го давале на Цариградската патријаршија да го прикажат пред нив како отпор против Византија. И така, Охридската архиепископија не само што била зачувана, туку започнала и да се шири на сметка на соседните цркви. Во почетокот на XV век нејзе и се потчиниле софиската и видинската епархија, кон средината на XV век — Влашко и Молдавија, а по едно време, до 1557 година, и делови од Пеќската патријаршија, заедно со Пеќ. За извесно време Охридската архиепископија успеала да ги потчини и православните општини во Италија (Апулија, Калабрија и Сицилија), Венеција и Далмација, каде што имало Грци, Албанци и православни Словени, избегани по доаѓањето на Турците.

Меѓутоа, веќе во почетокот на XVI век влашката митрополија се откинала од Охридската архиепископија и ѝ се подредила на Цариградската патријаршија. Исто така, и меѓу одделни српски митрополити живеела идејата за независна српска црква со седиште во Пеќ. Во 1530 година смедеревскиот митрополит Павле, поддржуван од некои српски првенци, ја отфрлил власта на Охридската архиепископија и со помош на поткупените органи на турската власт сакал да ја прогласи Пеќската црква за независна. На 13 март 1532 година бил свикан архиерејски собор во Охрид, кој го осудил Павле со исклучување од црквата. Заедно со Павле, биле исклучени и сите епископи и свештеници што ги ракоположил тој. Но Павле продолжил да се смета за независен и дури се нарекувал патријарх. Пак со поткуп на турските власти, тој дури успеал едно време да го уапси охридскиот архиепископ Прохор. На 20 јуни 1541 година одново бил свикан архиерејскиот собор во Охрид, на кој дошол и Павле. Соборот го лишил него од свештеничко достоинство. Во овој период и костурскиот митрополит бил против охридскиот архиепископ Прохор. На двата собора биле осудени сите обиди за отцепување од јурисдикцијата на Охридската архиепископија, како и сите оние лица кои со поткуп на турските власти издејствувале берати за одделни епархии, бидејќи тоа требало да се реши по црковен ред т.е. преку Охридскиот синод.

Сепак, во 1557 година била обновена Пеќската патријаршија. Од Охридската архиепископија се откинале Тетово, Скопје, Штип и Горна Џумаја и се ставиле под јурисдикцијата на Пеќ. Во 1575 година православните од Далмација и Венеција ја примиле јурисдикцијата на Цариградската патријаршија, а во почетокот на XVII век Охридската архиепископија ги изгубила и епархиите во јужна Италија. Потоа границите на Охридската архиепископија не се менувале се до нејзиното уништување.

Охридската архиепископија била автономна црква во Османската империја. На чело на Охридската архиепископија стоел архиепископот, кој вршел надзор над целата црква, ја претставувал пред другите цркви и државните власти, свикувал собори и ракополагал архиереи. Архиепископот го избирал Синодот, што го сочинувале сите епархиски архиереи. За покрупни прашања се свикувал архиерејски собор, а за општонародно- црковни прашања црковнонароден собор. Охридската црква се делела на епархии, на чие чело стоеле митрополити или епископи, а околу нив имало совет од клирици. Повеќето архиепископи биле алчни за пари и поткупливи, но имало и такви што се грижеле да создадат внатрешно единство, да го подигнат угледот на Охридската архиепископија. Некои од нив тајно

работеле против османската држава. Такви биле Прохор, Атанасија и Валаам. Последниот бил погубен во Велес на 28 мај 1598 година.

Во времето на турското навлегување биле уништени многу цркви и манастири. Црквата изгубила дел од своите имоти. Се случувало турските власти да претворуваат цркви во џамии. Но и покрај сето тоа, црквата си останала крупен феудален поседник и носител на самобитната култура. Некои манастири не само што си ја зачувале земјата, туку на нивните поседи, како и порано, работеле селани, давајќи разни давачки. Освен земјишните приходи, црквата имала и големи приходи од разни такси за судење во брачните спорови, наследствата, како и во други приватно-правни односи. Верниците и давале големи подароци во подвижен и неподвижен имот. Црквата, како целина, а особено високото свештенство, економски многу се разликувала од другите слоеви на народот. Ниското свештенство било македонско и економски скоро не се разликувало од другите жители. Раководните места во епархијата ги заземале лица од грчка народност, кои покрај словенската богослужба, во црквите започнале да воведуваат богослужба, црковни книги и натписи на грчки јазик. Подоцна отвориле и школи на грчки јазик, потиснувајќи ја на тој начин словенската богослужба и писменост.

ГЛАВА II

МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА СЛАБЕЕЊЕТО НА ОСМАНСКАТА ИМПЕРИЈА

1. Промени и опаѓање на османскиот феудализам

Во втората половина на XVI век се појавиле видливи знаци на опаѓање на Османската империја. Тоа најдобро се манифестирало во тешкиот пораз што го претрпела турската флота во судирот со здружените поморски сили на Шпанците и Италијанците кај Лепанто во 1571 година, а потоа и на нејзината сувоземна војска кај Сисак во 1593 година, со што било запрено натамошното турско ширење на запад. Во иднина, повремените успеси на турското оружје се почесто ќе бидат сменувани со уште потешки порази и територијални загуби. Слабеењето на државата било само надворешен израз на длабоките внатрешни промени во османскиот феудализам, а пред сé во кризата на тимарско-спахискиот систем, во кој се криела виталната сила на Империјата. Причините за таа криза лежеле пред се во нарушувањето на имобилноста на мирската земја, која била основна претпоставка за нејзиното постоење. Но таа имобилност можела да се одржува само во условите на превладувањето на натуралната рента. Засиленият пробив на стоковно-паричните односи што уследил набргу по обновувањето и стабилизацијата на разореното стопанство во балканските земји, довел до постепено кршење на рамките на затвореното натурално стопанство. Феудалецот настојувал натуралните давачки на рајата да ги претвори во парични, бидејќи тоа му давало можност да ја засили експлоатацијата на зависното население и полесно да ги задоволи своите зголемени потреби и барања. Неговата сé поголема ориентација кон максимално искористување на доделеното лено, а по можност и кон негово проширување, била диктирана и од фактот што сега, во периодот на неуспешните воени дејствија, пресушувал изворот на приходите што доаѓале од грабење на новоосвоените територии. Тоа, пак, од своја страна довело до се помала заинтересираност на спахијата за војната и до масовно дезертерство од воените походи. Така, на пример, чаушот Сулејман, кој во почетокот на XVII век уживал тимар во Прилепската нахија, му го отстапил него на својот син и престанал повеќе да ја

исполнува својата воена обврска, иако и на пензионираните спахии им било наредено да одат во поход. Во 1621 година на спахијата Мурад му бил одземен тимарот што се наоѓал во Битолската каза, поради тоа што не учествувал во походот на Полска. Во резултат на ваквиот однос кон воените обврски, спахиската војска рапидно се намалувала. Додека во почетокот на XVI век само Румелија давала контигент од 20.000 коњаници-спахии, во првата половина на XVII век, според изнаогањето на османскиот дворски чиновник Кучибеј Ѓумурџински, не само од Румелија, туку и од Анадол и други провинции, одвај можело да се соберат седум до осум илјади борци, и тоа претежно наемници и слуги на спахиите. Освен тоа, запирањето на натамошното ширење на Османската империја значело ограничување на фондот на мириската земја, иако бројот на претендентите на лената, а и потребите на државата од прилив на нови воени сили постојано растеле. Тоа довело до цепење на постојните лена на помали делови и до отимање околу нив помеѓу различните претенденти. Во 1592 година некојси Ибрахим се обидел со фалсификација на документите да одземе од друго лице тимар што се наоѓал во Тетовско. Ваквите појави до голема степен биле овозможени со ослабувањето на авторитетот и контролата на централната власт. Била создадена поволна атмосфера за заграбување на ситното војничко лено од страна на осилените крупни феудалци.

Нараснатите расходи што ги предизвикале постојаните војни и прекратениот прилив на нови приходи што ги носело освојувањето на туѓи територии, довеле до целосно празнење на државната благајна. Трагајќи по нови извори на парични средства, централната власт и сама придонесувала за распаѓањето на тимарско-спахискиот систем. Спахиските земјопоседи започнале да им се доделуваат на претставниците на дворската аристократија и различни други лица кои немале ништо заедничко со спахискиот ред. Станувајќи господари на тимари, зеамети и хасови, тие лица воопшто и не помислувале на своите воени обврски што по законот произлегувале од правото на уживање на тие делови од мириската земја. До колку тоа и морале да го прават, наместо самите да се јават во воениот поход, тие испраќале свои заменици, кои честопати воопшто не биле способни за борба. Според огорчените зборови на Кучибеј Ѓумурџински, крупните феудалци, потонати во раскош, во војна испраќале „неколку амали и камилари, секој на коњ што криви". Државата и на подиректен начин го смалувала бројот на воените лена. Таа сé повеќе ги давала своите приходи под закуп на лица што ќе и понуделе најпогодни услови, односно што биле во состојба однапред да и дадат поголема сума пари. Во 1621 година во едногодишен закуп биле отстапени новосоздадените султански хасови во Битолската, Леринската и Прес-

панската нахија за сума од 42.775 акчи. По изминувањето на рокот на закупот, тие му биле отстапени на друго лице, кое понудило 48.000 акчи, со тоа што однапред исплатило 20.000 акчи. Оваа можност за брзо доаѓање до толку потребните парични средства, ја гонело државата да ги проширува сите оние извори на приходи што можеле да се даваат во закуп. По таков начин дошло до зголемување на султанските хасови на сметка на тимарите и зеаметите. Меѓутоа, со ваквите свои чекори државата само ги ублажила моментните потреби и проблеми, а всушност уште повеќе ја заострувала финансиската криза во земјата, бидејќи ги смалувала постојаните извори на државните приходи.

Закупците, добивајќи го закупениот посед во свои раце, се однесувале кон него како полноправни господари. Честопати тие го отстапувале него на трети лица, со определена добивка за себе. И така бил создаден заплеткан синџир од лица што полагале право на еден ист земјопосед. Тој сé повеќе се оттргнувал од државната контрола и влегувал во економскиот промет, губејќи го така своето основно својство на имобилност. Тоа се постигнувало и со злоупотреба на правото за откажување на тимарот и неговото отстапување на друго лице. Под форма на отстапување практично било вршено продавање на тимарот. Спахијата Даут Џан, кој во почетокот на XVII век како зеамет го држел битолското село Драгино, му го отстапил него на Хасан-бег, земајќи му во готово 42.000 акчи, како противвредност за отстапувањето на сите права над поседот.

Уште полесно влегувале во промет чифлизите, со кои располагале феудалците, бидејќи тие биле нивна сопственост. Така во 1621 година, сердарот Мехмед-ага од Битола продал за 150.000 акчи куќа во Битола и чифлиг во селото Паша Букри, кој се состоел од 20 колиби, 28 говеда, 6 рала волови, повеќе ниви и ливади и инвентар. Една година подоцна битолчанецот Али, син на Мустафа, го продал за 6.000 акчи својот чифлиг во леринското село Клештина, кој се состоел од куќа, амбар, гумно, градина, лозје од околу 30 мотики и друго. Истото се случувало и со баштините односно чифлизите на зависниот селанец, што во крајна линија водело кон претворување на селанецот-земјосопственик во селанец без земја — чифлигар. Според постојните законски прописи, рајата имала право да ги продава своите баштини, под услов да се добие согласност од непосредниот феудален господар и при обврска за купувачот да ги исполнува сите феудални задолженија на својот претходник. И сé додека таа купопродажба не излегувала од рамките на класата на зависното население, ништо суштинско не се менувало: на местото на еден рајатин доаѓал друг. Меѓутоа, во условите на засилениот пробив на стоковно-паричните односи, слабеењето на авторитетот на државната власт, зголемените потреби и желби на феудалците и

се почестите појави на злоупотреба и насилство над рајата, правото за отуѓување на рајатската баштина се претворило во средство за „одврзување“ на селанецот од земјата. Во улогата на купувачи на рајатските баштини започнале да се јавуваат лица надвор од редовите на рајата. Купената земја тие ја претворувале во свои чифлизи, кои во себе можеле да апсорбираат и по неколку баштини, па дури и цели села. Навидум ништо суштинско не се менувало во постојниот тимарско-спахиски систем. Новиот господар на рајатската земја, чифликсајбијата, продолжувал да ги исполнува феудалните обврски што дотогаш ги имал зависниот селанец. Само што сега земјата не ја обработувале нејзините сопственици, чифликсајбиите, туку тие ја давале на други лица, со кои влегувале во слободна спогодба. И до колку непосредниот производител, селанецот-закупец, немал и своја земја, или ќе ја продадел својата баштина а и понатаму ќе останел на неа, тој доаѓал во крепоснички однос спрема чифликсајбијата, станувал чифлигар. Односот помеѓу новиот феудален господар (чифликсајбијата) и селанецот што работел на неговата земја (чифлигарот) бил воспоставен на сосем нови начела. Селанецот веќе немал никаков удел во сопственоста на земјата. Тој на чифлигот работел под условите што му ги диктирал чифликсајбијата, а тие, во правило, биле многу тешки, бидејќи кон поранешните задолженија спрема спахијата и државата се придружувал вишокот на рентата што одел во полза на чифликсајбијата.

Процесот на создавањето чифлигарски односи во Македонија може да се следи од XVII век. Патиштата по кои врвел тој процес биле најразлични. Тука значајна улога одиграл лихварскиот (мамелециискиот) капитал, кој во ерата на развојот на стоковно-паричните односи нашол погодна почва за дејствување. Претоварен со даночните обврски, се повеќе ориентиран кон пазарот, кадешто честопати своите производи морал да ги продава далеку под нивната реална вредност, селанецот бил принуден да се задолжува. А кога еднаш ќе попаднел во рацете на лихварите (мамелециите), тој ретко некогаш можел од нив да се ослободи. Синџирот на долговите обично завршувал со давање во залог, а потоа и дефинитивно губење на баштината. Современите извори изобилуваат со податоци за земање на заем од страна на рајата. Во 1623 година Али-бег од Леринската каза им дал заем на триесет селани од шеснаесет села. Вкупната сума на заемот изнесувала 104.000 акчи. Истата година некојси Хаџи Хусеин им дал заем на жителите од битолските села Кутретино и Церово, како и на еден жител од с. Српци, во вкупен износ од 5.500 акчи, со лихва од 15 до 20 на сто. Најголеми заемодавци биле вакафите. Вакафот на Ахмед-паша при мезџидот на Шејх Х'зр Вали од Битола давал на заем сума од 60.000 акчи, како основен капитал, со лихва

од 15%. Само во 1706 година негови должници биле жителите на преку сто битолски и други села. Не задоволувајќи се со редовната лихва која очигледно била многу висока, лихварите прибегнувале кон секакви злоупотреби. Во почетокот на XVII век некои лихвари од Охридско земале повеќе акчи и жито отколку што според договорот за заем рајата била должна да им даде. Битолчанецот Солак Џафер се обидел пред судот да докаже дека некои жители од с. Добрушево му зеле заем од 10.000 акчи, иако за тоа немал никакви докази.

Барајќи излез од тешкиот даночен товар, од зулумите на спахиите, јаничарите, даночните чиновници, лихварите и војските што постојано се движеле во различни правци, рајата била принудена да ги напушта своите родни огништа. Се случувало по таков начин да запустат цели села, а потоа да бидат претворени во чифлизи, на кои чифликсајбијата доведувал нова раја. Избеганата раја се населувала по градовите, се префрлала во друга област, кај друг спахија или чифликсајбија, или, пак, ги пополнувала редовите на ајдутите. Деведесеттите години на XVI век голем зулум над својата раја вршел Мустафа-чауш, кој имал зеамет во Скопскиот санџак. Ги затворал и ги силувал жените, а данок собирал двапати во годината. Поради таквите негови постапки, запустело дервенциското село Градманци. Спахијата на битолското село Канатларци се жалел во 1623 година пред судот дека „жителите на споменатото село не ја обработуваат земјата во синорот на селото, и, оставајќи ја необработена, обработуваат земја во друг синор". Рајата од битолското село Беранци во 1647 година барала од кадијата да ѝ остави рок од три години, за да ги намири долговите на лихварите и вонредните државни давачки, заканувајќи се дека во спротивно ќе го напушти своето село.

Овој процес на економско пропаѓање на селаните и на воспоставување на чифлигарските односи уште повеќе се засилил во наредниот, XVIII век.

2.

Натамошен развој на градовите и на градското стопанство

Со стабилизацијата на турската власт започнал забрзан развиток на градовите и на градското стопанство. Градовите главно растеле со колонизирање на муслиманско население од Мала Азија и на Евреи од Шпанија и Португалија, што траело се до средината на XVII век. Некои градови, особено поголемите, суштествено го изменале својот народностен состав, бидејќи во нив останале малку христијани, а превладувале муслимани. Така, градовите постепено се претвориле во опорни точки на турското господарство. Тие станале административно-политички центри, во нив биле стациони-

рани турски воени гарнизони и живееле турски крупни феудалци и чиновници. Христијанскиот елемент бил економски слаб, потиснат од Турците. Еден дел од него постепено ја губел врската со својот народ, се прилагодувал кон турскиот јазик, култура и начин на живеење, па дури и се стопил во турската маса.

Растењето на градовите во Македонија продолжило и од средината на XVII век, но сега етничкиот состав на градското население започнал да се менува во полза на македонското население. Овој процес се јавува како последица од сé поголемата криза на турското општествено уредување. Имено, поради тоа што престанале доходите од победничките воени походи, владеачката феудална класа ја засилила експлоатацијата над феудално зависното население. Спахиите и субашиите ја зголемувале експлоатацијата, а појавените арамиски и разбојнички банди, честопати организирани од локалните феудалци или од други припадници на феудалната класа, ги пљачкале селаните. Поради тоа, селаните бегале или во ајдутски дружини, или оделе во градовите, кадешто експлоатацијата била релативно поблага, а безбедноста поголема. За да се спасат од месните лихвари, бегале во градовите и некои од задолжените селани.

Постојаниот прилив на муслиманско, еврејско и христијанско население имал за последица брз растеж на македонските градови. Така, за Скопје од 1661-70 година Евлија Челебија ја споменува бројката од 10.060 куќи, надбискупот Петар Богдан за истиот период дава една претерано висока цифра од 20.000 куќи, додека австрискиот генерал Пиколомини ја дава бројката од 10.000 куќи, или 60.000 жители. Во 1661 година Битола имала 3.000 куќи, а Велес 430 куќи, во 1661-70 година Прилеп имал 1.000 куќи, Костур 2.500, а Лерин 1.500 куќи.

Населувањето на македонските селани во градовите не одело лесно. Тие биле раја, закрепени за земјата, па спахиите не им дозволувале да ја напуштат земјата, бидејќи на тој начин им се намалувала работната сила и приходите. Меѓутоа, кршејќи го основниот закон на феудализмот, селаните самоволно оделе во градовите и влегувале во виорот на стоковно-паричното стопанство. Во градовите тие станувале слуги, аргати, чираци, калфи, занаетчии, трговци, лихвари, препродавачи. Некои од нив почнале да се богатат, да навлегуваат во еснафските организации, да водат внатрешна и надворешна трговија, да стануваат значајни фактори во градското стопанство и постепено да образуваат чаршиско-еснафски слој, кој потоа прераснал во граѓанска класа што подоцна играла видна општествена улога.

Растењето на градовите малку влијаело на социјалниот и стопанскиот развиток на селото, уште не водело кон појава на единствен внатрешен пазар, ниту кон побрзо рушење на

натуралната затвореност, а, од друга страна, антагонизмот меѓу градот и селото се повеќе се продлабочувал.

Во XVII век бројот на панаѓурите се зголемил. Тие сега се одржувале во Солун, Серез, Неврокоп, Петрич, Енице-Вардар, Струмица, Прилеп и во други места.

Во XVII век западноевропските држави продолжиле да добиваат капитулации и да отвораат свои конзуларни претставништва во македонските градови. Така во 1612 година Османската империја и дала капитулација на Холандија, а потоа се ределе и други западноевропски држави. Кон крајот на XVII век и разни фирми од Западна Европа отвориле свои трговски претставништва по градовите на Македонија. Француските трговци од Марсеј во 1685 година отвориле свое претставништво во Солун, а во 1700 година во Кавала, од каде што се снабдувале со памук, жито и др. Потоа, трговски претставништва и конзулати отвориле Англија, Венеција, Холандија и др. Низ целиот XVII век Солун бил најголемо пристаниште за европската стока наменета за Балканот. Со туѓите трговски куќи, како закупци и агенти, биле поврзани главно Евреите, Грците, Власите, Турците, Ерменците и Македонците.

Со преместувањето на трговските патишта од Средоземно Море на Атлантскиот Океан, а особено од XVII век, започнало опаѓањето на Дубровник и италијанските градови. Тоа довело до слабеење на активноста на дубровничките и италијанските трговци на Балканот. На нивно место доаѓале домашните трговци, кои успешно ја продолжувале трговијата, особено со Средна Европа.

3. *Католичката пропаганда*

Почнувајќи од втората половина на XVI век, во Македонија, особено кај високото свештенство од Охридската архиепископија, се почувствувало католичко влијание.

Католичкото влијание во овој период се почувствувало на целиот Балкански Полуостров, а тоа се должело на живите трговски врски на некои балкански градови со Венеција и Ценова, на многубројните дубровнички колонии во Бугарија, Србија и Македонија, како и на фактот што некои европски држави со своите чести војни против Турција ги потхранувале надежите на балканските народи за скоро ослободување. Папите често ги повикувале западноевропските држави во крстоносен поход против Турција. Католичките агенти ги подбуцнувале балканските народи на востанија, што имало особен одраз меѓу Албанците. Тие ги снабдувале дури и со оружје. Од ваква католичка пропаганда биле опфатени и некои краишта од западна Македонија, а особено Дебарскиот и Охридскиот крај. Од втората

половина на XVI век се движеле агенти на папата и на Австрија и ја подбуцнувале рајата на побуна.

Притиснати од сиромаштијата, дури и охридските архиепископи биле принудени да бараат милостиња од папата. Уште во 1587 година архиепископот Гаврил отишол кај папата Сикет V, од кого молел парична помош.

Меѓутоа, сé до 1622 година католичката пропаганда во Македонија била повеќе стихијна. Таа година, кога на папскиот престол надвладало езуитското влијание било формирано едно тело наречено „Congregatio de propaganda fide" (Конгрегација за пропаганда на верата), кое имало за цел да раководи со католичкото мисионерство во целиот свет. Првата була со која била основана Конгрегацијата била издадена на 11 јуни 1622 година од папа Григориј XV. Новиот папа, Урбан VIII, во август 1627 година издал нова була со која ја дооформил Конгрегацијата. Конгрегацијата имала за цел да ја шири католичката вера и црковната власт на папата по целиот свет, да подига кадар на мисионери кои потоа ги испраќала таму кадешто католичката црква дотогаш немала влијание.

По формирањето на Конгрегацијата, дејноста на католичката пропаганда се почувствувала и во Охридската архиепископија. Веќе во првата половина на XVII век четири охридски архиепископи биле прикриени спроводници на католицизмот: Порфириј, Атанасиј, Аврамиј и Мелетиј. На 28 септември 1624 година папа Урбан VIII испратил писмо до Порфириј, во кое него и неговите архиереи ги наречува љубени браќа, ја искажува својата радост што тој ја признава јурисдикцијата на Рим и го уверува „ако со искрено срце и искрена вера се потчинува на папската власт" дека бог ќе ги спаси неговите верници од ропство. Исто така, и архиепископот Аврамиј шест години одржувал врски со папата Урбан VIII, го признавал за свој поглавар и од него имал грамоти за западните кралеви, од кои добил подароци. И некои епархиски архиереи тајно одржувале врски со папата, како, на пример, Еремија Пелагониски.

Во однос на православните од Македонија, Конгрегацијата постапувала многу претпазливо. Римските мисионери гледале да ја постигнат главната цел, а тоа било унија со Рим, т.е. признавање на папата. Во богослужбата тие не само што не им противречеле на православните, туку имале инструкции да ги почитуваат догмите на источната богослужба. Тие не го наметнувале латинскиот јазик, туку го признавале грчкиот и словенскиот. Така, генералот на Езуитите, Вутелески, испратил писмо во октомври 1628 година до мисионерите на Балканот, со кое им препорачува да ја чуваат грчката богослужба, а во едно друго писмо од 1620 година истиот препорачува на „схизматиците" што сакаат да ја примаат унијата да не им се наложува латинскиот јазик.

Поради ваква политика на Конгрегацијата, во 1630 година католичката пропаганда во Охрид веќе зајакнала и унијатите се обиделе да ја заземат архиепископската црква „Воведение Богородично“, но архиепископот им дал голем откуп на турските власти и ја зачувал. Кон средината на XVII век се формирала и католичката надбискупија во Охрид. Првиот надбискуп, Хрватот Рафаил Левакович умрел на пат за Охрид во 1649 година. На негово место во 1651 година бил назначен Андреј Богдани, но тој не сакал да оди во Охрид, бидејќи се плашел да не го убијат православните. Во 1655 година бил назначен за надбискуп Франческо Сојмирович, кој во 1657 година дошол на панаѓур во Струга како трговец, а потоа во Охрид за да ја запознае својата столица. Во својот извештај до папата напишал дека не може да опстане, бидејќи во Охрид немало ни еден католик. Поради тоа била укината охридската надбискупија и потчинета на скопската диецеза.

Во времето на папата Александар VII (1655 — 1667) бил направен обид за создавање унија меѓу Охридската архиепископија и Рим. Во 1661 година охридскиот архиепископ Атанасиј отишол во Рим, каде што дал согласност за унија. И неговиот мисионер Онуфриј Константин бил избран за епископ во римската грчка колегија, со титулата „архиепископ на Дебар“, иако постојано живеел во Рим. Меѓутоа, унијата не се остварила, а католичката пропаганда почнала да слабее. Меѓу другото, верата на балканските народи во католичката пропаганда почнала да опаѓа и поради неуспешните војни на западните држави против Османската империја. Кај нив се повеќе се закрепувала надежта дека Русија, како православна земја, ќе ги ослободи од ропството.

ГЛАВА III

БОРБА ПРОТИВ ФЕУДАЛНАТА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ТУРСКАТА ВЛАСТ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Невооружен отпор против феудалната експлоатација

Феудалната експлоатација, која од ден на ден станувала се погруба и позасилена, како и социјалните, верските и другите разлики меѓу завојувачите и македонскиот народ биле основна причина за појавата на разни форми на отпор. Отпорот бил обусловен од длабоките економски и општествени противречности. Верската и народносната дискриминација а особено аграрните односи и со нив поврзаниот даночен систем биле најдиректни причини за побуни, вооружени немири и други форми на отпор.

Разложувањето на спахискиот систем и опаѓањето на османската држава во XVII век придонесле да се засили експлоатацијата над зависното население. Нараснале произволностите и насилствата од сите органи на османската власт. Паралелно и адекватно на тоа растел и отпорот на зависното население, изразен во најразлични форми. Една од нив бил невооруженият отпор. Овој вид отпор особено јасно доаѓал до израз низ верските односи. За зацврстување на османската власт на Балканот требало да послужи, меѓу другото, и исламизирањето на поединци и цели краишта. Исламизирањето се спроведувало со различни методи, не исклучувајќи го и насилството. Но имало лица што давале отпор на исламизирањето, жртвувајќи ги дури и своите животи. Така, во 1515 година на плоштадот во Софија бил изгорен Ѓорѓи Кратовец, а потоа била погубена и Злата Мегленска. Од страна на руската православна црква овие две лица биле дури прогласени за светци и верски маченици.

Убави и млади Македонки често биле објект на притисок за исламизирање и женење со некој Турчин, но има примери кога македонската жена давала енергичен отпор.

Некои села без одобрение на турските власти граделе нови цркви, или ги проширувале старите, а тоа било строго забрането. Тоа можело да го направат само села што биле единствени и села што се наоѓале во непристапните места, до кадешто тешко допирале турските власти. Во ферманите изречно се вели дека „дури ни еден камен не смее да се

додаде на црквата без знаење на турските власти". Меѓутоа, имало случаи рајата од селата, како и калуѓерите, самоволно да ги поправаат и доградуваат своите цркви.

Отпорот јасно се изразувал и против даночниот систем. Селаните барале начини како да го избегнат или намалат плаќањето на даноците. Некои селани ги напуштале своите села и бегале в планина, додека не поминат собирачите на даноци. Честопати тие поднесувале поплаки и молби, барајќи да бидат ослободени од некои даноци или да им се намалат постојните, заканувајќи се дека во противен случај ќе се разбегаат и ќе го напуштат селото. Постојат многубројни документи од кои јасно се гледа обидот на селаните да избегаат од феудалните обврски, а особено од плаќањето на даноци. Така, во јуни 1634 година жителите на селото Лавци (Битолско) одбегнувале да го дадат ушурот. Истото го сториле и селаните од село Хиналу (Битолско). Отпорот бил особено силен и колективен против оние закупци кои самоволно ги накачувале даноците.

Бегањето и преселувањето на селаните се вршело во разни правци. Едни бегале од села и кази каде што притисокот на даночните чиновници бил посилен во такви каде што тој притисок бил поподнослив. Некои селани ги напуштале своите села што биле крај патиштата, кадешто најчесто биле изложени на грабеж и несигурност, и оделе во понепристапни села. Други оделе во дервенциски, соколарски и батанциски села, бидејќи селаните од овие села биле ослободувани од некои даноци, поради вршењето на својата служба. Од друга страна, имало дервенциски, ќупруциски и соколарски села што бегале в град или во други села, за да ја избегнат оваа феудална обврска. Селаните бегале и во чифлизите, особено на воените лица, од кои барале заштита, а некојпат и ја наоѓале. Имало случаи кога некои воени, угледни лица ја заштитувале својата раја од прекумерни државни даноци. Некои селани бегале во градовите, кадешто безбедноста била поголема, а експлоатацијата поподнослива. Поподвижните и порешителните бегале и надвор од границите на Османската империја и се населувале во Влашко, Австро-Унгарија или Русија, а имало и такви што бегале в планина кадешто станувале ајдути. Поради бројните, честопати масовни и колективни движења на цели села, не без причина времето на XVII век, како и наредниот XVIII век, е окарактеризирано како „преселенички години". Тоа е период кога многу села исчезнале, а други се појавиле.

За нашите селани, особено бил тежок „крвниот данок". Тогаш мубаширите доаѓале по селата за да ги однесат најздравите, надарените и убави деца. Отпорот против овој данок бил различен. Некои селани ги прикривале децата, други, пак, на челото на децата им тетовирале крст или ги женеле пред време, бидејќи властите во таков случај не ги земале.

Многубројни поплаки до кадиите или до повисоките органи против различни лица или против различни неправилности биле своевиден израз на отпор. Некои локални феудалци, закупци на даноците или други припадници на феудалната класа меѓу селаните вршеле разни злоупотреби, насилства и зулуми. Селаните против нив поднесувале тужби и барале да бидат заштитени од повисоките органи на власта. Во наивна надеж дека повисоките органи ќе му помогнат, еден селанец од Битолската каза водел судски спор со својот спахија цели 20 години. Иако имало случаи повисоките органи привремено да излезат во пресрет на некои поплаки на селаните, тие најчесто немале доверба во турските судови и ги бојкотирале. Имало случаи кога селаните не се одзивале на поканите на кадијата да дојдат на суд. А кога кадијата ќе испрател вооружени лица за да ги доведат, тие се одметнувале и станувале ајдути.

2.

Мариовско-прилепска буна

Многу рано започнала и вооружената борба против феудалната експлоатација и турско-османската власт во Македонија. Веќе во XV век, кога Османската империја сé уште се борела за превласт на Балканскиот Полуостров и кога ред надворешни и внатрешни фактори ја стимулирале вербата во привременоста на турското господство, доаѓало до вооружен отпор на македонското население. Најзначајно во тој однос секако било вриењето и борбите во северозападна Македонија, особено во Дебарскиот крај, што се одиграле во врска со ослободителното движење на Ѓерѓ Кастриот Скендербег (1444 — 1468 г.), кога дошла до израз заедничката борба на македонскиот и албанскиот народ.

Во 1564/65 година дошло до прва локална буна на селаните. Таа започнала прво во планинските краишта на Мариово, а потоа се проширила и на селата во прилепското поле, па и во самиот Прилеп. Овие краишта биле хас на великиот везир Мустафа-паша. Не се познати причините за побуната, но поттикнувачи биле тројца селани, и тоа: Димитри Стале од село Сатока, Матјо Никола од село Велиште и Стојан од село Старавина, како и двајца попови: поп Димитри од село Градешница и поп Јако од село Старавина, сите од Мариовската нахија.

Тие ги побуниле селаните од Мариовската и Прилепската нахија. Со една султанска заповед од 3 октомври 1564 година му се наредува на кадијата во Прилеп и Скопскиот санџак-бег да ги фатат водачите на оваа буна, па некои од нив да бидат накажани со смрт, а другите да се испратат како веслачи на турските галии. Меѓутоа, тие побегнале, на што централните власти одново издале заповед да се про-

најдат и да се фатат. Во месец декември 1565 година пак дошло до буна, овој пат во самиот Прилеп. Во еден документ од тоа време се изнесени причините за оваа буна. Во него се вели дека селаните од хасовите на везирот Мустафа-паша го донесле на суд војводата на хасот и го обвиниле дека им земал цериме (глоба) спротивно на законот. Војводата откажал, а тогаш од селаните се побарани докази дека навистина им земал глоби. Селаните немале писмени докази. Тогаш војводата изјавил дека не можел од селаните да ги собере двегодишните даноци што му припаѓале на везирот Мустафа-паша и побарал од судот тие да се натераат да ги исплатат. Кога судот застанал на страната на војводата, повеќе од илјада побунети селани што се наоѓале пред вратите на судот се дигнале со стапови в рака и камења под пазувите, со намера да влезат внатре. Бидејќи се погодил петок, поголем дел од муслиманите се наоѓале пред вратите на судот, така што ги надвладале селаните, а некои избегале. Не се знае каков бил крајниот исход на оваа засега прва позната буна на македонските селани.

3. *Развој на ајдутството*

Една од најстарите и најдолготрајните форми на антифеудалната вооружена борба било ајдутството. Ајдутството било јавен протест против феудалната експлоатација, феудалното општество и турското господство. Тоа особено се засилувало за време на војните, епидемиите, гладовите и феудалната анархија. Во такви времиња ајдути станувале и побогатите селани, а често и цели села, и тогаш ајдутството прераснувало во буни и востанија. Ајдутството во Македонија најмногу се развило во текот на XVII век.

Поводите за одењето во ајдути биле најразлични. Најчесто се одметнувале луѓе што не можеле да ја трпат експлоатацијата и зулумите на спахиите и османската власт. Значаен бил и елементот на личната одмазда.

Засега најстариот податок за појавата на ајдути е од 1502 година. Во една султанска заповед од тоа време се споменува дека штипскиот кадија фатил 6 ајдути и ги казнил со смрт.

Ајдутите биле организирани во дружини, кои најчесто броеле 20—30 души, но можеле да се зголемат и до 300 души. Дружините биле малобројни, заради полесна подвижност и тешко откривање од страна на турските власти. Имало и ајдути кои не биле во дружини, туку сами, индивидуално дејствувале. Ајдутските дружини често се делеле на десетини. На чело на дружината бил арамбаша или војвода. Тој бил избран од дружината. За арамбаша обично било избирано лице кое имало најголемо искуство, кое било нај-

долго време ајдут или било најхрабро. На арамбашата му се покорувале сите ајдути и ги извршувале неговите наредби.

Најстари познати арамбаши биле: Нико од село Ново Село (Берско), кој бил убиен на 29 мај 1627 година; Михо Трпко од с. Лесково (Леринско) наречен „Петре Војвода", кој во јануари 1634 година бил осуден и испратен за веслач на турските галии; Петре Дундар од село Беранци (Битолско), кој имал дружина од 44 ајдути и кој бил ликвидиран во јануари 1635. Еден од најзначајните арамбаши во првата половина на XVII век бил Лошан, Влав од село Магарево (Битолско), кој имал дружина од 30 лица. Тој бил ликвидиран во солунскиот затвор во 1644 година. Значаен бил и Константин од село Сопотница (Битолско), наречен „Чавдар Војвода", и други. Арамбашите пазеле на својата облека, често носеле скапоцени алишта, накитени со токи, каиши и ширити, што биле одземени од непријателот. Најубавото оружје дружината му го доделувала на арамбашата. Некои арамбаши носеле на капата или на калпакот посебен знак, „перје на старешинството". Така, на пример, арамбашата „Чавдар Војвода", се движел убаво облечен во црвена чоја и со кабаница, а на главата имал перјаница.

Секоја дружина, без разлика на големината, имала свој арамбаша. Тој се грижел за сите потреби на дружината: за прехраната, за оружјето, за муницијата итн. Тој управувал со дружината за време на борба и во секое друго време. Ги разгледувал споровите меѓу ајдутите и пресудувал. Тој се грижел за семејствата на своите другари, за ранетите ајдути и за јатаците. Ја претставувал дружината пред друга дружина или пред приватни лица. Освен со искуство, арамбашата требало да се одликува и со праведност и преданост кон дружината. Арамбашата не бил доживотно на својата должност. Ако арамбашата се покажел неспособен, тој бил сменуван. На чело на една дружина можеле да стојат двајца или тројца арамбаши, кои биле избирани поради еднакви заслуги или затоа што се соединиле две или три дружини, а поранешните арамбаши не сакале да си ја изгубат својата должност. Во тој случај овие тројца арамбаши претставувале еден вид раководство — штаб на дружината. Изборот на арамбашата честопати не бил лесен, бидејќи секој истакнат ајдутин сакал да стане арамбаша. Во времето на изборот често доаѓало до караници или до делење на дружината. Ако арамбашата бил сакан, ајдутите го чувале и му давале поголем дел од пленот. Ако дружината била незадоволна од него, му се заканувала, го сменувала, го напуштала или го убивала.

Помошник на арамбашата бил бајрактарот, кој имал должност да го носи и да го чува бајракот. Имало дружини и без бајрактар. За бајрактар обично се избирало лице кое

било брзо, за да го зачува бајракот од непријателот, кој се борел на коњ. Кога се одело на зимување, бајракот го симнувале од копјето, го сокривале и се чекало време кога ќе се нареди пак да се развие. Бајрактарите често гинеле за својот бајрак. Појавата на бајракот е многу важна, бидејќи тој симболизирал војска или нешто блиско до војската. Познат бајрактар бил Тане Митан од село Чаирли (Битолско). Неговата чета, а тој со бајракот в раце, извршила напад на безистенот во Битола. За својата многугодишна дејност Тане бил осуден на смрт и во јуни 1651 година бил погубен.

Поголемите ајдутски чети имале и трубачи. Во еден турски документ од јуни 1638 година се вели дека двесте ајдути напаѓале со развеани бајраци и со свирење во труби.

Ајдутските дружини се собирале околу Ѓурѓовден, а се растурале околу Митровден. Штом ќе се кренел снегот и шумата ќе зазеленела, се јавувале ајдути. Имало ајдути што дејствувале и преку зимата, но тоа било поретко. Околу Митровден дружината се растурала и ајдутите оделе во зимовници или кај своите јатаци. Некои ајдути оделе в град, се најмувале кај некои богати луѓе и таму ја поминувале зимата. На пролет, на закажаното место, дружината пак се состанувала. Тогаш се пребројувале, за да видат дали се сите дојдени. Ако некој не дојдел, а бил предаден од неговиот јатак или од некој друг, дружината го одмаздувала.

Ајдути најчесто станувале селани, сточари, аргати, чифчии, овчари, а не ретко и попови и калуѓери, кои во таков случај биле духовни водачи на дружината. Во ајдутските дружини имало лица од сите народности што тогаш живееле во Македонија. Најмногубројни биле Македонците и Албанците, а потоа Власите и Грците. Ајдутска дружина обично била формирана од една народност, но имало случаи во една ајдутска чета да бидат лица од повеќе народности.

Во ајдутските дружини имало и жени. Жените оделе во ајдути обично заедно со мажот или со братот. Најстариот податок за жена-ајдутин е од 1636 година. Тоа била Кира, сестра на Јоло од селото Цапари, која била во дружината на арамбашата Петре Дундар од с. Беранци (Битолско). Имало жени кои станувале и арамбаши, т.е. војводи. Жените-ајдути не помалку биле храбри од мажите.

Ајдутите биле вооружени со сабји, ножеви, вили, секири, копја, а кога се појавило огненото оружје, и со пушки и пиштоли. Турскиот патописец Евлија Челебија во 1661 година посетил еден ајдутски логор во Македонија и ни оставил опис. Тој вели дека ајдутскиот логор бил во една густа и длабока шума. Пред да дојде до самиот логор, заедно со своите водичи, тој поминувал низ многубројни стражи, кои вооружени стоеле скриени на разни места во шумата. Кога дошол во логорот, видел повеќе шатори и селски коли во кои имало поголем број лица. Заедно со ајдутите, тука

било собрано и околното население: жени, деца и старци. Тоа истовремено бил и збег и ајдутски логор. Таму видел шивачи кои, седнати на дрво, шиеле алишта, на друго место на ражен се печело месо, и се готвела храна, ковачите ковеле оружје, а другите чувале стража или биле во акција.

Дружините одржувале врска со светот преку своите добро разгранети мрежи на јатаци. Јатаците биле луѓе од сите општествени слоеви. Дури и меѓу турските власти имало ајдутски јатаци. Јатаците собирале храна, оружје, муниција, облека и др. за ајдутите и им испраќале ним соопштенија за движењето на турските потери. Јатаците ги криеле болните и ранетите ајдути, како и оние што биле на зимување. Тие ги известувале ајдутите за лица кои во нивното село соработувале со турските власти и барале од ајдутите да ги ликвидираат; им соопштувале кога и како ќе дојдат собирачите на даноци и барале од ајдутите да ги пресретнат и да ги нападнат. Соопштувале за движењето на трговските карвани по патиштата и сл. Успехот или пропаста на ајдутската акција често зависеле од соопштенијата на јатаците. Затоа се велело: „без јатаци нема ни ајдути".

Ајдутите биле закрила на народот. Тие го штителе од преголема експлоатација, од зулумите на поединци и од турските власти. Но, од друга страна, и селаните ги штителе ајдутите, па дури и гинеле во нивна одбрана. Така, во јуни 1639 година жителите на село Ѓавато (Битолско), на чело со Митре Никола, стапиле во борба со мартолозите, бранејќи го арамбашата Белче, кој се криел во нивното село. Борбата започнала така што Митре Никола им викнал на селаните: „Удрите по мартолозите. Денес е нашиот ден". Со пушки, стрели и сабји селаните ги нападнале нив и воделе неколкучасовна борба.

Болните и ранетите ајдути се криеле и по манастирите. Така, според еден документ од 1618 година, се гледа дека во манастирот Лесново калуѓерите ги лекувале ранетите ајдути, ги чувале и ги снабдувале со храна.

Во своите акции ајдутите ги напаѓале феудалните поседи, ги убивале феудалните господари, ги палеле чифлизите или амбарите на спахиите, им ја палеле жетвата додека била на нива или на гумно, им ги кршеле орудијата за производство, им го одведувале или им го убивале добитокот, им ја растурале работната рака, т. е. од феудалните поседи ја бркале рајата или чифчиите, напаѓале на кули или конаци, хасови, зеамети и тимари. Ги пресретнувале трговските карвани и собирачите на даноци и ги ограбувале. Така, во 1622 година ајдутите од село Могила (Битолско) го нападнале чифлигот на кадијата Мехмед, а во 1689 година чифлигот на Бозаци-Заде во село Чаирли (Битолско). Во 1670 година ајдутите го нападнале собирачот на даноците авариз и

нузул, а во 1676 година го убиле и го опљачкале собирачот на харач, авариз, нузул и целеб. Во еден ферман од декември 1682 година се вели дека „ајдутите, поделени во четири булука, со бајраци, на коњи или пешки, напаѓаат на куќите на имашливите луѓе и ги уценуваат. Во друг ферман, од август 1686 година, се вели дека „од ајдутите запусте земјоделството и трговијата и тешко е да се собираат даноците".

Поголеми ајдутски дружини се осмелувале да напаѓаат и на градови. Неколку пати ајдутите влегле во Битола, Лерин, Охрид и Ресен. Двапати го ограбиле битолскиот безистен, и тоа во 1646 и 1661 година, од каде што однесле многу скапоцена стока.

Со својата дејност ајдутите многу придонесле да се парализира производството на феудалните поседи, а во некои краишта и сосем да се растрои. Како последица на ајдутската дејност селското производство опаднало, а рудниците околу Крива Паланка престанале да работат. Патиштата станале несигурни, а трговските патувања ризични. Сите феудални институции биле изложени на напади од страна на ајдутите.

Поради тоа, турските власти преземале најенергични мерки да се уништи ајдутството. Ги сечеле шумите покрај патиштата, во клисурите, граделе кули и тврдини со воена посада, обично јаничари. За таа цел во 1636 година била подигната Крива Паланка. Биле поставувани дервенции, кои требало да ги обезбедуваат премините, чети од мартолози ги крстосувале селата, барајќи ги ајдутите, цели одреди од регуларна војска, во вид на потери, ги гонеле ајдутите. Селата наклонети кон ајдутите биле палени, а роднините на ајдутите апсени и убивани. Фатените ајдути ги набивале на колец, на ченгел, живи ги дереле, им ги сечеле главите или ги испраќале на повеќегодишна или вечна робија, приковани за галија како веслачи. Така, на пример ајдутинот Киро од село Свети Тодор (Битолско) во 1657 година бил осуден на смрт. Димо од село Магарево (Битолско), бидејќи „правел бунт по земјата", бил осуден на смрт во 1658 година. Ајдутинот Јован од село Сопотница (Битолско), бил осуден на 7 години принудна работа како веслач во царската морнарица.

Меѓутоа, и покрај строгите мерки, никогаш не можело да се уништи ајдутството. Имало луѓе кои биле ајдути и по 20 години, како што е случајот со Дуда од село Загориче (Битолско).

Во тие тешки времиња на феудалната експлоатација, ајдутите биле поборници и заштитници на народот против насилствата. Кај народните маси тие го дигале духот на отпорот. Во сите буни и востанија ајдутите го составувале јадрото на вооруженият и побунетиот народ и многу често му давале водачи и команданти.

Ајдутството не било управено против целиот турски народ, туку само против турските феудалци и властодршци, кои го експлоатирале и мачеле не само македонскиот народ, туку и турските селани и работни луѓе. Заради тоа ајдутството било опеано во македонските народни песни. Народниот пејач честопати го романтизирал ајдутството, но сепак и во песната дошла до израз неговата суштина на антифеудално и народно движење.

4.

Учество на духовни лица во отпорот. „Султан Јахја"

Освен македонските селани, во отпорот против турската власт се вклучиле и духовни лица, т. е. претставници на високото свештенство, и тоа откако започнале напади и врз црковните и манастирските имоти, како и врз привилегиите на високото свештенство. Во 1585 година на охридскиот архиепископ турските власти му нанеле штета од 16.000 златници, а на пелагонискиот митрополит 40.000 акчи. Турската власт, особено централната, понекогаш ги штителa правата и имотите на црквата, но понекогаш и самата таа ги напаѓала.

Кога дошло до Турско-австриската војна (1593 — 1606) се зголемиле надежите за ослободување од Турците. Оттогаш се споменуваат и лица од редовите на високото свештенство од Македонија, кои оделе на запад и барале помош од католичките владетели за ослободување на Македонија и соседните земји. Меѓу нив најповеќе се истакнал охридскиот архиепископ Атанасија кој од 1596 — 1615 г. посетил некои европски владетели, убедувајќи ги дека Македонија и соседните земји ќе ги дигне на востание, ако тие му помогнат. Најнапред тој почнал преговори со Венеција. На 26 јануари 1596 година Атанасија се сретнал, во европското пристаниште Бутринто, со венецијанскиот провизор и капетан на островот Крф Анџело Базадона и му предложил Венеција да ја заземе Албанија. Венеција одбила тоа да го стори. Во 1597 година Атанасија заминал за Рим и се обрнал за помош кај папата Климент VIII, но тој не го примил. Во јануари 1598 година заминал за Неапол, но и неаполскиот вицекрал цели три месеци не го примал. Во јуни 1598 година Атанасија, во придружба на пелагонискиот митрополит Еремија, заминал во Прага за да моли помош од австрискиот император Рудолф II, кој од 1593 година водел војна со Османската империја. На императорот му поднесол еден запис за положбата во Македонија и го уверувал дека со 3.000 добро вооружени австриски војници можело да се заземаат Албанија и Македонија до Солун, бидејќи ќе подигнел на востание и 40.000 лица од месното население. Меѓутоа, Австрија се наоѓала во финансиска

криза и гледала што поскоро да ја заврши војната. Откако и овде не нашол поткрепа, на 5 декември 1598 година пак во придружба на пелагониският митрополит Еремија, тргнал за Шпанија, со намера на шпанскиот крал да му го изложи својот план за ослободување на балканските христијански народи. Но во Шпанија бил уапсен и некое време останал в затвор. По излегувањето од затвор, тој продолжил да оди од еден до друг владетел, а во 1615 година на сицилијанскиот вицекрал, херцогот Д'Осуна, му го изложил опширно својот план за истерување на Турците-Османлии. Според неговиот план, тврдините, градовите и стратегиските точки требало да ги заземат Шпанците и Италијанците, а не Грците, Албанците и Македонците, за да не дојде до меѓусебна војна. Херцогот се однесол со полно сочувство кон овој план, па дури почнал и да го реализира, но во 1620 година паднал во немилост и планот на Атанасија не се остварил.

Покрај Атанасија, имало и други православни и католички црковни главатари, кои се обраќале за помош до европските владетели. Така, за време на војната на Австрија и Русија против Турција, од 1737 до 1739 година, охридскиот архиепископ Јосиф, преку католичкиот надбискуп во Скопје Михајло Сума, повел тајни преговори со австрискиот двор и тврдел не само дека ќе ја помогне австрискатa војска со храна, туку и дека ќе ја подигне на востание целата „илирска нација".

Со оглед на тоа што по својата социјална и економска положба обично стоеле далеку од широките селски маси, а во некои случаи биле лично толку богати што биле на исто рамниште па дури и повисоко од некои турски феудалци, високите духовни лица се изолирале од народот, не верувале во него и барале спас и надеж кај другите држави и владетели. За разлика од нив, парохиското свештенство во селата живеело и работело како и другите селани, па не бил редок случајот во ајдутските дружини да се борат и поповите со оружје в рака, заедно со селаните.

Планови за ослободување на Балканот од турската власт кроеле и разни авантуристи. Меѓу нив, секако, најзначаен бил таканаречениот Султан Јахја, кој за себе тврдел дека е син на султанот Мехмед II, дека го одбегнал погубувањето, па откако избегал во Европа, поминал во христијанството. Во Европа ги обиколувал владетелите и им ги излагал своите планови за ослободување на Балканот. Бил во Германија, Тоскана, Фиренца, Рим, Венеција, Париз, Шпанија, Полска, Холандија и на одговорните фактори од овие држави им предлагал да дадат оружје за народот од Македонија, Албанија, Србија, Бугарија и Црна Гора, и да

го заземат Солун, а тој ќе го подигнел на востание народот во внатрешноста на Македонија. Во својата биографија Султан Јахја дава податоци за тоа дека тој наводно имал врски со разни црковни главатари на балканските народи и со многубројни ајдутски дружини, кои ќе ја сочинувале неговата ударна сила во евентуалното општо балканско востание. Меѓутоа, на овој професионален авантурист тоа му бил главен извор на заработувачка, иако имал и магливи проекти за истерување на Турците, и тоа по пат на востание, но главно со помош однадвор. Како и претставниците од високото свештенство, така и Султан Јахја бил само за истерување на Турците, а не и за уништување на феудалниот поредок.

ГЛАВА IV

КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ

По цели три века живеење под стегите на туѓинската, турско-османска власт, македонскиот народ го манифестирал својот никогаш незгаснат стремеж за слобода и независност. Во 1689 година тој се кренал на востание, познато по името на неговиот водач, како Карпошово востание. Иако е сигурно дека непосреден повод и охрабрување за подигање на востанието дала Австро-турската војна и брзиот продор на австриската војска длабоко во внатрешноста на Османската империја, неговите корени лежеле во незавидната економско-општествена и политичка положба на македонскиот народ. Основите на таквата положба ги определила феудалната суштина на турско-османската држава и нејзиниот завојувачки однос спрема балканските народи. Меѓутоа, во периодот на опаѓањето на Османската империја дошло до драстично дејствување на сите елементи што го зголемувале притисокот над рајата и ги нарушувале минималните права што ги уживало христијанското население. Како реакција на таквата положба се јавило засилено движење и отпор на македонскиот народ, изразени во спонтаните локални буни и масовното ајдутско движење, кои кон крајот на XVII век прераснале во народно востание за ослободување на земјата од турско-османската власт.

1. Продирање на австриската војска во Македонија

Во 1683 година Турците-Османлии по втор пат се нашле под ѕидините на Виена, уверени дека избрале погоден момент за успешно извршување на својата одамнешна желба, бидејќи Австрија била преокупирана со агресивната политика на францускиот крал Луј XIV и нерешените прашања со унгарските велможи. Меѓутоа, по двомесечна опсада, на градот му пристигнала помош од австриската, а исто така и од полската војска, предводена од кралот Јан Собјески. Турците биле одбиени и нивниот поход набргу се претворил во ужасен пораз, кој довел до огромни територијални и материјални загуби и човечки жртви. На Австрија

и Полска набргу им се придружила Венецијанската република, така што во март 1684 година била создадена Света лига, којашто ја продолжила борбата против Турција на различни сектори. Полека продирајќи се подлабоко во внатрешноста на Османската империја, Австријците стигнале дури до Македонија. На 24. IX. 1689 година тие го презеле Ниш, а набргу потоа дел од австриските војски на чело со генералот Пиколомини, во содејство со одреди на српски доброволци, се упатиле кон Косово, запоседнувајќи го претходно Прокупле и Грделичка Клисура. По неколку дена Пиколомини влегол во Приштина, а оттаму на 22 октомври тргнал кон Качаник, со намера да се пробие до Скопје. Качаничката тврдина Австријците ја нашле празна, а во клисурата сретнале и разбиле 300 турски војници. Веќе на 25 октомври тие влегле во скопското поле, кадешто со радост ги пречекало населението од околните села. Истиот ден влегле во градот, кој бил полн со залихи од животни намирници и трговски стоки, но напуштен од неговото население и турската војска. Сепак Австријците успеале крај градот да отепаат или заробат неколку стотини Турци и Евреи, а во плен им паднале неколку турски знамиња и комора. Поради тоа што немал достатно војници, и со оглед на големото оддалечување од главнината на австриските војски и претстојните временски непогоди, Пиколомини решил веднаш да се повлече од градот, во кој токму во тоа време беснеела чумата. Не задоволувајќи се со богатиот плен и со суровата постапка спрема заробеното турско и еврејско население, Австријците при повлекувањето го запалиле Скопје. Пожарот беснеел цели два дена, на 26 и 27 октомври 1689 година, и го уништил најголемиот дел од градот. Еден современ извор укажува дека во еврејскиот квартал од огнот не била поштедена ниту една куќа, заедно со двете синагоги и училиштето.

По повлекувањето од Скопје, Австријците извршиле уште неколку пробиви во длабината на македонската територија, со цел да го рекогносцираат теренот, да ја спречат и разбијат концентрацијата на непријателските сили, како и да соберат контрибуција од населението. Таков еден пробив извршил херцогот Холштајн кој ја презел командата над австрискиот корпус од Пиколомини, кој бил заразен од чума (умрел на 9. XI. 1689 година во Призрен). Дознавајќи дека во Штип е сконцентрирана шестилјадна турска војска, тој решил со ненадеен напад да ја разбие и да ја истера од градот. Тргнувајќи од логорот крај кумановското село Оризари, австриските одреди на херцогот Холштајн се нашле пред Штип во зорите на 10 ноември 1689 година. Тука дошло до најжестокиот и најголем судир помеѓу австриските и турските војски на територијата на Македонија. Турците биле наполно разбиени. Оставајќи зад себе околу две илјади загинати, тие биле принудени на

повлекување. Австријците го запалиле градот, а потоа се вратиле назад, носејќи со себе богат плен од неколку илјади грла добиток и друго. На враќање тие разбиле уште еден турски извидnички одред од 300 души.

Во средината на ноември во Призрен пристигнала веста дека поголеми турски војски се собрани кај с. Леуново (Гостиварско) и кај градот Тетово. Против нив биле упатени доброволци Албанци-католици, кои успеале да уништат преку 600 Турци и да запленат неколку стотини грла добиток. Најпосле, на 20 декември од Приштина кон Велес тргнал на рекогносцирање еден австриски одред, во чиј состав имало и Срби, предводен од капетанот Саноски. Со еден ненадеен напад одредот влегол во Велес, при што биле отепани 30 Турци, а имало и заробени. По обичај, градот бил ограбен и делумно запален. На враќањето водејќи со себе добиток што го грабнале од месното македонско население, Австријците биле нападнати од еден јаничарски одред, при што капетанот Саноски задобил смртоносни рани.

2.

Влошување на положбата на рајата

Во годините на Австро-турската војна дошло до нагло влошување на економската и политичката положба во земјата. Даночниот притисок, несигурноста и насилствата зеле дотогаш невидени размери. Воените операции ја гонеле државата да го засили принудниот откуп на житата, фуражот, добитокот, дрвата и на други селскостопански производи. Така, со една заповед од 1688 година упатена до кадијата на Џумапазар и до други службени лица, се наредува, за прехрана на армијата што војувала во Грција, да се собере јачмен, брашно, бунгур и чисто масло од целата раја, дури и од таа што била ослободена од извонредните даноци. Откупните цени биле далеку под нивото на реалната вредност на производите, а откупените производи селаните морале со ангарија да ги пренесуваат до определените собирни пунктови. Едновремено централната власт вовела ред нови извонредни давачки. По паѓањето на Белград (6 септември 1688 година) бил воведен новиот паричен данок „хане акчеси". Таа година повторно биле воспоставени даноците на трговијата со вино и ракија, укинати уште во 1671/72 година. Таков данок бил наложен и на трговијата со тутунот. Во 1689 година од населението во балканските земји бил собиран „нефиријам бедели" во износ од 50 акчи на човек. Военото време довело и до значително поскапување на сите стоки на пазарот. Посебно растројство во стопанскиот живот предизвикало пуштањето во промет, во

1688 година, на новата бакарна монета — мангарот, и настојувањето на државата неговата вредност да ја изедначи со акчата.

Во ова тешко време рајата страдала и од зулумите на турските воени дезертери и одметници од централната власт, што во помали или поголеми групи крстосувале по внатрешноста на земјата. Во тој однос посебно се истакнал злогласниот Јеген-паша, бившиот румелиски беглербег, кој со околу 10.000 одметници пљачкосувал по Балканскиот Полуостров. Немоќната централна власт отпрвин се обидувала, доделувајќи му различни највисоки државни функции, да го придобие и да ги насочи неговите сили во полза на државата, но кога сето тоа не дало трајни резултати таа извршила општа мобилизација на муслиманското население и успеала да го ликвидира, дури во февруари 1689 година.

3. Подигање и тек на востанието

Хаотичната внатрешна положба во Османската империја создала погодни услови за широк замав на ајдутството во сите делови на Македонија. Во некои области тоа ги надминало рамките на изолирани, локални дружини, претворувајќи се во масовно движење на населението. Таков бил случајот во Мориовско, Битолско, Тиквешко, Велешко, Штипско, во Доспат Планина и особено во северното гранично подрачје, кадешто импулс на ајдутското движење му давале рударите што работеле во кратовските и кривопаланечките рудници за олово, сребро и железо, под многу тешки работни и животни услови. Во таквата атмосфера, воените успеси на Светата лига и особено ненадејниот продор на австриската војска имале посебно дејство врз расположбата на македонскиот народ, кој поверувал дека најпосле, дошол часот на неговото конечно ослободување од турско-османската власт.

Востанието избувнало кон средината на октомври 1689 година, зафаќајќи го североисточниот дел од Македонија на просторот помеѓу Кустендил и Скопје. На чело на востанието застанал познатиот ајдутски арамбаша Карпош. Кон средината на 1689 година Карпош раководел со една ајдутска дружина во Доспат Планина, а кога централната власт упатила по него потера, тој успеал да се спаси и да ја пренесе својата активност на теренот на Нишката, Лесковачката, Врањската, Призренската и Пиротската каза. Меѓутоа, кон крајот на септември или во почетокот на октомври, Карпош бил назначен за мартолозбашија на

Прва на удар била Крива Паланка, во која се наоѓале неколку илјади востаници, подготвувани за планираниот напад на Кустендил. Дознавајќи за големата премоќ на непријателот, востаниците ја запалиле и напуштиле Крива Паланка, отстапувајќи кон Куманово. Веќе идниот ден турските и татарските одреди се појавиле пред градот. Востаниците решиле да го пречекаат непријателот надвор од новоизградената тврдина. Во судирот бил заробен Карпош со голем број свои борци. Последен отпор востаниците давале од тврдината, која била преземена на јуриш а нејзините бранители биле уништени. Победниците сега се упатиле кон Скопје, водејќи ги со себе заробените востаници. Скопје тогаш се наоѓало под контрола на ајдути, можеби Карпошеви луѓе, но кога чуле за поразот кај Куманово и за приближувањето на османските војски, тие се разбегале. Во Скопје, крај каменот мост на Вардар, Карпош бил изведен пред Селим Гирај, набиен на колец, а потоа изболен од татарските копја и фрлен во реката. Тоа се случило најдоцна во првите денови на декември 1689 година. Трагичната смрт на Карпоша воедно го означува и крајот на востанието. На османската војска и претстоело да започне со напад на Австријците, кои се уште се наоѓале во Качаник и северно од него, иако нивната активност на овој сектор и воопшто на фронтот спрема Турците значително опаднала, бидејќи во тоа време започнале воените дејствија со Франција.

4. Пораз и последици на востанието

Македонскиот селанец скапо го платил својот обид за ослободување од феудалната експлоатација и за отфрлање на туѓинската власт. Во почетокот на декември 1689 година во Призрен пристигнала алармантна вест дека турските и татарските војски одејќи на Скопје одвлекле со себе околу 6.000 селани, со жени и деца, и ги запалиле околните села. Освен тоа, Татарите го запалиле Тетово и Куманово. Во еден краток запис од тоа време, непознат калуѓер од манастирот Дечани забележал дека тогаш имало многу големо страдање, „младите ги пленеа, а старите ги колеа и давеа". Еден друг современик запишал дека Татарите, предводени од пеќанецот Махмуд-бег, робеле, колеле и палеле во Горни и Долни Полог. Слично било и во Скопската нахија, како и во сите други северни и средни области на Македонија. За мнозина, особено за оние што зеле активно учество во борбите против османската војска, единствен спас бил напуштањето на својата земја и повлекувањето далеку на север, зад Сава и Дунав, од кадешто најчесто немало враќање. Дел од нив подоцна ќе преминат дури на територијата на Русија, кадешто, како и припадниците на другите балкански народи (Србите, Бутарите и др.) ќе создадат свои војнички колонии и одделен „Македонски полк", кој ќе дејствува во составот на регуларната руска војска.

Масовното бегање од родните огништа придонесло многу села да запустат и многу плодни полиња да останат необ-

работени. Тоа уште повеќе ја комплицирало и инаку хаотичната економска положба во земјата. Турските власти многу бргу согледале дека во интерес на што побрзата стабилизација на внатрешната ситуација во земјата и успешното продолжување на воените операции ќе мора да се прекрати со репресалиите и да се обнови производството. За таа цел, во запустените предели од северозападна Македонија започнало населување на албанско население, што од своја страна предизвикало значителни промени во нивниот етнички состав, а биле преземени и извесни чекори за враќање на избеганото христијанско население со давање амнестија, прокламирана од највисоките органи на власта.

5.

Манифест и заштитни писма од Леополд I

Свесни за големата поддршка што во нивните офанзивни операции против Османската империја им ја дале балканските народи, а со надеж дека повторно ќе ги послужи војничката среќа, Австријците сакале да ја зачуваат разнишаната доверба кај тие народи и да ги поттикнат за натамошно содејство со австриската војска. На 6 април 1690 година австрискиот император Леополд I (1657 — 1705) издал манифест, со кој ги повикувал „сите народи кои по сета Албанија, Србија, Мизија, Бугарија, Силистрија, Илирија, Македонија, Расија живеат... за својот спас и ослободување и законот христијански, сите на наша страна да преминат и против Турција на оружје да се дигнат..., на австриската војска храна и друго што ќе ѝ потреба да ѝ дадат и да ѝ помогнат". Во замена за тоа, на споменатите земји и народи им се ветувало, меѓу другото, дека ќе бидат ослободени од секој јавен товар и данок, „но исклучувајќи ги старите и обичајните права на кралевите и господата што пред секое турско навлегување постоеле". Во Манифестот патетично се повикува: „Работете, значи, заради Бога, да ја повратите вероисповедта, спасението, слободата, безбедноста ваша, без страв преминете на Наша страна, вашите куќи и полската работа не оставајте ги, повикајте ги вашите другари по вашите стапки да врват, и овој случај од Бог и од Нас што ви е даден, кој никога повеќе нема да се врати, искористувајте го, било за себе, било за вашите синови, било, најпосле, за милата татковина и спасение да се грижите...".

Скоро истовремено, на 26 април 1690 година, Леополд I издал и едно писмо со кое го зема под заштита македонскиот народ. Иницијатори за неговото издавање биле Марко Крајда, родум од Кожани, и Димитри Георгија Поповиќ, родум од Солун. Тие го увериле императорот дека македон-

скиот народ „со врела желба и сериозна намера“ е готов да ја прифати неговата заштита, „за да се оттргне од неиздржливиот турски зулум“. Во писмото, меѓу другото, се декларира: ... „македонскиот народ во целост го примаме во секој еден поглед благонаклоно под наша царска и кралска заштита. На сите и поодделно на секој војнички заповодник му препорачуваме споменатиот македонски народ по никаков начин да не го вознемирува или угнетува, но според можностите, во секоја згода, да му излегува во пресрет, да го брани, да му укажува помош и да го обезбедува, за да може да ги зачува дадените наши царски и кралски милости, права и слобода. Во случај некои припадници од тој народ, да сакаат да се борат под раководството на споменатите наши капетани и под нашето знаме, таа нивна желба нека настојуваат да ја помогнат, а не да ја запираат“...

На 31 мај 1690 година императорот Леополд I издал уште едно писмо, со кое ја проширил својата заштита на населението на Бугарија, Србија, Македонија и Албанија.

Со оглед на натамошниот развој на настаните, кои одново ја ставиле Македонија во положба на длабока провинција на Османската империја, тешко е да се верува дека наведениот манифест и заштитните писма на австрискиот император можеле да имаат некое позначајно дејство врз расположбата на македонскиот народ. Меѓутоа, тој и по трагичниот крај на Карпошовото востание не се мирел со судбината и ја продолжил својата борба против феудалната експлоатација и турско-осамнската власт. Веќе во 1707 година во Велешката каза се појавиле толку многу ајдути, што за нивното сузбивање турските власти населиле по 30—40 Албанци во седум од тамошните села. Но бидејќи и тие сили се покажале недостатно ефикасни, била издадена заповед за нови засилувања. Во една доставка, пак, од 1713 година се соопштува дека Крива Паланка (Егри Дере) е опасно место-премин поради што биле назначени 64 мартолози, за да ги чуваат планините, премините и патиштата од ајдутите и разбојниците. Сето тоа се случувало во просторот на поранешните австриски воени дејствија и во централното подрачје на Карпошовото востание од 1689 година, што сведочи дека поразот на востаниците не довел до некое потрајно нарушување во континуитетот на вооруженатa борба на македонскиот народ.

ГЛАВА V

ФЕУДАЛНА АНАРХИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

1. Воени поразии на Османската империја

Карловачкиот мир од 1699 година осетно ги намалил територииите на турската држава во Европа, бидејќи нејзините граници се спуштиле од Будим на Сава и Дунав. Во XVIII век дошло до ред нови војни, кои исто така завршувале главно со негативни последици за Османската империја. Воените дејствија само ги зголемувале издатоците и ја заострувале финансиската криза во земјата, бидејќи престанало освојувањето на нови територии и прилив на нови приходи. Ограничувањето на земјишниот фонд придонесло се поретко и потешко да се добиваат нови односно да се зголемуваат старите лена. Тоа пак, од своја страна, влијаело на моралната и борбената сила на феудалците, кои барале разни начини и изговори да не се одзиваат на воените позиви. Се повеќе се губела нивната фанатизирана одушевеност за војна.

Технички посупериорни, војските на европските земји одземале дел по дел од огромната Османска империја, која постепено паѓала под нивното влијание и станувала објект на нивните меѓусебни расправии и судири.

Пожаревачкиот мир од 1718 година, со кој била окончана новата Австро-турска војна, ѝ донесол на Австрија дел од Влашко, Банат и Северна Србија, како и големи трговски привилегии во Османската империја.

Во 1736 година почнала Руско-турската војна, во која влегла и Австрија. Војната завршила со Белградскиот мир во 1739 година, со кој Австрија ги загубила земјите јужно од Сава и Дунав. Овој мир најмногу го искористила Франција. Помагајќи ѝ на Османската империја таа се здобила со влијание во неа, а освен тоа биле проширени поранешните капитулации и признаено правото да ги заштитува католиците во Империјата. Тогаш биле испратени и француски воени стручњаци, со цел да ја реформираат турската војска. Но и тие „реформи“ не ја измениле ситуацијата.

Во новата Руско-турска војна од 1768 — 1774 година уште поочигледно се покажала турската војничка слабост. Венецијанскиот конзул во Солун во 1769 година пишувал дека спахиите, кои тргнале на коњи во војна против Русија,

се вратиле пеш, искинати и испиени. Во оваа војна руската царица Катарина II упатила повик до христијанските народи на Балканскиот Полуостров да се дигнат на востание против Османската империја. Плашејќи се од тоа, турските власти почнале да го собираат сето оружје што било кај рајата. Во градот Солун разоружувањето било извршено мирно, но во селата бил даван отпор, бидејќи оружјето им било потребно на селаните за борба против арамиите, албанските разбојници, самовласните јаничари и други одметници што крстосувале низ Македонија. Војната завршила со Кучук — Кајнарџискиот мир во 1774 година, со многу неповолни услови за Османската империја. Со овој мир Крим станал независен, а Русите добиле исти капитулации, како што имале и другите западноевропски држави. Русија добила право да ги штити православните христијани на Балканот, што практично значело дека Русија можела да се меша во турската политика на Балканот, под изговор за заштита на православните христијани. Така, ако со Белградскиот мир од 1739 година Австрија го изгубила водството во антитурската политика, со Кучук — Кајнарџискиот мир од 1774 година тоа водство конечно го презела Русија. Во новата војна од 1787 година, која завршила со Јашкиот мир во 1792 година, биле потврдени одредбите на Кучук — Кајнарџискиот мир.

Покрај тоа што скоро со секој новосклучен мир губела делови од своите територии, Османската империја паѓала и под економско-политичка зависност од поразвиените западноевропски држави, а внатрешната ситуација се повеќе се претворувала во феудална анархија, создадена во прв ред со осилувањето на крупните локални феудалци.

2. *Продлабочување на кризата на тимарско-спахискиот систем и осилување на крупните феудалци*

Осумнаесеттиот век е карактеристичен со засилено претворување на рајатската земја во чифлизи, што се одвивало наспоредно со развојот на стоковно-паричното стопанство и со продирањето и јакнењето на трговско-лихварскиот капитал, поради што многу лихвари станувале чифликсајбии. Чифликсајбиите станувале се помногубројни и посилни, а селаните останувале без своите поседи и се претворувале во чифчии. Чифликсајбии станувале не само Турци, туку и луѓе од други народности и вери особено Грци, Власи и Евреи, а подоцна и Македонци.

Превладувањето на чифлигарските односи ја зголемило феудалната експлоатација, бидејќи селаните требало да работат и за спахијата и за чифликсајбијата. За овој период карактеристично е што ангаријата, т.е. работната рента се

засилила и се повеќе ги притискала селаните. Запуштените земји ги приграбувале локалните феудалци или војници, кои најчесто доаѓале од краиштата од кои Османската империја се повлекла, и ги претворувале во свои чифлизи. Кризата на тимаро-спахискиот систем постепено се претворувала во феудална анархија, а од ситни тимари се поминувало на крупни чифлизи. Последица од навлегувањето на стоковно-паричното стопанство не било само разложувањето на земјишниот систем, туку тоа довело и до прегрупирање во општествените слоеви, т. е. до поголема диференцијација помеѓу селаните од една страна и крупните земјопоседници, сточари, лихвари и трговци, од друга страна. Основа на богатството дотогаш била големината на земјата што се поседувала, а во XVIII век, покрај земјата, и количеството на парите. Во феудалната класа се повеќе навлегувале нови елементи од различно социјално и народносно потекло. Тоа довело до спротивности во самата феудална класа, меѓу старите претставници на тимарскиот систем и новите елементи.

Додека од една страна, феудалната класа како целина осиромашувала и ослабувала, од друга страна, дошло до едновремено богатење и јакнење на одделни локални феудалци. Некои од нив толку се осилиле, што издржувале своја сопствена војска, воделе независна, па дури и спротивна политика од централната и јавно се одметнувале. Централната власт понекогаш морала да се мири со овие силници и спрема нив постапувала како спрема свои вазали, а понекогаш со нив водела вистински војни. Така, во XVIII век на територијата на Македонија, покрај класната борба, што ја воделе селаните против феудалната класа како целина се водела и борба внатре во феудалната класа, и тоа меѓу одделни феудалци и централната власт или помеѓу самите феудалци. Во северозападниот дел на Македонија, во Охридско, Дебарско и Скопско, владеел полунезависниот феудалец Махмуд-паша Бушатлија. Венецијанскиот конзул во Драч, во 1772 година за него пишувал дека станал многу силен, дека неговата власт се простирала дури до Битола и дека загосподарил со тврдините на Охрид и Елбасан. Друг голем феудалец бил Али-паша Тепелен (Јанински), кој, меѓу другото, ги држел југозападните краишта на Македонија.

Околу Дојран и во 14 други кази биле распрснати имотите на земјопоседничката фамилија на Абдил-ага Шабандероглу. Абдил-ага прибирал јаничарски одметници, Албанци и други дезертери и од нив создал своја вооружена сила. Во 1769 година Абдил-ага водел борба со јуручкиот бег Хасан кој бил на страната на султанот и го победил него. Потоа ги победил и петричките, мелничките и демир-

хисарските феудални господари и ги присвоил нивните поседи. Централната власт, успеала да го ликвидира дури во 1779 година.

Во серската област се укрепила фамилијата на Али-бег и Исмаил-бег. Власта на оваа фамилија се крепела на 6.000 заврбувани Албанци. Во Скопско, Тетовско, Гостиварско, и Кичевско се издигнале „тетовските паши", а во Охридско Џеладин-бег. Сите овие феудалци биле окружени со Албанци — платеници и го тероризирале населението.

3. *Дејствување на арамиски и крџалиски банди*

Насекаде низ Македонија во XVIII век крстосувале многубројни арамиски чети, кои се поврзувале со феудалците, закупците на даноци, чифликсајбиите и со други сопственици на крупни поседи. Овие чети броеле од 400 — 500 луѓе, составени од Албанци и Турци. Во 1709 година закупецот на данокот во Прилеп Кади-Заде Мустафа се здружил со арамиите и преку нив вршел притисок за да го наплати данокот и ги напаѓал селаните. Во 1711 година околу 1000 арамии од Мат, со поддршка на охридскиот мутеселим, го нападнале градот Битола неколку пати. Во 1712 година арамиските банди се заканувале дека ќе ги разрушат градовите Ениџе-Вардар и Аврет-Хисар. Нападите на албанските арамии достигнале врвна точка во 1715 година, кога ги ограбиле селата околу Прилеп и Велес. Во 1779 година самиот румелиски беглербег тргнал против дружината на Суљо Старова, а во 1780 година една албанска разбојничка банда ги опљачкала црковните предмети и добитокот на манастирот Слепче. Една од последиците на овие арамиски напади било тоа што многу селани, особено од западна Македонија, за да си ги спасат своите животи и добитокот, ги напуштале своите села и се раселувале, а на нивно место почнале да доаѓаат Албанци. Масовното доселување на Албанците датира од времето на повлекувањето на австриските војски од Македонија во 1699 година, а особено силна албанска миграција имало низ целиот XVIII век. Доаѓајќи во арамиски банди, некои Албанци се населувале во западна Македонија. Овие банди често насилно изгонувале цели македонски села и основале свои. Затоа повеќето албански села во Западна Македонија датираат од овој период.

За анархичната положба во земјата придонесувале и мартолозите. Тие биле многу добро платени лица, кои во дружини од 20 — 100 луѓе ги обиколувале селата, барајќи ги ајдутите. Селаните плаќале огромни суми за издршка на мартолозите. Во февруари 1709 година било наложено битолските села да дадат 7.450 акчи за плати на мартоло-

зите. Тие села, во тој период, требало да платат уште 1.192 гроша за плати на друга мартолошка чета. Мартолозите, наместо да го чуваат редот и безбедноста, уште повеќе правеле неред со тоа што, под изговор дека ги гонат ајдутите, ги обиколувале селата, кадешто бесплатно земале храна, ја газеле летнината, барале пари и правеле разни зулуми, така што некои жители бегале од селото штом ќе разбереле дека доаѓаат мартолозите. Во првата половина на XVIII век, турските власти цели 15 години не можеле да го ликвидираат мартолозбашијата Хибетулах, кој околу 1702 година се одметнал со цела дружина и вршел напади во Леринско, Битолско, Костурско и Воденско. Со дружината, составена од 200 бивши мартолози, тој по селата со сила собирал „мартолоз-акчеси". Неговата дружина неколку пати водела тешки борби со турските регуларни војски доведени од Тирана и Мат. Најжестока борба водел во јули 1708 година, кога му загинале 67 души, а тој ранет избегал. По оваа борба, турските власти попуштиле и му понудиле пак да стане мартолозбашија. Тој се согласил и со неговата дружина, која пак нараснала на над 200 лица, ја вршел мартолошката служба во Леринско, Костурско, Островско, Воденско, Битолско и Прилепско. Бидејќи турските власти не му верувале, во 1710 година му било наредено да оди во воен поход, но без својата дружина, сакајќи на тој начин да го отстранат. Но тој тоа го одбил и пак се одметнал. Тогаш за борба против Хибетулах биле доведени 1.500 Албанци со 500 коњи. Околу 1712 година тој загинал, но неговата дружина продолжила да се бори уште цели 8 години. На чело на неговата дружина прво дошол Кара-Али, а потоа Паша Ахмед.

Поради тоа што потолемиот број мартолози биле Албанци и бидејќи биле несигурен елемент, од средината на XVIII век турските власти наредувале од мартолошка, па дури и од дервенциска служба да се отпуштат сите Албанци и христијани и на нивно место да се постават доверливи муслимани. Се упатувале многубројни наредби до локалните власти, во кои им се наредувало да постават доверливи луѓе на сите премини и да не им дозволуваат на Албанците да поминуваат од Албанија во Македонија. Меѓутоа, локалните власти или не ги спроведувале овие наредби, или ги спроведувале делумно, така што положбата си останувала скоро неизменета.

Во текот на војната меѓу Османската империја, од една страна, и Австрија и Русија, од друга, која траела од 1787 до 1792 година, во Македонија се појавиле крџалиите. Во документите тие се споменуваат и под името „даглии" или „дагли ешкијаси". Тие имале свои засолништа во Родопите, Шар Планина, Скопска Црна Гора и во Дебарско, но најмногу ги имало во планините Пљачковица и Огражден.

Како крцалиски водачи се споменуваат Кара Фејзо, Дертли Мехмед, Ахмедчик Иса Оглу, Хаџи Муса Оглу Синан и други. Биле организирани во дружини, кои броеле и до 2.000 луѓе. Дружините им биле добро вооружени и составени од селани, дезертирани војници и лица од разни вери и националности. Меѓу нив имало и жени. Бидејќи биле на коњи, дружините им биле многу подвижни. Ненадејно се појавувале, ги напаѓале градовите и ги ограбувале. Ги ограбувале и христијаните и муслиманите. Како последица од крцалиските напади, цели краишта биле опустошени. За дејноста на крцалиите, во еден ферман од 1795 година, самиот султан го вели следново: „Села, градови и цели краишта во мојата империја се опустошија и останаа без луѓе, земјоделските работи, поминокот и трговијата се запрени, поради што на императорската хазна и е нанесена чувствителна загуба. Бидејќи државните закони не се почитуваат, како во империјата да настанала полна анархија. Не е чудно ако еден ден, од пакостите на тие банди, запрат најважните државни дела во Империјата, поради што не ќе можат да се исполнуваат дури и најглавните функции на власта". Повеќе од една деценија султанската војска не можела да излезе накрај со овие бунтовници.

4. Засилување на ајдутството

Анархичната положба што настанала поради засилувањето на меѓусебните борби на крупните феудалци, пустошењето на арамиските и крцалиските банди, најсилно го погодиле христијанското население во Македонија. Во овој период доаѓа и до се поголема социјална диференцијација помеѓу муслиманите и христијаните воопшто, така што под името раја, кое дотогаш било употребувано за целото експлоатирано население во Империјата, започнало да се подразбира само христијанското население. Излез од таквата положба и во XVIII век најчесто се барал во бегање в гора и стапување во ајдутските дружини. Меѓу повидните ајдути од овој период биле: Чавдар од Хрупиште, Шарко од Костурско и други. На удар на ајдутските напади и сега биле пред се феудалните поседи, имашливите лица, без разлика на вера и народност, собирачите на даноци и трговските карвани.

Поради финансиската криза, турските власти расходите за гонење и ликвидирање на ајдутите се повеќе ги префрлувале врз населението. Така, во 1705 година селата од Битолската каза биле оптоварени со 103.800 акчи, наменети само за расходи во врска со гонењето на ајдутите во нивниот крај. Во тоа време ова било огромна сума. Во октомври 1715 година тие села требало да дадат само за

шест месеци 72.000 акчи, пак како расходи наменети за гонење на ајдутите. Истата сума требало да се даде и во 1716 година.

Поради се поголемиот финансиски притисок, рајата осиромашувала. Така, со една бујурулдија од април 1707 година се вели: „селани од Мариовско откажуваат да платат џизие, изговарајќи се дека за тоа немаат материјална можност". Карактеристично е што овие селани биле бивши ајдути. Во друг еден документ од април 1712 година се вели: „За две години од рајата на селото Брусник да не се бараат никакви пари и давачки, бидејќи положбата им е мачна". Во мај 1714 година на жителите од Битолската каза „им се намалуваат 1.000 гроша од бедели сурсат, бидејќи страдале од ајдутите и годината не била родна".

На повидните ајдути што имале поголеми дружини и кои не можеле лесно да бидат ликвидирани, турските власти им предлагале со целата дружина да станат мартолози со месечна плата. По некојпат самите ајдути барале да бидат поставени за мартолози, бидејќи им се здодевал тешкиот и опасен ајдутски живот. Така, во јули 1707 година една ајдутска дружина од Мариово барала да биде поставена на мартолошка служба. Сепак, повеќето ајдути на кои им здодеал ајдутскиот живот не барале да станат мартолози, туку барале прошка од турските власти и тогаш станувале како и порано обични селани. Но и тие често не мирувале, туку пак се одметнувале в планина. Турските власти дури и по неколку пати им простувале на некои повидни ајдути или цели дружини. Така, во еден ферман од април 1705 година се вели: „Ајдутите кои порано се покајаа пак се одметнаа. Се наредува со мартолози да се гонат, но ако сакаат пак да се раскајат, пак да им се простат животите". Во друг ферман од 1709 година се вели: „Ајдутите кои с покајаа и беа разоружани, па како мирни селани се занимаваа со земјоделство, пак се одметнаа в планина. Се наредува да се гонат, но ако пак се покајат и се обврзат да го плаќаат џизието и другите даноци и ако бидат мирни, пак да им се прости".

Поради дејството на ајдутите, земјоделството, трговијата и целото стопанство трпело големи штети. Така, во август 1712 година, назирот на солунската барутана се жалел дека поради дејството на ајдутите барутаната не била редовно снабдувана со шалитра за печење на барут.

Ајдутите често се впуштале и во поголеми борби со турските власти. Во август 1762 година, островскиот кадија соопштил дека една поголема ајдутска дружина влегла тајно во село Брешор (Воденско), кога имало панаѓур. Меѓутоа, ајдутите биле откриени и започнале неколкучасовна борба, во која двајца ајдути загинале, а двајца биле фатени. Жестоките казни биле вообичаено средство на турските власти против ајдутите. Најповеќе биле осудувани на долгогодишна

робијашка работа како веслачи или во бродоградилиштето во Истанбул. Во XVIII век бродоградилиштето во Истанбул се снабдувало со работна рака главно од осудени ајдути. Така, со една заповед од 1775 година се наредувало фатените ајдути кои не се за смртна казна веднаш да се испратат на работа во бродоградилиштето.

Но и во XVIII век биле во примена тешки смртни казни врз ајдутите. Така, во март 1714 година бил осуден на смрт прочуениот ајдутин Миле од Битолско, кој со својата дружина ги напаѓал мензилите. Не биле исклучени и тешки физички казни. Во една пресуда од февруари 1709 година се вели: „ајдутите Петко и Богоја се осудуваат да им се исече десната рака и левата нога". Во март 1714 година бил осуден ајдутинот Никола, син на Себран, да му се исече десната рака и левата нога. Но и покрај овие жестокости, ајдутството продолжило во целиот XVIII век.

5. *Промени во етничката структура и економско засилување на градовите*

Излезот од неподносливата социјална положба македонскиот селанец често го барал во напуштањето на родниот дом и бегањето во најблиските градски центри. Градот давал релативно подобри услови за лична и имотна безбедност, а и изгледи за посигурна и поголема заработувачка. Поради тоа, навлегувањето на македонското селско население во градовите, што започнало уште од средината на претходниот, XVII век, било особено карактеристична појава низ целиот XVIII век. Од друга страна, турското и еврејското население, кое живеело во градовите, од многубројните војни, пожари, чуми и епидемии се проретчувало и му отстапувало место на македонското население, кое доаѓало од селата, кадешто епидемиите биле поретки. Чумата и другите епидемии се шириле главно во градовите, бидејќи населението било концентрирано, а хигиената недоволна. Особено била страшна чумата во Скопје и Битола во 1740 година, од која дневно умирале по 5—6 лица, и во 1741-42 година, кога во Солун на ден умирале по 300, а понекогаш и по 500 лица, главно Турци и Евреи.

Засиленият прилив на христијанското селско население водел кон натамошно менување на етничката структура на градовите во правец на нивното „македонизирање." Од друга страна, тој процес на движењето на населението во правецот село-град го имал за последица развојот на градското стопанство, во прв ред на занаетчиството и трговијата. Така, од средината на XVIII век се зголемил обемот на занаетчиското производство. Занаетчијата до голема степен се ослободил од ситните индивидуални порачки на селаните и граѓаните и почнал да работи сериска стока, за непознат

купувач, за продавање во сите краишта на Османската империја. До средината на XVIII век раководството на еснафите го имале Турците, Грците и Евреите, а потоа се повеќе поминувало во рацете на Македонците.

Македонските трговци од Охрид одржувале добри врски со Драч, а преку него и со други италијански градови. Трговците од Костур низ целиот XVIII век одржувале живи врски со Венеција и Австрија. Серските трговци тргувале со суров памук, со Франција и Австрија. Се издигнале македонски трговски куќи од Солун, Костур, Банско, Сер, Воден, Охрид и други македонски градови, а од 60-тите години на XVIII век овие куќи имале трговски врски и свои кантории во Букурешт, Темишвар, Будимпешта, Виена, Ливорно, Венеција, Одеса, Москва итн. Овие врски на македонските трговци се повеќе економски го зајакнувале македонскиот град и македонските трговски куќи, од кои постепено ќе се развие општествен слој што сé повеќе ќе ја зема трговијата во свои раце, потиснувајќи ги немакедонските трговци и кој во времето на македонската преродба ќе одигра важна општествено-политичка и културна улога.

Посебен поттик за развитокот на градското стопанство дале Власите. Под притисок на луѓето на Али-паша Јанински, кои во 1769 година го запалиле влашкиот град Москополе, се почувствувал силен прилив на Власи во различни македонски градови, а особено во Крушево и Битола. Тие тука развиле интензивна занаетчиска и трговска дејност.

6.

Укинување на Охридската архиепископија

Окуражена од се позасиленото влијание на фанариотската партија, Цариградската патријаршија почнала се почесто да се меша во работите на Охридската архиепископија и ѝ нанесувала удари преку разни интриги кај Високата Порта. Претставувајќи ја Охридската архиепископија како орудие на Австрија и на Рим, со помошта на фанариотската партија, таа почнала да ги сменува митрополитите со свои приврзаници. Така, во мај 1763 година цариградскиот патријарх Јоаникиј III Караца се обидел на охридскиот престол да доведе свој човек, јеромонахот Ананија, но тоа требало да биде изведено по сите канонични прописи. Фанариотите и гркофилите-колонисти, од Охридската диецеза што живееле во Цариград, некои епархиски архиереи на Охридската архиепископија и некои првенци од разни епархии поднесле молба до патријархот на упразнетиот охридски престол да се назначи Ананија, бидејќи бил способен да ги уреди финансиските тешкотии на Архиепископијата. Откако бил добиен султански берат за Ананија, патријархот Јоанакиј III организирал формален избор на Ананија. За да изгледа

канонично, изборот не го вршел патријархискиот синод, туку затечените архиереи на Охридската архиепископија во Цариград, наводно затоа што Охридската архиепископија била автономна. Кандидат бил само Ананија, иако по обичај требало да има најмалку тројца кандидати. Меѓутоа, Ананија не бил примен во Охрид и Охридската архиепископија не го признавала неговиот избор, туку за свој архиепископ го избрала пелагониискиот митрополит Арсениј, по потекло Македонец. Изгонувањето на Ананија и изборот на Арсенија бил последен успех на автохтоната партија.

Цариградската патријаршија, со помош на турските власти и своите приврзаници меѓу високото свештенство од Охридската архиепископија, со поткупи и интриги, откинувала дел по дел од Охридската архиепископија, нанесувајќи и на тој начин финансиски тешкотии и постепено ја стеснувала територијата што се наоѓала под јурисдикција на Охридската архиепископија и на крајот, охридскиот архиепископ Арсениј на 16 јануари 1767 година бил принуден да поднесе „доброволна" оставка, да ја признае Цариградската патријаршија и да побара укинување на Охридската архиепископија.

Со помошта на влијателни Турци и Грци, Цариградскиот патријарх Самуил издејствувал и султанско ираде, со кое се укинува Охридската архиепископија, а нејзините епархии се присоединуваат кон Цариградската патријаршија. Со султанското ираде биле забранети секакви жалби против укинувањето на Охридската архиепископија. По таков начин, Охрид кој бил цели осум века еден од црковните центри на Балканскиот Полуостров, бил лишен дури и од епископската катедра, што ја добил уште од првите векови на христијанството, бидејќи веднаш по укинувањето на Архиепископијата била укината и Охридската епархија, а градот Охрид му бил потчинет на драчкиот митрополит. Со цел да се збрише секаков спомен за некогашната автокефална црква, Патријаршијата го изменила дури и словенското име на градот Охрид со античкото име Лихнидос. По десетина години, поддржуван од народот, преспанскиот владика Исаија започнал агитација против Цариградската патријаршија, но тој обид останал безуспешен.

Добивајќи ги територииите на укинатата Пеќска патријаршија и на Охридската архиепископија под своја јурисдикција, Цариградската патријаршија започнала да ги заменува месните епископи со свои штитеници, да го засилува ширењето на грчкиот јазик и култура во Македонија и да воведува нови црковни такси и давачки. И покрај тоа, Охрид го чувал споменот за Охридската архиепископија, а кон средината на XIX век неговите граѓани како и граѓаните на другите македонски градови ќе поведат борба за нејзиното возобновување.

ГЛАВА VI

КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ ВО XV — XVIII ВЕК

1. Литература

Турско-османлиското завладување имало силен одраз врз културниот живот на македонскиот народ. Во новосоздадените услови бил попречен нормалниот развиток на литературното, просветното и уметничкото поле. Скоро единствени културни средишта останале манастирите, кои материјално биле релативно добро осигурени и далеку од секаква градска врева и војнички патишта. Располагајќи со приличен број фондови од словенски ракописи, манастирите ја продолжиле традицијата на препишувањето и размножувањето на богослужбените, филозофско-поучните и црковно-практичните списи. Такви на прво место биле Лесновскиот манастир во Кратовско, Матејче и Св. Прохор Пчински во Кумановско, Слепче во Демирхисарско, Трескавец во Прилепско, Пречиста во Кичевско, Јован Бигорски во Дебарско, Полошкиот манастир во Тиквешко и др. Силен поттик доаѓал од светогорските манастири, каде што за сето време на турско-османлиската власт се пазел и се слушал словенскиот збор во Хилендар, Зограф и Пантелејмон и кадешто доаѓале и световни лица од сите православни земји, особено од Македонија, на чиј терен се наоѓале овие манастири.

Претежен број од споменици на писменоста од ова време составуваат манастирските поменици, манастирските кодики, во кои биле запишувани имињата и видовите на подароците на сите посетители на манастирите.

Кон крајот на XVI и особено во XVII и XVIII век, (понекаде и во почетокот на XIX век) во Македонија настанува период на преведување зборници со различна содржина што се наречени „дамаскини". Името „дамаскин" доаѓа од името на грчкиот писател од XVI век Дамаскин Студит (умрел во 1577), кој работел подолго време во Солун и играл значајна улога во црковната организација. Покрај други дела, овој грчки писател напишал и еден зборник од беседи — „Тезаурос", во словенски превод „Сокровиште". Важноста на ова дело е во тоа што е напишано на народниот грчки јазик. По угледот на Дамаскин Студит, во преводите на неговата книга на словенски јазик почнале да проникнуваат црти од говорниот јазик во Македонија. Преводи од ова

дело на Дамаскин Студит во Македонија има откај последната четвртина на XVI век, а нивни автор е Пелагонискиот и Прилепскиот епископ Григорија. Карактеристично е тоа што во делото на Дамаскин Студит има текстови со чисто белетристичка содржина. Во текот на времето кај Македонците и кај Бугарите називот „дамаскин" се протегал и на други слични зборници кои дури и не морале да имаат Дамаскинови состави.

И во овој период настанале неколку значајни споменици на словенската писменост во Македонија: Климентовата грамота, Слепченскиот писмовник, Македонскиот дамаскин од XVI век, Тиквешкиот зборник од XVI до XVII век, Трескавечкиот кодик од XVII до XVIII век.

При се што условите во ова време биле многу тешки за мирно творештво, сепак интерес кон книгата постоел. Многуте записи на ракописните книги, за препишување, подврзување, подарување и слободно продавање говорат за тоа дека книгата се барала, се ценела, иако не толку масовно, а повеќе за потребите на црквата. Затоа и сета литература од овој период продолжувала да го има карактерот, содржината и погледите на оние верски установи и црковни луѓе сред кои таа настанала. Таа била пишувана на рака, бидејќи само грчките црковни власти успеале да отворат две печатници со грчки букви во Македонија: една во манастирот Св. Наум, во 1710 година, а друга во Света Гора, во втората половина на XVIII век. И двете печателе требници и други верски книги само на грчки јазик.

2. Просвета

Манастирите им дале засолниште и на првите македонски училишта во кои се приготвувале луѓе за свештеници. Меѓутоа, во XVII, а особено во XVIII век, калуѓерите од манастирите во својство на таксиодоти почнале по метосите во македонските градови да отвораат градски училишта, пак во близина на градските цркви, обично учејќи помал број градски деца на писменост. На овој начин од обично тешко пристапните манастири просветата се доближила до поширојните маси во градовите и селата. Преку овие такаречени ќелијни училишта ќе се создаваат услови за премин кон градски училишта од посовремен тип. Вакви училишта во XVII и XVIII век имало во Велес, Скопје, Прилеп и други македонски градови, особено во Велес, каде што се запазиле и имињата на учителите и занаетчиите кои од 1740 година ја давале издршката за неколку ќелијни училишта во градот.

Паралелно со отворањето на ќелијните училишта на словенски јазик, по градовите никнувале и грчки училишта што биле отворани и материјално издржувани од грчките митрополити, владици и од преселените влашки трговци. Овие училишта влијаеле во прилична мера за модернизирање на примитивните ќелијни верски училишта. Бидејќи овие грчки училишта материјално биле во подобра положба, зашто биле потпомагани од Цариградската патријаршија која добила за тоа и официјално одобрение од султанот Селим III и од митрополитите што и биле нејзе потчинети, мрежата на грчките училишта се ширела особено многу во јужните краишта на Македонија. Така, на пример, од средината на XVIII век имало веќе грчко училиште во Охрид, седиште на Архиепископијата. Во 1753 година, Евгениј Вулгарис отворил во Света Гора академија, каде што, покрај теологија, предавал филозофија, математика и физика, а другите преподаватели — други предмети. Иако работела само пет години, академијата успеала да оспособи околу 150 ученици од разни краишта. Со своето реноме таа успеала да го привлече и Доситеј Обрадовиќ.

3. Уметност

За разлика од монументалните градби на царските задужбини од периодот пред потпаѓањето на Македонија под турско-османлиската власт, црквите изградени во овој период имаат значително поскромни димензии. Тоа се главно еднокорабни градби од кршен камен, со полукружни сводови, со мали прозорци во форма на пушкарници, а поретко градби од типот на стеснет крст, со пиластри, а уште поретко со куполи над пиластрите.

Отпрвин турските власти покажувале извесна толерантност кон настојувањата за **ѕидање на црковни објекти,** но таа толерантност се однесувала само на селата, како што покажува случајот со црквата Св. Вознесение во селото Лескоец — Охридско, градена во 1426 година со скромни средства на ктиторите Тоде и Булка. Во градовите ниту за една црква со сигурност не може да се каже дека била подигната на нови темели и на место на кое порано не постоел објект. Ова е наполно во склад со констатацијата изразена во еден подоцнежен документ, односно во заповедта од 30 септември 1613 година, во која покрај другото се вели: „ . . . соопштено е дека неверниците што живеат во споменатиот санџак (се однесува на охридскиот) изградиле и подигнале подоцна некои цркви по селата во кои живеат и дека со тоа вршат престапи. Во врска со тоа сум издал заповед ваквите подоцна изградени цркви да се ликвиди-

раат". Во продолжение се наредува да се урнат црквите до колку тие не се изградени на местото на употребуваните и разурнати цркви од пред турско-османлиското освојување.

Во еден запис од 1535 година се вели дека Турците „расипаше цркве у Скопје". Секако овој запис се однесува на некоја акција на турските власти за уривање на новоизградените цркви, за кои не можело да се пронајде доста убедлив изговор, дека се ѕидани врз темели на постари цркви или дека се реконструкција на стари цркви. Во архиепископскиот град Охрид, според досегашните познавања, во текот на XV и XVI век не била подигната ниту една црква, додека често се поправале старите или се реконструирале врз постари темели веќе разурнатите.

Но и покрај забраните и акциите за уривање на новоизградените цркви, во селата не се прекинува континуитетот на градењето цркви. Освен во Лескоец, во Охридско, изградени се цркви и во селата: Лешани, во 1452 година, Годивје, во втората половина на XV век, Елшани, Горни Косел и Велестово. Над селото Сливница (Преспа) во 1607 година граѓанинот Михаило Петков од Битола гради голема црква како помен на неговиот син Купен, кој умрел во 1599 година. Со средствата на кратовскиот закупник на рудниците Димитрие Пепиќ, во 1537 година е обновена црквата Св. Никола Топлички кај селото Жван — Битолско, а неколку години подоцна, веројатно пак со средствата на истиот закупник, е обновена црквата на Слепченскиот манастир посветена на Св. Јован Претеча. Во близината на овој манастир е подигната и малата црква посветена на Св. Јован Богослов (пред 1617 година), а неколку години подоцна, односно во 1624 година, е изградена и црквата која е денес позната кај населението под називот „латинска црква". Во Демирхисарско се изградени и други цркви меѓу кои посебно место зазема манастирската црква посветена на Св. Атанасиј Александриски во с. Журче (во 1617 и 1622 година).

Во планинските краишта, на места оддалечени од главните патишта, никнуваат помали или поголеми цркви како што е таа во Карпинскиот манастир — Кумановско, црквата во с. Трново, градена во 1505 година, црквата Св. Ѓорѓи во с. Бањани од 1549 година, таа во с. Дивле од 1604 година, црквата на манастирот Архангел над с. Кучевиште од XVI век, како и црквата Св. Спас во Скопје, секако само проширена при крајот на XVI или во почетокот на XVII век. Поменикот на манастирот Матка дава податоци за поправката на манастирската црква, која во 1497 година се нашла запуштена, та благородничката Милица дала средства за нејзината поправка. Меѓу црквите за кои може да се смета дека се изградени или обновени во периодот на турската власт спаѓаат и: Успение Богородично, во близината на Зле-

тово, позната под името Пирог, помалата црква на манастирот Јоаким Осоговски, посветена на Св. Богородица, црквата Св. Никола во с. Крупиште, според натписот изградена во 1625 година, и две години подоцна живописана; црквата Св. Ѓорѓи во Злетово од крајот на XVI век, црквата Св. Ѓорѓи и Св. Петка во Младо Нагоричане. Во 1505 година е подигната и живописната црква Св. Никола во с. Трново (Кривопаланечко).

Секако на постарите темели или на стари култни места во овој период биле подигнати и неколку цркви во Костур, како Св. Андреја, XV век, Св. Никола, XV — XVII век, Св. Ѓорѓи во 1547 година, и Св. Јован Теолог во 1552 година и др.

Во средината на XVIII век била изградена манастирската црква во Бигорскиот манастир, на која се чувствува влијанието на турската архитектура. По својата архитектурна форма повеќе цркви се вклопуваат во веќе споменатите типови. Градењето е единствено, а фасадите ретко се расчленети со по некоја ниша. Исто така ретко се среќава керамопластична декорација. Се настојува на црковните згради да им се даде форма на обична селска куќа која со својот изглед не ќе се разликува од другите куќи во селата каде што се изградени.

Единствена декорација во овие цркви честопати е само фреско-живописот изведен по ѕидовите на внатрешноста и иконите поставени на дрвените иконостаси.

Со воспоставувањето на турско-османлиската власт не се прекинува континуитетот ни во **фреско-сликарството и иконописот.** Навистина, отстапувајќи пред надирањето на Турците — Османлии, некои од позначајните сликари ја напуштиле земјата барајќи работа и закрила во сè уште слободните балкански земји. Но еден поголем број зографи останал, прилагодувајќи се постепено кон новите услови. Зографите му остануваат верни на стариот начин на сликање, но во нивните дела се гледа како постепено креативноста намалува, му отстапува место на имитацијата и копирањето на делата на зографите од претходните епохи. Смалениот простор за сликање и ниската цена што биле во состојба да ја платат осиромашените ктитори го оневозможувале дури и поумешното копирање. Поголемите сликарски тајфи, во кои се уште постои определено ниво на обука, постепено се осипувале. Се намалувал бројот на сликарите, калфите и чираците во тајфите, за на крајот да се сведе на еден мајстор, со еден помошник или без него. Радиусот на движењето на овие преостанати тајфи, поради различни причини, во прв ред поради намалената побарувачка, од ден на ден се намалувал, така што на крајот се сведувал на мал локален терен, каде што зографот, не можејќи да се издржува од својот занает, се врзувал и за некое парче земја и сл.

Сликарството во Македонија во овој период се развивало во неколку центри, меѓу кои позначајни се: центарот Охрид, во кој е и седиштето на архиепископијата, центарот околу манастирите Трескавец и Зрзе (Прилепско), центарот Слепче со црквите и манастирите во Демирхисарско, центарот Лесново, околу манастирот Св. Гаврило Лесновски, манастирите во Штипско, Кратовско и Кумановско, како и центарот во Скопска Црна Гора.

Во охридскиот центар, во првите години по доаѓањето на Турците-Османлии, е изведен живописот на црквата Св. Вознесение во село Лескоец. Недостатната светлост во внатрешноста на еднокорабната црква и оскудните површини за сликање влијаеле врз квалитетот на сликарството на непознатиот зограф. Неговиот цртеж ги има одликите на сликарството од претходната епоха, но неговата палета е значително посиромашна. Инвентивно ги решава композициите со повеќе фигури, како што е на пример композицијата „Тајна вечера". Непознатиот зограф внесува еден карактеристичен елемент, локален — рибата пастрмка во големата чинија пред Христа ја слика со црвени дамки. Судејќи по портретите на ктиторите Тоде и Булка, непознатиот зограф се претставува како еден од подобрите локални зографи, кој останал во Охрид намирувајќи ги потребите на ретките нарачувачи. Неколку години подоцна, во 1452 година, е изведен живописот во црквата Си Свети во село Лешани (Охридско). Она што го прави интересен овој живопис е, секако, необичната палета на непознатиот зограф, во која превладува често белата боја. Неговиот цртеж не е секогаш достатно прецизен, а на места е и многу тврд, но сепак покажува рака на вешт сликар школуван врз сликарската традиција од претходната епоха.

Ако се суди по датумот на сликањето — 1477 година, живописот во црквата Св. Константин и Елена во Охрид може да се смета за еден од најраните живописи изведени во овој град, од времето на турско-османлиската власт. Непознатиот зограф на овој живопис поседувал неоспорни знаења, но изворот на неговото знаење лежел во старите охридски цркви, од кадешто напросто копирал комплетни композиции. Покрај фреско тој работел и икони. Една негова икона со композицијата „Воведение Богородичино во Храм", претставува копија на икона од соседната црква со иста тема, чиј автор е еден од најпознатите средновековни сликари — Михаило. Но и покрај јасната тенденција кон копирање, за неговите сликарски можности најречито зборуваат портретите на ктиторот Партенија и неговата фамилија.

Приближно во исто време настанал и живописот во црквата во с. Годивје — Охридско. Меѓутоа, зографот од Годивје се покажува послаб, како во цртежот така и во композиционите решенија. Изокефалијата на неговите фигури е една од основните карактеристики на неговиот

цртеж. Колоритот го сочинуваат придушени тонови на окер и темно сина боја.

Меѓу сликарите за кои може да се каже дека по своите сликарски квалитети се најблиски до творците од минатата епоха, е секако сликарот на живописот во пештерната црква Св. Богородица Пештанска. Солидниот цртеж што ги обликува вешто формите, богатиот колорит во кој превладуваат полутонови ги навело повеќе автори да го датираат во XIV век. Меѓутоа, расцутот на анахоретскиот живот на бреговите на Охридското Езеро, паѓа во периодот на XV век, кога е насликан живописот на повеќе пештерни цркви.

На бреговите на Охридското Езеро, по пештерните цркви — Св. Атанасиј во село Калишта, црквата над селото Радожда, како и во Св. Богородица во манастирот Калишта во XV век — од различни, за нас се уште непознати, зографи бил изведен фреско-живопис.

За разлика од XV век, активноста на зографите во периодот на XVI век значително се зголемува. Во архиепископскиот град Охрид во тој период е изведен живописот во обновената и проширената црква посветена на Св. Богородица Болничка. Во оваа црква работеле најмалку двајца зографи. Еден од нив, на ѕидот од ширината на јужната врата, извел со црвена боја кроки на ангел во лет и го потпишал своето име Неле. Живописот во оваа црква не донесува никакви новости, ниту во колоритот ниту во композиционите решенија.

Во овој период, од раката на друг зограф е изведен живописот на западната фасада на црквата Св. Богородица Перивлептос во Охрид. Според еден врежан запис на овие фрески испаѓа дека живописот настанал пред 1597 година. Сликарот на овој живопис ни се претставува со педантно изведен цртеж, но неговиот колорит покажува сиромашна палета. Композициите се поставени во рамови, кои често имаат различни форми.

Секако во првата половина на XVI век, од јужната страна на црквата Св. Никола Болнички бил изграден параклис, од кој денес останал само источниот ѕид. Останале и два фрагмента од живописот на северниот ѕид од параклисот (јужниот ѕид на црквата Св. Никола). Живиот колорит и прецизниот цртеж што ги обликува вешто формите укажува на солиден сликар, кој со љубов ги слика минијатурните композиции во овој параклис.

Во почетокот на XVII век, односно во 1607 година, е изведен живописот во црквата Св. Богородица во Сливничкиот манастир над с. Сливница — Преспа. Ктиторот Михаило Петков од Битола, секако позаможен битолски граѓанин, успеал да добие сликари што се во состојба да го насликаат портретот на неговиот умрен син Купен во олтарниот простор на црквата. Судејќи по овој портрет, може да

се каже дека непознатите зографи на овој живопис спаѓаат меѓу најдобрите од периодот на XVII век. Тие во прв ред, добро ја познавале техниката на фреско-живописот, што се констатира по се уште сочуваниот интензитет на боите. Во оваа црква работеле повеќе зографи, и тоа во различни временски периоди. Така, во нартексот на црквата живописот е изведен во 1612 година, а на западната фасада од нартексот — во 1645 година.

Покрај фреско-живописот во охридскиот сликарски центар, наоѓаме и мноштво икони работени главно од непознати зографи, од периодот по доаѓањето на Турците — Османлии до крајот на XVII век. Меѓу најзначајните е, секако, двојната литиска икона, на чија што една страна е насликан Св. Климент, а на другата Св. Наум, и двајцата во допојасни претстави. Иконата се наоѓа во црквата Св. Богородица Перивлептос (Св. Климент) во Охрид. Сликарот на оваа икона неоспорно наполно го има совладано зографскиот занает. Неговиот цртеж е цврст и достатно прецизен. Се служи со убаво изнијансирана палета, чија основна компонента е сликањето лик, близок на световните портрети, зашто Климента и Наума зографот ги сфатил како значајни и видни сограѓани. Сликарството на непознатиот зограф го одразува токму оној континуитет што го наоѓаме во охридските цркви и на охридските икони од последните години на XIV век и првите години на XV.

Меѓу иконите од првите години на XV век е и литиската икона Исус Христос од Народниот музеј во Охрид, дело во кое почнуваат во поголема мера да се одразуваат новите услови во кои се наоѓа сликарството и сликарскиот занает во овој центар.

Од сликарот што го извел живописот на црквата Св. Константин и Елена во Охрид биле насликани царските двери за иконостасот на црквата и една мала икона со невообичаена форма, на која е насликана композицијата Воведение Богородично. Овие дела ги носат сите одлики на времето во кое настанале. Една друга икона на која е насликан Св. Ѓорѓи со житие се поврзува со живописот на црквата Св. Константин и Елена, поточно со живописот на јужниот параклис. Иконата е откриена во црквата Св. Ѓорѓи во Струга, каде што и денеска се наоѓа. Во целина гледано, непознатиот зограф на оваа икона спаѓа во редот на сериозните продолжувачи на сликарството што во охридскиот центар достигнало врвни резултати во крајот на XIII и во XIV век. Стилската анализа овозможува со поголема сигурност да се датира ова дело во втората половина на XV век. На овој период секако му припаѓа и големиот фриз со Деисиз од црквата Св. Никола Болнички, чиј автор исто така останува непознат.

Што се однесува до Царските двери од црквата Св. Богородица од село Ботун — Охридско, тука се работи за



Богородица Пелагонитиса, икона од манастирот Зрзе (Прилепско), изработена од Макарија зографот во 1422 година

сликар кој сосема солидно, би се рекло, изврсно го познава својот занает, особено процесот на поставувањето на заштитниот слој од лак што е рамномерно нанесен во еден тенок филм од бледожолтникава прозрачна маса, толку чист и кристално прозрачен, што е дури тешко да се забележи дека постои.

Насликаното Благовештение по својата композиција се разликува од досега споменатото. Цртежот е мек во моделирањето на лицата, нешто потврд во обликувањето на облеката. Но и покрај тоа, неговите фигури се лесни и вити, особено фигурата на Арх. Гаврил. Ботунскиот зограф се покажува љубител на детали. Така, неговиот престол дава полн впечаток на солидно изработен стол во токарска техника. Уедначениот колорит со благи премини во моделирањето укажува на рафиниран вкус на талентиран зограф кој пишува на словенски. Дверите се датирани во втората половина на XV век и потекнуваат од охридската сликарска работилница.

Од старословенскиот натпис на Царските двери од црквата Св. Ѓорѓи во Охрид се узнава дека, и покрај желбите, осиромашеното население не било во состојба да нарачува поголеми уметнички дела. Така дверите биле направени со средствата на ктиторот Стојан и средствата на црквата, „со свое и со црковно", како што стои во натписот. Стилската анализа покажува дека Царските двери од Св. Ѓорѓи излегле од истата копаничарска и сликарска работилница од која и Царските двери од црквата Св. Пантелејмон во Нерези и Богородица Перивлептос во Охрид.

Цртежот на непознатиот зограф е префинет и колоритот уедначен и богат. Царските двери од споменатите цркви за првпат посигурно укажуваат на една комплетна сликарско-копаничарска работилница, која работи на поширок терен. Дверите се датираат во крајот на XV или во почетокот на XVI век.

Во крајот на XV или почетокот на XVI век во Охрид било изведено уште едно значајно дело кое, по своите високи уметнички вредности, зазема видно место во историјата на иконописот од овој период. Тоа е змискиот крст од црквата Св. Димитрија во Охрид, истовремено најголемиот крст изработен во периодот на турската власт во Македонија. Непознатиот зограф, сликајќи го телото на мртвиот Христос, презентира извонредни сликарски квалитети.

Како резултат на зајакнатата економика на турскиот тимарско-спахиски систем, што овозможил извесно покачување на стандардот и на самата раја, при крајот на XV, а посебно во првата половина на XVI век, значително заживнува активноста на полето на штафелајното сликарство.

Така, во XVI век е датирана иконата Исус Христос од црквата Св. Јован Канео, дело на непознатиот зограф, преку чии цртежи и колорит јасно се открива образецот — поста-

рото сликарство од охридските цркви. На овој зограф, секако, му припаѓаат и иконите на црквата во Струга, и таа од село Враништа (Струшко), со фигурата на Архангел Михаил. Последната наместо златен фон има светло црвен.

Меѓу ретките датирани икони спаѓаат иконите од малата селска црква Св. Вознесение во село Лескоец. На првата е претставен Исус Христос, а на втората Св. Богородица со Христа. И на двете има испишано подолги текстови со годината на сликањето, 1565, и дарителот — некојси Ѓорѓи. Иконите ги покажуваат скромните можности на сликарот, а истовремено зборуваат за започнување на повторен пад на сликарството од втората половина на XVI век.

Исто така мал е бројот на датираните икони од XVII век. Меѓу нив е иконата Св. Теодор Тирон и Теодор Стратилат како јаваат на коњи. Во сочуваниот натпис се споменува дарителот, некојси Ников и годината на сликањето — 1605. Сликарството на непознатиот зограф не донесува никакви иконографски новости. Уште на почетокот на XVII век, овој зограф го навестил она што ќе се случи во сликарството до крајот на XVII век. А во каква положба дошол иконописот во крајот на овој век во охридско-преспанскиот центар најдобро покажува датираната икона, на која е насликан Деисиз од црквата Св. Јован Богослов — Канео во Охрид. Иконата е насликана од задната страна на иконата Исус Христос Спасител, која врз основа на стилската анализа е датирана во втората половина на XVI век. Од сочуваниот натпис произлегува дека Деисизот е насликан во 1674 година, од многу слаб сликар, секако некој самоук, монах на манастирот Св. Јован Богослов — Канео.

Икони со приближно исти вредности, што укажуваат на несопирливиот пад на сликарството, наоѓаме во повеќе цркви од охридскиот центар.

Иако многу поскудни, податоците укажуваат дека континуитетот на сликарството не бил прекинат и во центарот околу познатите манастири Трескавец и Зрзе (Прилепско). Така, уште околу 1431 година, бил изведен живопис над јужната врата во црквата на Трескавечкиот манастир, а кон крајот на XV век непознат зограф го насликал наосот на црквата. Во делата на овие непознати зографи се гледа угледување на постарите творби, особено на оние од XIV век.

Во XV век е изведен и живописот на црквата Св. Богородица во с. Варош (Прилепско), со наполно исти карактеристики. Кон крајот на XVI век, со средствата на дарителот Стојан Хрнчев, била живописана олтарната апсида на црквата во манастирот Трескавец.

Веројатно кон 30 — 40-тите години на XVI век била живописана селската црква во с. Зрзе. Нешто подоцна, во 1625 година, ктиторите поп Димитар од село Варвара,

попадијата Калина, синот Георгија и јерејот Васил даваат средства за живописување на западната фасада на средната црква во манастирот Зрзе. Овој живопис ги има сите одлики на живописот од првите децении на XVII век, нешто почисто е работен, но не донесува никакви ни колоритни ни иконографски новости. Во XVII век била живописана и црквата Св. Никола во с. Градешница. Сепак на еден вака богат со споменици терен се сочувани релативно мал број икони што настанале во периодот на турско-османлиската власт.

Меѓу иконите најстара датирана икона е Св. Богородица Пелагонитиса, чиј дарител е Константин синот Гургичев, а внук Шарланов со фамилијата, сликана во 1422 година од јеромонахот Макариј, зограф од с. Зрзе, кој за првпат се споменува во натписот на црквата Св. Преображение (1400 година).

Иконата Св. Богородица Пелагонитиса претставува значајно дело во нашата средновековна уметност како по техничката изведба така и по извонредното духовито решение, при што на едноставен начин се предадени длабоки внатрешни чувства. Епитетот Пелагонитиса, што го носи Богородица, на оваа икона, е несомнено во врска со називот на рамнината Пелагонија, во чија непосредна близина се наоѓа манастирот Зрзе. Врз основа на стилската анализа на творештвото, на Макарија зографот му ја припишуваме и иконата Св. Богородица Одигитрија, која за Уметничката галерија во Скопје е донесена од Охрид.

Сликарството на Макарија зографот не носи некои посебни сликарски особености што би биле непознати во охридскиот сликарски центар. Во црквата Св. Преображение во с. Зрзе се наоѓа и голем „Чин“ монтиран на иконостасот. Сочуваниот натпис укажува дека како дарител се појавува истото лице Константин Гургичев внук Шарланов. Меѓутоа, цртежот и колоритот на „Чинот“ значително заостануваат зад делото на Макарија зографот и неговиот брат митрополитот Јован зографот. „Чинот“ му го припишуваме на еден од нивните соработници, поточно соработникот на митрополитот Јован зографот — Григориј, кој учествувал во живописувањето на црквата Св. Андреја на реката Треска во 1389 година. Овој „Чин“ би можел да биде насликан нешто подоцна, односно кон 1422 година.

Во овој центар е насликана уште една икона на Св. Богородица со Христа од типот Умиление. Тоа е иконата од црквата Св. Никола во с. Варош (Прилепско), денес во Уметничката галерија во Скопје. Датирана врз основа на стилската анализа во XV век. Нејзиниот автор е непознат.

Во 1535 година, јеромонахот Јован и неговиот син ѓаконот Јове и го подаруваат големиот „Чин“ на црквата Св. Петар и Павел во Зрзе. Зографот не се потпишал. Меѓутоа, компаративниот материјал укажува дека „Чинот“ излегол од

работилницата на зографот Дмитар од село Леуново, кој ја живописал црквата Св. Никола Топлички во Демирхисарско, во 1537 година.

Меѓу точно датираните дела од овој центар е и големиот „змиски“ крст од црквата Св. Ѓорѓи на Полошкиот манастир, на реката Црна, изработен во 1584 година, и цртежот на иконописот од XIV и XV век. Полошкиот крст и неговите придружни икони се секако работени од зографско-копаничарска тајфа која патува. Тие се покажуваат многу блиски до крстовите од Слепченскиот манастир работени од зографите на истата тајфа. Околу 33 години подоцна, за црквата Св. Преображение в с. Зрзе игуменот Доротеј порачал еден „змиски“ крст со придружни икони. Непознатиот зограф на крстот спаѓа меѓу подобрите од почетокот на XVII век. Во 1630 година, во Полошкиот манастир е изработена иконата Св. Димитрија со житие што се наоѓа денес во музејот на градот Прилеп. Зографот на оваа икона останува непознат како и многу други зографи, кои не се потпишувале на своите дела. Дури кон средината на XVII век наоѓаме една сликарско-копаничарска работилница чии дела носат посебни карактеристични обележја што спомагаат лесно да се уочат и да се издвојат меѓу сите досега познати икони во Македонија. Сликарството на непознатите зографи ги носи сите одлики на стилот од периодот на втората половина на XVII век, со тоа што фигурите насликани во вториот или во третиот план се со изразита изокефалија.

Многу значајно е што поголем број од иконите во овој центар имаат словенски сигнатури.

Меѓу најзначајните уметнички а посебно сликарски центри во овој период спаѓа центарот формиран околу манастирот Св. Јован Претеча — Слепче (Демир-Хисар) со познатите до него цркви.

Во формирањето на овој центар решавачка улога одиграла неговата географска положба. Точниот датум на основањето на манастирот не е познат. Може да се претпостави дека постоел и при крајот на XIV век. Најстариот датиран живопис во овој центар се наоѓа во црквата Св. Никола на Топличкиот манастир. Според сочуваниот натпис, ктитор е кратовскиот кнез Димитрие Пепик, а зограф е Дмитар од село Леуново, Мавровско, со неговиот соработник зографот Јован. Дмитар зографот ги работел иконите на иконостасот во црквата.

Активноста на Дмитар зографот се покажува тесно сврзана со даренијата што ги прави Димитрие Пепик, закупникот на кратовските рудници, а секако и на тие во Железнец. Фактот што Дмитар зографот се појавува како исполнител на даренијата што ги прави закупничката фамилија Пепик може да служи како указател дека Дмитар зографот стекнал репутација на надарен уметник уште пред 1537 година. Тој секако бил предводник на скромна

тајфа од два-тројца зографи, со нивните калфи и чираци. Зографот солидно ја познавал фреско-техниката. Тој се придржувал кон старите рецепти во приготвувањето на подлогата. Неговата палета не е многу богата. Работејќи го живописот на црквата, тој не можел да го избегне имитирањето на стариот живопис, на чии композиции сликал. Неговиот цртеж е сув особено при исцртувањето на лицата и драпериите. Дмитар зографот се служел со словенски јазик. Тоа го потврдуваат сите поважни текстови испишани на живописот и иконите. Но наоѓаме и текстови испишани на грчки јазик, што покажува дека го познавал и грчкиот.

Од овој центар потекнува живописот изведен во 1617 година во нишата над западниот влез во малата црква посветена на Св. Јован Богослов, што се наоѓа во непосредна близина на манастирот. Во работата на непознатиот зограф, кој ја насликал композицијата „Св. Јован го поучува Прохора", се наоѓаат сите елементи карактеристични за живописот од првата половина на XVII век. Ист е случајот и со непознатиот зограф, кој малку подоцна (во 1627 година) ја живописувал внатрешноста на црквата. Во 1624 година пак од непознат зограф се насликани фреските во црквата Св. Димитрија, меѓу населението во овој крај позната под називот „Латинска црква".

Ова е период на најзасилена активност во центарот Слепче. Кон 1617 година, а и неколку години подоцна (1622), настанал живописот во црквата Св. Анастасиј Александриски, во селото Журче. Посебен интерес предизвикува илустрацијата на месеците во кои се прикажани елементите од животот.

Во 1637 и 1638 година, влезните порти на манастирот Св. Јован Претеча во Слепче добиле живопис, но и нивните автори остануваат непознати.

Меѓу најзначајните иконописци од овој центар е Дмитар зографот, кој ги работел иконите за иконостасот на Топличката црква, а исто така и празничните икони за иконостасот на црквата Св. Јован Претеча во с. Слепче.

Неговиот соработник зографот Јован, по примерот на својот мајстор, исто така работел икони. Нему може да му се припише малата икона со претстава на Деисис од црквата на Слепченскиот манастир.

Меѓу иконите од овој центар, работени од непознати зографи, значајно место заземаат два големи „змиски" крста со распнатиот Христос и симболите на евангелистите. Тие претставуваат драгоцени примероци и на копаничарската уметност. И на двата крста е изведена истата композиција. Во средината распнатиот Христос, над главата персонификација на сонцето и месечината, а на четирите страни по еден симбол на евангелието. Работилницата во која се сликани крстовите ја негувала старата традиција, солидно ги познавала материјалите и техниката на иконописот. Во копа-

ничарската работилница, а потоа и во сликарското ателје работите им биле доверени на двајца различни мајстори, кои, меѓутоа, како резултат на повеќегодишната заедничка работа, успеале да го подредат начинот на сликањето на заедничкото разбирање.

За поблиско датирање на крстовите од Слепче помага крстот со иста големина од црквата на полошкиот манастир Св. Ѓорѓи, датиран во 1584 година. Тој ја има истата форма, истата композиција и истиот копаничарски мотив на орнаментот. Дело е на истата работилница, што овозможува и слепченските крстови да се датираат во истиот период.

На иконостасот на слепченската црква посебно внимание привлекуваат Царските двери со Благовештението и старозаветните пророци Давид и Соломон. Дверите се копаничарски обработени и како копаничарско остварување претставуваат ретко убаво уметничко остварување на нашите мајстори од османлискиот период.

Меѓу делата од овој центар што заслужуваат да бидат споменати е „Чинот“ работен од Калиник монахот во 1607 година. Калиник монахот ни се прикажува како зограф со прилично сиромашни можности. Неговиот цртеж несмасно ги обликува формите, но кога ќе се спореди неговото дело со делата на неговите современици што работат во Македонија се констатира во извесна смисла порафиниран инкарнат и посмел цртеж. Во делата на Калиник монахот се среќава и употребата на комбинирана техника во обработувањето на рамовите, која се состои од копаничарското длабење на ковчежецот и орнаментирање со помошта на гипс. Во периодот на дејствувањето на работилницата на Калиник монахот е настаната и една серија на мали двојни икони за целивање од црквата Св. Атанасиј Александриски во с. Журче. Но освен овие во црквата се наоѓаат и мали икони од хоросот. Зографот на овие икони се прикажува како темпераментен цртач на една рустицизирана уметност со подвлечен линеаризам.

Во слепченскиот центар има и икони сликани во ателјеата на Св. Гора или во грчки ателјеа. Меѓу овие значајно место зазема еден триптихон, од кој едното крило е изгубено. Триптихонот ги покажува јасно разликите во сликарските можности помеѓу светогорските и грчките сликари и локалните зографи во Македонија. Најмногу икони од светогорските работилници и од оние во Солун има во градот Битола, но поголемиот дел од нив му припаѓаат на периодот од XVIII и XIX век.

Наоѓајќи се во областа на Кратово, познат средновековен рударски центар, манастирот Лесново станал средишно место на поголем дел од културните активности во овој период, а особено во периодот на турската власт.

Во XVI век меѓу закупниците на кратовските рудници била позната фамилијата Пепики, од кои кнезот Димитрие Пепик бил мошне угледна личност. Богато ги дарувал црквите и манастирите, посебно внимание посветувајќи им на оние што се наоѓале во рударските реони.

На овој терен се наоѓаат и повеќе други значајни средновековни цркви и манастири, како што е манастирот Јоаким Осоговски и др.

Големиот број цркви и манастири што се наоѓаат во оваа област претпоставува и поголем број икони што биле изведени за потребите на овие цркви. Но она што е до денес откриено во овој центар е навистина под сите можни очекувања. Може да се наведе само една икона за која со поголема сигурност може да се тврди дека била насликана во XIV век, по секоја веројатност за првобитниот иконостас на лесновската црква. Од иконите што се досега познати од овој центар ниту една не може да биде датирана пред втората половина на XVI век. Првата од нив, денес веќе многу оштетена, од Лесновскиот манастир била пренесена во бившиот Црковен музеј во Скопје. На неа е насликана композицијата „О тебе радуетсе". Во овој манастир во истиот период или нешто подоцна била насликана уште една икона, со истата тема. Последнава е добро сочувана. Општиот впечаток е дека иконите се дело на една сликарска работилница, но не и на исти зографи. На оваа работилница ѝ припаѓа и еден фриз со апостоли од Карпинскиот манастир што денес се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје. На оваа работилница може да и се припишат и иконите Св. Јован Претеча од црквата Св. Јован во Кратово и иконите Св. Никола од црквата Св. Богородица во село Шлегово. На сите овие икони написите се изведени на старословенски јазик.

Во Карпинскиот манастир покрај фризот со апостоли наоѓаме и една престолна икона на Св. Богородица Страсна и еден „Чин" и мали празнични икони од иконостасот. Богородица Страсна, „Чинот" и фризот и припаѓаат на една сликарска рака, додека малите празнични икони на друга. И покрај оштетеноста на иконите, пред себе имаме дела на талентирани сликари: особено сликарот на малите икони, кој се претставува со својот темпераментен цртеж.

Во 1626 година во Лесновскиот манастир биле насликани две големи икони. На првата е претставена Св. Богородица Троерачица со повеќе живописно илустрирани сцени меѓу кои: Жртва Аврамова, Чудото на Кона, приказната на младичите во огнетата печка итн. На втората — Исус Христос, пак со повеќе сцени и светители. Непознатиот зограф, и покрај усилбите што ги правел, не успеал да излезе од рамките на зографите во чии дела јасно се манифестира силното опаѓање на сликарството.

Нешто поквалитетна е работата на еден друг непознат зограф, кој секако за црквата Св. Архангел Михаил во селото Ореовец (Кумановско) ја изработил иконата Раѓање Христово. Оваа икона е подарена од брачниот пар Пејо и Стојана, а може да се датира во првата половина на XVII век.

Иконите од Лесновскиот центар се распознаваат лесно од оние во другите центри по неколку свои карактеристични особини. Во прв ред е широкиот рам изработен во копаница комбинирана со орнаменти изведени со гипс; најчесто се тоа икони со невообичаени теми, во повеќе случаи со житија или икони со повеќе сцени на едно место.

И во центарот Скопска Црна Гора има повеќе значајни цркви и манастири подигнати или обновени пред доаѓањето на Турците — Османлии а и потоа. Но и овде фондот на досега откриените икони е извонредно мал. Меѓу првите била живописана малата црква посветена на Св. Никола, изградена во 1501 година над нартексот во црквата Св. Богородица во село Кучевиште. Во XVI и XVII век во оваа црква е изведен живопис и на јужната фасада.

Подоцна, во 1549 година, била изградена и живописана црквата посветена на Св. Ѓорѓи. Во османлискиот период, според досегашните познавања, била изградена и живописана и црквата Св. Архангел над с. Кучевиште.

Во почетокот на XVII век (1604) била исто така изградена и живописана црквата Успение Богородично во с. Дивле.

Во долината на река Треска, според сочуваните натписи во 1610 година бил дозидан и живописан нартексот на црквата Св. Андреја, а во 1630 година со средствата на Кологин Кожухар бил изведен вториот слој живопис во црквата Св. Никола Шишевски.

Меѓу најстарите икони зачувани по црквите што се наоѓаат во пределот на Скопје, се и Царските двери од Марковиот манастир, датирани во XV век. Во XVI век, или во почетокот на XVII, од непознат зограф биле насликани и дверите од Кучевиште што се наоѓаат денес во Уметничката галерија во Скопје. Во истиот период е датирана и една од најинтересните икони од овој период, која ја обработува темата „Всякое дихание“ од црквата Св. Архангел над с. Кучевиште.

Од некогашните богати ризници на многубројните цркви и манастири до нас стигнал еден сосема мал дел. Овој материјал е повеќе хетероген и не дава големи можности за разјаснување на некои посуштествени етапи од развојниот пат на овој иконописен центар.

И на други места што не се вклопуваат во овие центри наоѓаме икони, но тие немаат поголемо значење.



Купен, син на ктиторот на Сливничкиот манастир во Пресна (XVII век)

Со потпаѓањето на Македонија под турско-османлиската власт во **резбарството** се засилува влијанието на ориенталните елементи.

Откако кон крајот на XIII век почнала полека да згаснува употребата на мотивот на трочлената плетеница во резбата на камен и дрво, во делата на резбарите како чист и исклучив мотив навлегла двочлената плетеница изведувана во плитка и рамна резба, која продолжува да живее до појавата на ажурната резба кон крајот на XVII и во почетокот на XVIII век.

Има повеќе примери на плитка резба од оваа етапа на развој, но најдобри секако се двете влезни врати од старата манастирска црква Св. Јован Претеча — Слепче, датирани во втората половина на XV век. На нив, покрај арабескната плитка рамна резба, се среќаваат и човечки и животински фигури третирани на ист начин како и орнаментот. Фигурите на светителите, обичните луѓе и животните се претставени само во главните контури. Но и покрај тоа можат да се распознаат: фигурата на Св. Богородица со Христа, Свирач на гусла и сите претставени животни (орелот, петелот, како и тие што се плод на фантазијата — крилати ламји, и егзотични животни, како што е слонот).

Во истиот стил и техника се работени и други предмети во црквата како што се: шестостраната певница, денес пренесена во црквата Св. Спас во Скопје и Царските двери.

Во периодот од XVI — XVII век биле активни резбарско-сликарски работилници специјализирани, повеќе или помалку, за изработка на определен вид уметнички предмети. Таква била работилницата што се наоѓала секако во Охрид, а од која излегле Царските двери на црквата Св. Пантелејмон во Нерези, Царските двери во црквата Св. Богородица Перивлептос (Св. Климент) во Охрид и Царските двери од црквата Св. Ѓорѓи во Охрид.

Друго едно извонредно значајно дело на резбарите се вратите на манастирот Трескавец (Прилепско). Повеќе автори се сложуваат дека тие би можеле да бидат изработени при крајот на XV или во почетокот на XVI век.

Покрај овие веќе одамна познати дела, постојат и икони чии рамови се работени во плитка резба, а за чии мотиви наоѓаме најчесто аналогии во минијатурите. Меѓу нив секако е најинтересен рамот на иконата Крштење Христово од црквата Св. Богородица на Сливничкиот манастир (Преспа).

Кон крајот на XVI век наоѓаме дела изведувани во плитка резба, но веќе делумно перфорирани, како што се двете слепченски певници, подоцна премачкани со масна боја.

Кон крајот на XVII век има појави на длабоко копање кое веќе во почетокот на XVIII век ќе ги покаже сите свои предности и убавини преку иконостасите во црквите: Св.

Наум на Охридското Езеро, од 1711 година, и иконостасот од галеријата на црквата Св. Димитрија во Битола, од 1773 година.

Во периодот на турската власт немало услови за акција на подрачјето на професионалната **музичка дејност.** Меѓутоа, останала народната песна, која живеела длабоко во душите на Македонците, ги бодрела, им зборувала за нивното славно минато и ги храбрела во очекувањето поубава иднина, ги поттикнувала кон херојски подвизи за слободата на својата земја и својот народ. Низ песната македонскиот народ ги зачувал сите манифестации на својот дух и својата душа, сета радост, страдања и болки, сите обичаи и сето она што го условува животот на еден човек. Македонскиот анонимен творец создавал свое сопствено тонско богатство — народната музика. Таа е богата по мелодија, хармонија и архитектоника и уште побогата по ритмика, во што навистина ѝ нема рамна. Македоноката народна музика е синтеза на сето она создадено од миграцијата и другите економско-политички и културни приливи и одливи на целото балканско подрачје. Така, скоро низ сите пет векови на турската доминација, покрај црковната музика, која останала во стилот на византиското пеење, народната музика е единствена музичка активност сè до пред крајот на XIX век.

ГЛАВА VII

ИСЛАМСКАТА КУЛТУРА ВО МАКЕДОНИЈА

Воспоставувањето на османската власт и процесот на колонизацијата на турскиот етнички елемент предизвикале длабоки промени во културниот живот на Македонија. Дошло до широк продор на исламската култура, која, имајќи ја сестраната и особено материјалната поткрепа на официјалната османска власт и поединечните претставници на владеачката феудална класа, станала предоминантна и влијателна, потиснувајќи го и попречувајќи го нормалниот тек на самобитниот културен развиток на домородното македонско население. Тоа најсилно се почувствувало во градските центри на Македонија, каде што турската колонизација и исламизацијата биле најинтензивни. Во градовите постепено се менувале ритамот и начинот на живеењето, културните и култните навици на населението, а се менувал и надворешниот изглед на градовите, добивајќи сé повеќе исламско-ориенталоки белези.

Иако исламската култура ги одразувала пред сé духовните потреби на турската народност, значајно е и тоа што таа се изградувала на македонската почва во непосреден допир со затечените културни традиции и со постојниот творечки потенцијал на македонската средина. Во остварувањата на исламската култура во Македонија, на директен или индиректен начин е вткаена и креативната моќ на македонскиот уметник.

1. *Литература*

Развојот на турската литература во Македонија може да се следи од втората половина на XV век, кога Скопје и Енице Вардар заедно со Одрин станале најголеми културни центри во европскиот дел на османската држава. Таа литература, во прв ред поезијата како најценет и најнегуван литературен род, го одразува општиот подем на развитокот што го доживувала сета турска литература во XV и XVI век и која почнала да се гаси веќе во првата половина на следното столетие. Само бегол поглед врз изворите на тур-

ската литература од овој период наведува на заклучок дека речиси нема позначаен град во Македонија во кој се нема појавено некое книжевно име со помала или поголема уметничка вредност. Многубројните џамии, кои имале не само статус на храмови туку и на специфични културни огништа, развиениот систем на образование преку бројни медреси од понизок и повисок степен со свои библиотеки и дервишките текии на најразлични мистични правци претставувале основни фактори за појавата и развитокот на медиевалната турска литература во Македонија.

Први досега познати поети од Македонија се од времето на Бајазит II (1481 — 1512). Тоа се Атаи Ускуби (Атаи од Скопје), Зари, Фериди и Хаки, сите од Скопје.

За Атаи Ускуби се знае дека се откажал од школувањето и поминал во дервишкиот ред накшибендие. Умрел во времето на султан Селим I (1512 — 1520). Спаѓа во добро примените и славени поети од Румелија. Освен песни, составил мало дело во стихови кое останало непознато.

И за поетот Зари, познат како Караџа Хасан Оглу, изворите кажуваат многу малку. Умрел во времето на султан Бајазит II. И тој, како и многу други турски поети, испеал назире (песна испеана по примерот на друга песна од која се зема метарот, римата а често и содржината) на познатата песна на поетот Нецати (умрел во 1509 година).

Фериди е познат како Хараџи Хусам. Бил секретар на дворскиот диван, а потоа бил назначен за мутевелија на Новиот имарет и Дарул-хадис, т.е. училиште во кое се изучувала исламската традиција (хадис — зборовите и делата на пророкот Мухамед) во Одрин. Умрел во времето на султан Селим I, а гробот му се наоѓал во Одрин. Зачувани се неговите сатирични епиграми за поетот Зати, кој доживеал длабока старост (умрел во 1546 година).

Хаки (правото име му е Јусуф) се занимавал со проучувањето на верските науки. Напишал доста песни за кои се смета дека немаат некоја уметничка вредност. Меѓу другите поети од Скопје треба да се споменат Муиди, Нијази, Ријази, Исак Челеби и Валихи.

Од сите нив и воопшто од сите средновековни турски поети од Скопје најпознат бил Исак Челеби. Исак добил извонредно солидно образование. По завршеното школување бил професор во Скопје на Исакбеговата медреса, потоа бил преместен во Бруса, Изник и Одрин. Едно време бил професор на Сахн медресата во Цариград, која имала ранг на Универзитет. Од таа должност бил поставен за кадија на Дамаск, каде што умрел во 1537/38 година.

Неговиот литературен опус го сочинуваат: поетска збирка — Диван, Хроника на Селим — Селимнаме, два шехренгиза (шехренгиз — песна за град) и Муншеат (образци за писма).

Диванот на Исак Челеби ги содржи сите литературни жанри на медиевалната турска литература. Дел од касидите му се посветени на султан Селим I и повеќето од нив се напишани на персиски јазик. Најголем дел од Диванот зазема љубовната лирика, со преку триста газели. Во делото Селимнаме или Исакнаме ги опишува настаните од големиот земјотрес во времето на Бајазит II до доаѓањето на Селим I на власт. Исак спаѓа во ретките поети што имаат напишано два шехренгиза, еден за Скопје друг за Бруса. Неговиот Шехренгиз за Скопје е единствен и ниеден друг поет не се обидел да напише друг. Во својот Муншеат дава збирка формули за писма од најразличен вид.

Во врска со Исак Челеби изворите споменуваат посебно друг еден поет од Скопје по име Хемдеми. Тој бил воспитаник на Исак Челеби и го придружувал него додека се наоѓал во Цариград како професор на Сахн медресата и во Дамаск. Се настанил да живее во Видин, каде што добил чифлиг.

Меѓу турските поети од Битола, за која Ашик Челеби вели дека е „огниште на поети и нобл луѓе", познати се Хавери, Целали, Челеби, Зухури Челеби, Вахји, Катиб Хасан, Ајани.

Хавери (вистинското име му е Али Челеби син на Ачик Кадија) бил стажист (мулазим) на румелискиот казиаскер Зејрек-заде, а потоа бил назначен за професор во Караферије, па за кадија на Скопје, Солун, Приштина и Ѓосле на Караферије, каде што умрел. Врз неговото творештво имал влијание поетот Ахи (умрел 1517 година). Ахиевото дело „Убавината на Срцето" (Hüsnü dül) кое останало недовршено, го завршил Хавери. Љубовните песни (газели), на овој поет се зачувани во многубројни збирки на газели, а еден дел од нив се објавени во Цариград.

Зухури Челеби потекнувал од фамилијата на Дилбенд Челеби. По завршеното школување бил стажист на Кемал -паша, познат поет од крајот на XV и првите децении на XVI век. Умрел во Битола, каде што вршел должност на кадија. Неговите песни биле едноставни и јасни.

Вахји (името му е Мустафа) бил син на кадија, а роднина на поетот Хавери. Умрел во 1551 година во Костур. Напишал поетска збирка — диван, која била уништена од пожар.

Катиб Хасан бил секретар на Хадим Синан-паша, велики везир на султан Селим I. Песните му се без голема вредност, но затоа пак се истакнувал во составувањето на хроностихови (тарих), од кои е зачуван и оној за освојувањето на Белград од страна на Сулејман.

Ајани (вистинското име му е Сулејман) бил со слабо здравје и умрел уште пред да стапи на служба, по завршеното школување. Според зборовите на Ашик Челеби неговите песни причинувале задоволство.

Целали Челеби (името му е Хусеин) отишол во Цариград и станал воспитаник на Искендер Челеби, дефтердар на тимарите на островите во Егејско Море. Потоа поминал кај Лала Џафер-паша, воспитувач на принцот Селим син на султанот Сулејман, и станал главен секретар на дворската канцеларија на овој принц. Во судирите помеѓу синовите на Сулејман останал на страната на принцот Селим и за ова свое држење подоцна добил некои високи службени места. Умрел во Битола кон крајот на владеењето на султан Селим II. Составил збирка на песни (диван).

Од Тетово потекнуваат двајца поети за кои зборуваат антологиите (тезкире) од XVI век. Тоа се поетите Суџуди и Тулуи.

Суџуди бил секретар на министерскиот совет и секретар на силахдарите во времето на султан Селим и Сулејман. Учествувал во освојувачките походи на султан Селим на арапските и иранските земји и за нив напишал хроника којашто Ашик Челеби ја смета за додаток на хрониката од Исак Челеби. Стилот на Суџуди за разлика од стилот на Исак Челеби е течен, јасен и лесно разбирлив.

Тулуи (вистинското име му е Ибрахим, а прекарот Заххак — Смешен) бил многу години соученик на тескерецијата Ашик Челеби (1520 — 1572). Се знае уште и тоа дека вршел должност на кадија во Албанија, каде што се удавил во реката Ешкум.

Од Кратово е познат само еден поет — Заифи. Татко му бил заменик на кадија па поетот поминал низ редовно школување по кое станал професор. Бил фанатичен поклоник на науката и кон постигнувањето на духовните совршенства биле насочени сите негови напори. Имал сестрани познавања на поезијата и прозата, а одлично го владеел персискиот јазик. Напишал коментар врз познатото дело на Сади „Градина на ружи“ (Gülüstan). Неговата љубовна лирика се одликувала со едноставност и лишеност од артицифиелност.

Посебно место во историјата на средновековната турска литература му припаѓа на Енице Вардар, од каде што потекнуваат поетите: Хајрети, Усули, Хајали, Јусуф Сине Чак, брат на Хајрети, Илахи и Гариби. За нив е карактеристично тоа што скоро сите припаѓале кон некој мистички правец, какви што во исламскиот мистицизам (tasavvuf) ги има многу. Затоа идеите на исламскиот мистицизам се одразени во голема мера во нивната поезија како вистинско религиозно-филозофско верување, без да преставуваат манир и добро експлоатиран поетски извор.

Хајрети (? — 1534) бил поет спахија со мал тимар. Пред крајот на животот ослепел. Умрел во Енице Вардар. Покрај поетската збирка — диван, Хајрети е автор на един-

ствениот досега познат шехрентиз за Белград. Во современите истории на турската медиевална литература личноста на овој поет се третира во кругот на натпросечните турски поети, па дури и на врвните поети на XV и XVI век, веднаш по Баки, Нецати, Ахи и Хајали.

Усули (? — 1538) го завршил образованието во својот роден крај а потоа заминал за Каиро кај шејхот Ибрахим Гулшени, каде што останал сé до смртта на својот духовен водач (1533/34). Потоа се вратил во Енице Вардар, каде што умрел во 1538 година. Покрај поетската збирка (диван), во која има песни испеани со слоговен метар што се среќава ретко кај диванските поети, тој има и еден шехренгиз за Енице Вардар.

Јусуф Сине Чак Деде (? — 1546) е поет — дервиш, кој многу патувал по исламскиот Исток. Бил шејх на мевлевиската текија во Ерусалим, едно време бил шејх на мевлевиската текија во Одрин, а оттука заминал за Цариград, каде што живеел повлечено сé до својата смрт во 1546 година. Тој му бил другар и пријател на поетот Исак Челеби од Скопје. Напишал две дела што се однесуваат на мевлевискиот ред, како и љубовни песни со мистичен и световен карактер. Спаѓа во значајните мевлевиски поети.

Хајали Бej (? — 1557), името му е Мехмет, а прекарот Бекар Меми спаѓа меѓу најпознатите османски поети. Кога во Енице Вардар стигнал календериското шејх Баба Али Мест со неговата дружина (календериските дервиши оделе во групи од по 40 души), Хајали им се придружил и тргнал со нив. Во текот на ова патување Хајали се нашол и во Цариград. Во новата средина брзо се прочул со својот поетски талент. Се нашол под заштита на дефтердарот Искендер Челеби и великиот везир Ибрахим-паша, кои го претставиле на султанот Сулејман, и тој станал дворски поет. Хајали учествувал во султановиот поход на Багдад, каде што се запознал со Фузули, великан на средновековната турска литература, на кого не само што му оставил силен впечаток туку извршил и влијание. По убиството на неговите заштитници, и тој го напуштил дворот. Умрел во Одрин во 1557 година. Со длабокиот лиризам и разиграниот поетски збор Хајали се наоѓа на врвот на османскиот Парнас, иако не поминал низ класичното средновековно исламско образование. Неговиот диван е објавен во Цариград во 1945.

Во разните градови на Македонија живееле и работеле, како професори на медреси или како кадии, и многу други познати личности од културната историја на Османската империја. Така, Таскопрулу-заде (Ахмед Исамудин Ефенди, 1495 — 1554), кој може да се нарече османски енциклопедист, бил назначен во 1529 година за професор на Исак-беговата медреса во Скопје. Потоа, споменуваниот Ашик Челеби,


чија тескира претставува извор од првостепено значење за историјата на медиевалната турска литература, го завршил својот живот во Скопје, каде што бил кадија. И најпосле, Вејси Ефенди (1561 — 1628), поет и научник, еден од најголемите уметници на турската средновековна проза, бил седумпати кадија во Скопје. Кога бил пензиониран, останал да живее во Скопје, каде што и умрел.

2. *Уметност*

Особено видливи и трајни траги исламската култура оставила на полето на уметноста, и тоа пред сé во архитектурата. Насекаде во Македонија никнувале објекти на исламската градежна уметност што требало да служат за задоволување на различни религиозни, просветни, стопански, здравствено-хигиенски, станбени и други потреби, како што се: џамиите, текињата (објекти во кои дервишите ги вршеле своите обреди), турбињата (мавзолеи), медресите (средни верски училишта), ановите, караван-сараите, безистените, амамите, водоводите, чешмите, себилите (објекти од каде што се делела вода за пиење) и тн. Изградбата на овие објекти обично ја финансирале високите државни функционери, султаните и нивните најблиски роднини. Тие дури го обезбедувале и повременото поправање и одржување на изградените објекти, како и егзистенцијата на нужниот персонал за нивното нормално функционирање, по пат на завештанија (вакафирање) на своите имоти.

Џамии и месџиди (мали маалски џамии) имало во сите градски населби, како и во голем број села, таму каде што живеело муслиманско население. Меѓу најстарите и најубавите џамии во Македонија се оние што во Скопје ги изградиле членовите на познатата куќа на Исаковиќите: Исак-беговата, изградена во 1438 година, и Иса-беговата изградена по смртта на нејзиниот ктитор (во втората половина на XV век). Првата е позната под името Алаџа (Шарена) џамија, што го добила заради инкрустираните разнобојни плочки на надворешните ѕидови, какви што денес се зачувани единствено на турбето што се наоѓа во дворот на џамијата. Вниманието го привлекуваат и плитко резбаните ориенталски орнаменти на масивната дрвена врата на западниот ѕид на џамијата. Иса-беговата џамија е карактеристична по своите две куполи прекриени со олово. Три помали куполи го надвисуваат трémот при влезот во џамијата.

Во Скопје биле изградени и многу други џамии (Евлија Челебија набројува 120 храмови, од кои 45 поголеми џамии). Меѓу нив попознати се: Султан Муратовата Хјункар-џамија, што ја подигнал султанот Мурат II во 1436 година,



Даут-пашиниот амам во Скопје (XV век)

а која подоцна на двапати страдала од пожар, но пак била обновувана; Коџа Мустафа-пашината џамија, подигната во 1492 година, со изразита купола и витко минаре, чиешто „шерефе“ (викало) е од мермер украсен со орнаменти; Бурмали-џамија, изградена во 1495 година, крај камениот мост од десната страна на Вардар, која денес не постои; и Јахја-пашината џамија, изградена во 1504 година, со минаре што ги надвисува сите други во градот (50 метри).

Во 1561/62 година во Битола била изградена Хајдар Кади-џамијата, според проектот на највидниот турски архитект од тоа време Коџа Синан, познат и како мимар Синан (1490 — 1588). Малку порано, во 1558/59 година, во Битола била подигната т.н. Јени (Нова) — џамија, а во 1508/9 година Исак-џамија. Инаку, Евлија Челебија набројува 70 муслимански храмови во овој град.

Во XVII век во Тетово била изградена богато орнаментираната „Шарена џамија“.

Слична слика во однос на муслиманските храмови давале и другите македонски градови. Нивниот број бил адекватен на бројот на муслиманското население, но зависел и од економската моќ и значењето на одделните населби. Така, на пример, касабата Кратово, која во 1660 година имала само „осумстотини куќи приземни и на кат“, но во која „месните првенци поради сребрените рудници се многу богати и среќни“, имала дваесет џамии.

Специјален вид градежни објекти претставувале турбињата, во кои биле погребувани повидните турски личности. Едно од најстарите зачувани турбиња е она крај Исак-беговата џамија во Скопје, во кое наводно е погребан Исак-беговиот хазнадар. Таа е шестострана постројка со купола прекриена со олово. Во Скопје е и турбето на Мустафа-паша, потоа отвореното турбе познато под името Крал К'зи, со купола што се држи на четири столба, турбето Алти Ајак, наречено така поради шесте столбови што држат купола и осумстраното турбе (со купола) на Гази Баба, во кое е погребан тескиреџијата Ашик Челеби (во 1572 година).

Широката распространетост на дервишките редови во Македонија обусловила изградба на многубројни текиња, односно завии. Така, на пример, само во градот Серез веќе до првата половина на XVI век биле изградени седум завии. Во 1660 година во Скопје имало 20 текиња, меѓу кои заслужува да се одбележи Емир-султановото теќе. Теќето Арабати-баба во Тетово импонира со големиот комплекс од придружни објекти. Меѓу нив е и една двокатница со широка стреа и чардак со резбана таваница. Во плитка резба, со мотиви од растителниот свет и геометриски фигури, работена е и таваницата на шадрванот кој се наоѓа во средината на големиот двор.

Теократскиот облик на владеењето и големата улога на исламот во Османската империја овозможиле изградба на широка мрежа средни верски училишта (медреси), кои обично спаѓале меѓу помаркантните објекти во градовите. Една од првите позначајни медреси во Македонија е Исак-беговата, изградена во Скопје во 1445 година. Не помал бил и бројот на изградените имарети, т.е. јавни кујни, во кои се приготвувала и бесплатно се делела храна за бедните и патниците. Медресите и имаретите всушност биле придружни објекти на поголемите џамии, составувајќи со нив единствена градежна целина.

Живиот промет на патници и стока, а при тоа неразвиените сообраќајни средства што го успорувале совладувањето на растојанијата, ја наложиле потребата од изградба на конаци не само во значајните градски и трговски центри, туку и на определени пунктови од поважните сообраќајни артерии во Османската империја. На таа основа и во Македонија, како значајно трговско и транзитно подрачје, биле изградени многубројни анови и караван-сараи. Тоа обично биле еднокатници во четириаголна форма и со дворно место во средината. Во приземјето имало магацини за стока и штали, а на спратот соби за спиење. Еден од најубавите такви објекти е Куршумли ан во Скопје, прекриен со голем број мали куполи кои порано биле обложени со олово. Дворното место, во чија средина е шадрванот, е оградено од многубројните столбови поврзани со лакови во приземјето и на катот. Шталите биле изградени на одделно место крај анот, со кој ги поврзувал специјален влез на источната страна. Во Скопје имало и други анови, меѓу кои е и до денес зачуваниот т. н. Сули ан, изграден од страна на Исак — бег во XV век. Во првата половина на XVI век во Серез имало два ана, а во Струга еден караван-сарај.

За потребите на трговијата по градовите на Македонија биле изградени и голем број безистени. Тоа биле многу цврсти градби, со правоаголна или квадратна основа, прекриена со куполи. На внатрешната и надворешната страна од дебелите камени ѕидови од безистените биле поставани преградни ѕидови, образувајќи цела редица простории што им служеле како дуќани на трговците и занаетчиите. По своето архитектонско решение се значајни, на пример, Мустафа-пашиниот безистен во Скопје и битолскиот безистен, кој имал 86 дуќани.

Голема грижа била полагана за личната хигиена на населението, така што во сите градови, па дури и по селата, се градени јавни бањи, т. н. амами. Во првата половина на XVI век во Серез веќе имало пет амами. Со својата монументалност посебно се истакнуваат Даут-пашиниот и Чифте (Двоен) амам во Скопје, изградени во XV век. Првиот се наредува меѓу најимпозантните зачувани споменици на

исламската архитектура во Македонија. Тој е денес реновиран и претворен во уметничка галерија на Македонија. Судејќи по искажувањето на Евлија Челебија, кој ја пропатувал Османската империја и имал можност да ги види грандиозните споменици на исламската архитектура, со својата убавина вниманието го привлекувал и еден од кратовските амами: „На тамошниот голем амам — забележал патописецот — му немам видено рамен во целата Румелија ... а дело е на градителот Синан. Од ѕидовите на сите четири страни од амамот течат различни чешми. Во секое негово одделение блика вода од славините на шадрваните. Таков амам со доксати не постои ниту во една земја ... Сите сини куполи и сите чисти врати и ѕидови се украсени со различни резби и куполи ... Од неговите куполи не паѓа ниту капка роса. Накусо, тоа е толку познат амам што нема потреба да се опишува и прикажува". Сите амами биле камени градби и со куполи прикриени. Чифте-амамите ја имале предноста што располагале со посебни одделенија за мажите и за жените, така што капењето не морало да се врши на смени.

Брзиот развој на градовите и зголемувањето на нивното население сториле снабдувањето со вода да стане еден од значајните и акутни проблеми. Поради тоа, голема грижа ѝ се посветувала на изградбата на јавните водоводи, себилите и чешмите, што се сметало за големо добротворно дело. Во XV век во Скопје бил изграден водовод што доведувал вода од селото Бањане. Неговата изградба ја финансирал Мустафа паша, одделувајќи средства и за неговото постојано одржување, „за да не престане да тече вода на водоскокот пред светата џамија (што ја изградил тој) и на различните места во Скопје, на многубројните чешми, и тие да не се занемарат и запустат". Исто така и Мехмед-бег син на Исак-бег се погрижил дел од приходите од имотот што го увакафил во 1463 година да се трошат за поправка на тетовските чешми, меѓу кои имало и од него изградени.

Сето ова укажува на многу богато и разнообразно творештво во областа на исламската сакрална и профана архитектура во Македонија, иако не дава целостен увид во нејзините резултати. Допрва останува да се проучат и сите други конкретни манифестации на полето на исламската уметност во Македонија во периодот на турско-османското владеење, особено во орнаментиката, илустрацијата на ракописите, калиграфијата, резбата, гравурата, филигрантството итн., каде со голема фантазија се создавани најразлични комбинации од цвеќиња, плодови, геометриски фигури и сл. За ваквата ориентација во голема мера придонесло одбегнувањето да се сликаат и да се вајаат човечки фигури и животинскиот свет.

Просветата имала силно нагласен верски карактер, а се ширела главно преку два вида училишта: медресите (средни верски училишта) и мектебите (основни верски училишта).

Медреси имало во сите позначајни населби во Македонија. Само во Скопје, на пример, уште во XV век, работеле најмалку две медреси, од кои едната, изградена од Исак-бег, спаѓала меѓу најстарите и најпрочуените на Балканот. Медресите обично имале по една училница и повеќе соби за престој на учениците, бидејќи бил застапен интернатскиот начин на живеење. Така, Исак-беговата медреса имала 10 соби (ќелии). Освен веронауката, во медресите се изучувале и ориенталните јазици, исламското право, филозофијата, математиката и др. Овие училишта биле извор на кадар за високите државни и верски функции. но едновремено и многу значаен за своето време расадник на науката.

3. *Просвета*

Уште пошироко била мрежата на мектебите во Македонија. Нив ги имало дури и по селата, а во поголемите градски центри бројот им се качувал и на неколку десетици. Евлија Челебија во Скопје забележал седумдесет, додавајќи дека „кон секоја џамија е подигнато основно училиште", меѓу кои најпознато било Мустафа-пашиното. Главната задача на овие училишта била описменувањето и верското образование на децата.

Дервишките текиња исто така биле еден вид воспитни установи, во кои дервишите сесрдно го пропагирале верскиот фанатизам и го всадувале борбениот дух, тие толку делотворни компоненти во комплексот од факторите што го овозможувале успешното ширење и одржување на Османската империја.

Книгата имала значајно место во културниот живот на исламскиот свет. Уште во раниот период на османската власт во Македонија биле создадени ориенталски библиотеки при џамиите, медресите и текињата. За најстара се смета библиотеката што на својата џамија во Скопје ѝ ја завештал Исак-бег, во 1445 година. Библиотеките понекогаш располагале со многу голем фонд на ракописни книги. Во тој поглед особено се истакнувала библиотеката (ќутубхането) при Иса-беговата медреса во Скопје. Нејзиниот основач завештал преку 320 разновидни ракописни книги во 320 томови. Се разбира, како и во другите ориенталски библиотеки од она време тоа најчесто биле книги со верска содржина.



Портали на турбето, дервиш-хането и ашчи-хането од теќето Арабати-баба во Тетово (од краја на XVIII век)

ГЛАВА VIII

КУЛТУРНОТВОРЕЧКИ ПРОЈАВИ НА АЛБАНСКАТА НАРОДНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Албанците во Македонија имаат богат културен, материјален и морален народен живот во кој се чувствува и влијанието на другите култури со кои биле во допир: словенската, грчката и османската.

Во нивната култура се забележуваат трагите од заедничкиот живот на балканските народи, кои се развивале во исти историски услови, трати што се едновремено и израз на заедничката активност на балканските народи за заедничка кауза, колку под Византија, толку и под Османската империја. Овој заеднички живот при несреќни околности направил во народната литература на Албанците во Македонија да биде присутен не само автохтониот туку и балканскиот дух. Ова најдобро го демонстрира моралниот и материјалниот фолклор на Албанците, почнувајќи од фамилијарниот и општествениот живот до индустриското домаќинство на жените, архитектонската конструкција на куќите, орудијата на селскиот живот, носиите.

Народната литература на Албанците во Македонија колку е убава како уметничко производство, толку е интересна со својата содржина, која нé запознава со животот од многу негови аспекти. На пр., календарските песни што конзервирале голем број елементи на паганскиот ритуал на времето кога овие творби биле поврзани со природните појави и со нивното влијание во земјоделската работа, т. е. со општествено-економскиот живот на примитивното време. Сличен е случајот и со т. н. песни на лулката или нинулите, во кои главен збор му се дава на несигурниот животен пат на новороденото дете, бидејќи татко му бил слуга на феудалците и богатите.

Значајно место во албанската народна литература им припаѓа на свадбарските и љубовните песни. И во свадбарските песни, покрај интимниот и субјективниот, присутен е и општествениот елемент. Свадбарските песни со разновидниот богат колоритет и со посебно поетско значење, третираат еден вистински култ на многу богати и деликатни

човечки чувства. Љубовните песни, пак, се истакнуваат со еден деликатен и многу интересен лиризам, а спонтанитетот е нивна најголема одлика и вредност.

Богати, интересни и разновидни се епските песни на Албанците во Македонија, кои покажуваат колку е богата фантазијата на непознатиот албански поет во Македонија. Тие се многу стари и со митолошко наследство. Најмногу се среќаваат во околината на Дебар и Кичево, додека во другите краишта на Македонија каде што живеат Албанци се импортирани и не се чести.

„Легендите на сосидувањето" се главни народни дела. Нивното пространство е многу големо. Ги наоѓаме не само кај Албанците, туку на целиот Балкан и во многу краишта на Европа, Азија и Африка. Централниот елемент во нив е жртвувањето на еден објект во темелите како паганski ритуал кој подоцна зема верски и суеверен карактер, а е жив и ден денеска. Преку овие легенди секогаш е присутна жртвата на човекот, за да се изгради нов живот. Вакви легенди има во околината на Дебар и во самиот град Дебар со наслов „Мостот на Дебар" или во околината на Кичево со наслов „Гради мостови". Како варијанти на овие легенди треба да се споменат и „Халил Гарија", „Умер Ага" или „Ага Умер" и „Љута Фукарија" или „Али Бирцалија".

Народната епика се збогатува и со историските народни песни, кои исто така се ретки во Македонија. И тие почесто се среќаваат во околината на Дебар и Кичево, таму каде што повеќе се зачувани традициите и законите, а се пеат во случај на свадба или празник. Во нив се воспеани ликовите на хероите и борците за спасување на народот од османлиското ропство. Тоа се познати историски ликови од пределот во кој и настанала историската песна. Наедно со тоа, во овие песни е воспеано и херојството на масата што му помага на херојот.

Албанската народна литература е богата и во народните приказни, кои се, во прв ред, производ на богатата фантазија на усното творештво.

Легендите и историските народни песни како и свадбарските и љубовните песни се придружуваат со гусла. Мелодиите се скромни и повеќе личат на рецитации.

Албанската куќа многу малку се разликува од македонската. Таа е приземна, еднокатна а поретко и двокатна, без под и таван, а во средината е огништето. Над земјениот под се наоѓа рогузина послана со килим. Долниот дел на куќата има еден ходник, штала за добиток, соба за млеко, каде што се подготвуваат млечни производи. Тука се наоѓа и кујната, која се вика и соба на жените или на огнот. Во горниот дел, на првиот или вториот кат се наоѓаат: соба за спиење, соба за гости, абдесана, која нема само верски карактер, туку служи и како место каде што се мијат садовите и каде што се чува водата кога нема специјално место

како во околината на Кичево, каде што ова место се вика „стомналук“. Секоја албанска куќа располага со бањи од стар турски систем. Скоро секоја куќа во горниот дел има балкон — чардак.

Куќите се градени целосно од камен, или пак во горниот дел од непечена цигла — плитар. Прозорците што гледаат кон дворот се поголеми и најчесто се свртени кон југ или југозапад, додека оние што гледаат кон патот се помали. Типична албанска куќа во Македонија е дебарската и кичевската. Градителите биле Македонци од Долна Река.

Албанската архитектонска уметност изразена во верските објекти, џамии и цркви во Македонија е поврзана со исламската и византиската култура. Црквите на Албанците што егзистирале до почетокот на масовата исламизација на Албанците во XVII век биле разрушени заедно со гробиштата, така што за нивното постоење денес сведочат само некои од зачуваните топомини („Ке киша“ — „Кај црквата“, „Ке ворет кристијане“ — „Кај христијанските гробишта“ и др.). Денес не може да стане збор за стилот или фреските на овие цркви, но сигурно тие биле од византиски стил како и сите балкански цркви на православната вера или со римски стил на католичката црква.

Албанската носија е со многу богат колорит. Таа не само што не е иста во два различни предела, туку многу често се разликува од село до село. Таа е особено оригинална во планинските села, а со ориентално влијание во полските села. Ова се чувствува посебно во женската носија, додека машката е речиси униформирана среде сите Албанци во Македонија, со исклучок на Преспанско.

Машката носија се состои од бели бечви, везени многу убаво и богато украсени со црн гајтан, од кошула, џамадан, маичка везена со тантела, долг појас од 5—6 метра и пол метар широк, чорапи со разни шарки, бела волнена капа. Белата боја доминира во албанската носија на мажите, а тоа иде од белата волна на овците на Албанецот овчар, која ја обработува жената Албанка. И женската носија е многу богата со разновиден колорит. Прототип е таа од Кичево, која се состои од кошула, долама, долга до долниот дел на нозете, со широки ракави, елек со црн гајтан, црвен појас и престилка со разни бои. Девојчињата носат свилени димии во бела боја и со жолти трендафили.

БИБЛИОГРАФИЈА

ДЕЛ ПРВИ

а) Извори

Aeschines vo Oratores Attici, ed. C. Müller, Parisiis 1888

Appiani Alexandrini Romanorum historiarum quae supersunt, ed. Firmin-Didot. Parisiis 1840

Demosthenis opera, ed. Joh. Theod. Voemelius, Parisiis 1891

Diodori Siculi Bibliothecae historicae quae supersunt, ed. L. Dindorf, Parisiis 1854

Isocratis orationes et epistolae, ed. J. G. Baiter, Parisiis 1877

Iuniani Iustini Epitoma historiarum Philippicarum Pompei Trogi, ed. Fr. Ruehl, Lipsiae 1886

Pausaniae Descriptio Graciae, ed. H. Hitzig & H. Blümner, vol. I, Berolini 1896; vol. II, pars I, Lipsiae 1901; pars 2. Lipsiae 1904; vol. III, pars 1., Lipsiae 1907, pars 2., Lipsiae 1910

Plutarchi Vitae, vol. I-II, ed. Theod. Doemner, Parisiis (s. a.)

Polybii Historiae, ed. Theod. Wobst, Lipsiae 1889—1904

Strabonis Geographica, ed. A. Meincke, Lipsiae 1915

Titi Livi Ab urbe condita libri, ed. G. Weissenborn, Lipsiae 1894

Thukydides, herausgegeben von J. Classen, Berlin 1894

Florus, Epitomae de Tito Livio librorum omnium, ed. C. Halm, Lipsiae 1897

Herodoti Historiarum libri IX, ed. G. Dindorf, Parisiis 1887

Claudii Ptolemaei Geographia, ed. C. Müller, Parisiis 1883.

Curtii Rufi Historiarum Alexandri Magne Macedonis libri qui supersunt, ed. Th. Vogel, Lipsiae 1893

Xenophontis Scripta quae supersunt, ed. Firmin-Didot, Parisiis 1885

б) Литература

Abel, O., Makedonien vor König Philipp, Leipzig 1847

Алексова, Б., Археолошки наоѓалишта по долниот ток на реката Тополка, Гласник на музејско-конзерваторското друштво на НР Македонија, I, Скопје 1954

Бешевлиев, В., Към въпроса за народността на старите македонци, Годишник на Софийския университет, истор.-филол. фак., кн. XXVIII, София 1932

Вулић, Н., Ратовање македонског краља Персеја с Римљанима у нашој земљи 170 и 169 г. при Хр., Глас СКАН 160 (1934)

Галовић, Р., Зелениково, Зборник радова Народног музеја у Београду, V, 1967

Galović, R., Neue Funde der Starčevo-Kultur in Serbien und Makedonien, 43-44 Bericht der Römisch-germanischen Komission, Frankfurt/Main 1964

Garašanin, M., Neolithikum und Bronzezeit in Serbien und Makedonien, 39 Bericht der Römisch-germanischen Kommission, Frankfurt/Main 1958

Garašanin, M., Contributions à la connaissance de l'âge du fer en Macedoine, Živa antika, X, 1—2, 1960

Гарашанин, М. — Гарашанин Д., Археолошка ископавања у селу Радању на локалитету „Криви Дол", Зборник на штипскиот Народен музеј, I, 1958—1959

Гарашанин М. — Гарашанин Д., Археолошке белешке са рекогносцирања у источној Македонији, Зборник на штипскиот Народен музеј, I, 1959

Гарашанин, М. — Гарашанин, Д., Неолитска населба Вршник кај село Таринци, Зборник на штипскиот Народен музеј, II, 1960—1961

Гоцкова, Р. — Славска, Остатоци од една праисториска култура на скопската тврдина Кале, Народен музеј на град Скопје, повремени изданија, I, Скопје 1960

Грбић, М. (и соработници), Археолошки наоѓалишта во Македонија, Гласник на Музејско-конзерваторското друштво на НР Македонија, I, Скопје 1954

Грбић, М. (и соработници), Породин, каснонеолитско насеље на Тумби код Битоља, Битољ 1960

Dimitsa M. Arshaia geographia tes Makedonias, I-II, Athinai 1870; 1871

Döll, M., Studien zur Geographie des alten Makedoniens, Stadt/amhof 1891

Кацаров, Г., Цар Филип II Македонски, София 1922

Кацаров, Г. (и др.), Извори за старата история и география на Тракия и Македония, София 1949

Лахтов, В., Археолошко ископување на „Требенишко кале" кај селото Требениште, Лихнид, Годишен зборник на Народниот музеј во Охрид, II—III, 1959

Лахтов, В., Проблем требенишке културе, Охрид, 1965

Лахтов, В. — Костелиќ, Ј., Нови истражувања на некрополата „Требениште", Лихнид, Годишен зборник на Народниот музеј во Охрид, I, 1957

Мачкић, П. — Симоска, Д. — Трбуховиќ, В., Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду, Старинар Н. С., XI, Београд, 1960

Микулчић, И. Архајске некрополе јужне Пелагоније, Старинар Н. С. XV—XVI, Београд, 1964—1965

Микулчић, И., Илирски архајски гробови из околине Штипа, Старинар Н. С. XIII—XIV, Београд, 1962—1963

Микулчић, И., Једна хеленистичка некропола из околине Битоља, Старинар, Н. С. XV—XVI, Београд 1964—1965

Микулчић, И., Могили од „Орлова Чука" кај село Караорман, Зборник на штипскиот Народен музеј, II, 1960—61

Микулчић, И., Пелагонија у светлости археолошких налаза, Археолошко друштво Југославије, Археолошки музеј Скопје, серија Dissertationes, 1966

Mommsen, Th., Römische Geschichte, kn. II i V, 1894

Niese B., Geschichte der griechischen und makedonischen Staaten, I-III, Gotha 1893; 1899; 1903

Papazoglu, Fanula, La Macédoine Salutaire et la Macédoine Seconde, vo Bulletin de la classe des lettres de l'Académie royale de Belgique, 42 (1956)

Папазоглу, Фанула, Македонски градови у римско доба, Скопје, 1957
Санев, В., Извештај од археолошките рекогносцирања во источна Македонија, Зборник на штипскиот Народен музеј, II, 1960—1961
Славчев, Страшимир, Александър Велики, с преглед на старомакедонската история до 336 год., София, (с. а.)
Heurtley, A. W., Prehistorie Macedonia, Cambridge, 1939
Шофман, А. С., История античной Македонии. Доэллинистическая Македония, частъ первая, Казань 1960
Шофман, А. С., История античной Македонии. Македония и Рим, частъ вторая Казан, 1963

ДЕЛ ВТОРИ

а) Извори

Acta Sanctorum Octobris IV, Parisiis et Romae 1866
Arriani tactica et Mauricii artis militaris libri duodecim, ed. J. Scheffer, Upsaliae 1664
Византиски извори за историју народа Југославије, т. I и II, САН, Београд 1955—1959
Византиски извори за историју народа Југославије, т. III, Београд 1966
Ганев, В., Законъ соудный людъмъ, София 1959
Grégoirre, H., Un nouveau fragment du »Scriptor incertus de Leone Armenio«, Byzantion 11, 1936
Grivec, Fran — Tomšić, Fran, Konstantin i Metodija Slovunjani, Radovi staroslavenskog instituta, knjiga IV, Zagreb 1960
Гръцки извори за българската история, IV, София 1961
Две византийские хроники X века. Псамафийская хроника. Иоанн Камениата. Взятие Фессалоники, Москва 1959
Dvornik, Fr., La Vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IXe siècle, Paris 1926
Dialozi Pseudo — Cezarija, ed. J. P. Migne, Patrologia graeca 38, Paris 1862
Diaconis, Leonis, Historiae, J. P. Migne, pg 117, Paris 1864
Dindorf, L., Historici graeci minores, II, Lipsiae 1871
Дуйчев, И., Преписка на попа Инокентия III и Българите, Годишник на университета св. Климент Охридски, Историско-филологически факултет, том XXXVII/3, София 1942
Дуйчев, И., Из старата българска книжнина, I, София 1943
Duchesne, L., Liber pontificalis I-III, Paris 1957
Zonarea, Joannis, Epitomae historiarum libri ×III-×VIII, ed, Th. Büttner-Wobst, Bonnae 1897
Извори за българската история, т. VI, София 1960; т. VII, VIII, София 1961
Jordanes, De origine actibusque Getarum, ed. Th. Mommsen, MGH, Auctores antiguissimi V/1, Berlin 1882
Комнина, Анна, Алексиада. Вступительная статья, перевод, коментарий Я. Н. Любарского, Москва 1965
Лапе, Љ., Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1959
Латински извори за българската история, II, БАН, Институт за българска история, София 1960
L'histoire universale, ed. K. Sahnazarian, Paris 1859, II kritičko izdanie S. Malxasiants, Saint-Petersburg 1885

Malalae, J[oannis], Chronographia, ed. Dindorf, Bonnae 1831

Милев, Ал., Гръцките жития на Климент Охридски, София 1966

Miraculorum s. Demetrii martyris liber I/II, J. P. Migne, PG, 116, 1891

Митрополитъ Симеонъ, Мѫченичеството на светитѣ славни 15 свещеномѫченици, пострадали въ Тивериополъ, именуванъ на български Струмица, въ царуването на злочестивия Юлияна Отстѫпника, написано отъ Теофилакта, светейшия архиепископъ на цѣла България. Сборник на БАН, кн. XXVII, София 1931

Michaelis Attaliotae historia. Opus a W. Bruneto de Presle instituti Gallici socio inventum descriptum correctum etc., J. Bekkerus, Bonnae 1853

Mommsen, Th., Gesta pontificum romanorum I, MGH, Berlin, 1898

Pisidae, Georgii, Expeditio Persica, bellum Avaricum, Heraclias, rec. J. Bekker, Bonnae 1836

Подбрани извори за историята на Византия, София 1956

Попруженко М. Г, Козма Презвитер болгарский писатель X века, Български старини, XII, София 1936

Попруженко М. Г., Синодикъ царя Борила, Български старини, VIII, София 1928

Porfirogenetus, Constantine, De administrando imperio, ed. Gy. Moravcsik, Budapest 1949

Procopii Caesarieusis opera omnia, ed. Jacobus Haury, vol. I, II, III. Lipsiae 1905—1906

Rački, Fr., Documenta historiae chroaticae periodum antiguam illustrantia, MSHSM, VII, Zagrabiae 1877

Сборник документов по социално-экономической истории Византии, Москва 1951

Стојановић, Ст. и Ћоровић, В., Одбрани извори за српску историју, Београд 1921

Sternbach, L., Analecta avarica, Rozpravy Akademii Umiejetnošci, Widzial filologiczny, ser. II, t. XV, Cracoviae 1900

Tactica Leonis, Philosophi, ed. J. P. Migne, PG 107, Paris 1863

Теодоров, Балан А., Кирил и Методи, I, София 1920, II, София 1934

The Ecclesiastical History of Euagris with the Scholia, ed. J. Bidez — L. Paromentier, London 1898

Theophanis Chronographia, rec. C. de Boor, Lipsiae 1883

Theophylacti, archiepiscopi bulgari, Martyrium ss. quindecem illustrium martyrum qui imparanti imperio Juliano Apostata Tiberiopoli, qua Strumitza bulgarice dicitur, passi sunt, ed. J. P. Migne, Patrologiae cursus completus. Sèries Graeca, t. 126, Paris 1864

Theophylacti Simocattae historiae, ed C. de Boor, Lipsiae 1887

Farlati, D., Illyricum Sacrum III, Venetiis 1765

Hispalensis, Isidorus, Chronica maiora, ed. Th. Mommsen, MGH, Auctores antiqissimi XI, Berlin 1894

Cedreni Georgii, Compendium historiarum II, J. P. Migne, PG 122, Paris 1864

Cecaumeni strategicon et incerti scriptoris de officiis regiis libellus, ed. B. Wassiliewsky — V. Jernstedt, Записки историко-филологического факултета Имп. С. — Петербурскаго Университета, част XXXVIII, Санкт-Петерсбург 1896

Comeniata, Joanes, De excidio Thessalonicensi, Cirpus scriptor historiae Byzantinae, Bonnae 1838

Chronicon Paschale, rec. L. Dindorf, Bonnae 1832

Šišić, F., Ljetopis popa Dukljanina, SAH, Beograd-Zagreb 1928; MH, Zagreb 1950

б) Литература

Анастасијевић, Д., Хипотеза о Западној Бугарској, ГСНД, 1938

Ангелов, Д., Богомилството в България, София 1961

Ангелов, Д., История на Византия, I, София 1959; II, София 1963

Андреев, М. — Ангелов Д., История на българската държава и право, София 1959

Antoljak, S., Problematika najranijeg doseljenja i nastanjenja Slovena-Hrvata u Istri, Starina JAZU 48, Zagreb 1958

Antoljak, S., Unsere Sklavinicn, Actes du XIIe Congres international d'Etudes byzantines Ochride II, Beograd 1964

Баласчев, Г., Българите през последните десетгодишнини на десетия век, I/II, София, 1929—1930

Балсачев, Д., Г., Найстарата словенска държава на Балканския Полуостръв през VII и VIII век и нейния етнически състав, София 1924

Barišić, F., Le siege de Constantinopole par les Avares et les Slaves au 626, Bizantion 24, 1954

Barišić, F., Car Foka i podunavski Avaro-Sloveni, Zbornik radova Vizantološkog instituta 4, 1956

Баришић, Ф., Чуда Димитрија Солунског као историски извори, САН Београд 1953

Budimir, M., Anthes Anti Anticum, Zbornik radova Vizantološkog instituta 8/2, Beograd 1964

Vasiliev, A. A., History of The Byzantine Empire, 2 sv., Madison, 1952

Весковиќ-Вангели Вера, Самостојните феудални владетели во Македонија, Скопје 1963

Vinski, Z., O nalazima 6. i 7. stoljeća u Jugoslaviji s posebnim obzirom na arheološku ostavštinu iz vremena prvog avarskog kaganata, Opuscula arheologica, III, Zagreb 1961

Генов, М., Презвитеръ Козма и неговата беседа против богомилството. БИБ, II, 3, София 1929

Горянов, Б., Славянские поселения VI века и их обществен строй, Вестник древной истории I, Москва 1939

Grafenauer, B., Nekaj vprašanj iz dobe naseljevanja Južnih Slovenov. Zgodovinski časopis, IV, Ljubljana 1950

Grafenauer, B., Razmerje med Slovani in Obri do obleganja Carigrada (626) in njegove gospodarsko družbene podlage, Zgodovinski časopis IX, 1955

Grafenauer, B., Slovenski naselitveni ratovi na Balkanski poluotok, Zgodovinski časopis, XVIII, 1965

Grivec, Franz, Konstantin und Method, Zehrer der Slaven, Wiesbaden 1960

Dvornik, Fr., Les legendes de Constantin et de Méthode vues de Byzance, I, Prague 1933

Dvornik, Fr., Les Slaves, Byzance et Rome au IXe siècle, Paris 1926

Державин, Н., Богомили и богомилство. Исторически преглед, г. II, 1, София 1945/46

Дриновъ М., Южные славяне и Византия в X веке, Съчинения II, София 1911

Дуйчев, Ив., Въпросът за византийско-славянските отношения и византийските опити за създаване на славянска азбука през първата половина на IX век, Известия на Института за история, VIII, БАН, София 1957

Дуйчев, Ив., Славяни и първобългари. Известия на Института за история, 1—2, БАН, София 1951

Zásterova, Bogumila, Avari a Slované, Vznik a počátky Slovanu II, Čehoslovenska Akademia ved, Praha 1958

Златарски, Н. Б., История на българската дръжава през средните векове, т. I, ч. 2, София 1927

Златарски, Н. В., История на първото българско царство, I, София 1938
Иванов, Й., Беласичката битка 29 юли 1014, Известия на историческото дружество, III, София 1911
Иванов, Й., Произход на цар Самуилов род, Сборник в чест на Васил Н. Златарски, София 1925
Ивановъ, Й., Богомилски книги и легенди, София 1925
Иваноски, Орде, Борбите на македонските Словени за завладување на градот Солун во VI—VII век, Гласник на ИНИ, бр. 1, Скопје 1959
Иваноски, Орде, Каменијат и неговото дело како важен извор за македонската средновековна историја, Гласник на ИНИ, бр. 1—2, Скопје 1960
Иричек, К., История на българите, София 1929
Историја Народа Југославије, I, Београд 1953
Јиречек, К., Историја Срба, I, Београд 1952
Јовановиќ, Марија — Востанија на македонскиот народ во XI век, Скопје 1963
Каждан А. П., Византиска општина в IX—X в., Учение записки великолукского государственого педагогического института, Великие Луки 1955
Каждан, А. П., Дервеня и город в Византии IX—X в., Москва 1960
Каждан, А. П., — Литаврин Г. Г., Очерки истории Византии и южных славян, Москва 1958
Киселков, В., Съществувал ли е поп Богомил?, Исторически преглед, г. XIV, кн. 2, София 1958
Киселков, В., Презвитер Козма и неговите творения, София 1943
Книга за Климент Охридски, Скопје 1966
Korošec, J., Delitev Slovenskih kultur zgodnjega srednjega veka v Jugoslaviji, Arheološki Vesnik 2, 1951
Korošec, J., Uvod v materijalno kulturo Slovanov zgodnjega srednjega veka, 1952
Lemerle, P., Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'époque romaine juqu'au VIIIe siècle, Revue historique CCXI, Paris 1954
Lemerle, P., La composition et la cronologie des deux premiere livres des Miracula S. Dementrii, BZ, 46, 1953
Липшиц, Е., Очерки истории византийского общества и культуры VIII — первая половина IX века, Москва—Ленинград 1961
Липшиц, Е., Славянская общчина и ее роль в формированнии византиского феодализма, Византиский временик, I, XXVI, Москва 1947
Литаврин, Г. Г., Налогованая политика Византии в Болгарии в 1018—1185, Византиский временик X, 1956
Manojlović, Studije o spisu »De administrando imperio« cara Konstantina VII Porfirogeneta, Rad JAZU 186, Zagreb 1911
Наследова, П. А., Македонские славяне конца IX — начала X в. по данным Иоанна Камениаты. Византиский временик, т. XI, Москва 1956
Наследова, Р. А., Ремесло и трговле. Фесаолоники конца IX — начало X в. По данны и Иоана Камениаты Византийский временик, т. VIII, Москва 1956
Niderle, L., Manuel de l'antiguité slave I-II, Paris 1923—1926
Niderle, L., Rukovet slovenské archeologie, V Praze 1931
Нидерле, Л., Славянские древности, Москва 1956
Niderle, L., Slóvanske Starožitnosti, Oddil kulturni život Staryeh Slovanu, I/I, 2; II/1, 2; III/1, 2, V Praze 1911—1925
Niderle, M., Rukovet slovenskyeh starožitnosti, Praha 1953
Новаковић, Ст., Охридска архиепископија у почетку XI века, Глас САН, 76
Новаковић, Ст., Први основи словенске књижевности међу балканским Словенима, САН, Београд 1893
Obolensky, D., The Bogomils. A Study in Balkan Neo-manichaeism, Cambridge 1948
Острогорски, Г., Византијска сеоска општина, Глас САН, 10, Београд 1961

Острогорски, Г., Историја Византије, Београд 1959

Панов, Б., Богомилското движење во Македонија, Историја, г. I, 1, Скопје 1965

Панов, Б., Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија. Просветно дело, г. XIX, бр. 7—8, Скопје 1963

Панов, Б., Климент Охридски, Историја, г. III, бр. 1, Скопје 1967

Панов, Б., Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. Гласник на ИНИ, г. V, бр. 2, Скопје 1961

Петров, П., Историческите основи на Кирилометодиевото дело, Сборник „Хиляда и сто години славянска писменост (863—1963)", София 1963

Петров, П., Покръстване на българите. Исторически преглед, г. XXI, кн. 3, София 1965

Писмата на Теофилакт Охридски, Сборник на БАН, кн. 27, 1931

Примов, Б., Богомилският дуализъм — произход, същност и обществено-политическо значение. Известия на Института за история, VIII, БАН, София 1960

Примов, Б., Към въпроса за обществено-политическите възгледи на богомилите, Исторически преглед, г. XI, 1, София 1955

Примов, Б., Отношението на богомилите и на техните западни последователи към труда, частната собственост и държавата. Исторически преглед, г. XII, 1, София 1956

Прокић, Б., Војвода Ивец. Браство, IX—X, Београд. 1902

Прокић, Б., Постанак једне словенске царевине у Маћедонији у X веку, Глас САН, 76, Београд 1908

Прокић, Б., Постанак Охридског Патријархата, Глас САН, 99, Београд 1912

Прокић, Б., Први охридски архиепископ Јован, Глас САН, 88, Београд 1911

Рајковић, Мила, Област Стримона и тема Стримон, Зборник радова књ. LIX, Византолошки институт, књ. 5, Београд 1958

Rački, Fr., Borba južnih Slovena za državnu neodvisnost u XI vieku, Rad JAZU, XXIV, XXV, XXVII, XXVIII, XXX, XXXI, Zagreb 1873—1875; SAN, Beograd 1931

Снегоров, И., История на охридската архиепископия, София 1924

Снегоров, Ив., Епархийските списъци като извор за християнизирането на балканските славяни, Известия на Института за история, VI БАН, София 1956

Снегоров, Ив., Поява, същност и значение на богомилството, БИБ, I, 3, София 1929

Соколов, М., Из древней истории Болгар, С. — Петербург 1879

Сочинения на М. С. Дринов, I. София 1909

Стојановић, С., О Јужним Словенима у VI, VII и VIII веку, Глас САН, 80 Београд 1909

Struck, A., Die Eroberung Thessalonikes durch die Sarazenen im Jahre 904, B.Z.Bd., XIV, Heft 1, 2, Leipzig 1905

Schlumberger, G., L'Epopée byzantine à la fin du dixiéme siécle I-III, Paris 1896, 1900, 1905, 1925

Ташковски, Д., Богомилството и неговото историско значење, Скопје 1951

Ташковски, Драган, Самуиловото царство, Скопје 1961

Трпкова—Заимова, Василка, По някои въпроси за етническите промени на Балканите през VI—VII в., Известия на Института за история, т. 12, БАН, София 1963

Туницкий, Л. Л., Св. Климент, етископ славянский, Сергиев Посад 1913

Ferjančić, Božidar, Konstantin VII Porfirogenit, Vizantinski izvori, t. II, Beograd 1959

Ферлуга, Ј., Ниже војно-административне јединице тематског уређења, Зборник радова Византолошког института, кн. 2, Београд 1953

Hanalotos, A. D., Beitrage zur wirschaft um socijalgeschichte Macedonia im mitel elter, München 1937
Hauptmann, Lj., Uloga velikomoravske države u slaveno-njemačkoj borbi za Podunavlje, Rad JAZU, 243, Zagreb 1932
Šidak. J., Oko pitanja Crkve bosanske i bogumilstva. Historiski zbornik. III. Zagreb 1950

ДЕЛ ТРЕТИ

а) Извори

Abenteurer auf dem Kaisrthron, Verlag Styria, Graz — Wien — Köln 1958
Anonymi gesta Francorum et aliorum Hierosalyumitanorum, ed. B.A. Lees, Oxvord 1924
Acropolitae, Georgii, Opera, Lipsiae 1903
Acta et Diplomata Medii aevi, ed. F. Miklosich et J. Müller, Vindobonae 1860—1890
Aquenatus, Albertus, Recueil des Historiens des Croisades, Historiens Occidenttaux, IV, Paris 1879
Bryenii, Nicephori, Commentarii, Bonnae 1836
Васильевский, В. Г., Советы и рассказы византийского боярина XI вѣка, Журнал министерства народного просвещения, 215, 216, С. — Петербург 1881
Византийская сатира „Тимарион". Превод С. Поляковой и И. Феленковской, Византийский временик, 6, Москва 1953
Gregoras, Nicephorus, Corpus Scriptorum Historiae Byzantinae, Bonnae 1830
De Ville-Hardouin, Geoffroi, Histoire de la conquête de Constantinople, Paris 1887
Die Kreuzfahrer erobern Konstantinopel, Verlag Styria, Graz — Wien — Köln 1958
Die Normanen in Thessalonike, Verlag Styria, Graz — Wien — Köln 1955
Dölger, Franz, Regesten der Kaiserurkunden des oströmischen Reiches, 4, München und Berlin 1960
Žitija episkopa moglenskog Ilariona, Starine JAZU, 1, 1869
Иванов Йордан, Български старини из Македония, София 1931
Ljetopis popa Dukljanina, izd. V. Mošin, Zagreb 1950
Klimke, C., Die Quellen zur Geschichte des Vierten Kreuzuges, Breslau 1875
Комнина, Анна, Алексиада. Вступительная статья. Превод, коментарий Я.Н. Любарского, Москва 1965
Начев А. Н., Тиквешки ръкопис, Сборник НУ, VIII, IX, X, София 1893—95
Недков, Борис, България и съседните й земи през XII век според Идриси, София 1960
Новаковић, Стојан, Законски споменици српских држава средњег века, Београд 1912
Papadopoulos, A. — Kerameus, Documents Grecs pour servir a l'Historie de la quatrieme croisade, Paris 1893
Petit, L., Le Monastère de Notre-Dame de Pitié en Macédoine, IRAIK, VI, 1900
Psellos, Michel, Chronographie ou histoire d'un siècle de Byzance (976—1077). Texte établi et traduit par E. Renauld, I-II, Paris 1926—1928
Радојчић, Никола, Душанов законик, Нови Сад 1950
Розен, Барон В., Император Василий Болгаробойца. С. — Петербург 1883
Roulland, G. — Golnip, P,- Actes de Lavra, I, Paris 1937

Соловјев, А., Кончански практик, Зборник радова Византолошког института, 3, Београд 1955

Соловјев, Александар, Одабрани споменици српског права, Београд 1926

Соловјев, Александар и Мошин, Владимир, Грчке повеље српских владара, Београд 1936

Tafel, L. G. und Thomas, M. G., Urkunden zur älteren Handels- und Staats Geschichte der Republik Venedig, Wien 1856

Theophylacti Archiepiskopi Bulgariae Epistolae, ed. J. P. Migne, PG, t. CXXVI, Paris 1864

Typicon de Grégoirre Pacourianos pour le monastère de Pétritzos (Bačkovo) en Bulgarie, VVr, XI, 1904

Успенский, И. Ф. и Венешевић, В., Вазелонские акти, Ленинград 1927

Cecaumeni Strategicon et incerti scriptoris de officiis regiis libellus, ed. W. Wassiliewsky, V. Jernstedt, Записки Историско-филологического ф-та ИМП. С. — Петербургского Университета, XXXVIII, Петрополи 1896

Chroust, A., Quellen zur Geschichte des Kreuzuges Kaisers Friedrichs I, Berlin 1928

б) Литература

Ангелов, Д., История на Византия, II, София 1963

Ангелов, Д., Аграрните отношения в северна и средна Македония през XIV в. София 1958

Андреев, М. — Ангелов, Д., История на българската държава и право, София 1958

Babinger, Franz, Beitrage zur Frühgeschichte der Türkenherrschaft in Rumelien 1944

Banescu, N., Les duchés byzantins, Bucarest 1946

Безобразов, П. В., Боемундъ Тарентский, ЖМНП, част CCXXVI, С. Петербург 1883

Бошковић, Ђ., Основи средњевековне архитектуре, Београд 1947

Бошковић, Ђ., Архитектура средњег века, Београд 1957

Браунинг, Р., Рабство в Византийской империи (600—1200), Византийский временик, XIV, 1958

Василевский, В. Г., Византия и Печенеги (1034—1194). Труды, т. I, С. — Петербург 1908

Gelcer, K., Der Patriarchat von Achrida, Leipzig 1902

Георгиев Св., Първият кръстоносен поход и българските земи, БИБ, г. I, т. II, 1928

Голубинский, Е. Е., Краткий очерк православных церквей болгарской сербской и ромънской или молдо-влашкой, Москва 1871

Горянов, Б. Т., Поздневизантийский имунитет. Византийский временик, XI, 1956

Гранић, Ф., Црковноправне глосе на привилегије цара Василија II Охридској архиепископији, Гласник СНД, књ. XIII, 1934

Дероко, А., Монументална и декоративна архитектура у средњевековној Србији, Београд 1953

Дероко, А., Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији, Београд 1950

Динић, М., За хронологију Душанових освајања византиских градова, Зборник радова Византолошког института, 4, Београд 1956

Дринов, М., Съчинения, III, София 1915

Dölger F., Beiträge zur Geschichte der byzantinichen Finanzverwaltung, Leipzig — Berlin 1927

Ђурић, Ј. В., Иконе из Југославије, Београд 1961

Заборов, М. А., Крестовые походы, Москва 1956

Зборник у част шесте стогодишњице Законика цара Душана I, Београд 1951

Златарски, В. Н., Въстанието на Петра Деляна в 1040—1041 година, БИБ, г. IV, т. 1, 1931

Златарски В. Н., История на българската държава през средните векове, II, София 1934; III, София 1940

Иричек, К., История на българите, София 1929

Иширков, А., Западните краища на българската земя. Белешки и материяли с 11 карти, София 1915

Јиречек, Кон., Историја Срба, I, Београд 1952

Каждан, А. П., Аграрные отношения в Византии XIII—XIV века, Москва 1952

Каждан А. П., Город и дервня в Византии в XI — XII вв., XIIe Congrès international des études byzantines, Ochride 1961

Каждан, А. П. — Литаврин Г. Г., Очерски истории Болгарии и южних славян, Москва 1958

Kašanin, M., L'art yougoslave des origins à nos jours, Beograd 1939

Кондаков, Н. П., Иконография Богоматеры, I—II, Санкт Петербург 1914—1915

Кондаков, Н. П., Македония, Археологическое путешествие, Санкт Петербург 1909

Коцо, Д., Климентовиот манастир Св. Пантелејмон и раскопките при „Имарет" во Охрид, Годишен зборник на Фил. факултет, Скопје 1948

Коцо, Д., Проучувањата и археолошките испитувања на црквата на манастирот Св. Наум, Изданија на Археолошкиот музеј, Скопје 1958

Коцо, Д. — Миљковиќ, П., Манастир, Скопје 1958

Лазарев, Н. В., Живопис XI—XII веков в Македонии, XIIe Congrès international des études byzantines-Rapports, Beograd — Ohrid 1961

Лазарев, Н. В., История византийской живописи, I—II, Москва 1947

Лебедев, А. П., Исторические очерки состояния византийско-восточной церкви от конца XI-го до половини XV-го века, Москва 1902

Левченко, М., Византийский феодализам X—XII вв. Сборник документов по социялно-экономической истории Византии, Москва 1951

Литаврин Г. Г., Болгария и Византия в XI—XII вв., Москва 1960

Литаврин, Г. Г., Востание болгар и влахов в Фессалии в 1066 г., Византийский временик, XI, 1956

Литаврин, Г. Г., Крестянство западной и югозападной Болгарии в XI—XII века, Ученые записки ИС, XIV, 1956

Лишев, С., За стоковото производство във феодална България, София 1957

Мавродинов, Н., Еднокорабната и кръстовидната църква по българските земи до края на XIV в., София 1931

Месеснел, Ф., Најстарији слој фресака у Нерезима, Гласник скопског научног друштва, т. 7—8, Скопље 1930

Millet, G., L'ecole greeque dans l'architecture byzantine, Paris 1916

Millet, G., L'ancien art serbe, Les éqlises, Paris 1919

Millet, G., La peinture du Moyen âge en Yougoslavie, I-II, Paris 1954 i 1957

Millet, G., Recherches sur l'iconographie de l'Evangiles aux XIVe, XVe et XVIe siècles d'apres les monuments de Mistra de la Macédoine et du Mont Athos, Paris 1916

Младенов, Ст., Печенези и Узи—Кумани в българската история, БИБ, г. IV, т. 1, 1931

Мутафчиев, II, Владетелите на Просек, Сборник на БАН, I, 1913

Мутафчиев, П., Войнишки земи и войници в Византия през XIII—XIV в. Сборник на БАН, кн. XXVII, 1923

Наумов, Е. П., К вопросу об еволуции феодальной ренти в Сербии, Северной и Централной Македонии и Зете в первой половине XIV в. Ученые записки ИС, XXIV, 1926

Николаев, В., Феодални отношения в покорената от Византия България отразени в писмата на Теофилакт Охридски, архиепископ български, София 1951

Okunjev, N. L., La découverte des anciennes fresques du monastère de Nérez, Slavia 1927

Острогорски, Г., Византијска сеоска општина, Глас САН, књ. 10, 1961

Острогорски, Г., Историја Византије, Београд 1959

Острогорский, Г., К истории имунитета в Византии. Византийский временик, XIII, 1958

Острогорски, Г., О византијским државним сељацима и војницима, Глас САН, 3, 1954

Острогорски, Г., Пронија. Прилог историји феудализма у Византии и у јужнословенским земљама, Београд 1951

Острогорски, Георгије, Серска област после Душанове смрти, Београд 1965

Petković, V. R., La peintur serbe du Moyen Âqe, 1—2, Beograd 1930—1934

Петров, К., Декоративна пластика во Македонија во XI и XII в., Годишен зборник на Фил. факултет, 14, 1962

Радојчић, Н., О неким господарима града Просека на Вардару, Летопис Матице српске 259, Нови Сад 1909

Радојчић, Св., Мајстори старог српског сликарства, Београд 1955

Рачки, Ф., Борба Јужних Славена за државну неовисност у XI виеку. Богомили и патарени, Београд 1931

Сакъзов И., Трговията в Македония през VII—XIV век, Македония, г. I. кн. VI, София 1922

Симеон, М., Писмата на Теофилакта Охридски, архиепископ български с притурка на неговото мъченичество на светите 15 свещеномъченици, пострадали в Тивериопол, именуван на български Струмица, в царуването на злочествия Юлиана Отстъпник, Сборник на БАН, кн. XXVII, 1931

Скабланович, Н., Византийское государство и церков в XI веке, С. — Петербург 1884

Снегеров. И., История на Охридската архиепископия, I, София 1924

Соловјев, А., Срби и византиско право у Скопљу почетком XIII века, Гласник СНД 15—16, Скопље 1936

Тивчев, П., За класовата борба във византийското село през XII век, Исторически преглед, г. XVII, 1, 1961

Тивчев, П., Нарастването на едрото земевладение във Византия през XII в., Известия на Института за история, 9, БАН София 1960

Успенский, Ф., История Византийской империи, III. Москва—Ленинград 1948

Успенский, Ф., К истории крестянского земевладения в Византии, ЖМНП, ч. CCXXV, Январ—Февral 1883

Filov, B., Geschichte der altbugarischen Kunst bis zur Eroberung des bulgarischen Reiches durch die Türken, Berlin — Leipzig 1932

Филов, Б., Старобългарско искуство, София 1924

Фрейденберг, М. М., Екскуссия в Византии XI—XII в., УЗ ВГПИ, 1958

Фрейденберг М. М., Монастирская вотчина в Византии XI—XII вв, УЗ ВГПИ, т. 4, вп. 2, Великие Луки 1959

Фрейденберг, М. М., О феодальной вотчине в Византии XI—XII вв. Византийский временик, XVIII, 1961

Цанкова—Петкова, Г., Югозападните български земи през XI век според „Стратегикона“ на Кекавмен, Известия на Института за история, 6, БАН 1956

Chalandon, F., Essai sur le règne d'Alexis Ier Comnène, Paris 1900
Xanalatos, D. A., Beiträge zur Wirtschafts- und Sozialgeschichte Makedoniens in Mittelalter hauptsächlich auf Grund der Briefe des Erzbischofs Theophylaktos von Achrida, München 1937

ДЕЛ ЧЕТВРТИ

а) Извори

Аграрний строй Османской империи XV—XVII вв., Документи и материяли. Составление, превод и коментарий А. С. Творитинова, Москва 1963
ΑΣΔΡΑΒΕΛΛΗ, J., ΙΣΤΟΡΙΚΑ ΑΡΧΕΙΑΣ — ΝΑΟΥΣΗΣ 1598—1886, ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ 1954.
Beldiceanu, Nicoarâ, Actes de Mehmed II et de bayezid II du ms. fonds turc ancien 39, Ecole pratigue des hautes études VIe section, Paris 1960
Гълъбов, Гълъб, Турски извори за историята на правото в българските земи, София 1961
Doklestić, Ljubiša, Kroz historiju Makedonije. Izabrani izvori, Zagreb 1964
Еврейски извори за обществено-икономическото развитие на балканските земи през XVII век. Подбрали, превели и коментирали Амер Ханалел и Ели Ешкенази, том. I, София 1958; том II, София 1960
Елезовић, Гл., Турски споменици, књ. I, св. I, (1348—1520), Београд 1940
Ихчиев, Н., Турски държавни документи за кърджалиите, Сборник за народни умотворения наука и книжнина, кн. XXII и XXIII, София 1906—1907
Jugoslovenske zemlje pod turskom vlašću (do kraja XVII stoleća). Izabrani izvori. Priredili dr Branislav Đurđev i Milan Vasić, Zagreb 1962
Калеши, Х. — Мемедовски, М., Три вакуфнами на Качанили Мехмед паша, Скопје 1958
Лапе, Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1959
Матковски, Александар, Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија (1620—1650), Скопје 1961
Матковски, Александар, Турски извори за ајдутството и арамиството во Македонија (1650—1700), Скопје 1961
ΜΕΡΤΖΙΟΥ, ΚΩΝΣΤΑΝΤΙΝΟΥ, ΜΝΗΜΕΙΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΗΣ ΙΣΤΟΡΙΑΣ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ 1947.
Новаковић, Стојан, Хаџи—Каифа или Ћатиб—Челебија турски географ XVII века о Балканском Полуострву, Споменик српске краљевске академије, Београд 1892
Радонић, Ј., Прилози за историју Срба у Угарској у XVI, XVII и XVIII веку, књ. прва, књиге Матице српске, бр. 25 и 26, Зборник историјских докумената II, Нови Сад 1909
Радонић, Јован, и Костић, Мита, Српске привилегије од 1690 до 1792, САН, Посебно издање, књ. CCXXV, Оделење друштвених наука, Нова серија, књ. 10, Београд 1954
Соколоски, Методија, Закон за градот Ниш и Крушевац, Гласник на ИНИ, бр. 2, Скопје 1957
Соколоски, Методија, Пет закони за пазаришните такси и ушурот во времето на Сулејман Величествени, Гласник на ИНИ, бр. 2, Скопје 1958
Тодоров, Николай, Положението на българския народ под турско робство. Документи и материяли, София, 1953

Томић, Јов., Грађа за историју покрета на Балкану против Турака крајем XVI и почетком XVII века, кн. I, Београд 1933

Томоски, Томо, Еден документ за Австриската војна во Македонија во 1689 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 15, Скопје 1963

Турски документи за историјата на македонскиот народ, Серија прва, I, Скопје 1963; II, Скопје 1966

Хаџибегић, Хамид, Кенун-нама султана Сулејмана Законодавца, Гласник Земаљског музеја, св. IV—V, Сараево 1950

Хаџибегић, Х., Расправа Али Чауша из Софије о тимарској организацији у XVII столећу, Гласник Земаљског музеја, св. II, Сарајево 1945

Цветкова, Бистра, Некои источници за въоръжената съпротива в българските земи срещу турския феудален ред през XVI—XVIII в. Известия на държавните архиви, 8, София 1964

Ćelebi, Evlija, Putobis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama. Preveo Hazim Šabanović, Sarajevo 1954

Шабановић, Хазим, Крајиште Иса-бега Исхаковића, Збирни катастарски попис из 1455 године, Сарајево 1964

Шопова, Душанка, Едно охридско кануннаме, Гласник на ИНИ, год. III, бр. 1, Скопје 1959

Шопова, Душанка, Македонија во XVI и XVII век. Документи од Цариградските архиви (1557—1645), Скопје 1955

б) Литература

Anherger, R., Beitraäge zur Geschichte Bergbans im Osmanischen Reich, I, Istanbul 1943; II, Zürich — New York 1945

ΒΑΣΔΡΑΒΕΛΛΗ, J., ΑΡΜΑΤΟΛΟΙ ΚΑΙ ΚΛΕΦΤΕΣ ΕΙΣ ΤΗΝ ΜΑΚΕΔΝΙΑΝ, ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ 1948

Balabanov, Kosta, Macedonian icons from Yugoslavia, Tokyo 1967

Балабанов, Коста, Нови податоци за манастирот и манастирската црква Св. Никола Топлички, Скопје 1956

Баркан, Лутви Омер, Чифлук, Годишњак историског друштва Б и Х, год. II, Сарајево 1950

Bojanić, Dušanka, Podaci o Skoplju iz 951 (1544) godine, Prilozi za orijentalnu filologiju III-IV, Sarajevo 1952-3

Бојанић—Лукач, Душанка, Карпошев покрет и извори за његово проучавање (докторска дисертација во ракопис), Скопје 1961

Gökbilgin, Tayyib, Kanunî Sultan Süleyman devri başlarında Rumeli ayaleti livâlari, şehir ve kasabaları, Belleten, c. XX, 78, Ankara 1956

Gökbilgin, Tayyib, Rumeli'de Yürükler, Tatarlar ve Evlad-i Fâtihan, İstanbul 1957

Димевски, Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје 1965

Димитријевић, Сергије, Дубровнички каравани у јужној Србији у XVIII веку, Београд 1958

Дуйчев, Ив., Нови данни за католишката пропаганда въ Македония през XVIII вл., Македонски преглед, год. XI, кн. 1—2, София 1938

Ђурђев, Бр.., Прилог питању развитка и карактера турско-османског феудализма — тимарско-спахиског уређења, Годишњак Историског друштва Б и Х, год. I, Сарајево 1949

Ђурђев, Бранислав, О војнуцима, Гласник земаљског музеја у Сарајеву, Нова серија, Друштвене науке, св. II, 1947

Ђурић, Војислав, Иконе из Југославије, Београд 1961

Елезовић, Глиша, Соколари и соколарство, Скопље 1923

Елезовић, Глиша, Турски споменици у Скопљу, Гласник Скопског научног друштва, књ. I, св. 1 и 2, Скопље 1925/26

Зографски, Данчо, За трговските врски на Македонија со Австрија во средината на XVIII век, Преглед, V, 6/1955

Inaldžik, Halil, Od Štefana Dušana do Osmanskog carstva, Prilozi za orijentalnu filologiju i istoriju jugoslovenskih naroda pod turskom vladavinom, III-IV, 1952-53, Sarajevo 1953

Историја народа Југославије, Књига друга, Београд 1960

Kabaklı, Ahmet, Türk Edebiyati Tarihi, II cilt, İstanbul 1966

Катарциев, Иван, Ајдутското движење и Карпошовото востание во XVII век, Скопје 1958

Кличкова, Вера, Ќурчиско-кожуварски занает и еснаф во Скопје, Етнолошки музеј, Скопје 1959

Kocatürk, Mahir Vasfi, Türk Edebiyati Tarihi, Ankara 1964

Коцо, Д., Околу датирањето на црквата Константин и Елена во Охрид, Годишен зборник на филозофскиот факултет на универзитетот во Скопје, кн. II/1954, бр. 11, Скопје 1954

Лапе, Љубен, Неколку податоци за мариовско-прилепската буна од втората половина на 16-от век, Стремеж, бр. 5—6, Прилеп 1954

Лапе, Љубен, Прилог кон изучувањето на друштвено-економските и политички прилики на Македонија во XVIII век, Гласник на ИНИ, год. 2, бр. 1, Скопје 1958

Лапе, Љубен, Прилог кон историјата на борбите на нашиот народ во 16 и почетокот на 17 в. против турската власт, Нов ден, год. IV, кн. 5, Скопје 1948

Lascaris, M. Salonique â la fin du XVIII^e siècle, Athènes 1939

Levend, Sirri Agah, Türk Edebiyatında Şehr-engizler, İstanbul 1958

Љубинковић, Рад., Црква Св. Вазнесења у селу Лесковцу до Охрида, Старинар. Нова серија, II, Београд 1951

Љубинковић, Рад. и Љубинковић К. М., Средновековното сликарство во Охрид, Зборник на трудови, Охрид 1961

Матковски, Александар, Кон раната историја на тутунот на Балканскиот Полуостров со посебен осврт на Македонија, Гласник на ИНИ, год. X, бр. 2—3, Скопје 1966

Matkovski, Aleksandar, Massnahmen der osmanischen Regierung zur Unterdrückung des Haiduckenwesens in Macedonien in der ersten Hälfte des 17 Jahrhunderts, Südostforschungen, Band XXVI, München 1967

Матковски, Александар, Отпор сељака у Македонији против везивања за земљу у време турске владавине, Југословенски историски часопис, бр. 1—2, Београд 1968

Матковски, Александар, Податоци за некои ајдути од западна Македонија (1622—1650), Гласник на ИНИ, год. V, бр. 1, Скопје 1961

Матковски, Александар., Сведения за хайдути в Македония през втората половина на XVII век, Исторически преглед, год. XXII, кн. 3, София 1966

Матковски, Александар, Хайдутите в Македония през първата половина на XVII век, Известия на Института за история, БАН, том 14—15/1964

Мире, Димче, Востанија и движења во Македонија во втората половина на XVI и почетокот на XVII век, Скопје 1951

Момировић, П., Врата манастира Слепче код Битоља, Гласник Скопског научног друштва, књ. XV—XVI, Скопље 1936

Мутафчиева, В., Категориите феудално зависно население в нашите земи под турска власт през XV—XVI в., Известия на Института за история, БАН, кн. 9, София 1960

Мутафчиева, Вера, Аграрните отношения в Османската империя през XV—XVI в., София 1962

Николаев, В., Характерът на миите предприятия и режимът на рударския труд в нашите земи през XVI, XVII и XVIII в., София 1954

Николаев, Всеволод и Георгиев, Георги, Рударството в югозападна България и югоизточна Македония, София 1953

Николовски—Корнаков—Балабанов, Споменици на културата во СРМ, Скопје 1961

Новаковић, С., Српске старине по Македонији. Белешке с путовања архимандрита Антонина од 1865 год., Споменик, IX, СКА, Београд 1891

Окунев, Л. Н., Олтарная преграда в Нерезе Seminarium Kondakovianum, Racuell d'etudes, III, Prague 1929

Пальмов, И. С., Новыя данны к истории Охридской архиепископии, XV, XVII, XVIII в., Славянское обозрение, II, 1894

Петковић, Вл., Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа, Београд 1950

Поп Георгиев, Димитар, Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрноправни односи во Македонија, Скопје 1956

Поповић, Душан, О хајдуцима I, II, Београд 1930, 1931

Радовановић, В., Сељачка буна у Маријову и Македонији у другој половини XVI века, Зборник филозофског факултета, књ. 1, Београд 1948

Радојковић, Бојана, Старо српско златарство, Београд 1962

Радојчић, Св., Старине црквеног музеја у Скопљу, Скопље 1941

Радонић, Јован, Римска курија и јужнословенске земље од XVI до XIX века, Београд 1950

Сакъзов, Иван, Стопанските връзки между Дубровник и българските земи през 16 и 17 столетие, София 1930

Svoronos, N., Le commerce de Salonigue an XVIIIe siecle, Paris 1956

Снегоров, Иван, История на охридската архиепископия — патрияршия от падането и под Турците до нейното унищожение (1394—1767), София 1932

Соколовски, М., Дервенциските села во Велешката нахија од 1460—1544 година, Гласник на ИНИ, год. IV, бр. 1—2, Скопје 1960

Соколовски, М., Прилог кон проучувањето на турско-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век, Гласник на ИНИ, год. II, бр. 1, Скопје 1958

Соколовски, М., Турски изворни податоци од XV и XVI век за градот Битола, Гласник на ИНИ, год. VII, бр. 1, Скопје 1963

Соколовски, Методија, Градот Велес во периодот од околу 1460—1544 година, Гласник на ИНИ, год. III, бр. 2, Скопје 1959

Стојановски, А., Кон прашањето за христијаните-спахии во Македонија, Гласник на ИНИ, год. IV, бр. 1—2, Скопје 1960

Стојановски, А., Мориово во XV—XVI век, Југословенски историски часопис, бр. 4, Београд 1964

Стојановски, А., Поглед на економско-друштвените прилики во Кичевската нахија во втората половина на XV век, Гласник на ИНИ, год. II, бр. 2, Скопје 1958

Стојановски, Александар, Дервенциството во Македонија, Гласник на ИНИ, год. VII, бр. 2, Скопје 1964; год. VIII, бр. 1, Скопје 1965; год. IX, бр. 1, Скопје 1965

Tarlan, Nihat Ali, Hayali Bey Divani, İstanbul 1945

Tarlan, Nihat Ali, XVI-XVII asır Divan Şiiri, Seri 1, Fasikül 4, İstanbul 1949

Ташковски, Драган, Карпошовото востание, Скопје 1951

Тверитинова, С. А., К вопросу о крестянстве и крестянском землепользовании в Османской империи XV—XVI вв., Ученые записки Института востоковедения, XVII, Москва 1959

Трухелка, Ћиро, О Маћедонским јуруцима, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, књ. I, Скопље 1936

Uzunçarşılı, H. İ., Osmanlı devleti teşkilâtından kapukulu ocakları, II, Cebeci, Topcu, Top arabacıları, Humbaracı, Lagımcı ocakları ve Kapukulu Suvarileri, Ankara 1944

Uzunçarşılı, Hakki İsmail, Osmanlı devleti teşkilâtından kapukulu ocakları I, Acemi Ocağı ve Yeniçeri Ocagı, Ankara 1943

Uzunçarşılı, Hakki İsmail, Osmanlı Devletinin İlmiye Teşkilâtı, Ankara 1965

Филиповић, Недим, Поглед на османски феудализам (с посебним обзиром на аграрне односе), Годишњак Историјског друштва Б и Х, год. IV, Сарајево 1952

Хан, Верена, Прилог датирању слепчанских и трескавачких резбаних врата, Зборник, Музеј примењене уметности, Београд 1960—1961

Hadžibegić, H., Džizija ili harač. Prilozi za orijentalnu filologiju..., III-IV, 1952-53, Sarajevo 1953; V, 1954-55, Sarajevo 1955

Храбак, Б., Престапи на спахиите во Македонија во втората половина на XVI век, Гласник на ИНИ, год. I, бр. 1, Скопје 1957

Цветкова, Б., Извънредни данъци и държавни повинности в българските земи под турска власт, София 1958

Cvetkova, B., L'évolution du regime féodal turc de la fin du XVI jusqu'au milieu du XVIIIe siécle, Recueil études historiques á l'occasion du XIe congrés international des sciences historiques, Stocholm-août 1960, Sofia 1960

Цветкова, Б., Принос към изучаването на турски феудализъм в българските земи през XV—XVI в., Известия на Института за българската история, 5., София 1954; 6, София 1956

Шабановић, Х., Управна подјела југословенских земаља под турском владавином до Карловачког мира 1699 год., Годишњак Историјског друштва Б и Х, год. IV, Сарајево 1952

Šabanović, Hazim, Bosanski pašaluk, Naučno društvo BiH Djela knj. XIV, Odjelenje istorisko-filoloških nauka knj. 10, Sarajevo 1959

Попова, Д., Кога Скопје било центар на санџак во периодот од паѓањето под турската власт до крајот на XVI век, Гласник на ИНИ, год. I, бр. 1, Скопје 1957

СОДРЖИНА

Предговор — — — — — — — — — — — — — — — — — 5

Природно-географски одлики на Македонија — — — — — — — 9

ДЕЛ ПРВИ. — Македонија во времето на првобитното општество и робовладетелскиот период — — — — — — — — — — — 15

Глава I. — Првобитно општество — — — — — — — — — — — 17

Глава II. — Создавање и развиток на древната македонска држава — — 33

Глава III. — Македонија под римско владеење — — — — — — — 49

ДЕЛ ВТОРИ. — Македонија во времето на раниот феудализам — — — 57

Глава I. — Населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров — — 59

Глава II. — Населување на Словените во Македонија и создавање на Македонските Склавинии — — — — — — — — — — 79

Глава III. — Ширење на христијанството и книжевноста кај Македонските словени — — — — — — — — — — — — — 97

Глава IV. — Богомилското движење во Македонија — — — — — — 107

Глава V. — Самуиловото царство — — — — — — — — — — — 117

ДЕЛ ТРЕТИ. — Македонија за време на развиениот феудализам — — 143

Глава I. — Византиската власт во Македонија — — — — — — — 145

Глава II. — Борба против византиската власт — — — — — — — 159

Глава III. — Навлегување на Нормани, Срби и крстоносци во Македонија 171

Глава IV. — Самостојни феудални владетели на Просек — — — — — 177

Глава V. — Српската власт во Македонија — — — — — — — — 187

Глава VI. — Осамостојување на Македонија и нејзиното паѓање под турска власт — — — — — — — — — — — — — 193

Глава VII. — Стопанството и општествената структура во Македонија во XIII и XIV век — — — — — — — — — — — 197

Глава VIII. — Културните прилики до крајот на XIV век — — — — 207

ДЕЛ ЧЕТВРТИ. — Турската власт во Македонија (XV—XVIII век). — — 227

Глава I. — Македонија во времето на развојот на Османската империја 229

Глава II. — Македонија во времето на слабеењето на Османската империја 257

Глава III. — Борба против феудалната експлоатација и турската власт во Македонија — — — — — — — — — — — — — 267

Глава IV. — Карпошовото востание — — — — — — — — — — 279

Глава V. — Феудална анархија во Македонија — — — — — — — 287

Глава VI. — Културните прилики во XV — XVIII век — — — — — 297

Глава VII. — Исламската култура во Македонија — — — — — — 315

Глава VIII. — Културнотворечки појави на албанската народност во Македонија — — — — — — — — — — — — — 325

Библиографија — — — — — — — — — — — — — — — 329

Јазичен редактор:
Благоја Корубин

•

Технички уредник:
Благоја Наумовски

•

Нацрт на корицата:
Димитар Кондовски

•

Колор прилози:
Киро Билбиловски

•

Коректор:
Марија Михајлова

•

Картата е работена во Географскиот институт на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Печат и поврзување: печатница „Нова Македонија“, Скопје — Црно-бели прилози (бакропечат) и печат на корици: Графички завод на Хрватска, Загреб. — Мапи: „Геокарта“, Белград. — Бездрвна хартија: Фабрика за целулоза и хартија, Кочани. — Тираж: 20.000 примероци.